ЛИЛЈАНА ЈОВАНОВСКА

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ

## ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Со Одлука за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Македонски јазик за VII одделение во основно образование бр. 26-914/1 од 22.08.2025 година, донесена од Националната комисија за учебници.

Скопје, 2025

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК
ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Издавач**
Тримакс – Скопје

**Автор**
Лилјана Јовановска

**Рецензенти**
проф. д-р Марина Спасовска – ДУТ– Филолошки факултет – Тетово
м-р Татјана Нанкова – ООУ „Кузман Јосифовски Питу“ – Скопје
м-р Валентина Трајковска – ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје

**Уредник**
Елизабета Анѓелова Шурбевски

**Лектор**
Виолета Јовановска-Никовска

**Илустрации**
Анита Милевска
Теодора Јовановска
Ѓорѓи Кротков

**Фотографии**
[redacted]

**Графички дизајн и техничко уредување**
Тримакс – Скопје

**Печати**
Европа 92 – Кочани

**Тираж**
14 000

Скопје, 2025

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

811.163.3(075.2)

ЈОВАНОВСКА, Лилјана

Македонски јазик за VII одделение во основно образование / Лилјана Јовановска. - Скопје: Тримакс, 2025. - 260 стр.: илустр. во боја; 26 см

Библиографија: стр. 263-265

ISBN 978-608-204-516-0

COBISS.MK-ID 66710277

Сите права се заштитени. Ниту еден дел од ова издание не смее да се репродуцира, електронски, со фотокопија, снимка или со друг вид чување во систем за натамошно користење на податоците, без претходна писмена согласност на издавачот.

# СОДРЖИНА


**ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА ............7**

**НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ ......................................... 8**

ЈАЗИКОТ КАКО СИСТЕМ ОД ЗНАЦИ ..................8

Природен јазик ..........................................................8

Вештачки јазик ..........................................................9

Народен јазик.............................................................9

Дијалектен и стандарден јазик..............................10

ВИДОВИ ПИСМА.......................................................14

Пиктографско писмо...............................................14

Идеографско писмо.................................................14

Фонетско писмо........................................................15

**ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК............................. 16**

СЛОВЕНСКА ПИСМЕНОСТ .....................................16

АЗБУКИТЕ НА СТАРОСЛОВЕНСКИОТ ЈАЗИК .17

ПЕРИОДИ ВО РАЗВОЈОТ НА СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ ..........................................................19

СРЕДНОВЕКОВНИ КНИЖЕВНИ ШКОЛИ ВО МАКЕДОНИЈА .........................................................20

ВАРИЈАНТИ НА СТАРОСЛОВЕНСКИОТ ЈАЗИК..............................................................................23

**ФОНЕТИКА И ПРАВОПИС ......................... 24**

ОТСТАПУВАЊЕ ОД ПРАВИЛОТО ЗА ЕДНАЧЕЊЕ ПО ЗВУЧНОСТ....................................................25

АКЦЕНТ.......................................................................27

ОТСТАПУВАЊЕ ОД ТРЕТОСЛОЖНОТО АКЦЕНТИРАЊЕ ...................................................28

АКЦЕНТИРАЊЕ НА ТУЃИТЕ ЗБОРОВИ .............29

**МОРФОЛОГИЈА............................................ 32**

ИМЕНКИ.....................................................................32

ВИДОВИ МНОЖИНА КАЈ ИМЕНКИТЕ................33

ИМЕНКИ СО НАСТАВКИ ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ЧУВСТВЕН ОДНОС –ДЕМИНУТИВИ, АУГМЕНТАТИВИ – ПЕЈОРАТИВИ .......................35

ИМЕНСКИ ЗБОРОВИ...............................................38

ВИДОВИ ПРИДАВКИ ...............................................41

ЗАМЕНКИ...................................................................44

КРАТКИ И ДОЛГИ ЗАМЕНСКИ ФОРМИ ОД ЛИЧНИТЕ ЗАМЕНКИ ЗА ДИРЕКТЕН И ЗА ИНДИРЕКТЕН ПРЕДМЕТ ........................................44

ЛИЧНО-ПОВРАТНА ЗАМЕНКА.............................45

ЛИЧНО-ПРЕДМЕТНИ ЗАМЕНКИ.........................46

БРОЕВИ .......................................................................49

ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ КАЈ БРОЕВИТЕ....50

БРОЈНИ ФОРМИ ЗА ЛИЦА....................................50

ГЛАГОЛИ ЛИЧНОГЛАГОЛСКИ ФОРМИ И НЕЛИЧНИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ ..........................52

ГЛАГОЛСКА Л-ФОРМА ...........................................54

ГЛАГОЛСКИ ПРИЛОГ .............................................56

ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА ПРЕОДНОСТ.......57

КАТЕГОРИЈА ПОВРАТНОСТ КАЈ ГЛАГОЛИТЕ ...59

ПРОСТИ И СЛОЖЕНИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ ...60

ПРОСТИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ .............................62

Заповеден начин......................................................62

СЛОЖЕНИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ.........................64

Минато неопределено време ...............................64

ПРИЛОЗИ....................................................................66

**СИНТАКСА ..................................................... 69**

ИМЕНСКА ГРУПА......................................................69

БЕЗЛИЧНИ РЕЧЕНИЦИ (РЕЧЕНИЦИ СО БЕЗЛИЧНИ ГЛАГОЛИ).............................................71

РЕЧЕНИЦА – РЕЧЕНИЧНИ ЧЛЕНОВИ.................73

ВИДОВИ ПРИРОК......................................................74

Глаголско-именски прирок ....................................74

ПРОСТ И СЛОЖЕН ПРИРОК ..................................76

НЕОПХОДНИ РЕЧЕНИЧНИ ЧЛЕНОВИ...............79

Предмет .......................................................................79

ВИДОВИ ПРЕДМЕТ (ДИРЕКТЕН, ИНДИРЕКТЕН И ПРЕДЛОШКИ).........................................................80

Директен предмет....................................................80

Индиректен предмет...............................................81

Предлошки предмет.................................................83

ПРИЛОШКИ ОПРЕДЕЛБИ .......................................85

**ПРАВОПИС И ИНТЕРПУНКЦИЈА ............. 89**

УПОТРЕБА НА ПРАВОПИСНИТЕ ЗНАЦИ .........89

Точка............................................................................90

Запирка .......................................................................92

Две точки....................................................................93

Црта (тире) .................................................................93

Цртичка .......................................................................94

Заграда........................................................................95

Коса црта ....................................................................96

Надреден знак ..........................................................97

Апостроф...97
Ѕвездичка...97
Белина...98
СКРАТУВАЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ – СКРАТЕНИЦИ...101
Начин на скратување на зборовите...101
Скратеници со големи букви...102

**ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ...108**

МАКЕДОНСКИ ФОЛКЛОР...109
НАРОДНА ЛИТЕРАТУРА...110
МИТ...111
ПРЕДАНИЈА И ЛЕГЕНДИ...117
ФАНТАСТИЧНИ, РЕАЛИСТИЧНИ И ХУМОРИСТИЧНИ ПРИКАЗНИ...124
Споредуваме: фантастични приказни и реалистични приказни...130
Хумористична приказна...132
Анегдоти...133
ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ...135
Кратки фолклорни жанрови...138
**ЕПИКА...140**
ЕПСКИ НАРОДНИ ПЕСНИ...140
ЕПСКА ПЕСНА...141
СТИЛСКИ ИЗРАЗНИ СРЕДСТВА...142
Хипербола...142
Градација...142
Епско повторување...142
ЕПСКИ ЈУНАК, АТРИБУТИ НА ЕПСКИОТ ЈУНАК...143
Стилските изразни средства хипербола и градација во секојдневните изрази...146
**ЛИРИКА...147**
ПОИМ ЗА СТИХ, СТРОФА, ЛИРСКИ СУБЈЕКТ...147
ТЕМИ И МОТИВИ ВО ЛИРСКИТЕ ПЕСНИ...151
ПЕЈЗАЖНИ ПЕСНИ...153
ХУМОРИСТИЧНИ ПЕСНИ...154
ВИДОВИ РИМА...157
Метафора...162
ПОЕТСКА СЛИКА...165
Апострофа...168
Рефрен...168
ХИМНА...170
**ЕПИКА...172**
**ТВОРЕЊЕ И ИЗРАЗУВАЊЕ...176**
СИЖЕ И ФАБУЛА...178
ХРОНОЛОШКО РАСКАЖУВАЊЕ НА ДОЖИВЕАН НАСТАН...182
РЕТРОСПЕКТИВНО РАСКАЖУВАЊЕ (измислен настан)...182
**ДРАМА...199**
ЕЛЕМЕНТИ НА ДРАМСКИ ТЕКСТ...199
**ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ...202**
РОМАН...205
Научнофантастичен роман...205
Реалистичен роман – споредба со научнофантастичен роман – учиме според разлики 210
ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ...212
Опис на книжевен лик...212
Опис на личност од непосредната околина...214
Пишување текст со факти, податоци и информации...214
Самостојно читање...215
АНАЛИЗА НА ТЕКСТ СО ПОДАТОЦИ ОД ТАБЕЛИ, МАПА, ДИЈАГРАМ...220

**МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ...223**

ДЕЗИНФОРМАЦИИ И МАНИПУЛАЦИИ...224
Манипулација со информации...224
Дезинформација...224
Погрешна информација, мисинформација...228
Штетни информации (малинформации)...228
Видео манипулација...229
Емоционална манипулација со медиумските содржини...229
ОПАСНОСТИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ...231
Заштита на лични податоци...231
Скриено рекламирање...232
Бот...234
Лажен профил...235
СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ И СЛИКАТА ЗА ТЕЛОТО...236
МЕДИУМСКИ СОДРЖИНИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И УБЕДУВАЊЕ...238
АНАЛИЗА НА МЕДИУМСКИ СОДРЖИНИ...240

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ТЕКСТОВИ И ЗАДАЧИ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА...241**
КОЛКУ И ШТО НАУЧИВ ВО VII ОДДЕЛЕНИЕ?..259
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА...264**
**Речник за архаични и непознати зборови...267**

Драги ученици,

Учебникот е работен според најновата наставна програма по Македонски јазик за VII одделение. Содржините опфатени во него се надополнување и надоврзување на досега изученото по предметот Македонски јазик од претходните одделенија. Во него има информации, примери и активности за различни аспекти од она што треба да се научи во рамките на предметот Македонски јазик. Понудени се многу прашања и задачи за размислување и истражување, а објаснувањата се правени така што ќе ти овозможат самостојно изучување на содржините по овој предмет. Самиот учебник е поделен на три тематски подрачја.

Во првото тематско подрачје ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА ќе се запознаете повеќе за науката за јазикот – односно јазикот како систем од знаци, историскиот развој на македонскиот јазик, поточно за словенската писменост, ќе ги проширите и продлабочите вашите знаења од фонетика, морфологија, синтакса и правопис и интерпункција, каде покрај употребата на правописните знаци и скратувањата на зборовите, ќе го усовршувате слушањето и читањето со разбирање. Наставните содржини ќе ги усвојувате, а потоа и утврдувате постапно, преку најразлични вежби со чие решавање, ќе размислувате и сами ќе доаѓате до одговорот. Понудени ви се и линкови каде може да најдете повеќе корисни информации и содржини за дополнителни знаења.

Во второто тематско подрачје ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ ќе ги проширите и продлабочите знаењата за народната литература, за епиката во стих, лириката, епиката во проза – за видовите роман, драмата, а во Изразување и творење ќе научите повеќе за раскажувањето и прераскажувањето, опишувањето и самостојното пишување текстови. Наставните единици се организирани така што преку одговарањето на повеќе различни типови прашања, подлабоко и пошироко ќе размислувате и анализирате и ќе изнаоѓате решенија за дадени проблемски ситуации.

Во третото тематско подрачје МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ќе научите за дезинформациите и манипулациите, опасностите на социјалните мрежи, социјалните медиуми и сликата за телото, за медиумските содржини за информирање и за убедување и ќе правите анализа на медиумски содржини. Имате дадено повеќе линкови кои водат до најразлични медиумски содржини преку кои ќе го развиете вашето критичко размислување, медиумски ќе се описмените и подобро ќе се снаоѓате во дигиталниот свет.

На крајот на учебникот има дел со дополнителни текстови за вежбање, утврдување и проширување на знаењата, потоа чек листа за самоевалуација, која пополнувајќи ја, ќе си проверите во кој степен сте ги усвоиле предвидените содржини со Наставната програма по Македонски јазик за VII одделение и речник на архаични и непознати зборови.

*Авторски текст*

## СО УСВОЈУВАЊЕ НА СОДРЖИНИТЕ ОД ПОДРАЧЈЕТО ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА ВИЕ ЌЕ БИДЕТЕ СПОСОБНИ ДА:

- го разбирате јазикот како систем од знаци во меѓучовечко општење и правите разлика меѓу дијалектната и стандардната форма на јазикот;
- објаснувате за дејноста на Светите Кирил и Методиј, глаголицата и кирилицата, старословенскиот јазик и македонската варијанта на старословенскиот јазик;
- објаснувате за дејноста на Светите Климент и Наум и средновековните книжевни школи (Охридска и Лесновска);
- го објаснувате отстапувањето од едначењето по звучност;
- правилно ги акцентирате и сообразно отстапувате од правилото за третосложно акцентирање кај глаголскиот прилог, прилозите за време и туѓите зборови;
- го разбирате и го објаснувате значењето на граматичката категорија број и правилно ги применувате формите за еднина и множина кај именките, видовите придавки, формите од личните заменки, како и лично-повратната заменка и лично-предметните заменки;
- ги разликувате и ги објаснувате личноглаголските форми и неличните глаголски форми (глаголска л-форма и глаголски прилог);
- правилно ги употребувате преодните глаголи, како дел од директниот предмет во реченицата;
- образувате правилни форми за заповеден начин и за минато неопределено време;
- разликувате именска група и го објаснувате нејзиното значење во реченицата;
- ја знаете функцијата на деловите од реченицата: прирок, предмет и прилошки определби;
- правилно ги применувате правописните знаци во писмената комуникација;
- одговарате на прашања, парафразирате, цитирате и објаснувате делови од текст и текст во целина.



# ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА

# БАВ НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ

## ЈАЗИКОТ КАКО СИСТЕМ ОД ЗНАЦИ

**Да се потсетиме**

Зошто сообраќаецот на раскрсница ги крева и движи рацете? Дали нешто покажува, насочува? Праќа ли некоја информација?

Како се поздравуваме кога сме оддалечени со оној кој сакаме да го поздравиме?

Ако сакаме некој комплетно да нè разбере, како ја пренесуваме пораката? Со кои знаци се служиме?

Меѓусебната размена на знаци, меѓусебното дејствување со знаци се вика ____________________ (општење).

Најсовршен систем од знаци е ____________________.

Значи, јазикот е систем од знаци што се употребуваат како средство за општење (комуникација) меѓу луѓето.

**Разликуваме:**

### Природен јазик

**Природниот јазик** е систем од знаци кој е развиен по природен пат, во една човекова заедница. Тој се јавува спонтано, има свој природен развој и е резултат на односите во дадената заедница во која се развива. Такви природни јазици се јазиците во светот во заедниците во кои живеат луѓето. Такви се македонскиот, англискиот, францускиот јазик и др.

Природниот јазик, всушност претставува основа за национален (општонароден) јазик.

## Вештачки јазик

**Вештачкиот јазик** претставува спротивност на природниот јазик. Тој е создаден како помошен јазик од поединец или група автори. За разлика од природните јазици, не се развива природно и спонтано, туку се создава врз основа на одделни елементи и својства преземени од природните јазици.

Најпознати вештачки јазици се **есперанто** и **интерлингва**.

Вештачкиот јазик се употребува и за означување на системите од знаци на одделни науки (математика, логика, информатика и др.)

### Научи повеќе

**Есперанто** јазикот го создал Л. Л. Заменхоф, полски офталмолог и лингвист, во 1887 година. Тој бил заинтересиран за идејата за универзален помошен јазик уште од неговата младост и работел на развојот на таков јазик неколку години.



Л. Л. Заменхоф

Целта на Заменхоф била да создаде неутрален и лесен за учење јазик кој може да се користи како заедничко средство за комуникација меѓу луѓето од различни култури и јазици за промовирање на мирот и разбирањето. Тој верувал дека заедничкиот јазик ќе ги сруши бариерите и ќе поттикне поголемо разбирање меѓу различните групи луѓе.

**Интерлингва** е меѓународен помошен јазик (IAL) развиен помеѓу 1937 и 1951 година од Американската меѓународна асоцијација за помошни јазици (IALA). Тоа е конструиран јазик од „натуралистичката“ сорта, чиј речник, граматика и други карактеристики се изведени од природни јазици. Литературата на интерлингва тврди дека (пишаната) интерлингва е разбирлива за милијарди луѓе кои зборуваат романски јазици, иако активно ја зборуваат само неколку стотици.

## Народен јазик

**Народниот јазик (говор)** претставува историска, територијална, општествена и функционална форма на јазикот што се зборува за време на изградувањето на една народна јазична средина. Го зборува група луѓе географски одделена од друга група луѓе.

## Дијалектен и стандарден јазик

**Дијалектниот јазик (говор)** е јазикот што го зборува одредена група луѓе на една територија. Освен географски, таа група луѓе е поврзана историски и општествено.

Група дијалекти образуваат **дијасистем**. Дијасистемот е составен од повеќе дијалекти што имаат слична структура и особености.

Македонскиот дијасистем го сочинуваат **три поголеми групи наречја**: западно, југоисточно и северно (според Божидар Видоески). Тие, пак, содржат голем број дијалекти.

**Наречје** е група од меѓусебно блиски дијалекти.

**Стандардниот јазик** е официјалното средство за комуникација на една нација. (Изграден е врз основа на дијалектите, има пропишана норма, го знаат сите припадници на нацијата.)

Стандардниот јазик:

- е јазикот што официјално се употребува во уметничката и научната литература, во администрацијата, во училиштата, во медиумите и во другите области итн.;
- ги обединува сите припадници на една нација и претставува нејзина препознатлива карактеристика;
- има пропишана норма за употреба;
- има пропишани и утврдени правописни правила кои треба да се почитуваат во секојдневната комуникација (усна или писмена);
- се изградува врз основа на еден дијалект или врз група дијалекти.

> Македонскиот стандарден јазик е создаден врз основа на **централните говори** (велешки, прилепски и битолски) кои се дел од западномакедонското наречје. На Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година, во манастирот Прохор Пчињски македонскиот јазик е прогласен за службен јазик на РМ.

### Научи повеќе

**Дијалектологија** е наука што се занимава со говорите, дијалектите на еден јазик, односно сите јазични појави што не влегуваат во литературниот јазик.

Прочитај повеќе на следниве предлог-адреси:



Вежба

**Обидете да читате делови од текстот на кочански дијалект, обрнувајќи внимание на изговорот и на акцентот.**

Кочани

## Свети Ѓорѓи и ламјата

Една′о вр′еме им′ало н′екоја н′огу стр′ашна л′амја. ′Она излав′ала с′ека год′ина од-м′орето и траж′ила од-бл′искио гр′ат по-една′а м′ома год′ишно курб′ан. ′Арно ′ама граѓ′аните една′а год′ина забрав′иле да-ѝд′аат и куг′а излегн′ала л′амјата од-м′орето н′огу се-насрд′ила оти-н′ема курб′ан, улегн′ала у-гр′адо и из′ела стот′ина м′оми. Оттог′ај уплаш′илесе граѓ′аните и одред′иле з′акон с′ека год′ина да-ѝ-ф′рл′ат на-л′амјата по-една′а м′ома. И так′а д′ошло р′ед да-ја-д′аат м′омата на-една′а удов′ица. ′Она си-нем′ала др′уго ч′едо, с′амо т′оа дев′ојче ѝ-б′ило една′о у-м′ајка. Удов′ицата оќ′ела-неќ′ела мор′ала да-ја-одв′еде ќ′ерка-ѝ п ′окаре м′орето. Чек′аеќи-ја л′амјата плак′але и вик′але на-с′ет глас. Доч′ул-ги св′ети Ѓ′орѓи и ведн′ага дош′ел да-в′иде ш′о-е т′аа раб′ота. ′Он нос′ил сон′его ед′ен гул′ем буздог′ан. Пит′ал-ги зашт′о пл′акат и в′икат т′олку ж′ално. Удов′ицата му-р′екла: "Как′о да-не-в′икам и пл′акам ј′а завал′ијата? С′амо ов′аа м′омичка-ми-е от-ч′елат и на-н′еа ѝ-дојд′е р′ед да-ја-из′еде л′амјата, та ев′е довед′о-ја куг′а ќе-изл′егне л′амјата да-јаост′аам н′ека ја-из′еде ч′им так′а са-наред′иле гр′ацките з′акони". Тог′ај св′ети Ѓ′орѓи ѝ-реч′ел: "Нем′ој да-се-б′оеш, ј′а ќе-куртул′исам м′омата от-тав′а зл′о. Т′и ′иди-си д′ома, а ′она н′ека ост′ане м′алку да-мепоп′оска, дод′ека не-изл′егне л′амјата од-м′орето". Удов′ицата сиот′ишла, а м′омата остан′ала т′ам да-го-п′оска св′ети Ѓ′орѓи. ′Он ѝнарач′ал: "Ако-засп′ијам, а-л′амјата д′ојде, ведн′ага да-ме-разб′удеш даја-ут′епам". Так′а поск′аеќи-го ′он засп′ал и у-т′оа вр′еме л′амјата фан′ала стр′ашно да-р′ика и да-изл′ава пол′ека од-м′орето. М′омата отстр′а забрав′ила да-го-разб′уде св′ети Ѓ′орѓи и почн′ала ж′ално да-пл′аче и да-в′ика. К′ако-шо плак′ала, падн′ала-му една′а с′»за на-св′ети Ѓ′орѓи. ′Он от-тов′а се-расон′ил, стан′ал и утеп′ал с»с-буздог′ано л′амјата. Ведн′ага п′осле т′оа св′ети Ѓ′орѓи исчезн′ал, па м′омата си-отид′ела д′ома. Ц′аро куг′а науч′ил ′оти м′омата се-куртулис′ала и л′амјата б′ила утеп′ана, зем′ал-ја на-с′ин-му за-ж′ена и так′а от-сиром′ашка м′ома стан′ала цар′ица.

▸ *Народна ӣриказна*

## Задачи по избор

**1. Напиши состав на тема „Моето место“ на дијалектот кој се зборува на твоето подрачје и обиди се да го обележиш акцентот.**

**2. На интернет најди мапа на поделбата на светските јазици и обиди се да најдеш во која група спаѓа македонскиот јазик.**

Предлог-адреса:



**3. На интернет најди ја песната „Бисера“ од Константин Миладинов, обиди се да го определиш дијалектот на кој е напишана, а потоа обиди се да ја препееш на македонски литературен јазик.**



Предлог-адреса:



**4. Напишете што мислите на темата стандарден наспрема дијалектен јазик. Дали употребата на стандарден јазик е неопходна? Зошто е важно да се употребува стандардниот јазик во официјалната комуникација? Дали е несоодветно користењето на дијалектниот јазик во официјалното општење? Образложете ги своите мислења!**



5. Поделете се во групи и истражете повеќе за јазиците во светот и нивната поделба и потекло и изгответе проект на хамер или пауерпоинт-презентација и на наредниот час презентирајте ја. (Презентациите на групите заемно оценувајте ги според критериумите наведени во следнава листа за оценување – чек листа)

| *Листа за оценување на презентација на група* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Критериуми за оценување** | *Број на бодови* | | | | |
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| **1. Содржина на презентација:**<br>- добро организирана презентација, речениците се правилно распоредени;<br>- користење и дополнување со точни податоци;<br>- добро ги интерпретираат и опишуваат податоците;<br>- има доволен број фотографии и информации; | | | | | |
| **2. Граматика**<br>- речениците се<br>граматички точни; | | | | | |
| **3. Правопис и интерпункција**<br>(Зборовите се точно напишани, почитувани се правописните правила, употребена е голема буква, по потреба.) | | | | | |
| **4. Естетски изглед на проект** | | | | | |
| | | | | | **Вкупно бодови** ________ |

**Задача**

**Организирајте дискусија во одделението: „Како секогаш правилно да го користиме македонскиот стандарден јазик?“ Низ дискусијата дајте предлози како ќе се коригирате себеси и меѓусебе, кои правила најчесто треба да ги почитувате и како можете да се наградувате за својата успешност!**



# ВИДОВИ ПИСМА

**Говорот** и **писмото** се две различни форми со кои се пројавува јазикот.

**Говорот** е врзан со времето, поточно моментот на зборувањето. Поимите од стварноста се поврзуваат со звучни сигнали. Говорот се пренесува со гласови.

**Писмото** е визуелно претставување на говорот. Писмото претставува состав од графички знаци со кои се бележат делови од еден јазик (гласови, слогови и зборови).

Видови писма <u>според историскиот развој</u> се: **пиктографското, идеографското и фонетското.**

## Пиктографско писмо

Во најдалечното минато луѓето своите мисли ги претставувале преку цртежи. Во науката ова е познато како **пиктографско писмо.** Тоа е најстариот организиран систем на знаци. Ова писмо лесно се чита затоа што не претставува ни еден јазик, туку преку цртежите директно се претставени предметите. Недостаток е тоа што со ова писмо не можат да се претставаат чувства или подетално да се пренесат мислите. Пештерските цртежи се најстарите примери на ова писмо.

Пиктограмите се цртежи на предметите, а на јазично ниво тие одговараат на речениците.




- Пиктографско писмо

## Идеографско писмо

Поразвиена форма на пиктографското писмо претставува идеографското писмо. Со текот на времето цртежите почнале да се упростуваат и да добиваат симболичко значење (срце – љубов, куќа – дом).

Идеограмите се цртежи кои имаат преносно (метафоричко) значење, а на јазично ниво тие одговараат на зборовите.

Најпознати идеографски писма се од месопотамиската и асировавилонската цивилизација – клинестото писмо, и од египетската – хиероглифското.

Преодна фаза кон најсовременото писмо претставува слоговното од кое се развило фонетското.




- Идеографско писмо

## Фонетско писмо

Во фонетското писмо се поврзуваат букви со гласови. Фонетското писмо е гласовно, што значи дека секој глас се бележи со еден знак (буква). Гласовното (фонетското) писмо го развиле Римјаните и Словените. Од Римјаните потекнува латиницата, а од Словените кирилицата.



▪ Фонетско писмо – македонска кирилица

### Научи повеќе

Други видови писма

Во современото општество постојат и друг вид писма. Тоа се: **Брајовата азбука** (Луј Брај) за слепи лица која се чита со допир и **Морзеовата азбука** (Семјуел Морз) која може да се види (составена од точки и цртички), но и која може да се слушне (комбинација од кратки и долги звуци). Морзеовата азбука се пренесува во далечина со телеграфски апарат.



▪ Морзеова азбука

### Задача

**На интернет најди слики од хиероглифи и обиди се и ти да нацрташ некои од нив и обиди се да им дадеш значење.**

Предлог-адреси:

Одговори: Какво писмо има македонскиот јазик?

БАВ

# ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

## СЛОВЕНСКА ПИСМЕНОСТ

**Историјата на македонскиот јазик го проучува развојот на македонскиот јазик.**

Македонскиот јазик се развил од дијалектите на прасловенскиот јазик, односно од јазикот што го зборувале Словените пред да се раселат.

Најстар јазик на кој зборувале Словените е **прасловенскиот јазик.**

Подоцна, по раселувањето на Словените, од прасловенскиот јазик се развиле и оформиле три поголеми словенски јазични групи.

СЛОВЕНСКИ ЈАЗИЧНИ ГРУПИ

| Источнословенска група | Западнословенска група | Јужнословенска група |
|---|---|---|
| руски,<br>белоруски,<br>украински јазик. | полски,<br>чешки,<br>словачки,<br>лужичкосрпски јазик. | македонски,<br>бугарски,<br>српски,<br>хрватски,<br>словенечки јазик. |

Словенската писменост започнува во **втората половина на IX век** кога Светите браќа Кирил и Методиј ги превеле првите црковни книги од грчки на **старословенски јазик** врз основа **на говорот на Словените од околината на градот Солун.** **Со овој културен чин тие им се придружиле на народите со постара културна и писмена традиција на свој јазик (Евреите, Грците, Римјаните и други), ги достигнале нивните вредности и развиле своја оригинална литература.**

Најстар литературен јазик на Словените е **старословенскиот јазик.** **Тој наоѓа своја писмена употреба кај сите словенски народи, во почетокот кај западните, во областа Моравија, кај јужните, во Бугарија (во Преславскиот центар) и во Македонија (во Охридскиот центар) за потоа да се рашири низ другите јужнословенски земји (Србија, Босна, Хрватска, Словенија) и кај источните Словени (во киевска Русија).**

Старословенскиот јазик е пишуван на две сосема различни азбуки: **глаголица** и **кирилица.**

# АЗБУКИТЕ НА СТАРОСЛОВЕНСКИОТ ЈАЗИК

Под поимот **азбука** се подразбира вкупност од букви со свои посебно определени знаци, распоредени по утврден редослед.

Светите браќа Кирил и Методиј солидно ги владееле македонските говори што се зборувале во околината на градот Солун и го знаеле изговорот на македонските гласови. Тоа му помогнало на Свети Кирил да состави азбука според принципот на секој глас (фонема) да одговара посебна буква. Според тоа како се изговарале македонските гласови, Свети Кирил ги издвоил соодветните фонеми и ја составил првата азбука.

Да заклучиме, првата словенска азбука се вика **глаголица**, ја создал Свети **Кирил** во втората половина од IX век и има **38 букви**. Секоја буква имала свое име, кое започнувало со гласот што се означувал со неа. Освен гласовна вредност буквите имале и бројна вредност. Со глаголица Светите Кирил и Методиј ги превеле првите црковни книги од грчки на старословенски јазик и со тоа се поставени темелите на словенската писменост.

Подоцна некои од учениците на Светите Кирил и Методиј ја упростиле азбуката глаголица и во чест на својот учител, ја нарекле **кирилица**. За разлика од глаголицата таа имала **44 букви**. Не се знае точното време кога е создадена и точно кој ја создал. Создадена е врз основа на грчкото писмо.

Најстарите зачувани ракописи на старословенски јазик се напишани во Македонија, а најпознати меѓу нив се **Зографското евангелие, Асемановото евангелие** и **Мариинското евангелие**. Сите се пишувани на глаголица.





- Глаголско писмо



- Кирилско писмо



- Асеманово евангелие

## Научи повеќе



Св. Кирил и Методиј

За дејноста на браќата Св. Кирил и Св. Методиј дознаваме од делото ***Панонски легенди*** – најстарото оригинално дело од нашата словенска литература. Составено е од два дела: **Житие на Св. Кирил** и **Житие на Св. Методиј**. Во нив е опишан животот на двајцата создавачи на словенската писменост. Во врска со авторството на житијата има различни мислења: **едното** е дека автор на Кириловото житие е Св. Методиј, а на Методиевото Св. Климент Охридски, а **второто** мислење е дека автор на двете житија е Св. Климент Охридски.

## Задачи по избор

**1. Откриј како е добиен зборот *азбука*, а како зборот *абецеда*!**

**2. Спореди ги глаголицата и кирилицата. Согледај разлики и сличности.**





**3. На Самуиловата плоча обиди се да пронајдеш познати зборови, а пред сè името *Самуил*.**



# ПЕРИОДИ ВО РАЗВОЈОТ НА СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ

Словенската писменост е заедничка за сите словенски народи и го опфаќа периодот од IX до крајот на XVIII век. Во поглед на писмената активност, таа опфаќа два периода:

- **старословенски период** (од средината на IX до крајот на XI век);
- **црковнословенски период** (од почетокот на XII до крајот на XVIII век).

**Старословенскиот период** се карактеризира со употребата на старословенскиот јазик, како најстар словенски литературен јазик, единствен за сите словенски народи. Се карактеризира со појавата на двете азбуки, ширењето на словенската писменост и дејноста на браќата Св. Кирил и Св. Методиј и нивните ученици.

**Црковнословенскиот период** – Во овој период старословенскиот јазик ја задржал основната функција – за богослужба. Со текот на времето говорниот јазик се менувал и така елементите на таквиот изменет јазик навлегувале и во црковнословенскиот јазик (јазикот на кој се одвивале богослужбите). Црковнословенскиот период ја опфаќа употребата на единствениот литературен јазик преку посебни варијанти во одделните словенски земји. Во овој период се јавиле варијантите на црковнословенскиот јазик.



# СРЕДНОВЕКОВНИ КНИЖЕВНИ ШКОЛИ ВО МАКЕДОНИЈА

Б А В

Под средновековна книжевна школа се подразбира пообемна и подолготрајна книжевна дејност со заеднички јазични и правописни особености на одредена територија.

Употребата на глаголицата е една од основните особености на најстарата писменост во Македонија. Тоа се поврзува со дејноста на Охридската книжевна школа, основана од Св. Климент Охридски. Подоцна се оформува и Лесновската книжевна школа.

**Словенската писменост во Македонија се остварува преку две книжевни школи: Охридската и Лесновската.**

## Охридска книжевна школа

Охридската книжевна школа во периодот од втората половина на IX век до средината на XIV век развила богата оригинална и препишувачка дејност на поширокатa територија од југозападна Македонија. Охридската книжевна школа посебно била активна во времето кога била отворена и кога нејзиниот основач и најистакнат претставник, Свети Климент Охридски, развил богата просветителска дејност, како и неговиот следбеник Свети Наум Охридски. Св. Климент во 886 година ја основал Охридската книжевна школа низ која поминале 3 500 ученици. Поради тоа е наречена и прв словенски универзитет.

Територијата на која дејствувала оваа школа се поклопува со епископската област на Свети Климент Охридски, позната во науката како Кутмичевица (на пошироката територија во југозападна и централна Македонија). Ракописите од оваа школа содржат јазични особености од западномакедонските говори.



Св. Климент Охридски

**Свети Климент Охридски е основоположник на словенската писменост и култура во Македонија.**

Одлики на оваа школа се:

– доследно чување на делото на Св. Кирил и Св. Методиј;
– употреба на глаголицата;
– чување на јазикот на Св. Кирил и Св. Методиј;
– отпор против грчкиот јазик и елинизацијата на словенското население.

Иако често Св. Климент Охридски бил поврзуван со словенската азбука кирилица, тој не е автор на истата заради тоа што како што рековме погоре, бил наследник на делото на Св. Кирил и Методиј што во прв ред значи чување на писмото кое тие го создале – глаголица.

Во најстарите зачувани ракописи се вбројуваат глаголските ракописи како: Асеманово евангелие, Синајски псалтир, Синајски еухологиј. Од понов период се ракописите со кирилско писмо како што се: Добромирово евангелие, Битолски триод, Охридски апостол, Болоњски псалтир.



▪ Добромирово евангелие



▪ Битолски триод



▪ Охридски апостол

## Лесновска книжевна школа

Лесновската книжевна школа развила богата просветителска и препишувачка дејност во периодот од XII, па сè до XVIII век.

Писмената и книжевната дејност од Кратовско и Злетовско е тесно поврзана со дејноста на Лесновскиот манастир и повеќе средновековни центри и манастири во Северна и Источна Македонија (околу градовите Кратово, Злетово, Крива Паланка, во Осоговскиот, во Карпинскиот, во манастирот Свети Прохор Пчински, во манастирот Матејче и други). Култот на овој манастир е поврзан со пустиножителскиот пат на Св. Гаврил Лесновски.

Најзначаен претставник на оваа школа е Станислав Лесновски кој придонел за развивање на оваа школа во која се негувало калиграфското препишување. Лесновската книжевна школа се надоврзала на традициите на Охридската книжевна школа и придонела за одржувањето на народниот, на културниот идентитет на Македонците во услови на туѓа власт.

Кај препишувачите од оваа книжевна школа постоела јазична свест за почитување и за употреба на особеностите од Охридската книжевна школа. Тие спонтано внесувале јазични особености од северните и од источните говори.

Како македонски дејци, припадници на оваа школа се јавуваат и Димитар Кратовски кој е активен во XV век и Јован Кратовски кој својата дејност ја извршувал во XVI век. Од оваа школа потекнуваат ракописите: **Вранешничкиот апостол, Лесновски паренезис, Струмичкиот апостол, Хлудовиот триод, Радомирово евангелие, Карпинското евангелие** и други.

**Заедничките правописни и јазични особености на ракописите од Охридската и Лесновската книжевна школа ја претставуваат <u>македонската варијанта на старословенскиот јазик.</u>**



## Задача

1. Истражи повеќе на интернет за:
- средновековните школи во Македонија;
- дејноста на Климент и Наум Охридски;
- за Гаврил Лесновски.

Предлог-адреса:

2. Напиши состав на тема: „Јас, Св. Климент Охридски, во борба за ширење на писменоста“. Пишувај во прво лице и искористи ги информациите кои ги најде досега за Св. Климент.

Пишувајќи, почитувај ги следниве насоки за правилно пишување писмен состав:

- Составот да има јасен вовед, главен дел и завршен дел (заклучок);
- Да содржи оригинален и креативен пристап;
- Да е напишан читливо и да содржи точни податоци;
- Речениците да се стилски и граматички правилни;
- Да се почитува правилната употреба на правописни и интерпункциски знаци.



# ВАРИЈАНТИ НА СТАРОСЛОВЕНСКИОТ ЈАЗИК

Во црковнословенскиот период препишувачите во ракописите внесувале правописни и јазични особености од своите народни говори, односно од својот народен јазик. Така настанале варијантите на старословенскиот јазик.

> **Варијантите настанале кога препишувачите внесувале јазични црти од својот народен јазик.**

Разликуваме: македонска, српска, бугарска, словачка, руска и др.

**Македонската варијанта** почнала да се развива во **XII век.** Македонската варијанта се одликува со низа препознатливи и лесно забележливи правописни и јазични особености преку кои се разликува од другите варијанти на црковнословенскиот јазик настанати во другите словенски народни средини во кои се употребувал црковнословенскиот како единствен литературен јазик.

**Особености на македонската варијанта се:**

1. Основна карактеристика на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик е **традиционалноста.** Тоа доаѓа до израз преку писмото. Иако се случила промена во употребата на азбуката и наместо глаголица се употребувала кирилицата, во македонските ракописи дури и во XIII век се среќаваат цели редови со глаголица. Пример за тоа е **Битолскиот триод**.

2. Друга карактеристика на македонската варијанта е **мешање на носовките** (ѧ – ен и ѫ – он). Тоа може да се забележи во примериве:

ѩзыкъ > ѫзыкъ, чѧдо > чѫдо

3. За македонската варијанта, исто така, е карактеристична **замената на еровите** – **ъ** (јор) и **ь** (јер) кои се замениле со о и є на следниов начин: **ъ** > о, **ь** > є, додека редовно на крајот на зборовите еровите се губеле.

Пример: **сънъ > сон, дьнь > дєн**

**Објаснување:** Називите носовки и ерови се однесуваат на некои од буквите кои се дел од азбуката глаголица.

**Прочитај повеќе на следнава предлог-адреса:**

## Задача

**Поделете се во групи и изгответе презентации на следниве теми и презентирајте на часот:**

Прва група: Поделбата на јазиците и потеклото на македонскиот јазик;

Втора група: За старословенските азбуки, поткрепено со фотографии и примери;

Трета група: За периодите во развојот на словенската писменост;

Четврта група: За средновековните школи во Македонија;

Петта група: За варијантите на старословенскиот јазик, посебно за македонската варијанта.

**За заемно оценување или самооценување на презентациите можете да ги искористите дадените критеруми во листата за оценување на презентација на група, дадена на стр. 13.**



# ФОНЕТИКА И ПРАВОПИС

## Да се потсетиме

Замената на еден глас со друг се нарекува ____________________. Гласовните промени се вршат за полесен изговор на гласовите. Во македонскиот јазик ги има следниве гласовни промени (дополни):

– Едначење на ______________ по звучност;
– _______________ на согласките на крајот на зборот;
– Редување или ____________ на гласовите;
_____________ или елизија на гласовите

За набројување на гласовните промени можете да побарате помош од наставникот или истражете на следнава предлог-адреса:

Пополнете ја правилно следнава табела за поделба на согласките по звучност:

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ______________ | | л | | м | | | | ј | | |
| ______________ согласки | б | | г | | ѓ | | з | | џ | |
| ______________ согласки | | ф | | т | | ш | | ц | | х |

Која гласовна промена ја забележуваш во следниве примери? Запиши ја на празната линија:

сват – сватба – т > д – свадба
врабец – врабче – б > ч – врапче

__________________________________________________

Кое беше правилото за оваа гласовна промена? Наведи го:

__________________________________________________

Каква е по звучност втората согласка, таква ќе биде по звучност и првата.

БАВ

# ОТСТАПУВАЊЕ ОД ПРАВИЛОТО ЗА ЕДНАЧЕЊЕ ПО ЗВУЧНОСТ

**Размисли**

Читајќи го текстот, размисли дали има гласовни промени во означените зборови!

## На фестивал

**Вчера** бев на фестивал организиран на **Градскиот** стадион. Имаше и дефиле на многу игроорни групи, а на чело на секоја група одеа нивните **ороводци**. **Раководството** на фестивалот многу професионално и **господски** ја заврши својата работа. **Надежта** дека ќе се забавувам стана уште поголема кога видов колку ни беше убаво мене и на другарите.

► *Авторски текст*

Што забележуваш?

**Вч**ера Гра**дс**киот орово**дц**и раково**дс**тво госпо**дс**ки наде**жт**а

Во примерите, ________________ и __________________ согласки стојат една до друга, нема едначење по звучност и во овие случаи има отстапување од правилата за едначење по звучност.

- Нема едначење по звучност, односно има отстапување од правилата за едначење на согласките по звучност пред следниве наставки:

1. -**ски** – градски, судски, ридски, господски, бродски;
2. -**ство** – судство, производство, раководство, средство;
3. -**ствен** – производствен, господствен, следствен;
4. -**ци** – предци, крадци, очевидци, домородци, месојадци, душевадци;
5. - **та** – зоб – зобта, \`рж – \`ржта, надеж – надежта; глувче, овца;

– не се едначи по звучност во зборовите: бегство, другпат;

– не се едначи по звучност и кај сложените зборови кај кои вториот дел е -**годишнина, -годишен**, -**дневен**: петгодишнина, десетгодишен, шестдневен;

– не се едначи по звучност и кај имиња од **туѓо потекло**: Вашингтон, Мусоргски, Хонгконг, Фејсбук, Рендген.

## Вежба

**1. Најди го „натрапникот“ во следниве групи примери:**

– месојадци, надешта, бегство, ридски;
– господство, петдневен, кратци, вкупно;
– Фејсбук, Хонгконг, тревка, друкпат;
– раковотство, овца, мовче, предци.



**2. а) Стави ги дадените зборови во соодветната колона од табелата:**

Великден, средба, изказ, кратци, Рендген, брекче, мовче, ежко, председател, машки, средство, жедта, зопта, `ржта, чафка, ливче, судски, раководство, трговски

| Зборови во кои има едначење по звучност | Зборови во кои нема едначење по звучност | Погрешно напишани зборови |
|---|---|---|
| | | |

**б) Погрешно напишаните зборови од колона 3 од табелата, напиши ги правилно на следнава линија:**

______________________________________________

**3. Во следниов текст провери дали се напишани правилно сите зборови. Поправи ги зборовите кои се напишани неправилно.**

Судскиот процес, кој се водеше во гратскиот суд, привлече внимание од многу отчевитци. Тие сведочеа за инцидентот што се случил на бротскиот товарен терминал, каде што производствен дефект на едно средство предизвикал значителна материјална штета. Раковотството на компанијата беше повикано на одговорност, а случајот доби и госпотски третман во јавноста, бидејќи *имаше големо* значење за индустријата и локалната заедница.

▸ *Авторски текст*



# АКЦЕНТ

**Дополни ги речениците со точни одговори!**

**1. Нагласувањето на одреден слог од зборот се нарекува ____________________.**

**2. Изговори ги зборовите и забележи каде паѓа акцентот на секој од нив!**

**Обележи го акцентот на зборовите и потоа напиши што заклучи, каде паѓа акцентот во зборовите со еден, два три и повеќе слога?!**

**Дом, цврст, слон, вода, кревет, сонце, ученик, работа, црвенило, училиште, внимание**

Кај еднословните зборови акцентот паѓа на ________________ слог.

Кај двосложните зборови акцентот паѓа на ________________ слог од крајот на зборот.

Кај трисложните и повеќесложните зборови акцентот паѓа на ________________ слог од крајот на зборот.

**3. Акцентирај ги следниве зборови, а потоа обиди се да ги воочиш особините на акцентот во македонскиот јазик!**

Нека ти помогнат точните одговори од следниве прашања:

- Што забележуваш во поглед на акцентираниот слог во секој збор? Дали акцентот останува на истиот слог како што се зголемува бројот на слоговите во зборот?
- На кој слог секогаш паѓа акцентот кај трисложните и повеќесложните зборови?

| | |
|---|---|
| вода | водоводџија |
| водата | водоводџијата |
| водовод | воденичарче |
| водоводи | воденичарчиња |
| водоводите | воденичарчињата |

Акцентот во македонскиот јазик е тр _ сл _ _ _ н, опре _ ел _ н, дин _ м _ ч _ н. (Дополни ги буквите кои недостасуваат и така ќе ги откриеш особините на македонскиот акцент).

## Запомни

Од примерите се гледа дека кога доаѓа до зголемување на бројот на слоговите во зборот, акцентот се поместува за онолку места колку што е потребно за да биде на третиот слог од крајот на зборот. Акцентот во македонскиот стандарден јазик, по своите фонетски особености, е **динамичен**, што значи дека него го одликува силината на издишната воздушна струја, на гласовниот удар при изговорот на определен слог (акцентираниот слог). Тоа е една од неговите особини.

Акцентот што се врзува за определен слог во зборовите се нарекува **определен акцент**.

Акцентот на македонскиот јазик се врзува за третиот слог од крајот на зборот и затоа се нарекува **третосложен акцент**.

# ОТСТАПУВАЊЕ ОД ТРЕТОСЛОЖНОТО АКЦЕНТИРАЊЕ

**Прочитај го следниов текст на глас и забележи кои зборови се специфични во поглед на акцентот!**

Годинава, за време на летниот распуст со семејството бев на село. Тоа беше вистинско доживување. На родителите времето им поминуваше грижејќи се за домот и животните, а мене шетајќи се по планината. Еднаш за малкуцка ќе ме каснеше змија, другпат трчајќи брзо, се лизнав на тревата, а третпат за олкуцка ќе паднев во студените води на планинскиот поток.

*Авторски текст*

Отстапување од третосложното акцентирање кај зборовите од домашно потекло имаме во следниве случаи:

Кај **глаголскиот прилог:** вик'**а**јќи, нос'**е**јќи, сед'**е**јќи (акцентот паѓа **на вториот слог** од крајот на зборот);

Кај **прилозите за време**: годин'**а**ва (Кога? – оваа година), лет'**о**во (Кога? – ова лето), зим'**а**ва (Кога? - оваа зима) (акцентот паѓа **на вториот слог** од крајот на зборот). Вака акцентираните форми со прилошко значење треба да се разликуваат од истите по форма членувани именки со акцент на третиот слог: год'**и**нава, л'**е**тово, з'**и**мава;

Кај некои **деминутивни прилошки образувања** со посилна емоционална нијанса: малк'**у**цка, олк'**у**цка, толк'**у**нѕа, трош'**и**нѕа и др. (акцентот паѓа **на вториот слог** од крајот на зборот);

### Задача за дома

Креирај текст на тема „Во училиште" во кој ќе употребиш најмалку пет збора во кои има отстапување од третосложното акцентирање, подвлечи ги истите и обележи го акцентот. За задачата нека ти послужат фотографиите.







# АКЦЕНТИРАЊЕ НА ТУЃИТЕ ЗБОРОВИ

Прочитај ги во себе следниве зборови, а потоа и изговори ги!

**Хемија, историја, граматика, пензија, мисија, литература, телефонира, планета, интервју, жетон, апарат**

Ако обрнеме внимание, ќе забележиме дека тоа се **туѓи зборови** што се во употреба во нашиот јазик.

Што забележуваш додека ги изговараш? Дали акцентот паѓа на истиот слог кај сите зборови? Дали во трисложни зборови акцентот е на вториот слог од крајот на зборот, односно на третиот слог од крајот на зборот?

На кои слогови паѓа акцентот?

## Научи

**I.** Голем број туѓи зборови навлезени во македонскиот литературен јазик **наполно се вклопиле во третосложното акцентирање** што е карактеристично за македонскиот стандарден јазик:

а) *Именките:* телев'изија, п'ензија, р'адар, ст'удио, м'исија, х'емија, ф'изика, матем'атика, астрона'утика, стат'истика, д'ијалог, конз'илиум, к'алиум, ист'оричар, на'утичар, вс'елена, и др.

Од примериве се забележува дека именките кои го примиле нашиот акцент, најчесто завршуваат на наставките **-ија, -ика, -иум, -ичар, -на.**

**При членувањето** на овие именки, акцентот го менува своето место за да падне на третиот слог од крајот на зборот:

На пример: по'езија – поез'ијата, грам'атика – грамат'иката

б) *Придавките:* л'иричен, сат'иричен, т'актичен, авт'ентичен, драм'атичен и др.

**II.** Голем број туѓи зборови не го примиле третосложното акцентирање, туку си **го задржале акцентот** на јазикот на којшто му припаѓаат, и тоа:

1. **Туѓи зборови кај кои акцентот паѓа на вториот слог од крајот на зборот:**

а) *Именките*: архитект'ура, култ'ура, мат'ура, конзерват'ивец, операт'ивец, гениј'алец, гимназиј'алец, орган'изам, сарк'азам, ант'ена, каб'ина, координ'атор, мембр'ана, пи'еса, и др.

Од примериве се забележува дека именките кај кои акцентот паѓа на вториот слог најчесто завршуваат на наставките **-ура, -ивец, -изам/азам, -алец.**

б) *Придавките*: национ'ален, гениј'ален, организ'иран, гранди'озен, конкур'ентен, домин'антен и др.;

Од примериве се забележува дека именките кај кои акцентот паѓа на вториот слог од крајот на зборот најчесто завршуваат на наставките **-ален/-јален, -ивен, -иран, -озен.**

в) *Глаголите*: демонстр'ира, комуниц'ира, манифест'ира, опер'ира, симболиз'ира, организ'ира, телефон'ира, реж'ира и др.

Наставки на кои најчесто завршуваат глаголите се **-ира/-изира.**

2. **Туѓи зборови кај кои акцентот паѓа на првиот слог од крајот на зборот:**

а) *Именките:* аташ'е, експоз'е, реном'е, сиж'е, сак'о, деп'о, интервј'у, жир'и, апар'ат, жет'он, афинит'ет, комент'ар, комб'ајн и др.

Од примериве се забележува дека именките кај кои акцентот паѓа на првиот слог од крајот на зборот најчесто завршуваат на самогласките **-е, -о, -у** или **-и**, но има и туѓи зборови кои завршуваат на **согласка.**

III. Има група туѓи зборови кои, пак, се акцентираат **двојно** (и со домашен и со туѓ акцент):

На пример: б'илет – бил'ет, б'алкон – балк'он, р'ешо – реш'о, б'укет – бук'ет и др.

## Задача за дома

**Изделете ги зборовите и примерите од делот *Научи*. Еден нека изговара, останатите внимавајте на изговорот, поправајте се и научете го правилниот изговор на туѓите зборови во македонскиот јазик.**



## Вежба

**1. Напиши реченици во кои ќе ги употребиш следниве туѓи зборови и обележи го акцентот кај нив: сателит, генијален, колекција, биро, тераса, екскурзија, колекција.**

**2. Обележи го акцентот во зборовите во табелата! Внимавај на оние зборови кои се акцентираат двојно, обележи ги и со домашен и туѓ акцент!**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| историчар | решо | оперира | демократизиран | планетариум | алергија |
| билет | феудалец | коментар | архитектура | социјализам | интервју |
| демократија | физичар | антена | славистика | сигнализира | дијалог |

**3. Под следниве фотографии допиши го зборот што го означуваат и акцентирај го истиот, а потоа обиди се да креираш приказна според фотографиите во која ќе ги употребиш сите зборови (пр. слика 3 – ресторан, слика 4 – телевизор/телевизија).**









______________ ______________ ______________ ______________

**4. Поврзи ги следниве туѓи зборови со соодветните правила за нивно акцентирање:**

Туѓи зборови кои наполно се вклопиле во тресложното акцентирање

Туѓи зборови кај кои акцентот паѓа на вториот слог од крајот на зборот

Туѓи зборови кај кои акцентот паѓа на првиот слог од крајот на зборот

магнезиум
купе
конфликт
метропола
парфем
синтакса
суфицит
драстичен
крупие
амбалажа
апанажа
арбитража
плантажа
репортажа
парафразира
пире
процент
респект
триумф
трофеј
турнир

## Научи повеќе

За акцентот на туѓите зборови прочитај и научи повеќе на следниве веб-адреси:

Пополни ја дадена чек-листа за самооценување за да видиш колку си научил за акцентот кај туѓите зборови!

| **Го откривам акцентот кај туѓите зборови** | **Целосно** | **Делумно** | **Тешко** |
| --- | --- | --- | --- |
| **кај кои акцентот е на првиот слог од крајот** | | | |
| **кај кои акцентот е на вториот слог од крајот** | | | |
| **кои се акцентираат двојно** | | | |
| **Смислувам и давам примери за туѓи зборови** | | | |

# МОРФОЛОГИЈА

## ИМЕНКИ

**Пополни ги следниве празни места:**

Зборовите што означуваат имиња на суштества, предмети и појави се нарекуваат ___________________.

Именките се делат на: _ п ш _ _ и с _ п _ т в_ _ и,
к _ н к _ _ т _ н и и _п с _ р _ к т _ и
з б _ _ н _ и _ а т _ р и _ а _ _ и

**Од примерите воочи ги граматичките категории кои ги разликуваат именките во секоја од низите. На линијата напиши ја категоријата.**

ученик, маж, жена, дете, клупа, село

категорија ____________

стол – столови, клупа – клупи, пиле – пилиња

категорија ____________

селото – селово – селоно – селата, селава, селана;
ножот – ножов – ножон, ножевите – ножевине – ножевите

категорија ________________

**Именките разликуваат** ________ броја и тоа ________________ и __________________.

| Членските наставки во македонскиот јазик се: | | | | |
|---|---|---|---|---|
| еднина | | | множина | |
| м. р. | ж. р. | ср. р. | м. р. и ж. р. | ср. р. |
| -от | | -то | | |
| | -ва | | | -ва |
| -он | | | -не | |



# ВИДОВИ МНОЖИНА КАЈ ИМЕНКИТЕ

Во македонската граматика се разликуваат три вида множина:

- обична множина;
- збирна множина;
- изборјана множина.

**1.** Со **обичната множина** се зборува за повеќе од еден предмет или лица што можат да се изборјат.

На пример: маси, табли, столови, дворови, ножеви, броеви, дедовци, татковци

Наставки за образување на обичната множина се: **-и** (кај повеќесложните именки), **-ови**, **-еви** (кај еднosложните именки), **-вци** (кај роднинските именки).

Но, исклучок прават едносложни именки од типот **коњи**, **мажи**.

**2.** Со **избројаната множина** се укажува најчесто на два или повеќе предмети, во определено, избројано количество. Посебни наставки за избројана множина имаат само именките од машки род кои завршуваат на согласка и тоа исклучиво кога пред нив стои број или некои од прилозите за количество (на пр. **неколку**).

На пример: два стола, пет збора, десет збора, неколку дена.

Наставка за образување на избројаната множина кај именките од машки род е **-а**.

**3.** Со **збирната множина** едно множество се гледа како целост, а не како сума од избројливи предмети.

На пример: лисја/лисје, снопја/снопје, класја/класје.

Наставки за образување на збирната множина се **-ја**, **-је**, а понекогаш и **-ишта** (рид – ридишта, крај – краишта).

Други примери за збирна множина: ливаѓе, грамаѓе, ограѓе, планиње.



## Задачи

**1. Реши го ребусот!**

~~С~~ → М

И 

Решение: ____________________

**Насока:** За да го решиш ребусот точно, по првата буква што е дадена, додај го поимот што го претставува сликата и смени ја едната буква од истиот поим.



**2. Напиши ги формите за сите видови множина кај следниве именки:**

| еднина | обична множина | збирна множина | изброjана множина |
|---|---|---|---|
| рид | | | |
| дрво | | | |
| пчела | | | |
| клупа | | | |
| корен | | | |
| планина | | | |

**3. Напиши краток состав на тема „Паркот во нашето место“, употребувајќи ги именките од табелата, користејќи ги во еднина и во различните видови множина.**



# ИМЕНКИ СО НАСТАВКИ ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ЧУВСТВЕН ОДНОС –ДЕМИНУТИВИ, АУГМЕНТАТИВИ – ПЕЈОРАТИВИ

**Согледај**

Напиши ги именките од сликите на празните линии, обидувајќи се да го погодиш точниот збор што означува нешто мало или големо, споредувајќи ги сликите од првиот и од вториот ред.










**Што забележуваш?**

Добиваат ли именките поинаква форма кога означуваат нешто мало или големо?

Понекогаш, од некоја причина, кон одделни предмети, суштества или појави заземаме **позитивен или негативен однос** и користиме наставки (суфикси) за да се засили тој однос.

При позитивен однос, како во горните примери, користиме наставки кои означуваат нежност, галовност. Вообичаено, овие наставки означуваат нешто мало. Ваквите именки

се викаат **деминутиви** или **хипокористици**. Кај **деминутивите** доминира укажувањето за малата димензија на нешто (*риūче, ūеūле* и сл.), а кај **хипокористиците** преовладува чувствениот однос (*бабичка, внуче* и сл.).

Наставки за изразување деминутивно-хипокористично значење се следниве: **-е** (*меше, моме, раче, ноѕе*), **-че** (*коњче, риūче, враūче*), **-ец** (*снежец, народец, веūрец*), **-ка** (*ḡодинка, салфеūка*), **-ичка** (*ūаричка, внукичка, свеќичка*), **-це** (*селце, ūркалце*), **-енце** (*деūенце, маченце, кученце*), **-уле** (*деūуле, кафуле*) и др.

Додека, пак, именките кои изразуваат негативен, подбивен однос, се викаат **пејоративи**. Тој однос обично се поврзува и со големите димензии на предметите суштествата, појавите. Именките што информираат за големината на предметот се викаат **аугментативи**. Постои тесна врска меѓу аугментативите и пејоративите.

Најчеста наставка за образување на **аугментативите** е **-иште** (*косишūе, зḡрадишūе, човечишūе, мажишūе*), во ретки случаи, наставката **-ина/-етина** (*јуначина, женеūина*).

Наставки за **пејоративите,** со кои се искажува подбивно значење, се: **-инка** (*будалеūинка*), **-ко** (*ūлачко, влечко, ūоūрчко*), **-чо** (*ḡлуūчо, слеūчо, ūрūло*), **-ле** (*забле, ушле*).

Вежба

**1. Во табелата напиши ги деминутивните и аугментативните форми на следниве именки.**

| именки | деминутив | аугментатив |
|---|---|---|
| рид | | |
| маж | | |
| јунак | | |
| дете | | |
| клупа | | |

**2. Поврзи правилно:**

| | |
|---|---|
| годинка • | ДЕМИНУТИВИ (ХИПОКОРИСТИЦИ) |
| женетина • | АУГУМЕНТАТИВИ (ПЕЈОРАТИВИ) |
| женче • | |
| зградиште • | |
| забло • | |
| јагненце • | |
| ноџенце • | |
| рачиште • | |

**3. Пронајди ги и подвлечи ги деминутивно-хипокористичните именки во следнава песна и објасни го нивното значење:**

## Лижипрст

И камче
и гранче
и врвче
и крпче
и книџе
и џиџе
и коренче
и бубаче –
сѐ што лета
сѐ што шета
со поглед си следи
и в усте си реди.

Сокријте му камен, корен
скинете му крпче, врвче
засолнете сѐ што лета
сѐ што прета –
прсте слатко ќе си лиже
и ќе мижи, и ќе мижи.

*Светлана Христова Јоциќ*
*(„Алка за нишалка“)*

**Задача**

**Напиши неколку реченици во кои ќе го кажеш своето мислење за употребата на деминутивите и на аугментативите. Какво влијание имаат тие во животот на луѓето? Колку овие зборови даваат позитивна или негативна смисла на комуникацијата во која се употребени?**

# ИМЕНСКИ ЗБОРОВИ

## Да се потсетиме

**Допиши!**

Според морфолошката класификација, зборовните групи ги делиме на ___________ и ______________. Во групата на _________________ спаѓаат: именките, заменките, придавките, броевите и глаголите и ги викаме така затоа што ___________________ _____________________ по граматички категории, а во групата на _______________ спаѓаат: предлозите, прилозите, сврзниците, извиците, честичките и модалните зборови и ги викаме така затоа што _____________________ својата форма.

Зборовите кои именуваат суштества, лични имиња, географски поими, предмети, појави и дејства се викаат ____________.



пр. **цвеќе, пчела, книга**



пр. **слонче, знаме**

Каков е?



Кафеав, смешен.

Каква е?



Убава, нежна.

Какво е?



Убаво, кафеаво, смешно, мило.

Зборовите кои опишуваат суштества предмети, појави, лични имиња, географски поими и дејства се викаат ________________.

Зборовите кои означуваат или посочуваат: лица, животни, предмети, појави се викаат _______________.



**ТОА** дете **ТАА** мајка **ТОЈ** татко **ТОА** дете

Зборовите кои означуваат точна или приближна бројност на лица, суштества, предмети (количество) се викаат _______________.



**ЕДНА** жаба **ДВЕ** жаби

## Согледај

Што можеш да забележиш заедничко за именките, придавките, заменките и броевите од следниве примери?

<u>Убавата девојка</u> јадеше <u>вкусен ѓеврек</u>.

<u>Доброто дете</u> никогаш не правеше <u>големи проблеми</u>.

<u>Тоа дете</u> ќе замине да живее во друг <u>далечен град</u>.

Подобро да видам <u>една жаба</u>, отколку <u>две жаби</u>.



Значи, именките, придавките, заменките и броевите **ги поврзуваат заедничките особености** што ги имаат, а тоа се **граматичките категории**.

Заедничките категории се: **род**, **број** и **определеност**.

Ги нарекуваме **именска група зборови**, затоа што придавките, заменките и броевите **ги примаат граматичките категории од именката**.

пр. убавата девојка (ж.р., еднина), вкусен ѓеврек (м.р., еднина), доброто дете, тоа дете (ср.р., еднина), две жаби (ж.р., множина).

### Забелешка

Од Од сите менливи зборови само глаголите не спаѓаат во оваа група затоа што се менуваат по други граматички категории (лице, број, време, вид, начин, преодност, повратност и залог).

### Вежба

**1. Во текстот „Итар Пејо и селаните риболовци", на стр. 130, пронајди ги именските зборови и одреди на која зборовна група ѝ припаѓаат, сместувајќи ги во следнава табела.**

| Именска група зборови | | | |
|---|---|---|---|
| именки | придавки | заменки | броеви |
| | | | |

БАВ

# ВИДОВИ ПРИДАВКИ

## Согледај

На која зборовна група ѝ припаѓаат следниве зборови?

**Убава, висока, добра, селска, манастирски, стаклено, памучен, втор, десетти, некаков, олкава, наша, моја.**

Овие зборови се: ______________________________.

Креирај ја шемата за поделбата на видовите придавки според значењето:




Разгледај ги придавките во следниве примери:

| 1. | 2. |
|---|---|
| **1.** Миле седеше на **дрвената** клупа.<br>Тато ѝ купи **златен** прстен на мама.<br>Пиев вода од **стаклена** чаша.<br>Баба ми сплете **волнени** чорапи. | 2. Планинската река беше многу брза.<br>Сите полнеа вода од селската чешма.<br>Во Охрид се развива летниот туризам.<br>Чадеше градската депонија. |

## Размисли

- Што забележуваш во врска со истакнатите придавки во двете групи примери?

______________________________________________

- Има ли нешто заедничко во поглед на нивното значење?

_______________________________________________

- Постои ли разлика меѓу примерите од првата и и од втората колона?

- Со придавките од првата колона се означува _______________________________________________.

- Со придавките од втората колона се означува _______________________________________________.

## Да заклучиме

**Односните придавки означуваат својства на предметите, суштествата, појавите што упатуваат на друг предмет, односно се посочува материјалот од кој е направен предметот или неговата припадност. Според тоа, разликуваме два вида односни придавки:**

- **материјални** (се посочува материјалот од кој е направен предметот): **сребрено ланче**, **метален сад**, **памучна блуза**, **пластична чаша** и др.
- **присвојни** (се посочува неговата припадност): **мамино дете**, **училишно ѕвонче**, **есенска слика**, **манастирски глушец**, **кочански ориз**, **тетовско гравче** и др.

## Размисли и одговори

Јас си купив **златен** прстен. ____________________

Ти си **златен** човек. ____________________

Во примерите има употребено исти придавки. Што мислиш, станува збор за исти придавки според значењето или за различни придавки? Допиши го видот на придавката на празните линии до примерите, а потоа на празната линија објасни зошто (ако не ти е јасно, консултирај се со наставникот).

Објасни! _______________________________________________

_______________________________________________.



Вежба

1. Напиши состав од неколку реченици според илустрацијата и внимавај во него да има односни придавки.



2. Поврзи ги придавките со соодветните именки:

| | |
|---|---|
| морска • | • внуче |
| битолско • | • пиперки |
| златно • | • ланче |
| пролетно • | • сол |
| струмички • | • сонце |
| бабино • | • девојче |

3. Од следниве фотографии изведи односни придавки (материјални или присвојни). Пример: Фудбалската топка е моја.





# ЗАМЕНКИ

Да се потсетиме

Заменките, според значењето, се делат на:
- лични;
- лично-предметни;
- показни.

На празните линии напиши ги формите на личните заменки во македонскиот јазик:

| Еднина | Множина |
|---|---|
| 1 л. ____________ | 1. л. ____________ |
| 2 л. ____________ | 2 л. ____________ |
| 3 л. ____________ | 3 л. ____________ |

# КРАТКИ И ДОЛГИ ЗАМЕНСКИ ФОРМИ ОД ЛИЧНИТЕ ЗАМЕНКИ ЗА ДИРЕКТЕН И ЗА ИНДИРЕКТЕН ПРЕДМЕТ

Обрни внимание на истакнатите заменки во следниве примери:

1. Денес **јас** решив да добијам петка по Историја.
**Мене ме** викнаа кај директорот.
2. **Тие** отидоа на екскурзија.
**Ним им** дадоа домашна задача по Математика.

Од примерите се гледа дека, покрај основните форми, личните заменки имаат свои долги и кратки форми за директен и индиректен предмет. Тоа се следниве:

| За директен предмет: Еднина | За директен предмет: Множина | За индиректен предмет: Еднина | За индиректен предмет: Множина |
|---|---|---|---|
| 1 л. **мене ме** | 1 л. **нас нè** | 1 л. **мене ми** | 1 л. **нам ни** |
| 2 л. **тебе те** | 2 л. **вас ве** | 2 л. **тебе ти** | 2 л. **вам ви** |
| 3 л. **него го** (м. р. и ср. р.) **неа ја** (ж. р.) | 3 л. **нив ги** | 3 л. **нему му** (м. р. и ср. р.) **нејзе ѝ** (ж. р.) | 3 л. **ним им** |

**Правописно правило!**

Кратките заменски форми **нè** и **ѝ**, по правило, се пишуваат со надреден знак за да се разликуваат од негацијата **не** и од сврзникот **и**.

Согледај

Тој **нè** виде нас дека го чекаме. (кратка заменска форма)
Тој **не** виде дека го чекаме. (негација, одречна форма)
Јас **ѝ** реков нејзе дека ќе дојдам навреме. (кратка заменска форма)
Јас **и** ти ќе дојдеме навреме. (сврзник)

Допиши го правилно надредниот знак во следниве реченици, внимавајќи на правописното правило:

Тој не не виде дека се подготвуваме и затоа не искара дека доцниме.

Миле и Перо и рекоа на Мирјана да замине прва, заборавајќи не нас.

# ЛИЧНО-ПОВРАТНА ЗАМЕНКА

Во македонскиот јазик има **лично-повратна заменка** која има и долги и кратки форми за директен и за индиректен предмет и, вообичаено, ја употребуваме кога изразуваме дејство кое се врши на самиот себе.

Лично-повратната заменка ги има следниве форми: **себе(си) се** (за директен предмет), **себе(си) си** (за индиректен предмет).

Согледај

Миле мие коса во својот фризерски салон.

Миле **се** мие на чешмата.

Јас реков дека секој треба да учи.

Јас **си** реков **себеси** дека во иднина ќе учам повеќе.



# ЛИЧНО-ПРЕДМЕТНИ ЗАМЕНКИ

**Прочитај ги примерите, размисли и одговори на следниве прашања:**
- Каков вид зборови се истакнатите зборови?
- На која зборовна група ѝ припаѓаат?
- На кого или на што се однесуваат и што означуваат овие зборови?

**Кој** сака да успее, мора да се труди.
Таа е личност **која** секогаш им помага на другите.
Не знам **кое** решение е најдобро.
Луѓето **кои** се искрени, секогаш ќе бидат ценети.
Не знам **што** се случи вчера.
Овој е човек **чиј** совет секогаш го слушам.
Оваа е жена **чија** сила е неверојатна.
**Чие** куче е ова?
Овие се деца **чии** родители се во странство.
Не го знам човекот **чијшто** телефон заѕвони.
Овој е пријателот **којшто** секогаш ми помага.
**Никој** не сака да биде игнориран.
**Ништо** важно нема да ми кажеш?
Ова не е **ничиј** проблем, туку наш, заеднички.
**Секој** има право на свое мислење.
Во оваа продавница има **сешто** за купување.
Не се согласувам со **сечиј** став, но го почитувам секого.
Може да дојде **кој-било**, сите се добредојдени.



## Да заклучиме

Истакнатите зборови во текстот се лично-предметни заменки со различно значење. Заменката **кој** се однесува на лица, а и на предмети, заменката **чиј** означува припадност, заменката **ништо** служи за одрекување и сл.

Заменките што имаат вакви значења, се викаат **лично-предметни заменки**.

Лично-предметни заменки се:

<u>Основни:</u> **кој, што, чиј.**

<u>Изведени</u> (според значењето и функцијата):

- <u>Прашални:</u> **кој? што? чиј?**
- <u>Односни:</u> **кој, којшто, чиј, чијшто**
- <u>Одречни:</u> **никој, ништо, ничиј**
- <u>Општи:</u> **секој, сешто, сечиј**
- <u>Неопределени:</u> **некој, нешто, нечиј, кој-било, кој-годе**

Кај заменките **кој** и **чиј** се разликуваат форми за **трите рода во еднина – кој, која, кое, чиј, чија, чие,** а заменката **што** е неменлива.

## Запомни

**Лично-предметната заменка <u>кој</u> се употребува во еднина, а <u>кои</u> во множина.**

Го видов <u>човекот</u> **<u>кој</u>** доби награда.

Ги видов <u>луѓето</u> **<u>кои</u>** добија награда. (<u>Погрешно е следново:</u> Ги видов луѓето кој добија награда.)

## Вежби

**1. Опиши еден твој училиштен ден, употреби повеќе кратки и долги форми од личните заменки, форми на лично-повратната заменка и лично-предметни заменки и подвлечи ги.**

Пример вака:

Мене секој ден во училиште ми е убав. Добро, можеби не секој, ама чии денови се секојпат убави!? Седам со другар ми Сашко, нему секој ден, сѐ му е смешно....



**2. Пополни ги правилно следниве реченици со соодветните долги и кратки форми на личните заменки, со лично-повратна заменка и со лично-предметни заменки:**

Утре Ана и Ева ќе ________ водат на концерт. ________ многу ________ се допаѓа тоа. Ќе ______ дружиме, ќе ________ забавуваме, а ________ е најважно, ќе уживаме во прекрасната музика ______ ќе ______ развесели и ќе ______ опушти. Јас ______ реков на Ана дека ________ повеќе не сакам од добар концерт, ама таа рече дека ___ се допаѓа и театарот, ______ уникатност е безвременска.

▸ *Авторски текст*

**3. Во следниов текст пронајди ги заменките, подвлечи ги и определи на кој вид му припаѓаат:**

## Ти, јас и никој

Во некое село живеел некој многу лаком поп. Еднаш еден аргатин решил да му даде урок. Го сретнал попот на патот и го прашал дали му треба работник.

– Ми треба, – рекол попот. – А колку сакаш да ти платам?

– Пет круни, – му одговорил аргатинот.

– А како се викаш?

– Ме викаат Ти, – одговорил аргатинот.

Попот тогаш не му рекол ништо, туку си го продолжил патот. Аргатинот, пак, поминал преку планината и пак го сретнал. Го запрел и пак го прашал дали му треба работник. Попот се спогодил за цената и го прашал како се вика.

– Мене ме викаат Јас, – одговорил аргатинот.

Попот пак тргнал понатаму, а аргатинот се преоблекол во други алишта, побрзал, го стигнал и пак го прашал дали има потреба од работник.

– Да, ми треба. Јас веќе најдов двајца, но ќе те земам и тебе. Како се викаш?

– Ме викаат Никој, му одговорил аргатинот.

Кога се вратил дома, попот ѝ се пофалил на жена си:

– Најдов тројца евтини аргати. Сега работата убаво ќе ни оди. На гумното Ти и Јас, а во дворот Никој.

– Е, – одговорила жена му, – значи сè ќе си остане како што беше.

– Сè ќе си остане исто? Зошто? – прашал попот.

– Па, така, ...Нели на гумното ќе бидеме ти и јас, а во дворот ќе нема – никој!

▸ *Шведска народна приказна*

*(раскажана од Киро Донев, „Приказни за добра ноќ од цел свет“)*

БАВ

# БРОЕВИ

## Размисли

Што означуваат истакнативе зборови во следниов текст?

Денес решив да излезам од дома во **осум** часот за да стасам на работа во **осум и триесет** и да не задоцнам. Меѓутоа тоа утро беше заврнало снег и **десетина** минути го чистев од автомобилот. Потоа **три-четири** минути го чекав да загрее и кренав. Во градот имаше толкав сообраќаен метеж, што семафорите се вклучуваа на **две-три** минути. Кога стигнав, барав место за паркирање добри **пет** минути, имаше само **едно** слободно паркинг-место. Додека влегов во зградата и го чекав лифтот, поминаа неколку минути. И, на крајот, пак задоцнив **петнаесетина** минути. Утешително беше тоа што уште **два-тринаесет** колеги задоцнија од истите причини, па заедно го „поделивме“ критикувањето од шефот.

▸ *Авторски текст*

## Да се потсетиме

Броевите се зборови со кои се означува **точно** или **приближно** количество. Значи, броевите разликуваат ____________ или ______________ **бројност**.

- Броеви за **точна бројност**: еден, два, десет, педесет, сто, илјада, милион и др.
- Броевите за **приближна бројност** се образуваат на два начина:

а) <u>со поврзување на два последователни броја:</u> два-три, пет-шест, два-тринаесет, три-четири стотини и др.

б) <u>со наставката (суфиксот) **-ина:**</u> петина, дваесетина, педесетина, стотина и др.

# ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ КАЈ БРОЕВИТЕ

Да ти помогнеме

- Броевите, како и придавките, стојат до именките и означуваат некаков нивни количествен признак. Тие немаат посебни форми за изразување на граматичките значења, освен за <u>**определеноста**</u> (можат да бидат со член и без член).

На пример: пет – пет**те** деца, осум – осум**те** книги, дваесет – дваесет**те** жени и др. Само броевите **еден** и **два** имаат форми за <u>**род**</u>:

| машки род | женски род | среден род |
|---|---|---|
| еден | една | едно |
| два | две | две |

Кога се работи за лица, покрај **два** се употребуваат и членуваните форми: **обата/обајцата** и **обете**.

# БРОЈНИ ФОРМИ ЗА ЛИЦА

Обрни внимание на истакнатите зборови во следнава реченица:

**Двајца** патници по патот сретнаа **тројца** дрвари и ги замолија сите **петмина** заедно да го продолжат патот.

Во горниов пример употребени се бројни форми за лица (двајца, тројца, петмина). Овие форми се однесуваат на именките **патници**, **дрвари**, односно на лица од машки пол.

Значи, во македонскиот јазик има посебни **бројни форми за лица** од машки пол кои се образуваат од простите броеви и тоа на следниов начин:

На пример: два – двајца
три – тројца
четири – четворица
пет – петмина
шест – шестмина
осум – осуммина
сто – стомина итн.

**За да провериш колку си научил за броеви, можеш да го решиш тестот на следнава веб-адреса:**

## Вежби

**1. Одговори на прашањата:**

- Разликуваме ______________ и ______________ бројност.
- Посебни форми за род имаат броевите ______________________.
- Посебни бројни форми за лица има за лица од _______________.

**2. Членувај ги броевите десет, дванаесет и пет.**

____________________________________________________________

**3. а) Откриј и напиши зошто некои броеви кои завршуваат на -т во членувана форма се пишуваат со две т.**

____________________________________________________________

**б) Откриј и напиши кој број што завршува на –т, во членуваната форма се пишува со едно т. Објасни зошто!**

____________________________________________________________

**4. Допиши бројни форми за лица и посебни форми за род (за броевите <u>еден</u> и <u>два</u>) во следниов текст:**

Јас и ______________ мои другари отидовме на ___________ театарска претстава, подготвена од театарската група во нашиот град. Со внимание ја следев глумата на _________________ актери во претставата. Но, сепак, голем впечаток ми оставија _________________ музичари кои се трудеа соодветно да ја придружуваат претставата и да го засилат впечатокот. __________ жени и __________ деца цело време зборуваа додека траеше претставата и _________ господин културно ги замоли или да замолчат или да го напуштат театарот.

▸ *Авторски текст*



# ГЛАГОЛИ ЛИЧНОГЛАГОЛСКИ ФОРМИ И НЕЛИЧНИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ

## Да се потсетиме

Пополни ја следнава мисловна мапа и потсети се на наученото за глаголи.






## Дополни

Со граматичката категорија __________ се означуваат односите меѓу учесниците во говорната ситуација.

Лицето се определува според говорната ситуација.

Така, разликуваме три лица (дополни):

__________ лице – лице што зборува (говорител);

__________ лице – лице со кое зборува говорителот (соговорник);

__________ лице – лице за кое се зборува во говорната ситуација.



Погледни ги истакнатите зборови во двете колони примери и воочи дали постои разлика помеѓу нив во врска со категоријата лице.

1.
а) Јас денес **купив** многу работи.
б) Мила и Ана **добија** петки по историја.
в) Ти многу ги **јадеш** карамелите.
г) Вие **донесовте** многу цвеќиња

2.
а) Миле, **трчајќи** по патеката, ја сретна Ана.
б) На масата имаше многу **јадење** и **пиење**.
в) **Отишол** навреме на состанокот.
г) Милан носеше **изводенет** и **искинат** мантил.

**Одговори на следниве прашања и реши ги дадените задачи!**

– Определи го лицето на глаголите во првата колона примери.

а) ____________ б) ____________ в) ____________ г) ____________

– Измени усно еден глагол од првата колона, по твој избор. Што забележуваш? Има ли различни форми за секое лице во еднина и во множина?

– Глаголите во првата колона **МОЖАТ** да се менуваат по категоријата лице, односно имаат форми за сите три лица во еднина и во множина (заокружи го точниот одговор).

ТОЧНО НЕТОЧНО

– Во истакнатите зборови во втората колона примери можеме да го одредиме лицето (заокружи го точниот одговор).

ТОЧНО НЕТОЧНО

– Значи, зборовите од втората колона не ја разликуваат граматичката категорија лице (заокружи го точниот одговор).

ДА НЕ

Од ова можеме да заклучиме дека глаголските форми што имаат промена по лице, се викаат **личноглаголски форми**.

Глаголските форми што не се менуваат по лице, се нарекуваат **нелични глаголски форми.**

Нелични глаголски форми се **глаголската л-форма, глаголската придавка, глаголската именка и глаголскиот прилог**.

Тие се препознаваат според карактеристичните наставки, а заедничко за сите нив е што се образувани од глаголи, но кај нив отсуствува граматичката категорија лице.

### Задача

**Во текстот „Кралот и неговиот двојник“, на стр. 120, пронајди ги личните и неличните глаголски форми и смести ги во следнава табела.**

| лични глаголски форми | нелични глаголски форми |
|---|---|
| | |

# ГЛАГОЛСКА Л-ФОРМА

Глаголската л-форма се препознава по карактеристичната наставка **-л**, според која го добила и името.

Препознај и подвлечи ја глаголската л-форма во следниов текст, според нејзината карактеристична наставка!

## Дрварот и горделивиот

Некој човек бил по дрва во горага. Откако набрал дрва, ги нарамил и тргнал кон градот да ги продаде. Дрвата биле мошне долги, па затоа тој постојано и мошне силно викал:

– Вардете се! Вардете се!

Еден горделивец, кој во тој миг минувал по улицата, не сакал да се тргне настрана, па дрвата му ги закачиле алиштата и му ги скинале. Горделивецот се налутил и го дал дрварот на суд за да му ги плати алиштата.

Кога дошле пред судијата, тој ги прашал неколкупати да му објаснат како се случила таа работа. Но, дрварот постојано молчел.

Судијата му рекол на горделивецот:

– Што си ми го донел овој нем човек? Ниту слуша, ниту зборува!

Не е нем, господине судија, само така се преправа! – рекол горделивецот.

А, од каде знаеш дека не е нем? – прашал судијата.

Па, кога ги носеше дрвата по улицата викаше на цел глас: Вардете се! –

објаснил горделивецот.

– Така значи! Е, кога викал човекот, зошто не си се тргнал настрана за да не те закачат дрвата? – му рекол судијата на горделивецот и го ослободил дрварот.

*Македонска народна приказна*



**Глаголската л-форма се менува и по род и по број.**

| | трча | | | пее | | | брои | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м. р. | ж. р. | ср. р. | м. р. | ж. р. | ср. р. | м. р. | ж. р. | ср. р. |
| едн. | трчал | трчала | трчало | пеел | пеела | пеело | броел | броела | броело |
| мн. | трчале | | | трчале | | | броеле | | |

Глаголската л-форма во множина има само __________ форма за сите три рода. Таа може да се образува и од свршени и од несвршени глаголи (пеел – испеал, смеел – насмеал, читал – прочитал).

## Запомни

Глаголската л-форма се употребува само во **состав на сложените глаголски форми**.

Пример: би **читал** (можен начин), сум **читал** (минато неопределено време), бев **читал** (предминато време), ќе сум **читал** (идно прекажано време).

## Задача

**Во текстот „Најдрагоцен плод“, на стр. 128, пронајди ги глаголските л-форми и препиши ги.**



# ГЛАГОЛСКИ ПРИЛОГ

Глаголскиот прилог е нелична глаголска форма која се образува со карактеристичната наставка **-јќи** и се образува од **несвршени глаголи**.

На пример: **гледајќи, викајќи, смеејќи, трчајќи, пеејќи**.

## Задача

**Напиши реченици употребувајќи ги горе набројаните глаголски прилози.**



Пр. Миле, **гледајќи** телевизија, заспа на креветот.

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

Што забележуваш?

**Глаголскиот прилог искажува дејство што се врши истовремено со дејството изразено со личноглаголската форма, со што се добива ознака на паралелно дејство.**

**гледајќи** – нелична глаголска форма (не разликува категорија лице)

**заспа** – лична глаголска форма (3 лице еднина)

## Задачи за дома

**1. Образувај глаголски прилози од следниве глаголи, а потоа употреби ги во реченици:**

лежи ________, чита ________, пишува ________, сее ________, брои ________.

**2. Дополни ги следниве реченици:**

_________________ на креветот, сум заспал.

Ја чекаше долго време, нетрпеливо _________________ на часовникот.

_________________ по дворот, не забележа дека времето поминало.

_________________ ја убавата музика, заиграв.

**3. Напиши состав според илустрациите подолу, внимавајќи да употребиш лични глаголски форми, глаголска л-форма и глаголски прилог и подвлечи ги според насоките** (црвена боја – лични глаголски форми, зелена – глаголска л-форма, сина – глаголски прилог).

**Пример вака:** Чекајќи ја Магда, гледавме фотографии во телефонот. А Магда е бавна како цел живот да е баба...







# ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА ПРЕОДНОСТ

Разгледај ги глаголите во следниве групи реченици:

1.
Бојан **купи** книга од книжарницата.
Тие **изградија** куќа за кратко време.
Ана ја **испи** водата од чашата.
Земјоделците ги **засадија** градинарските култури.

2.
Гулабот **лета** кон гнездото.
Бабата **отиде** на пазар со внучето.
Миле **седи** на масата.
Зумбулот **цвета** во пролет.

## Согледај

Забележуваш ли разлика кај глаголите во првата и во втората група примери во поглед на тоа што се искажува со дејството? Дејството преминува врз предметот на дејството или не?

Во првата група примери дејството искажано со глаголот преминува врз предметот на дејството, односно самиот глагол бара поврзување со предметот на дејството. Ваквите глаголи се викаат **преодни глаголи** (пр. пие, носи, гради, чита, јаде, крева, чисти и др.).

Пример, Бојан **купи** **книга** од книжарницата.

глагол предмет на дејството

Тие **изградија** **куќа** за кратко време.

глагол предмет на дејството

Во втората група примери глаголите покажуваат дејство кое не може да премине на предмет, односно тоа се глаголи што не се врзуваат со предметот, што не бараат дополнување. Ваквите глаголи се викаат **непреодни глаголи** (умре, лежи, стои, трча, црвенее, паѓа, седи и др.).

Пример, Миле **седи** **на масата**.

глагол прилошка определба за место

Зумбулот **цвета** **во пролет**.

глагол прилошка определба за време

## Научи повеќе

Понекогаш границата меѓу преодните и непреодните глаголи е доста слаба, па еден типично непреоден глагол може да добие преодно значење. На пример, глаголите **седне** и **легне** се непреодни глаголи (Миле седна на столчето. – непреоден глагол; Ана легна на креветот. – непреоден глагол.) Но во следниве реченици непреодните глаголи се употребени како преодни:

Пример, Го **седнаа** дедото на чело на масата. (преоден глагол)

Ги **легнавме** децата порано од предвиденото. (преоден глагол)

## Задачи

**1. Пронајди ги глаголите во речениците и определи ги според категоријата преодност - дали се преодни или непреодни глаголи.**

Марко носи тежок ранец на грбот додека оди кон училиште.

Татко му гради нова куќа во селото.

Кога ќе заврши со задачите, Ана чита книга.

Мајка му јаде овошје секое утро за појадок.
Во дворот стои големо старо дрво.
Дедо му седи на клупата и гледа како играат децата.
Петар внимателно брои до десет пред да почне играта.
Тој оди бавно, размислувајќи за своите соништа.

**2. Напиши состав „Да изградиме училиште од соништата“ во кој ќе употребиш и преодни и непреодни глаголи.** Напиши што е она што може да се направи за да се изгради училиште од соништата. Дали тоа вклучува само голем простор? Многу компјутери и друга дигитална опрема? Дали и нешто друго повеќе е клучно за создавање училиште од соништата?

# КАТЕГОРИЈА ПОВРАТНОСТ КАЈ ГЛАГОЛИТЕ

**Согледај**

Миле го **мие** зеленчукот.
Миле **се мие** за на училиште.
Билјана **јаде** торта од роденденот.
Билјана **се јаде** што не му го кажа тоа.

Во тесна врска со преодноста на глаголите е **категоријата повратност**, според која глаголите се делат на повратни и неповратни. **Повратни глаголи** се оние кај кои дејството преоѓа врз лицето што ја врши работата. Повратните глаголи одат со кратката форма од лично-повратната заменка **себе се**.

Пример: **се** облекува, **се** мие, **се** фали и др.

**Неповратни глаголи** се оние кои не одат со кратката форма од лично-повратната заменка.

Пример: облекува, мие, фали и др.

## Задачи

**1. Поврзи ги правилно следниве глаголи.**

- јаде
- се смее
- црта
- работи
- се чешла
- се плаши
- купува
- научи

ПОВРАТНИ ГЛАГОЛИ

НЕПОВРАТНИ ГЛАГОЛИ

**2. Напиши состав на тема „Еден мој вообичаен ден“ во кој ја опишуваш твојата секојдневна рутина и подвлечи ги употребените повратни глаголи.**

# ПРОСТИ И СЛОЖЕНИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ

## Да се потсетиме

1. Јас **јадам** јаболко. Ана **седеше** мирна на столчето. **Седи** мирен!

2. Јас **сум јадел** јаболко. Ана **беше седнала** мирна на солчето. Ти **би седел** мирен дома, ама...

Што забележуваш според составот на глаголските форми во двете групи примери?

**Дополни и одговори!**

Првите реченици се составени само од __________ глаголски форми бидејќи се составени само од __________ глаголски збор во различни зборoформи.

Втората група реченици се составени само од __________ глаголски форми бидејќи се образувани од __________ глагол или од __________ и __________ глаголска форма.

## Да заклучиме

Во македонскиот јазик, според составот, глаголските форми се поделени на __________ и __________.

## Задача

**Во следниов текст подвлечи ги простите глаголски форми со сина боја, а сложените глаголски форми со црвена боја:**

### Роденден

За неколку дена ми доаѓа роденденот. Решив да го прославам со семејството и со моите другари. Сум гледала и сум слушала дека на многу други деца им прават изненадувања, па и јас би сакала да ми се случи истото. Би требало и подароците да ми се допаднат. Можеби родителите ќе се сетат дека сакам нов телефон бидејќи мама ме слушаше кога разговарав со другарката. Ќе се радувам и ако при изненадувањето, другарките го повикаат и момчето кое ми е симпатија. Знам дека сите имаат желба да ме израдуваат, дека ќе направат сè за мене. Знам дека би се потрудиле максимално за ова. Ама, морам некако тајно да им шепнам на кој начин би сакала да го прославам роденденот и да ми биде исполнета желбата.

► *Авторски текст*



# ПРОСТИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ

## Заповеден начин

### Да се потсетиме

**прочитавме**

- претставка (префикс)
- општ дел (корен на зборот)
- основен вокал (самогласка)
- наставка (суфикс)

### Согледај

**Трчај** кон другите деца, брзо!

**Пејте** ја песната најубаво!

Ајде, **дојди** ваму!

Веднаш **носете** го во болница!

Со горниве глаголски форми се искажува ____________.

Директна заповед се искажува само со формите на __________ лице еднина и __________ лице множина.

Заповедниот начин се образува од следниве групи наставки:

- Наставки за образување на заповедниот начин се __________ во еднина и __________ во множина кај **сите глаголи од а-група** и кај **глаголите од е-група** и од **и-група, со општ дел на согласка**.

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| Примери: | а-група – чита + -ј = читај | чита + -јте = читајте |
| | е-група – пе + -ј = пеј | пе + -јте = пејте |
| | и-група – бро + -ј = broj | бро + -јте = бројте |

- Наставки за образување на заповедниот начин се __________ во еднина и __________ во множина кај **глаголите од е-група** и од **и-група, со општ дел на самогласка**.

Други примери: пишува – пишувај/пишувајте, гледа – гледај/гледајте, пие – пиј/пијте, стои – стој/стојте, трча – трчај/трчајте, крои – крој/ кројте.

| | Еднина | Множина |
|---|---|---|
| Примери: е-група | плет + -и = плети | плет + -ете = плетете |
| и-група | нос + -и = носи | нос + -ете = носете |

Други примери: каже – кажи/кажете, јаде – јади/јадете, преде – преди/предете, гребе – греби/гребете, молчи – молчи/молчете, коси – коси/косете, крои – кроj/кројте, плачи – плачи/плачете.

## Запомни

**Заповедниот начин има форми само за второ лице еднина и множина.**

Впрочем, заповед во вистинска смисла можеме да упатиме само при директно обраќање на говорителот/зборувачот до соговорникот, како и при дијалог меѓу учесниците во говорната ситуација.

**Одречните форми** на заповедниот начин се образуваат на следниов начин:

1. **негација не + заповеден начин** – пр. не трчај/не трчајте, не носи/не носете.
2. **немој/немојте + да-конструкција** (сврзникот да + сегашно време) – пр. немој да трчаш/немојте да трчате, немој да носиш/немојте да носите.

Кај другите лица имаме форми за **индиректна заповед** кои се образуваат со честичките **да** или **нека** и **формите на сегашно време**.

| | еднина | множина |
|---|---|---|
| 1. лице | **да викам** | **да викаме** |
| 2. лице | **викај** | **викајте** |
| 3. лице | **да, нека вика** | **да, нека викаат** |

## Задачи

**1. Образувај заповеден начин од следниве глаголи:** пишува, станува, крои, коси, роди, смее, знае.

**2. Поврзи ги глаголите со соодветните наставки за да образуваш заповеден начин.**

чува • работи • оди • грее • верува • прати • везе

-Ј/-ЈТЕ  -И/-ЕТЕ




**3. Направи** Правилник за начинот на однесување на учениците во училиштето, **притоа употребувајќи го заповедниот начин** (како илустрации може да користиш слики од интернет). Може да направиш и пауерпоинт-презентација и да ја презентираш пред другите ученици на наредниот час или, пак, плакат кој ќе го закачите во училницата или во училишниот хол.

Може да ја искористиш чек-листата за оценување на презентација што е на стр. 13 за да го добиете победникот, односно, тој што има најмногу бодови.



# СЛОЖЕНИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ

## Минато неопределено време

- **Погледнете ги следниве примери:**

Вчера **си читал** книга на ливадата.
Вие **сте носеле** ручек на работниците.
Јас **сум слушал** за тоа.

**Одговори или заокружи:**

Истакнатите глаголски форми во горните примери се сложени глаголски форми:

ТОЧНО НЕТОЧНО

Според категоријата време, со глаголските форми во горните примери се искажува ______________________ дејство.

Се вршело во присуство на говорителот:

ТОЧНО НЕТОЧНО

Според категоријата вид глаголите во речениците се:

СВРШЕНИ НЕСВРШЕНИ

Оваа глаголска форма се вика **минато неопределено несвршено време**.

> **Сложената глаголска форма со која се искажуваат минати дејства кои <u>се вршеле</u> во минатото, односно без да се определи точниот момент на одвивањето на дејството се вика минато неопределено несвршено време.**

Спореди со следниве примери:

Јас **сум прочитал** безброј книги.
Вие **сте износиле** еден куп обувки.
Ти вчера **си отишла** во диско.

**Одговори или заокружи!**

Според категоријата вид, глаголите во речениците се:

СВРШЕНИ НЕСВРШЕНИ

Има ли некоја друга разлика со првите примери во поглед на значењето на глаголските форми?

ДА НЕ

Оваа глаголска форма се вика **минато неопределено свршено време**.

Сложената глаголска форма со која се искажуваат минати дејства кои се извршиле во минатото, односно без да се определи точниот момент на одвивањето на дејството се вика минато неопределено свршено време.

**Образување на минато неопределено време:**

помошниот глагол сум во сегашно време + глаголска л-форма (од свршен или несвршен глагол).

пр. сум пеел – несвршен глагол

сум испеал – свршен глагол

### Минато неопределено несвршено време

| еднина | множина |
|---|---|
| 1 л. јас сум носел | 1 л. ние сме носеле |
| 2 л. ти си носел | 2 л. вие сте носеле |
| 3 л. тој / носел | 3 л. тие / носеле |

### Минато неопределено свршено време

| еднина | множина |
|---|---|
| 1 л. јас сум износил | 1 л. ние сме износиле |
| 2 л. ти си износил | 2 л. вие сте износиле |
| 3 л. тој / износил | 3 л. тие / износиле |

**Забелешка**

Формата од помошниот глагол сум во трето лице еднина и множина не се употребува.

**Задачи**

**1. Од глаголите: трча, скока, јаде, изигра, изгради образувај форми за минато неопределено време и употреби ги во реченици.**

**2. Напиши состав во кој ќе прераскажеш што ти оставило најсилен впечаток во изминатата година и подвлечи ги формите за минато неопределено свршено и несвршено време. За пишување на самиот состав почитувај ги насоките за пишување писмен состав дадени на стр. 22.**



# ПРИЛОЗИ

**Во следниов текст обрни внимание на истакнатите зборови!**



## Лето на планина

**Многу** години летото на планина не беше **толку убаво** како ова. Секој ден сјајното сонце патуваше по безоблачното небо, а **сите** цвеќиња ги ширеа своите крунички, се шаренееја и **убаво** мирисаа. Навечер сонцето ја фрлаше својата пурпурна и розова светлина на карпите и снежното поле и се губеше во златното пламено море.

Хајди постојано ѝ раскажуваше за тоа на својата пријателка Клара. Само **озгора**, од пасиштето можеше сè **убаво** да се види, а за тоа место, **горе** на ридот, таа раскажуваше со голема љубов; раскажуваше како **горе** блескаат **многу** разновидни цвеќиња, и како **таму** има **многу** сини цвеќиња, па сета трева синее.

► *(од „Хајди“ – Ј. Шпири)*

Што покажуваат тие?

Истакнатите зборови ги покажуваат **околностите во кои се врши глаголското дејство**. Овие зборови во македонскиот јазик се нарекуваат **прилози**.

Значи, **прилози се зборови што означуваат околности во кои се вршат дејствата искажани со глаголот. Прилозите се неменливи зборови, се јавуваат само во една зборoформа.**

**<u>Според значењето,</u> се изделуваат четири групи прилози:**

### Прилози за време

**Прилозите за време се зборови со кои се искажува времето во кое се врши дејството искажано со глаголот.**

<u>Прилози за време:</u> **кога, денес, вчера, утре, никогаш, секогаш, понекогаш, веднаш, истовремено, навреме** и др.

Се откриваат со прашањето: **кога + глаголот?**

Примери:

**Денес** јас честам.

**Утре** ќе мораш пред киното „Вардар“, Марко...

**Набргу** пред колибата се собраа сите.

### Прилози за место

**Прилозите за место се зборови со кои се искажува местото каде што се врши дејството искажано со глаголот.**

Се откриваат со прашањето: **каде + глаголот?**

Прилози за место: **таму, ваму, наваму, некаде, никаде, овде, онде, надвор, однадвор, внатре, одвнатре** и др.

Примери:

Децата трчаа **наваму**, **натаму**.

Дали господинот излезе **оттука**?

И јас мислев дека господарот ќе го најдам **овде**.

### Прилози за начин

**Прилозите за начин се зборови со кои се искажува начинот на кој се врши дејството.**

Се откриваат со прашањето: **како + глаголот?**

Прилози за начин: **како, вака, така, брзо, бавно, слатко, одлично, лошо, недоволно, супер** и др.

Примери:

Шаторите **брзо** ги наместија.

Старецот **вистински** беше радосен.

Денко **безволно** ги повлече нозете.

Денко **убаво** се испоти додека ја качуваа Гола Глава, на неколку места подзастануваше да почине да земе здив.

**Согледај**

Миле е **добро** дете. (**придавка** – појаснува именка)

Тој секогаш **добро** учи. (**прилог за начин** – појаснува глагол)

Определи го видот на истакнатите зборови во следнава реченица:

**Доброто** дете **добро** учи.

↓ ________ ↓ ________

## Прилози за количество и степен

**Прилозите за количество и степен се зборови кои го искажуваат количеството и степенот на дејството кое го означува глаголот.**

Се откриваат со прашањето: **колку + глаголот?**

Прилози за количество и степен: **колку, толку, малку, многу, повеќе, помалку** и др.

Примери:

**Толку** слушнав.

Ручавме и **малку** се одморивме.

Немаме време да седиме **многу.**

### Вежби

**1. Реши го ребусот и откриј кој поим се крие во него!**




Решение: ____________________

**Насока:** Од секој поим што го означуваат сликите или бројот, се тргаат толку букви колку што има запирки. Ако запирките се пред поимот означен со слика, се тргаат букви од почетокот на зборот колку што има запирки, а ако запирките се по поимот, тогаш се тргаат букви од крајот на зборот.

**2. Пронајди ги прилозите во текстот и определи ги какви се според значењето.**

Денес, младите спортисти Милан и Тони тренираат напорно за претстојните спортски натпревари. Тие веруваат дека нивните вистински успеси допрва ќе дојдат. Утре ги очекува нов предизвик – важен натпревар што ќе се одржи овде, во нивниот град.

Минатата година тие патуваа на натпревари и во земјата, и надвор од земјата. Таму се соочија со силни противници, но успеаја да се докажат. Тие беа храбри и посветени, а публиката ги бодреше секаде каде што играа.

На еден натпревар, Милан и Тони трчаа брзо, но противниците беа подготвени. Затоа, решија да се подобрат – секој ден тренираа, учеа нови техники и учеа од своите грешки. Набргу, почнаа да постигнуваат подобри резултати.

Иако понекогаш натпреварите не се одвиваа како што сакаа, тие никогаш не се откажуваа. Никаде не беа поразени толку лесно, бидејќи секогаш даваа сè од себе. Тренерите ги советуваа да не брзаат, туку да размислуваат бавно и стратешки во клучните моменти.

Сега, тие се подготвени за нови предизвици. Без разлика дали играат овде или таму, тие знаат дека со труд и посветеност ќе постигнат уште многу успеси!

► *Авторски текст*

# СИНТАКСА

**Синтаксата** е оној дел од граматиката што ги проучува способностите на зборовите да се поврзуваат меѓу себе, но, пред сè, целините што се добиваат како резултат на таквите поврзувања. Основна единица во синтаксата е **реченицата**, помала од неа – **именската група (или синтагма)**, а поголема – **сложената реченица**. Сите нив ги среќаваме во рамките на **врзан текст**.

**именка**
*град*

**именска група (синтагма)**
*убав град покрај езерото*

**реченица**
*Во далечината забележав* ***убав град покрај езерото****.*

**сложена реченица**
*Додека шетав низ Словенија,* ***во далечината забележав убав град покрај езерото****.*

**врзан текст**
*За време на летниот распуст решив да прошетам низ државите на Балканскиот Полуостров. Секаде по малце застанав, видов многу прекрасни места кои ми ги наполнија и душата и срцето. Меѓутоа, еден пејзаж ми остави впечаток.* ***Додека шетав низ Словенија, во далечината забележав убав град покрај езерото.*** *Сонцето се прелеваше насекаде, куќите беа облеани со светлина, езерото како нерамно огледало пленеше, а зеленилото ја заокружуваше и засилуваше таа убавина.*

## ИМЕНСКА ГРУПА

Согледај

**Добри деца** дојдоа на роденденот.
**Малите добри деца** дојдоа на роденденот.
**Нашите мали добри деца** дојдоа на роденденот.



**Што забележуваш?**

Оваа група зборови (обележаните со сино) во синтаксата се вика **именска група**.

**Именската група** (синтагма или фраза) ја среќаваме во сите членови на реченицата, освен прирокот, односно во сите членови на реченицата каде што може да се јави именка.

Именската група има **центар** (или глава) која може да ја претставува целата група, односно може да стои без другите додатоци. Центарот е обично **именка**, а додатоците се придавки, заменки, броеви.

Во примерите погоре, центарот на групата е именката ДЕЦА и таа може да стои самостојно, без додатоците и да ја претставува целата група.

Но, ако се испушти центарот на именската група (именката **деца**), тогаш се губи функцијата на именската група. На пример: Нашите мали **добри /**дојдоа на роденденот.

Во следниве примери центар (или глава) на именската група е именката КУЌА:

- **Малата сина куќа во полето** беше најубавата што сум ја видел.
- Најмалку пет години ја градев **мојата висока куќа на крајот од градот**.

## Вежби

**1. Во следниве реченици подвлечи ги именските групи.**

На минатогодишниот пролетен излет дојдоа сите вработени.

Вчера дуваше силен ладен ветер кој ги бушавеше нашите долги коси.

Внимателно ги береше црвените вкусни јагоди од нашата градина.

Селскиот едноставен живот те тера да се одмориш.

Внимателните добри родители на Ана секогаш внимателно го следеа нејзиниот постојан напредок.



**2. Дополни именска група во следниве реченици:**

Утре ______________________ ќе оди на патување во Италија.

______________________ ми траеше подолго од сите други денови.

______________________ го поминуваа времето во играње компјутерски игри.

______________________ автомобил на Марко го видов паркиран на ________________.

Ја прашав __________________________________ колку е часот.

# БЕЗЛИЧНИ РЕЧЕНИЦИ (РЕЧЕНИЦИ СО БЕЗЛИЧНИ ГЛАГОЛИ)

**Обрни внимание на истакнатите глаголи во речениците:**

**Грми**. – **Сека**. – **Снежи**.
**Студи** во просторијава.
**Се стемнува.**
За дрогата **не се зборува** јавно.
Во нашата фирма **се штрајкува**.
Во твојата куќа **се јаде** добро.

**Што забележуваш?**
Во кое лице е глаголот што врши функција на прирок во реченицата?
Може ли во дадените реченици да се одреди вршител на дејството?

### Согледај

Овие реченици се викаат **безлични реченици.**

**Безличните реченици се разликуваат од сите други по тоа што прирокот во нив не отвора место за подмет**. Со овој прирок се искажувва дејство, процес, но не се кажува кој го врши. Прирокот во овие реченици се јавува со некои други членови, на пример со предметот, но **никогаш со подмет**.

### Запомни

**Безлични се оние реченици кај кои прирокот не отвора место за подмет.**

Кај безличните реченици глаголот се јавува во форма за трето лице еднина, среден род.

- Во рамките на безличните реченици со глаголски прирок разликуваме:

- Безлични реченици со безлични глаголи:

На пример: **Врне**. Уште малку и **ќе се раздени**. Надвор **почна да грми**.

- Безлични реченици во кои станува збор за физиолошки или психички состојби и се јавуваат со кратките форми од личните заменки за директен и индиректен предмет:

На пример: **Ме мрзи** да работам. **Те боли** ли раката? Многу **ти паѓа** тешко. Денес **им пристуде** на сите. **Ме боли** стомакот.

- Безлични реченици со безлични форми од глаголи што инаку можат да се менуваат по сите лица. Безличната форма се добива кога ќе се земе **трето лице еднина од глаголот** (во кое било време) и ќе му се додаде **кусата форма на повратната заменка *се*.**

На пример: Во Италија **се јаде** пица. За политиката **ќе се зборува** јавно. Во училиштата **се предава** на стандарден јазик.

Овде може да се приклучат и речениците во кои се зборува за психофизиолошки појави на нашиот организам, независни од волјата. Покрај безличната форма на глаголот и кусата форма на повратната заменка ***се***, се јавуваат и кратките форми од личните заменки за директен и за индиректен предмет.

На пример: **Ми се јаде**. На бебето **му се спие**. **Му се смачи** на човекот.

## Задачи

**1. Дополни ги речениците за да добиеш безлични реченици:**

Утрово многу рано ________________. Веднаш ________________ дожд. Небото ________________. Кога излегов надвор ________________ и влегов внатре да се стоплам до печката. Седејќи така, почувствував дека ________________ и седнав на масата да јадам. Потоа најаден пак ________________ и си легнав на креветот.

► *Авторски текст*

**2. Претстави ги деловите од денот употребувајќи безлични глаголи (пр. се зазорува, се стемнува).**



се зазорува



се стемнува

# РЕЧЕНИЦА – РЕЧЕНИЧНИ ЧЛЕНОВИ

## Да се потсетиме

– Основната јазична единица со која се остварува општењето и се искажува завршена мисла се вика ___________.

– Во секоја реченица треба да има глагол во ___________ форма (прирок).

– Според составот, реченициите се делат на ___________ и ___________.

– ___________ содржи еден ___________ во лична глаголска форма, а ___________ реченица содржи ___________ или ___________ ___________ во лична глаголска форма.

– Реченицата што е составена само од една личноглаголска форма во функција на прирок и зборови групирани околу него, се нарекува ___________.

– Реченицата што е составена од две или повеќе личноглаголски форми во функција на прироци и други зборови групирани околу нив се нарекува ___________.

– Во следниве примери, определи го видот на речениците според составот:

Петар јадеше сендвич во сендвичарницата на аголот. ___________

Петар јадеше сендвич во сендвичарницата на аголот и испи еден овошен сок. ___________

Прирокот што е составен само од еден глагол во лична глаголска форма, се вика ___________.

Подметот се одликува со непосредна врска со прирокот, при што прирокот отвора место за подметот, а од подметот зависи во каква форма ќе се јави прирокот. Подметот се согласува со прирокот по род, број и лице. Затоа велиме дека подметот и прирокот се **главните реченични членови**, при што прирокот е уште и основен.

Во структурата на простата реченица постојат и **неопходни** и **второстепени** реченични членови. Ги викаме **неопходни реченични членови** затоа што има глаголи што не можат да оформат реченица, без некој од нив. Додека, пак, **второстепени реченични членови** се оние чие присуство или отсуство не доведува до промена на структурата на реченицата, ниту, пак, до погрешна информација, макар што претставува осиромашување на информацијата.

Обрни внимание на следниве примери и согледај како, со зголемување на бројот на реченичните членови, се збогатува информацијата:

- Марко јаде. (Марко – подмет, јаде – прирок)
- Денес Марко јаде сладолед во слаткарницата. (Денес – прилошка определба за време, Марко – подмет, јаде – прирок, сладолед – директен предмет, во слаткарницата – прилошка определба за место)
- Денес добриот Марко, мојот брат, јаде сладолед од чоколадо во слаткарницата. (Денес – прилошка определба за време, добриот – атрибут, Марко – подмет, мојот брат – апозиција, јаде – прирок, сладолед – директен предмет, од ванила – предлошки предмет, во слаткарницата – прилошка определба за место)

**Реченични членови**

| Главни реченични членови се: | Неопходни реченични членови се: | Второстепени реченични членови се: |
| --- | --- | --- |
| - прирок<br>- подмет | - предмет (директен, индиректен и предлошки)<br>- прилошки определби | - апозиција<br>- атрибут |

# ВИДОВИ ПРИРОК

## Глаголско-именски прирок

### Да се потсетиме

- **Прирокот** е главниот создавачки член во реченицата што ни го покажува дејството во реченицата.
- **Глаголскиот прирок** е составен само од една личноглаголска форма во функција на прирок.

**Уочуваш ли разлика кај истакнатите прироци во следниве групи примери?**

1. Миле **купува** автомобил.
Љупче **спие** на креветот.
Марко и Ненад **одат** во исто училиште.
Тие **ќе дојдат** кај нас на гости.

2. Јас **сум човек** од доверба.
Ти **си убава** во секој поглед.
Миле **е наставник** во моето училиште.
Ние **сме први** на натпреварот.

Во првата група реченици прирокот е составен само од **една личноглаголска форма во функција на прирок** и таквиот прирок се нарекува **глаголски прирок** (личноглаголската форма може да биде во кое било време).

Во втората група реченици прирокот е составен од **форма на глаголот-врска сум и именски збор** (именка, придавка, заменка, број) и таквиот прирок се нарекува **глаголско-именски прирок**. Така го нарекуваме бидејќи глаголскиот дел е глаголот-врска **сум**, а именскиот дел е именскиот збор.

### Согледај

Јас **сум човек**. (**сум + именка**)
Ти **си убава**. (**сум + придавка**)
Тој **е тој**. (**сум + заменка**)
Ние **сме први**. (**сум + бројна придавка**)



## Обрни внимание

- Во глаголско-именскиот прирок глаголот-врска **сум** може да се јави и **во минато определено несвршено време:**

Таа **беше градоначалничка** во мојата општина.
Тие **беа внимателни** со своите другари.

- Покрај со глаголот-врска **сум**, глаголско-именскиот прирок може да се образува и со следниве глаголи: **стане/станува, остане/останува, се прави/се направи** и др.

На пример:

Тој **стана професор**. Тој **станува дипломат**.
Таа **остана внимателна**. Машината **останува чудотворна**.
Тој **се прави** научник. Тој **се направи** храбар.

## Вежби

**1. Точно поврзи ги прироците.**

- јаде
- ќе одам
- сте наставници
- бевте другари
- сум слушнал
- стана научник
- е мирен
- трчавме

ГЛАГОЛСКИ ПРИРОК

ГЛАГОЛСКО-ИМЕНСКИ ПРИРОК

**2. Напиши пет реченици во кои ќе употребиш глаголски прирок и пет реченици со глаголско-именски прирок. Може да ти помогнат прироците од вежба 1.**

**3. Во текстот „Мариово – центар на геолошкото и биолошкото богатство на Македонија“, на стр. 135, пронајди ги прироците и напиши ги во ваква табела:**

| Глаголски прирок | Глаголско-именски прирок |
|---|---|
| | |

# ПРОСТ И СЛОЖЕН ПРИРОК

**Според составот,** разликуваме **прост** и **сложен прирок**. Тој може да биде:

**1. Прост прирок:**
**а) прост глаголски прирок;**
**б) прост глаголско-именски прирок.**

**2. Сложен прирок:**
**а) сложен глаголски прирок;**
**б) сложен глаголско-именски прирок.**

**1. а) Прост глаголски прирок:**
Миле **чита** книга.
Перо **пее** песна.

**б) Прост глаголско-именски прирок:**
Миле **е дете**.
Јас **сум човек**.

**2. а) Сложен глаголски прирок:**
Овој прирок е составен од:
**Глагол** (сака, мора, може, треба и др.) **+ да-конструкција** (**сврзникот да + глаголски прирок**)
Миле **сака да јаде**.
Миле **мора да спие**.
Миле **може да трча**.
Миле **треба да учи**.

**б) Сложен глаголско-именски прирок:**
Овој прирок е составен од:
**Глагол** (сака, мора, може, треба и др.) **+ да-конструкција** (**сврзникот да + глаголско-именски прирок**.)
Перо **сака да е фудбалер**.
Перо **мора да е прв**.
Перо **може да е наставник**.
Перо **треба да е ваш**.

## Видови прирок

| Прост прирок | | Сложен прирок | |
|---|---|---|---|
| **Прост глаголски прирок** | **Прост глаголско-именски прирок** | **Сложен глаголски прирок** | **Сложен глаголско-именски прирок** |
| Составен од **личноглаголска форма** (во кое било време) | Составен од **форма на глагол-врска сум и именски збор** (придавка, именка, заменка, број) | Составен од глагол (сака, мора, може, треба и др.) + **да-конструкција** (сврзникот да + **глаголски** прирок) | Составен од глагол (сака, мора, може, треба и др.) + **да-конструкција** (сврзникот да + **глаголско-именски прирок**.) |
| Примери:<br>Миле **јаде** леб.<br>Миле **сее** жито. | Примери:<br>Миле **е убав**.<br>Јас **сум дете**. | Примери:<br>Миле **сака да оди**.<br>Миле **мора да јаде**.<br>Миле **може да игра**.<br>Миле **треба да пее**. | Примери:<br>Перо **сака да е пејач**.<br>Перо **мора да е станат**.<br>Перо **може да е убав**.<br>Перо **треба да е втор**. |

### Вежби

**1. Одреди го видот на прирокот во следниве реченици:**

Јас **јадам** торта.

Ана **носи** палто.

Јас **сум наставничка**.

Тие **се најдобри** во тенис.

Таа **сака да јаде** торта.

Ема **треба да купи** цвеќе.

Таа **може да е наставник**.

Вие **сакате да сте најдобри** во кошарка.



**2. Дополни ги следниве реченици:**

- Според составот, прирокот може да биде ________________ и ________________.

- Простиот глаголски прирок е составен само од __________________________.

- Напиши пример. __________________________________________________

- Простиот глаголски прирок-именски прирок е составен од ________________ ______________.

- Напиши пример. __________________________________________________

- Сложениот глаголски прирок е составен од ____________________ и ________________________.

- Напиши пример. __________________________________________________

- Сложениот глаголско-именски прирок е составен од ____________________ и _________________________________.

- Напиши пример. __________________________________________________.

**3. Креирај текст кој ќе содржи реченици според следниве барања. Текстот нека биде на тема „Подготовки за новогодишна забава во училиште“.**

- три реченици со прост глаголски прирок;
- три реченици со прост глаголско-именски прирок;
- три реченици со сложен глаголски прирок;
- три реченици со сложен глаголско-именски прирок.



# НЕОПХОДНИ РЕЧЕНИЧНИ ЧЛЕНОВИ

Во реченицата, покрај главните реченични членови, постојат и **неопходни реченични членови**. Тоа се **предметот (директен, индиректен и предлошки)** и **прилошките определби**. Неопходните реченични членови се оние реченични членови за кои велиме дека е неопходно да ги има во реченицата, затоа што има глаголи коишто не можат да оформат реченица доколку недостасува некој од нив.

## Предмет

**Прочитај ги и размисли за истакнатите зборови во следниве реченици:**

Билјана јаде **торта**.
Миле гради **куќа**.
Јас купив **автомобил**.
**Му** реков **на Миле**.
**Го** удрив **Миле со креда**.
Кучето гризеше **коска**.

### Размисли и одговори

Кои зборови во речениците означуваат дејство?

На кој член од речениците преминува глаголското дејство?

Овој реченичен член, всушност, е ____________________ на дејството, односно трпител на дејството. Овој реченичен член се вика **предмет**.

> **Неопходниот реченичен член врз кој преминува глаголското дејство, односно е трпител на дејството, се нарекува <u>предмет</u>.**

### Задачи

**1. Определи го предметот во следниве реченици:**

- Милан гледа телевизија.
- Таа купи јаболка.
- Мила му рече на него.
- Јас го удрив со топката.
- Баба направи торта.

**2. Поврзи ги речениците со соодветниот предмет:**

| | |
|---|---|
| - Теодор гледа | погача. |
| - Мајсторот гради | зеленчук. |
| - Дедо чита | филм. |
| - Ана јаде | куќа. |
| - Градинарот сади | весник. |

**3. Креирај пет реченици во кои предмет ќе бидат зборовите:** чаша, учебник, пенкало, прибор, ѓеврек.

# ВИДОВИ ПРЕДМЕТ (ДИРЕКТЕН, ИНДИРЕКТЕН И ПРЕДЛОШКИ)

Во македонскиот стандарден јазик има три вида предмет:

- **директен;**
- **индиректен;**
- **предлошки.**

## Директен предмет

**Директен предмет е оној член во реченицата врз кој директно преминува дејството искажано со глаголот, односно со прирокот.**

Примери:

Јован јаде **торта**.

Јас **ја** видов **Бојана**.

Децата посадија **дрвца**.

Тој гради **куќа**.

Другарите планираа **забава**.

За полесно препознавање на овој реченичен член и негово полесно откривање во реченицата, ги поставуваме прашањата **што?** (за предмети) и **кого?** (за лица).

Примери:

Трајче пишува **писмо**. ← (**Што** пишува Трајче?)

**Ја** почитувам **баба**. ← (**Кого** почитувам?)

### Обрни внимание

Директниот предмет во реченицата може да биде изразен и со долгите и со кратките форми од личните заменки за директен предмет.

Примери:

Ана **го** бакна **него**.

**Неа ја** испрашаа на часот.

Петар **нè** слушна **нас**.

### Вежби

**1. Креирај пет реченици со директен предмет. Речениците нека бидат поврзани. Темата која ќе ги поврзува одбери ја сам. Може да биде случка во одделението, настан во училиште или, пак, нешто лично што сакаш да го споделиш.**

**2. Допиши го директниот предмет во следниов текст. Во овие примери треба да се употребат, покрај предметот, и долгите и кратките форми од личните заменки.**

Секое утро кога ќе се разбудам, прво ___ земам ____________ и почнувам да ____ играм ______________ за да се освестам малце. Потоа ___ оставам ______________, станувам, си ___ мијам ______________, се облекувам, се подготвувам, појадувам ______________, ___ облекувам топлата _________, ___ врзувам ______________ и право на училиште. По патот вообичаено сретнувам ____________ и со нив ___ продолжувам патот.

► *Авторски текст*

## Индиректен предмет

**Индиректен предмет е оној член од реченицата кој ја означува целта кон којашто е насочено глаголското дејство, односно тој е индиректно опфатен од глаголското дејство.**

Примери:

**Ѝ** донесов книга **на Маја**.

**Му** купив подарок **на Миле**.

Секогаш им помага **на другарките**.

Смело ѝ се обрати **на публиката**.

Тоа го кажа **на Јована**.

Индиректниот предмет може директно да се надоврзе на прирокот, или со помош на предлогот **на**.

Примери:

**Никому** не пречи. ← (директно надоврзување со прирокот)

**Нам ни** кажува.

Тоа ѝ го рече **на** **Мила**. ← (надоврзување со помош на предлогот **на**)

Смело ѝ се обрати **на** **публиката**.

За полесно препознавање на овој реченичен член и за негово полесно откривање во реченицата, ги поставуваме прашањата **на кого?** или **кому?**.

Примери:

**Му** се насмевна **на Петар**. ← (**На кого** се насмевна?)

Секогаш им помага **на другарките**. ← (**Кому** помага?)

## Обрни внимание

Индиректниот предмет во реченицата може да биде изразен и со долгите и со кратките форми од личните заменки за индиректен предмет.

Миле **му** рече **нему**.

Ана тоа **ни** го даде **нам**.

## Вежби

**1. Напиши пет реченици во кои ќе употребиш индиректен предмет.**

**2. Продолжи го започнатиот пример со уште 4-5 реченици. Користи индиректен предмет во нив. Пример: Ѝ се јавив вчера на Марија. Ѝ реков дека сум налутена бидејќи лектирата ми е сѐ уште кај неа.**

**3. Пронајди ги предметите во текстот, подвлечи ги и определи на кој вид му припаѓаат:**

### Јаболкница

Еден старец садел јаболкници. Поминале оттука луѓе ѝ му рекле на старецот:

– Зошто ти се тие јаболкници, дедо? Долго треба од нив да се чека род. Ти од нив никогаш не ќе можеш да си каснеш!

Старецот се подисправил и им одговорил:

– Да, јас не ќе можам да ги вкусам јаболката, но другите ќе го имаат тоа задоволство. За тоа, пак, на мене ќе ми бидат благодарни.

► *Лав Толстој*



## Предлошки предмет

**Предлошкиот предмет е предметот кој се врзува со прирокот со помош на сите предлози.**

Примери:

Вчера игравме **со Сашо**.

Миле зборува **за кавгата.**

Го удри **со топка**.

Тагуваше многу **по кученцето**.

Ана беше жедна **за знаење**.

Предлошкиот предмет одговара на прашањата **кого?** и **што?** заедно **со предлогот** во реченицата.

Примери:

Се договорија **за состанок**. ← (**За што** се договорија?)

Верувам **во вас**. ← (**Во кого** верувам?)

### Вежби

**1. Пронајди го предлошкиот предмет во следниве реченици и подвлечи го:**

Елена погледна во него.

Тој во ресторанот плати со картичка.

Јован тоа го направи за Ана.

Марко купи подарок за Вероника.

Тоа го направи за пари.

**2. Креирај реченици со предлошки предмет со следниве зборови: куче, млеко, молив, зборување, тетратка.**







**3. Во текстот „Маркова чешма“, на стр. 118, пронајди ги предметите и определи на кој вид припаѓаат.**

## Задача

**1. Реши го крстозборот и во него откриј го скриениот поим од граматиката.**

1. Речениците што содржат само по еден прирок и зборови групирани околу него се викаат ________________.

2. Главниот создавачки член во реченицата се нарекува ________________.

3. Речениците што содржат два или повеќе прироци и други зборови групирани околу нив се нарекуваат ________________.

4. Вториот создавачки член во реченицата што го означува вршителот на дејството се нарекува ________________.

5. Второстепен реченичен член ________________.

6. Науката што го проучува јазикот, се вика ________________.

7. Прирокот составен од глагол со непотполно значење и да-конструкција се нарекува ________________.

8. Другиот второстепен реченичен член се вика ________________.

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | | | |
| 6. | | | | | | | | | |
| 7. | | | | | | | | | |
| 8. | | | | | | | | | |



# ПРИЛОШКИ ОПРЕДЕЛБИ

Погледни ги следниве примери и уочи што означуваат истакнатите зборови!

**Вчера** дојдов дома **во 12:00 часот**.

**Внимателно** го следев натпреварот и **малку** се изнервирав.

Во Солун луѓето живеат **многу релаксирано**.

**По неполни десет години** Петар се врати **во родното место**.



## Размисли и одговори

Кој реченичен член го дополнуваат истакнатите зборови?

Што покажуваат?

## Да ти помогнеме

Сите истакнати зборови во речениците го дообјаснуваат прирокот и ги покажуваат околностите во кои се вршело, се врши или ќе се изврши глаголското дејство. Тоа може да е **времето** (вчера, во 12:00 часот), **местото** (во Солун, во родното место), **начинот** (внимателно, релаксирано), **количеството**, односно степенот во кој се вршело глаголското дејство (малку, многу, по неполни десет години).

Ваквите реченични членови се нарекуваат **прилошки определби** и заедно со предметот спаѓаат во **неопходните реченични членови.**

**Зборовите во речениците што го дополнуваат прирокот и ги означуваат околностите во кои се вршело, врши или ќе се врши глаголското дејство, се викаат прилошки определби.**

Според значењето се изделуваат следниве групи прилошки определби:

### *1. Прилошки определби за време*

**Прилошките определби за време го дополнуваат прирокот во реченицата и го означуваат времето во кое се врши глаголското дејство.**

Се откриваат со прашањето: **кога? од кога? до кога?**

Прилошки определби за време: **кога, денес, вчера, тоа утро, никогаш, секогаш, секоја зима, веднаш, истовремено, навреме и др.**

Примери:

**Денес** јас честам.

**Утре** ќе мораш пред киното „Вардар“, Марко...

**Минатиот вторник** пред колибата се собраа сите.

### *2. Прилошки определби за место*

**Прилошките определби за место се зборови со кои се означува местото каде што се вршело, се врши или ќе се врши дејството искажано со прирокот.**

Се откриваат со прашањето: **каде? од каде? до каде?**

Прилошки определби за место: **таму, ваму, во Скопје, некаде, никаде, овде, онде, во училиштето, однадвор, внатре, одвнатре.**

Примери:

Децата трчаа **наваму-натаму**.

Дали господинот излезе **оттука**?

И јас мислев дека господарот ќе го најдам **во собата**.

### *3. Прилошки определби за начин*

**Прилошките определби за начин се зборови со кои се искажува начинот на кој се врши дејството искажано со прирокот.**

Се откриваат со прашањето: **како?**

Прилошки определби за начин: **како, вака, така, брзо, бавно, слатко, одлично, лошо, недоволно, супер, на шега, на радост.**

Примери:

Шаторите **бргу** ги наместија.

Старецот **вистински** беше радосен.

Денко **безволно** ги повлече нозете.

Денко **убаво** се испоти додека ја качуваа Гола Глава, на неколку места подзастануваше да почине, да земе здив.

### *4. Прилошки определби за количество и степен*

**Прилошките определби за количество и степен се зборови кои го искажуваат количеството и степенот на дејството кое се означува со прирокот.**

Се откриваат со прашањето: **колку?**

Прилошки определби за количество и степен: **колку, толку, малку, дваесет килограми, повеќе, помалку, до дно.**

Примери:

**Толку** слушнав.

Ручавме и **малку** се одморивме.

Немаме време да седиме **многу**.

Купив **дваесет килограми** круши.

## Научи повеќе

Во македонскиот јазик постојат и прилошки определби **за причина**, **за цел** и **за услов и допуштање**.

***Прилошки определби за причина***

Се откриваат со прашањето: **зошто?** и **од која причина?**

Примери:

Скока **од радост**.

Го направи тоа **од љубов**.

Се разделија **поради несогласување**.

***Прилошки определби за цел***

Се откриваат со прашањето: **со која цел?**

Примери:

Го измачуваа човекот **за забава**.

Отиде **по сок**.

Го направи тоа **за внимание**.

***Прилошки определби за услов и допуштање***

Примери:

**Без потпис** не може да се врати.

**При сето внимание** – падна.

**И покрај тешкотиите** – успеавме.



## Вежби

**1. Напиши по две реченици од секој вид прилошки определби.**

**2. Дополни ги следниве реченици со соодветните прилошки определби.**

– ________________ (време) Ана купи сок и чоколадо ________________. (место)

– ________________ (количество) ми се допадна палтото шти ми го донесе мама ________________. (место)

– Тој ме гледаше ________________ (начин), како да сакаше да открие што мислам.

– ________________ (време) ќе спијам ________________ (место) во хотелот во кој бевме сместени ________________. (време)

- ____________________ (време) очекувам дека ________________ ќе се наспијам и ќе се одморам од ________________ (количество) мислење.

3. Во текстот „Тркалашко“, на стр. 124, пронајди ги прилошките определби и определи на кој вид му припаѓаат.

**Задача**

**Пополни ја следнава мисловна мапа за реченичните членови!**






# ПРАВОПИС И ИНТЕРПУНКЦИЈА

## УПОТРЕБА НА ПРАВОПИСНИТЕ ЗНАЦИ

**Согледај**

Јазикот во општењето го употребуваме по устен пат, преку зборување, и по писмен пат, преку пишување.

Зборовите при пишувањето ги претставуваме преку низа од букви и ги одделуваме еден од друг со празно место. Она што ќе го напишеме, треба да го прочита друг.

А, за да го прочита некој друг тоа што го пишуваме, треба убаво и правилно да пишуваме. За да пишуваме правилно, треба да ги почитуваме правилата за пишување.

Правилата за пишување се опфаќаат со правописот. **Правописот претставува општоприфатен и единствен систем од правила за пишување во еден јазик.**

Постојат **правописни** и **интерпункциски знаци** кои ни помагаат правилно да пишуваме.

> **Правописните знаци служат за разбирање на конкретен збор или на група зборови во реченицата.**

Правописни знаци се: точка (.), запирка (,), две точки (:), црта (–), цртичка (-), загради (( ), [ ]), коса црта (/), надреден знак (`), апостроф (’), ѕвездичка (*), белина (**празно место**) и други.

Знаците: точка, запирка, две точки, црта, загради, коса црта се употребуваат и како правописни и како интерпункциски знаци.

> **Знаците со кои се означуваат речениците, дел-речениците, паузите, интонацијата и се предаваат туѓи зборови, се нарекуваат знаци за интерпункција.**

Во македонскиот јазик се користат следниве **интерпункциски знаци:** точка (.), прашалник (?), извичник (!), запирка (,), точка и запирка (;), две точки (:), три точки (...), загради – заоблени ( ) и квадратни [ ], црта (тире) (–), наводници („ “) и полунаводници (’ ‘) и (‘ ’).

## Точка

Најчести случаи кога точката се пишува како правописен знак се следниве:

а) **При скратување на зборовите:**

и др. (и друго), и сл. (и слично), на пр. (на пример), бул. (булевар), проф. (професор), л. (лице), ас. (асистент), ср. р. (среден род) и др.

б) **Кај имињата, при потписи, и во други случаи кога се скратуваат:**

К. Кепески (за Круме Кепески), Б. Конески (за Блаже Конески), К. П. Мисирков (за Крсте Петков Мисирков).

в) **Зад арапска цифра која претставува редна бројна придавка, освен кога по цифрата следува име на месец, како и зборовите година или век:**

- Со одиграните натпревари, вчера беше завршено 3. коло од шампионатот.
- 24 јануари, 15 март 2015 година, 21 век.

За квалитетно оценување е потребно согледување на повеќе аспекти од знаењата и способностите на учениците: 1. квантитет и квалитет на знаењата; 2. логичка поврзаност на материјата; 3. проверка на знаењата преку тест; 4. работа со географска карта; 5. активност на часовите.

- Во последниот пример, наместо точката по броевите 1, 2, 3, 4, 5, може да се напише вториот дел од заградите – на пример, 1), 2), 3), 4) и 5).

г) **Зад броеви (арапски или римски) или буква (голема или мала) со кои се означува глава, оддел и сл. ако текстот продолжува во ист ред:**

1. Содржина: I. Пишување на гласовите. II. Акцент. А. Акцентска целост со енклитика. Б. Акцентска целост со проклитика. III. Употреба на големата буква.

д) **Зад броеви (арапски или римски) или буква (голема или мала), при вертикална организација на текст:**

I. Увод
II. Зборообразување на именките
II.1. Деривација
А. Суфиксни именски образувања
1. Транспозициски категории



1.1. Називи на дејства

1. Содржина на вежбите

а. Увод

б. Заеднички особини

- При вертикална организација на текст, зад арапската цифра и зад буквата (голема или мала) може да се напише вториот дел од заградите.

ѓ) Во составот на интернет-адресите:

www.bro.gov.mk и како составен дел на адресите за електронска пошта: bojan.petrov@yahoo.com.

е) Во математиката, за да се означи операцијата множење: тогаш и пред и по точката, чија позиција е на средината од редот, се остава белина:

3 · 2, 24 · 3, 18 · 5.

- Како математички знак за множење се употребува и знакот х.

ж) Кај целите броеви, меѓу класите на илјадите, десетките илјади, стотките илјади, милионите итн., во банкарството, кај паричните вредности напишани со повеќе од три цифри и во други стручни текстови, се пишува точка за одвојување на три бројни места, броејќи од десно кон лево:

2.228,00 – 16.000,00 – 228.664,00 – 205.072.456,00.

Точка не се пишува:

а) Во скратувањата на определбите за општественото уредување на државите, како ни во кратенките за државите:

РС Македонија, СФР Југославија, СР Германија, ЕУ, РСМ и др.

б) Зад арапските броеви во функција на редна бројна придавка по кои следуваат име на месец, како и зборовите година или век:

15 февруари, 16 април 2015 година, 21 век.

в) Зад римски броеви:

Македонскиот јазик во XXI век влезе како современ стандардизиран јазик со повеќевековна јазична и писмена историска традиција. – Годишен тест по историја за VII одделение.

г) Кај целите броеви, меѓу класите на илјадите, десетките илјади, стотките илјади, милионите итн., а меѓу нив се остава белина:

2 000, 7 000, 20 000, 40 000 000, 200 000 000, 600 000, 4 000 000.

## Употреба на точката при пишување датуми

При пишување датуми, секогаш редоследно се пишуваат: денот, месецот и годината.

- Ако датумот е напишан со арапски цифри, зад денот и месецот се пишува точка и не се остава белина:

  9.4.1971 г. – 7.9.1993 г.

- Ако месецот е напишан со римски број, по него не се става точка, но се остава белина меѓу месецот и годината:

  9.IX 1991 г. – 2.VIII 1903 г.

- Ако месецот е напишан со збор, тогаш се остава белина меѓу денот, месецот и годината:

  16 април 2004 г. – 24 август 2016 г.

- Во банкарството, во книговодството и во други административни документи се користи и нулата (0) за означување на првите девет дена и месеци:

  08.08.2002 г.; 02.04.2015 г.

## Запирка

Правописниот знак запирка најчесто се пишува во следниве случаи:

а) При пишување децимални броеви (т.н. децимален знак) за да се оддели целиот број од децималниот:

Во најновата научна студија на НАСА за климата, доколку не се преземат одлучни мерки, температурите до 2050 година би можеле да пораснат од 2,8 до 5,6 °C. – Во бројот 65,25 цифрата 5 се сретнува двапати. – Земјата е стара околу 4,6 милијарди години.

**б) Кај изрази што означуваат место и време:**

Скопје, 14 мај 2014 година. – 7 декември 1856, Петроград.

**в) За да се одвојат секундите од нејзините помали делови, десеттинки и стотинки:**

Милчевски во квалификациите на 800 метри постигна резултат од 2 минути 3 секунди и 89 стотинки (2:03,89), со што го зазеде 35-тото место од вкупно 56 учесници што настапија во оваа дисциплина.





## Две точки

Правописниот знак две точки се пишува:

а) За да се одвои часот од минутите и минутите од секундите. Пред и по двете точки не се остава белина:

Канцеларијата ќе работи секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот и во сабота од 10:00 до 15:00 часот.

б) За да се означи резултат изразен во бројки (најчесто во спортот) и сооднос меѓу величини. Тогаш, пред и по двете точки, се остава белина:

Резултатот од натпреварот е 3 : 2 за „Вардар“.
Картата е во размер 1 : 500.
Ризикот предизвикан од природно заболување е 1 : 1 000 случаи.

в) За означување опозиција или сооднос:

црно : бело, носи : износи, оди : изоди, избра : бере : избира : избор.

г) Во математиката, наместо изразот поделено со. Во овој случај се остава белина пред и по двете точки:

6 : 3, 28 : 4, 150 : 5.



д) Како составен дел на интернет-адресите по префиксот, на протоколот:

http://xxx.xxx, https://xxx.xxx.

## Црта (тире)

Цртата е правописен знак што може да се пишува со или без белина од двете страни.

Црта со белини се пишува:

а) Кога се означува односот од – до или до:

Работно време: понеделник – петок, мај 2019 – јануари 2020;

Кочо Рацин (1908 – 1943),

б) Ако првиот дел од односот е означен со предлогот **од**, тогаш не се пишува црта, туку се пишува предлогот **до**:

Најверојатно, неолитските населби во Охридско датираат од IV до III милениум пред нашата ера. – Вежбите се практикуваат од 2 до 3 пати во денот.

в) Кога се означува растојанието меѓу две и повеќе места или правецот на движењето од едно место кон друго:

Движењето на патот Штип – Свети Николе е прекинато.

Растојанието Скопје – Гевгелија изнесува 160 км.

г) <u>Кога се означува односот помеѓу или против меѓу два поима:</u>

Фудбалскиот натпревар Македонија – Србија заврши нерешено.

д) Кога се набројуваат поими, доколку стојат еден под друг:

Збирката податоци за родителите опфаќа:
- сродство со ученикот
- име и презиме
- датум и место на раѓање
- адреса и место на живеење
- телефон за контакт.

е) <u>Во математиката, наместо зборот минус.</u> Во овој случај се остава белина и пред и по цртата:

8 – 4 = 4, 76 – 15 = 61.

## Црта без белини се пишува:

а) <u>Кога се поврзуваат две имиња тесно поврзани во еден поим:</u>

Дуетот Селимова–Желчевски е повеќе од синоним за македонската народна песна.

б) <u>Ако завршокот на некој период се очекува во иднина</u>, зад првиот број се пишува само црта:

Речник на македонската народна поезија (1993–);

Македонскиот поет Радован Павловски (1937–) литературните критичари го нарекуваат „крал на метафората“.



в) Кога се цитираат соседни страници од ист труд:

Конески 1982: 122–124.

# Цртичка

Цртичката како правописен знак секогаш се пишува без белина од двете страни.

## Цртичката се пишува:

а) <u>Меѓу две именки што означуваат еден поим:</u>

Нацрт-законот за високото образование влезе во процедура. – Уплатите се вршат на посочената жиро-сметка.

**б) Кај неполно сраснатите зборови,** т.е. кога деловите што го образуваат сложениот збор имаат извесна самостојност:

Општествено-политички услови во Македонија во втората половина на 19 век. – Охридско-струшката Котлина го зафаќа крајниот југозападен дел на Република Северна Македонија.

**в) Помеѓу двојни презимиња:**

Марија Петрова-Николовска, Соња Стојановска-Поповска.

**г) Помеѓу презиме и прекар:**

Методија Андонов-Ченто.

**д) Кога првиот дел од сложените зборови е напишан со бројка:**

Стручните работници треба да имаат завршено најмалку 4-годишно универзитетско образование. – Магистерскиот труд се брани пред 3-члена комисија. – Периодот на 60-тите години од 20 век е познат по многу настани.

**ѓ) Кај некои скратувањата и скратени изрази:**

д-р, м-р, г-ѓа, г-ца, ТВ-програма, Rh-фактор, pH-вредност.



**е) При пренесување на дел од зборот во друг ред:**

вр-вулица, врву-лица, врвули-ца.

**ж) При делење на зборот на слогови:**

Именката улица се дели на три слога: у-ли-ца.

**з) Кај ономатопејски изрази:**

Клип-клоп, клип-клоп! – Тик-так, тик-так!

**ѕ) Како составен дел од интернет-адресите:**

www.sk-airport.mk

## Заграда

Заградите како правописен знак се пишуваат:

За да се загради делот од зборот што може да се изостави, при што се добива алтернативната форма на зборот:

Арап(ин), бакал(ин), викот(ница), касап(ин), насмев(ка), спом(е)нува.

За да се загради делот од зборот што се изоставува, при што се укажува на два различни збора што имаат некој заеднички значенски дел:

(секој)дневно, (се)вкупно, (се)присутен,(се)едно, (само)определување, (интер)активен, (архи)епископ, (за)стана, (при)дава, (пра)дедо, (по)мајка.

При хоризонталното и вертикалното набројување, кај цифрите и буквите се употребува вториот дел од заградите.

## Коса црта

Косата црта е правописен знак што може да се пишува со или без белина од двете страни.

### Коса црта со белини од двете страни се пишува:

а) При одделување на стихови кога не се подредени еден под друг:

Спаси ме Боже, од болните луѓе / што се накажани, / та не се криви, / нивната злоба умерено судија, / самите од неа одвај се живи.

б) При одделување на строфи кога не се подредени една под друга се пишуваат две коси црти:

Денови ли се – денови / аргатски маки големи! // Стани си утре порано / дојди си вечер подоцна / наутро радост понеси / навечер тага донеси.

### Коса црта без белини се пишува:

а) Меѓу два збора, наместо зборовите и, или, односно, напоредно:

ама/но, директор/директорка, врата/порта, спомнува/споменува.

б) При означување на два последователни временски интервала (часови, денови, месеци, годишни времиња, години, векови):

Утрово меѓу 10:00/11:00 часот. – Распоред за понеделник/вторник. – Моден каталог пролет/лето 2013 година. – Учебна година 2013/2014. – Списание од 1956/1957 година. – На преминот од 19/20 век.

в) При изразување соодност помеѓу величини, кога е испуштен предлогот:

Вози 120 км/час (120 километри на час). – Густината е 1 гр/см3 (еден грам на кубен сантиметар). – Протокот на вода е 1 м3/сек (еден метар кубен во секунда).

г) Во адреси, наместо низ:

бул. „Климент Охридски“ бр. 74/4/3 (булевар „Климент Охридски“, број 74, влез 4, стан 3). – ул. „Илинденска“ бр. 6/2 (улица „Илинденска“, број 6, стан 2).

д) Како составен дел на некои интернет-адреси, една или две:

mk.wikipedia.org/wiki; https://www.ppp.com.mk.





## Надреден знак

Надреден знак (`) се става над **е** во кратката заменска форма **нѐ**, над **и** во кратката заменска форма **ѝ** и над **е** во количествената заменска форма **сѐ**:

Никој не нѐ виде. – Со сѐ се мие. – На сѐ се смее. – Влезе и ѝ кажа тивко.

## Апостроф

Апострофот (’) се пишува за да се покаже дека отпаднал некој глас од зборот, најчесто во поезијата:

... дал’ град полињата житородни ги беше фатил.

Со апостроф се предава темната самогласка што се среќава во некои сопствени именки: В’чков; с. С’лп, Велешко; с. К’шање, Кумановско.

Со апостроф, во определени ситуации, се обележува и самогласното р:
’рбет, ’рж, за ’ржи.



## Ѕвездичка

Ѕвездичката (*) како правописен знак може да стои од десната или од левата страна на зборот или на текстот.

а) Ако сакаме под текстот да објасниме извесен збор, тврдење, став и др., ѕвездичката стои од десната страна, над последната буква од зборот.

Ако на страницата има повеќе такви објаснувања, бројот на ѕвездичките се наголемува секогаш за една повеќе. Објаснувањата обележани со * потоа одат во фусноти:

На гредите во овој дел на куќата се фрлени разни алати: рала, јареми*, косила, дршки за мотики, лопати, казми** и ред други дрвени остени***, ластегарки, стапови, кои чекаат да ги заменат тие што се во употреба.

---

* јареми – дрвена направа во која се впрегнуваат два вола за орање,

** казми – алатка, тежок рачен копач,

*** остени – стап со остар железен шилец на крајот за спотерување запрежен добиток.



## Белина

Белината како правописен знак е празното место во текстот.

**Белината се употребува:**

а) Помеѓу зборовите за да се означи крајот на зборот:
Нашата улица е најдолга во градот.

б) Зад интерпункциските знаци: точка, запирка, точка и запирка, две точки, три точки, прашалник и извичник.

в) Кај датумите, меѓу составните делови, ако месецот е напишан со римски број: 8.IX 1991 г.

г) Кај скратувањата, помеѓу два или повеќе скратени збора: и др., и сл.

д) Помеѓу иницијали: Б. К., Џ. Г. Бајрон.

ѓ) При математички операции, пред и зад знакот: *6 – 4 = 2, 8 : 2 = 4, 16 + 22 = 38.*

е) Меѓу бројот и знакот на мерната единица:
1 кг, 8 м, 2 W, 10 м², 13 – 25 кг, 32 °C.

ж) Меѓу бројот и знакот за процент или промил:
3 %, од 12 до 24 %, 36 ‰.

з) Меѓу бројот и ознаката за паричната единица: 400 МКД, 10 €.

ѕ) Пред и зад знакот за параграф: в. § 4.

**Белината не се употребува:**

а) Пред реченичните знаци: точка, запирка, точка и запирка, две точки, три точки, прашалник и извичник.

б) Помеѓу наводниците, полунаводниците, заградите и текстот што е во нив: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“. – средорек ‘место помеѓу ракави на река’. – 310 откупени носии (женски и машки).

в) Меѓу десниот наводник, полунаводник, вториот дел од заградите и знакот што следува по нив: „Заминувам“, рече таа. – Која од набројаниве именки има значење ‘назив на инструмент’?

г) Пред и зад заградите што се наоѓаат внатре во зборот: бакал(ин), викот(ница).

д) Кај скратувањата, меѓу двете компоненти на сложен збор или полусложенка:
т.н. (таканаречен), с.р. (своерачно), зам.-мин. (заменик--министер), ген.-полк. (генерал-полковник).

**ѓ)** Пред и зад косата црта во сложените мерни единици: 50 м/сек; и кај дропките: 1/3.

**е)** Зад запирката, кај децималните броеви: 3,14; 6,2.

**ж)** Меѓу бројот и ознаките за означување позитивен и негативен број: +5; –10.

**з)** Меѓу бројот и знакот за означување степен, минута и секунда: $180^0$ 20′ 13″.

**ѕ)** Зад двете точки со кои во временскиот запис се одвојува часот од минутите и минутите од секундите: 19:00 часот; 2:56 минути.

**и)** Кај апострофот пред самогласното р: ′рбет, ′рѓосан, за ′ржи.

**ј)** Кај ѕвездичката како правописен знак:

– во позиција кога зад неа нема белина: *gordъ > град;
– во позиција кога пред неа нема белина: јареми*.

**к)** Кај датумите, меѓу составните делови, ако месецот е напишан со арапска цифра: 8.9.1991 г. *

## Најди повеќе информации и научи повеќе

**Најди повеќе информации и научи повеќе за правописот на следниве веб-адреси. Од овде можеш да го преземеш и Правописот на македонскиот јазик кој ќе ви послужи за иднина:**

* Поголемиот дел од примерите се преземени од Правописот на македонскиот јазик од 2017 година

**За да ги подобриш, усовршиш и провериш своите знаења за правопис и за правописните правила, можеш да ги решиш следниве онлајн вежби и тестови:**



## Вежби

**1. Употреби ги правилно правописните знаци во следниве реченици. Поправи ги и грешките, кога ќе ги пронајдеш:**

– Денес, на 14-06-2024 год на 20 годишнината од вработувањето тој доби награда.

– Размерот на картата беше 1 500000, а тоа не не спречи нас да и ги откриеме грешките што беа направени во неа.

– Просекот на мојот успех на полугодието беше 4.25.

– Тој работеше во периодот од 2020 – 2024 г

– Имаше проблеми со рбетот и мораше да се справи со се што носеше таа состојба.

– Ненад намали 10 кг. од својата тежина и тоа го сподели на блогот што го имаше на својата интернет страница.

– Џ Г Бајрон (1788  1824) го има напишано делото Странствувањето на Чајлд Харолд.

**2. Пронајди и коригирај ги правописните грешки во следниов текст:**

Денес, 06.VII.1994 г во 12 30 ч во институтот за македонски јазик Крсте Мисирков Скопје ке се одржи средба со проф др Ѓорѓи сталев по повод 60 годишнината од неговото раѓање За животот и делото на сталев ќе говори академик Александар спасов. На средбата и претходи мал вовед. а по средбата сите ќе заминат во М.А.Н.У.

**3. Подвлечи ги правописно точно напишаните примери од секој ред:**

а) 7.2.1991 г   07.02.1991 г.   7.II.1991 г   7.2.1991 г.

б) кочо Рацин - 1908 – 1943   Кочо Рацин (1908 – 1943)   Кочо Рацин : 1908 – 1943

в) Ќе дојдам во 8.30 ч.   Ќе дојдам во 8:30 ч   Ќе дојдам во 8:30 ч.

г) Марија Петрова-Николовска   Марија Петрова – Николовска   Марија Петрова Николовска

д) Р.С.Македонија   РС. Македонија   РС Македонија   Р.С. Македонија

ѓ) ул. Водњанска бр 6/2   ул. „ Водњанска“ бр 6/2   ул. „Водњанска“ бр. 6/2

е) Тој не не виде нас.   Тој нè не виде нас.   Тој не нè виде нас.

ж) Ана сè се смее.   Ана се се смее.   Ана се сè смее.

з) 20 годишнина   20-годишнина   20 Годишнина

ѕ) Вози 120 км-час.   Вози 120 км/час.   Вози 120 км(час).



# СКРАТУВАЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ – СКРАТЕНИЦИ

Во македонскиот јазик под **скратеници** се подразбираат зборовите кои се добиваат со нивно скратување и кои влегуваат во состав на имиња, наслови и називи составени од повеќе делови. Како такви, тие треба да се разликуваат од **скратувањата на зборовите**, што значи кратења на одделни зборови кои често се употребуваат заради заштеда на време и на простор.

Тие не се посебни зборови во македонскиот јазик, туку претставуваат скратени постојни зборови кои воопшто не се читаат во својата скратена форма. Со други зборови, **скратувањата на зборовите** функционираат само при пишувањето, а не и при зборувањето.

При образување на скратувањата треба да се имаат предвид две начела:

– Економичност – зборовите се кратат за да се заштедат простор и време; колку помалку букви содржи скратувањето, толку е поуспешна неговата творба;

– Разбирливост – економичноста не смее да влијае на разбирливоста на скратувањето.

Принципот на создавање скратувања во македонскиот јазик налага кратење на зборовите по согласка, односно пред самогласка. Само кај зборови скратени по првата буква кратењето може да е по самогласка. Има два начина на добивање скратувања во македонскиот јазик:

– Со пишување точка на местото на кратењето на зборот;

– Со пишување цртичка меѓу првата буква и последната буква или последниот слог.

## Начин на скратување на зборовите

**1. Само почетната буква:**

в. – век, м.р. – машки род,
с. р. – своерачно, о. м. – овој месец,
н. е. – нашата ера, т. е. – то ест,
т. н. – таканаречен, с. – село,
г. – година; господин, р. – род и др.

**2. До првата самогласка:**

на пр. – на пример
и др. – и друго
сл. – слично
ср. р. – среден род
чл. – член
ул. – улица

**3. До втората самогласка:**

арх. – архитект
гимн. – гимназија
год. – година
ден. – денари
проф. – професор
прил. – прилог
прид. – придавка

**4. До третата самогласка:**

геогр. – географија
литер. – литература
истор. – историја
неменл. – неменливо

**5. Мерни единици:**

м/m – метар
хл/hl – хектолитар
см/sm – сантиметар

**6. Прва и последна буква или слог:**

д-р – доктор

м-р – магистер

г-а – госпоѓа (неутрална форма за означување женско лице)

г-ца – госпоѓица (младо женско лице без оглед на брачен статус)

г-ѓа – госпоѓа (возрасно женско лице без оглед на брачен статус)

но не , ~~г-дин~~ – точно е вака: г. – господин, г.г. – господа

с-ка – сметка

**7. Повеќе согласки од зборот:**

стсл. – старословенски

импф. – имперфект

**8. Во поново време се зголемува бројот на скратувањата кај кои се крати само првата компонента:**

*е-пошта, е-дневник, е-влада, е-услуги итн.*

**9. Скратувањата од латинско потекло не ги почитуваат секогаш принципите на кратење на зборот во македонскиот јазик. Некои од нив, по традиција, се пишуваат со големи букви:**

*а. а. – ад акта*

*Н. Б. – нота бене*

*П. С. – пост скриптум*

### Научи повеќе

За да се согледа разликата меѓу скратувањето на зборовите и кратениците, обрнете внимание на дадените примери на скратеници и начините на кои тие се добиваат.

## Скратеници со големи букви

**– Најголемиот број скратеници се добиваат од почетните букви на составните делови на називот:**

РСМ – Република Северна Македонија

НРК – Народна Република Кина

САД – Соединети Американски Држави

АСНОМ – Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија

УЕФА – Унија на европските фудбалски асоцијации

НИП – Новинско издавачко претпријатие

МАНУ – Македонска академија на науките и уметностите

ОН – Обединети нации
ООН – Организација на Обединетите нации
ЈСП – Јавно сообраќајно претпријатие
ЕУ – Европска Унија
УКИМ – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
УГД – Универзитет „Гоце Делчев“
БДП – бруто-домашен производ
НБРМ – Народна банка на Република Македонија
ОУ – Основно училиште

**– Кога скратеницата содржи буква што отсуствува во македонската азбука, латиничната буква се предава со кирилска буква со најсличен изговор:**

БМВ (од BMW: бе-ем-ве – Bayerische Motoren Werke)
ВТА (од WTA: ве-те-а – Women`s Tennis Association)

**– Скратениците по потекло од англискиот јазик се скратеници, кои се називи, а не општи именки, не се читаат според изговорот на латиничните букви, туку според изговорот на буквите од англискиот алфабет.**

Ем-ти-ви (Music Television)
Би-би-си (British Broadcasting Corporation)
Си-ен-ен (Cable News Network)

**– Кај скратениците од туѓо потекло има такви кои се читаат како еден збор:**

БАФТА, ВАН, НАСА, НАТО, ОБСЕ, УЕФА, УНЕСКО, УНИЦЕФ, ФИФА, ЦЕРН, ЦИА.

### Забелешка

Кога скратуваме само со големи букви, меѓу нив не се пишува правописниот знак точка, освен во следниве случаи:

1. Кај иницијалите, со белина меѓу нив.
   На пример, Кирил Стојановски - К. С.

2. Кај скратување на изразите: место за печат - М. П., пост скриптум - П. С.., нота бене - Н. Б.

## Научи повеќе

За скратениците и за начинот на скратување на зборовите, прочитај и научи повеќе на следниве веб-адреси:



## Вежби

**1. Скрати ги следниве зборови:**

– Јавно сообраќајно претпријатие, Македонски олимписки комитет, Управа за јавни приходи, Управа за хидрометеоролошки работи, Народноослободителна борба, Авто-мото сојуз на Македонија, Градски трговски центар, Државен завод за статистика, Заедница на единиците на локалната самоуправа, информациски и комуникациски технологии.

– лице, точка, килограм, хектолитар, множина, член, булевар, гимназија, географија, госпоѓица, магистер, своерачно, среден род, новата/нашата ера.

**2. Напиши ги со целосното име следниве скратеници, односно скратувања на зборовите:**

– и др., и сл., австрал., в. д., грам., дир., д-р, км, итн., е-дневник, пр. н. е.;

– УГД, САД, НРК, ФЗО, ПИОМ, ООН, РСМ, ПТТ, СОУ, ЈЗО.



**3. Пополни го правилно следниов крстозбор:**

1. Напиши ја правилно скратеницата Македонски народен театар;
2. Напиши ја правилно скратеницата Министерство за образование и наука;
3. Напиши ја правилно скратеницата неиндентификуван летечки објект;
4. Прошири го правилно следниов скратен збор т.н.;
5. Прошири го правилно следниов скратен збор д-р;
6. Прошири го правилно следниов скратен збор чл.;
7. Прошири го правилно следниов скратен збор год.;
8. Прошири го правилно следниов скратен збор и др.;
9. Прошири го правилно следниов скратен збор рус.;
10. Скрати го зборот и така натаму;
11. Прошири го правилно следниов скратен збор правосл.;
12. Прошири го правилно следниов скратен збор хем.





## СО УСВОЈУВАЊЕ НА СОДРЖИНИТЕ ОД ПОДРАЧЈЕТО ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ ВИЕ ЌЕ БИДЕТЕ СПОСОБНИ ДА:

- разликувате и анализирате авторски текстови и текстови од народното творештво (легенди, преданија, поговорки, пословици, благослови, здравици, хумористични приказни, анегдоти);
- анализирате епски песни преку нивните карактеристики;
- разликувате видови прозни текстови (приказна, анегдота, расказ, роман) и ги анализирате според карактеристичните елементи;
- ја анализирате структурата на лирските песни и препознавате стилски фигури во песните (метафора, хипербола, апострофа, градација, рефрен);
- идентификувате карактеристики на драмски текст;
- прераскажувате текстови, раскажувате настани, усно и писмено, хронолошки и ретроспективно;
- пишувате текст на дадена тема, на непозната тема и на тема по избор, почитувајќи ги правилата за композиција на текст и правописните норми;
- опишувате ликови од литературни дела и личности, места конкретни и замислени;
- разликувате креативно и пишување поткрепено со факти, податоци и информации и составувате кратки текстови од два вида;
- развивате свесност за потребата од читање литературни дела;
- разбирате и прифаќате дека креативно мислење и пишување се развива преку читање и изразување.

# ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ



# ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ



## Нашинска

Да ни е да сме доста
колку да се разбистри небото
над Бистрине, Корабине –
Да ни е да сме доволно
колку за да се довардиме
покрај Вардарине и Струмине –
Да ни е да сме мерата
колку да се прелееме
од колено во колено до кај истрајвекот –

Малцичка сме ли, ете па што,
малцичка божем, а веќе со векови
по стопати по севезден нè пребројуваат.
Но ние сме како што сте како што се
И покрај сè и покрај сè
колку сме толку сме токму сме!

*Гане Тодоровски*



# МАКЕДОНСКИ ФОЛКЛОР



Машка народна носија



Женска народна носија



Тамбура

Македонскиот фолклор е богат и разновиден. Во фолклорот се вбројуваат народни песни, ора, носии, приказни, песни, преданија, легенди и обичаи што се пренесувале од генерација на генерација. Фолклорот е важен дел од македонскиот културен идентитет. Македонскиот фолклор во себе ги содржи влијанијата од различни историски периоди како и влијанијата од народите кои живееле на овие простори.

Македонската народна музика е позната по специфичните ритми (5/8, 7/8, 9/8) и богати мелодии. Инструментите како гајдата, кавалот, тамбурата и тапанот се чести во традиционалната музика. Македонските народни ора се динамични и се играат во круг или ред. Некои од најпознатите се: „Тешкото“, „Копачка“, „Пајдушко оро“ и други.

Македонските народни носии се шарени и украсени со везови кои имаат специфична симболика. Женските носии често содржат фустани со богат вез, појаси и накит, додека машките имаат широки панталони, појаси и капи. Носиите се разликуваат по региони.

Многу обичаи се поврзани со празници, свадби и обреди: Лазарувањето – обичај поврзан со Лазарова сабота, Ѓурѓовден – празник со многу обичаи за здравје и плодност, лепче со паричка за Василица или Бадник и слично.

Македонскиот фолклор е богат со приказни за самовили, змејови и историски јунаци. Еден од најпознатите јунаци е Крали Марко, за кој има многу народни приказни и песни.

Македонските народни умотворби: песни, приказни, легенди, преданија, гатанки, пословици, поговорки се собирани и печатени во зборници од деветнаесеттиот век наваму. Најпознати собирачи се браќата Миладиновци, Марко Цепенков, Кузман Шапкарев и други.

# НАРОДНА ЛИТЕРАТУРА



Фолклорот е дел од живото културно наследство на Македонија и сѐ уште се негува преку фолклорни друштва, фестивали и традиционални манифестации.

Во недостаток на уметничка литература, во подалечното македонско минато, народната литература претставувала вистинска учителка за раскажувањето, за стихувањето, за пеењето, како и за запишувањето на историјата, за бележењето на секојдневието на обичниот човек. Се пеело и се раскажувало за љубовта, за маките и страдањата од општествените услови, за сиромаштијата и временските непогоди, за празниците и светците. Така македонскиот код се пренесувал низ усната традиција патувајќи низ генерациите.

Македонските народни умотворби се ризница од различни мотиви и теми, дел од нив карактеристични и слични и со народните умотворби на голем број народи од светот. Сличностите во мотивите се должат пред сѐ на фактот што сите луѓе во секојдневието се бореле низ времето со исти или слични предизвици, а од друга страна, физичката блискост со некои народи наложила повторување на мотиви. Но, сепак, македонските народни умотворби имаат свои значајни белези поврзани пред сѐ со македонскиот селски живот, патријархалниот начин на живеење и земјоделските работи, а потоа и појавата на занаетите, испреплетувањето на историско-општествените услови со личните судбини на луѓето.







**Научи повеќе**

**Фолклористика** – наука за фолклорот.

**Фолклор** – усно народно творештво.

Во фолклор на еден народ се подразбира целокупноста на обичаите, обредите, носиите, приказните, песните и танците.

## МИТ

Митот претставува една од најстарите форми на усно творештво, создаден преку фантазијата на луѓето од древните заедници. Тој е резултат на колективното творештво и изразува обид да се објаснат природните и општествените појави. Преку фантастични раскажувања, митот ја обликува стварноста, прикажувајќи го настанувањето на светот и сите природни појави и состојби во него, но и важни поими и карактеристики на и за човекот. Како таков, митот и народните верувања имале длабоко влијание врз животот и културата на заедниците во кои луѓето живееле.

## Митот за Орфеј и Евридика

Во старогрчката митологија, Орфеј бил најголемиот музичар и поет. Неговата музика била толку моќна што можела да ја смири и најдивата природа и да ги поткрене најдлабоките емоции кај луѓето. Еден ден, неговата сакана жена Евридика, која била нимфа, починала од змиски отров. Орфеј, разочаран од нејзината смрт, решил да оди во подземниот свет и да ја донесе назад со својата музика.

Орфеј ја завел владејачката божица на подземниот свет, Персефона, со својата музика. Таа му дозволила да ја врати Евридика, но под еден услов: додека се враќале во светот на живите, Орфеј не смеел да се сврти да ја погледне Евридика пред да излезат целосно од подземниот свет.

Меѓутоа, Орфеј, несигурен дали Евридика е зад него, се свртел и ја погледнал, а таа веднаш исчезнала назад во подземниот свет, овој пат засекогаш. Орфеј бил многу тажен и неговото срце било полно со болка и жалост засекогаш.



Орфеј со лирата, опкружен со сверови



### Задача за дома

Прочитај ја авторската адаптација на словенскиот мит за богот Перун со наслов „Перуновата стрела“ од Нина Анастасова-Шкрињариќ. По читањето на митот, одговори на следните прашања:

– Со кои зборови е опишан Перун?
– Каков е неговиот глас? Какво е неговото однесување? Каде се наоѓа неговиот престол и како изгледа тој? Што претставува дрвото во оваа приказна за Перун?
– Како се распоредени живите суштества во хиерархискиот ред на дрвото?
– Како времето е поврзано со расположението на богот Перун и со неговото однесување?
– Кој е богот Велес? Со што владее тој? Каков однос имаат Перун и Велес, се сложуваат ли?
– Перперуна е исто така важен лик во приказната за врховниот бог Перун. Како е опишана таа? За што е одговорна таа во животот на луѓето?
– Кога се случува пресврт во приказната за владеењето на Перун, Велес и Перперуна? Кој го прави пресвртот и што се случува?
– Што е причината за големата борба меѓу Перун и Велес? Како се подготвува и како изгледа Перун пред судирот со Велес? Како наратарот го нарекува судирот меѓу Перун и Велес? Како тече борбата?
– Кој излегува како победник? Што значи тоа за човештвото?
– Наброј ги сите оружја и волшебни моќи кои ги има Перун.

### Размисли и одговори

Чиј бог е Перун според оваа митска приказна?





**Читање со разбирање**

## Перун – врховен бог во словенската митологија

Перун е бог на громот, грмотевицата, молњата, на плодоносниот дожд и врховниот бог во словенската митологија. Бил асоциран со планините, дабот, орлите, како и со оружјата и војната. Имал секира (или чекан) и ја фрлал по лошите луѓе, а таа секогаш му се враќала.

### Потекло на името и негови варијации

Името Перун доаѓа од индоевропскиот корен **перк**, што значи **удира** (од истиот корен доаѓа и зборот перкусија). Наставката **-ун** го означува извршителот на дејството, па така Перун би значело **оној кој удира**.

Освен Перун, тој е наречен Пјорун во Полска, а сличен бог може да се најде помеѓу Балтичките народи како Перкунас, а кај Финците богот Уко уште се вика Перкеле.

Името на Перун останало и во голем број топоними како Перуновац, Перуни Врх, Перуничка Глава и други. Најголем дел од овие претставуваат планини (Перун бил асоциран со планините), но во средниот век одредени дабови, шуми и села биле наречени Перун. Перуниката исто така го добива името по Перун.

### Историски извори за богот Перун

Од сите словенски богови, најмногу историски извори има за Перун. Првпат се спомнува во „De Bellum Gothicum“ на Прокопиј, каде што пишува дека Јужните Словени веруваат дека има еден бог, создавачот на громовите, кој владее над сите други богови. Неговото име не е изнесено во текстот, но самиот факт дека во некои словенски јазици самото име Перун еволуирало во збор за молњата, е доволен доказ дека се мисли на овој бог.

За првпат името на Перун се спомнува во Хрониката на Нестор. Во неа, Русите даваат заклетва пред Перун и Велес. Имено, ако ја прекршат заклетвата, тие веруваат дека ќе бидат казнети од овие богови. Велес казнува со смрт од болест, а Перун ја претпочита војната како начин на казнување.



## Кои се особеностите на богот и која била неговата улога?

Перун бил, меѓу другото, громовник и бог на небото. Тој бил бог на таканареченото „ниско небо“, додека со „високото небо“ владеел Сварог. Во неговиот домен биле облаците, громовите и дождот.

Перун исто така имал двојна улога како бог на војната. Според Велесовата книга, оние кои умираат во битка, живеат засекогаш во неговата војска. Речиси сите учени ја сметаат Велесовата книга за фалсификат од поново време и нејзе не ѝ се обрнува никакво сериозно внимание.

Најважна улога Перун играл како громовник. Се верувало дека неговите громови биле всушност камења или стрели кои тој ги користел како оружја. Некои камења биле сметани за остатоци од нив и биле нарекувани Перунови стрели. Се верувало дека биле заштита од непогоди, несреќа, клетви и (доста природно) од громови. Слично на нордискиот Тор, Перун јавал во битка на својата кочија, а вртењата на нејзините тркала предизвикувале грмотевици.

## Обожување и разлика со богот Велес

Четвртокот бил ден посветен на Перун. Ова е тренд кој се појавува и кај другите индоевропски народи.

Четвртокот секогаш бил денот на громовникот. Доказ за ова претставуваат и имињата за четвртокот во некои јазици: Donnerstag (германски) – доаѓа од германскиот Донар, Thursday (англиски) – доаѓа од нордискиот Тор (Þórr), Jeudi (латински) – доаѓа од латинскиот Јупитер (Jupiter). Бидејќи бил асоциран со дабот, храмовите и светилиштата на Перун често биле градени под стари дабови. Во овие храмови се принесувале и жртви. Се жртвувале бикови, говеда, овни и други нешта. Според некои извори, за Перун жртвувале и воени затвореници, најверојатно еднаш годишно, за време на неговата слава.

Храмовите на Перун секогаш се граделе на ридови, планини и други високи места. Храмовите на Велес секогаш биле градени на ниски места. Симболиката на ова е многу јасна – Перун како небесен бог бил обожуван на високо, додека неговиот противник Велес како бог на подземјето бил обожуван на ниски места. Било обичај идолите на овие два бога никогаш да не се ставаат на исто место. Кога рускиот владетел Владимир I изградил монументални статуи на словенските богови во Киев, статуата на Велес била подалеку (и подолу) од другите, помеѓу кои стоела статуата на Перун.

## Перун во митовите

Во словенската митологија (како и во нордиската), светот е претставен како џиновски даб, чии гранки се небото, стеблото – земјата, а корењата се подземниот свет. Перун седел на врвот, често претставен како орел. Во корењата живеел Велес, кој владеел со подземниот свет. Велес бил непријател на Перун и често доаѓал во горниот свет во форма на змија за да краде од него. Кога ќе дознаел, Перун го стрелал Велес со молњи во обид да го убие. Овој бегал на човечкиот свет и се криел зад дрвја, куќи или луѓе. Каде што ќе удрел гром, таму Велес се криел. На крајот Перун го убивал Велес, т.е. го враќал во подземниот свет, и овој таму бил преродена.

Треба да се забележи дека борбата помеѓу Перун и Велес не е борба помеѓу доброто и злото карактеристична за христијанскиот Бог и ѓаволот, туку борба на спротивставени принципи, т.е. небо – земја и оган – вода. Словените не го претставувале Велес како зол лик. Напротив, тој бил исто толку важен и популарен колку и Перун.

## Христијанизација и улогата на Библијата

Со процесот на христијанизација на Словените, црквата успешно го заменила Перун со светецот Илија. Според Библијата, тој јавал на огнена кочија низ небото. Ова било доволно добра компарација со богот на молњата, па така бил создаден Илија громовникот. На запад, Римската католичка црква го заменила Перун со Св. Михаил. На локално ниво, некои карактеристики на Перун биле пренесени на самиот христијански Бог.

▸ *Наталија Наумовска*





светецот Илија

преземено на 25.2.2025 година

### Прашања за разбирање на содржината:

- Кој бил Перун во словенската митологија и со што бил поврзан?
- Какво оружје користел Перун и каква била неговата посебна способност?
- Од каде потекнува името Перун и што значи?
- Кои се некои од варијациите на името Перун во другите култури?
- Кои историски извори го споменуваат Перун?
- Кои биле главните улоги на Перун во митологијата?
- Како Перун бил поврзан со громовите и молњите?
- Какви биле верувањата поврзани со Перуновите стрели?
- Кој ден во неделата бил посветен на Перун и зошто?
- Како и каде биле градени храмовите на Перун?
- Како биле разликувани Перун и Велес во однос на местата на нивно обожување?
- Каква улога имал Перун во митолошката борба против Велес?
- Како бил претставен светот во словенската митологија?
- Како црквата го заменила Перун во процесот на христијанизација?

### Прашања кои водат кон заклучоци:

- Што го прави Перун еден од најважните словенски богови?
- Зошто четвртокот бил поврзан со Перун и кои други богови имале слична асоцијација?
- Како Перуновите атрибути (секирата, громовите, орелот) ја симболизираат неговата моќ?
- Каква е симболиката на борбата помеѓу Перун и Велес?
- Што покажуваат топонимите поврзани со Перун за неговото значење во словенските заедници?
- Како Перун бил поврзан со војната и воените ритуали?
- Какви сличности има помеѓу Перун и боговите од други митологии (нордискиот Тор, римскиот Јупитер)?
- Како христијанската религија го усвојува Перун и преобликува во рамките на своите светци?
- Зошто Велес не бил сметан за „зол“ бог, и какво значење има ова за словенската митологија?
- Како Перуновата митологија и неговите симболи преживеале низ историјата?



# ПРЕДАНИЈА И ЛЕГЕНДИ

**Легендите** се приказни кои обично содржат елементи на фантастика и служат да толкуваат некои појави во животот и природата. Честопати легендите го објаснуваат потеклото на човекот, некои растенија и животни, го објаснуваат потеклото на некои натприродни суштества, како и некои природни појави или природни феномени.

**Преданијата** се исто така народни приказни, но кои за основа или за мотив имаат да го објаснат името или потеклото на некое место или пак, да раскажат приказни за некои историски личности. Тие обично немаат фантастични елементи како легендите, туку се повеќе фокусирани на реални настани, обичаи, верувања и животот на одредена заедница. Преданијата можат да бидат сведоштва за минатото и начин на зачувување на колективната меморија.



## Проколнатата свадба

Во селото Куклица живеел еден богат млад мајстор кој сакал да се жени. За мајсторот ѕидар се знаело дека е голем љубовција, но и дека е лажго. Бил заљубен во две девојки, едната од Горно Маало, другата од Долно Маало. Девојката од Долно Маало била богата, но не била убава. Другата пак, од Горно Маало, била сиромашна, но многу убава. Мајсторот, не можејќи да се одлучи, им закажал свадба на двете девојки во ист ден.

На денот, момчето сепак се решило да појде по девојката од Долно Маало.

Кога слушнала тапани и гајди, девојката од Горно Маало се зачудила зошто сватовите не дошле кај неа, па затоа решила да излезе во Долно Маало и да провери што се случува.

Во моментот кога излегла, сфатила дека нејзиниот свршеник се одлучил за другата девојка. Гледајќи ги веселите сватови, тажната и измамена девојка фрлила клетва врз младоженците: „Да даде Господ сите да се скамените!“



Куклица

Клетвата се остварила во мигот кога младоженците се бакнале. Учесниците на свадбата се скамениле во екот на веселбата.

Овие камени сватови и денес немо сведочат за болката на измамената девојка, а местото се вика Куклица.

► *Народно предание адаптирано според*

https://makedonijavecna.weebly.com/1041108310861075/previous/5

### Разговараме

- На што се однесува приказната за проколнатата свадба?
- Кои ликови се сретнуваат?
- Што е главниот настан?
- Зошто приказната го има тој наслов?

### Задача

Истражи ги податоците во науката за феноменот на камените кукли на локалитетот Куклица. Податоците претстави ги во презентација од неколку слајда или пак, како текст кој содржи основни информации: како се вика природниот процес кој се гледа на камените кукли, кога се случил, што влијае на процесот.

## Маркова Чешма

На два километри јужно од местото каде што почнуваат карпите во Демиркаписката Клисура, сред густо зеленило, се издигнува огромната Маркова Чешма низ која од три дулци незадржливо гргори студена планинска вода.

За оваа чешма има и една легенда. Еве што зборува таа:

Луѓето кои патувале кон југ за Солун, или оние за Скопје и други градови, се исцрпувале од умор и бидејќи немало од каде да ја задоволат својата жед за вода, пиеле вода од Вардар, а затоа што таа била нечиста, добивале болки во стомакот и набрзо умирале. По оваа долина каде што природата дала сè, недостасувала само вода за пиење. Но, потребата од неа Крали Марко не можел да ја согледа.

Еднаш кај него дошол постар човек и му рекол:

– Господару, знам дека твојот живот знае само за победи и гозби. Знај дека животот е краток. Вечно ќе остане само она што со своја рака ќе изградиш за доброто на народот. Вистинската вечност на дел од твојот живот почнува од десната страна на Вардар, каде водат караванските патишта на кираџиите. Ако успееш да доведеш вода сред пустелијата на клисурата, тогаш секогаш ќе бидеш поблиску со луѓето и вечно ќе живееш меѓу нив.

Оваа мудра поука му се допаднала на Крали Марко и тргнал да бара извор. Со својата остра сабја ги расечувал огромните карпи сè додека од една не бликнала вода. На тоа место Марко подигнал чешма која ја нарекле Маркова.

► *(преземено од „Македонски народни приказни“, избор и редакција Иван Котев)*

## Разговараме

- Каде се наоѓа Маркова Чешма? Каква е нејзината важност?
- Што предизвикало проблеми за патниците што минувале низ Демиркаписката Клисура?
- Какви последици имало пиењето вода од Вардар за патниците?
- Кој му дал совет на Крали Марко и што му рекол?
- Што направил Крали Марко за да ги реши проблемите со водата?
- Што симболизира изградбата на Маркова Чешма според текстот?
- Каква поука може да се извлече од овој текст?
- Како е прикажан ликот на Крали Марко во овој текст?
- Зошто е важно да се создадат добри дела за доброто на народот според пораката на текстот?
- Каква улога има мудриот човек во овој текст?

## Теми за дискусија

Што е вистинската моќ на владетелите? Колку моќта на владетелите е поврзана со значењето на трајните добри дела за доброто на заедницата? Се согласуваш ли со мислата дека вистинската моќ и вечност на владетелите се мерат според нивната хуманост и грижа за народот?

## Потсетување

### Крал Марко – историска личност

Крал Марко бил историска личност, роден некаде околу 1334 – 1335 година, како син на кралот Волкашин, по потекло од српската династија Мрњавчевиќ, и кралицата Елена. Се претпоставува дека крал Марко станал крал во Македонија по Маричката битка во 1371 година, кога во битката против Османската Империја загинал неговиот татко и кога тој бил крунисан за „млад крал“. Поточно, Волкашин и Марко биле кралеви на Македонија со престолнина во Прилеп некаде во втората половина на 14 век: Волкашин (1365 – 1371), а Марко (1371 – 1395). Со прецизност се знае дека Крали Марко починал на 17 мај 1395 г., во битката кај Ровине, каде што се борел на страната на турскиот султан Бајазит I, а против влашкиот војвода Јован Мирчеа.



- Марко Крале

## Научи повеќе

Преданијата за Крали Марко можат да се поделат во две категории: **животописни**, кои се однесуваат на неговиот живот, и **месни**, кои се поврзани со одредени локалитети што го носат неговото име. Животописните преданија често содржат универзални мотиви, како што се чудесното раѓање, стекнувањето и губењето на силата, како и неговото оружје и коњ. Од друга страна, месните преданија носат национален карактер и може да се сметаат за автентично македонски.

## Илиово

Недалеку од градот Делчево, расфрлено на двата брега на реката Брегалница, се наоѓа селото Илиово. За ова село постои легенда.

За време на војната селото не постоело. Некој трговец по име Илија, тргнал да оди на пазар во Делчево. Минувајќи по тоа место, му се допаднало и решил да изгради куќа. Копајќи, дошол до една ѕидина. Колку повеќе копал, толку повеќе се откривале ѕидините. Копајќи уште подлабоко, дошол до разни остатоци од црковни остатоци и иконостаси. Продолжил да копа и да пронаоѓа пари и камења со интересни белези. Дедо Илија заклучил дека тука постоела црква. Во нејзината близина ја направил својата куќа. Подоцна почнале да се доселуваат и други роднини и пријатели на дедо Илија и се подигнала цела населба.

Дедо Илија умрел, а луѓето што останале да живеат на тоа место го нарекле Илиово.

▸ *(преземено од „Македонски народни приказни“, избор и редакција Иван Котев)*

## Стари приказни – нови запишувачи

## Кралот и неговиот двојник

(Македонска легенда од раното средновековие)

Си бил еднаш еден крал кој се викал Хацон. Овој крал живеел пред петнаесетина века, и се верува дека бил првиот крал на првата македонска средновековна држава. Иако историчарите тврдат дека загинал во некоја битка близу Солун, има и една легенда поврзана со него: Предание за кое малкумина знаат, но за кое се верува дека е многу повеќе од обична сказна. Еве што било.

Некој ден на почетокот од своето владеење, кралот Хацон начул дека се подготвува заговор за негов атентат. Според гласините, обидот за пуч требало да се случи за време на свеченото јавно крунисување кое било закажано за првиот ден од последниот месец, напладне, во часот кога сенката е најкратка.

За да се заштити, кралот Хацон го послушал предлогот на својот највеверен советник: брзо нашол двојник што ќе го заменува на церемонијата, и почнал сето време да го минува со него – за да го учи како да се движи и како да се однесува. Двојникот имал речиси ист лик како кралот, но великиот Хацон сакал човекот што ќе го заменува, да биде беспрекорно подготвен за улогата.

Кога дошол денот на крунисувањето, двојникот и највeрниот советник на кралот се појавиле на дворскиот балкон, а великиот Хацон се облекол во партали и се смешал во селанството насобрано на плоштадот.

Набрзо се случило она очекуваното – одеднаш од никаде до балконот на дворецот долетале две брзи стрели, а двојникот на кралот во истиот миг паднал мртов.

Настанал општ хаос: „Кралот е мртов! Кралот е мртов!“ – почнале да викаат луѓето во ужас и избезумено да бегаат кон своите домови. Единствено парталавиот крал се обидувал да оди во спротивна насока, да се пробие низ толпата и да се врати назад во дворецот. Но, откако исплашените стражари на портите неколкупати го турнале лудиот парталко, великиот Хацон бил зграпчен од некои селани и бил извлечен надвор од ѕидините.

Долго потоа кралот чекорел бесцелно низ пустите улици. Не знаел што да прави со себе и бил сосем очаен кога, наеднаш, некоја убава жена со расплакано лице истрчала од една трошна куќичка, му се фрлила в прегратка и почнала да го бакнува по образите, по челото, по дланките... а потоа го повлекла со себе назад во куќичката.

Великиот крал како маѓепсан гледал во прекрасната жена која никако не можела да му се изнарадува. Никогаш никој не му се беше радувал вака на великиот крал.

Кралот со неа ја минал таа вечер, а и целиот свој живот, велат. И да не умрел онаму на балконот, велат, најверојатно никогаш немало ни да се роди.

▸ *Раскажано од Живко Грoздановски*
*(извадок од „Пет приказни од целиот свет“)*





**Забелешка**

Во поднасловот на овој текст се вели легенда, но потоа во текстот се споменува дека тоа што се раскажува овде е предание. Според дефинирањата за поимите предание и легенда, текстот е предание.

## Разговараме

- Кој бил кралот Хацон и во кое време живеел?
- Каква опасност го демнела кралот на денот на крунисувањето?
- Каков план смислил Хацон за да се заштити од заговорниците?
- Како бил облечен вистинскиот крал на денот на крунисувањето?
- Што се случило со двојникот на кралот?
- Како народот реагирал по атентатот?
- Зошто кралот не успеал да се врати во својот дворец?
- Каква симболика има тоа што кралот завршил кај непознатата жена?
- Што мислиш, дали кралот изгубил или добил повеќе со оваа промена во животот?
- Дали текстот има среќен или тажен крај? Објасни зошто.
- Како ќе постапеше ти ако беше на местото на кралот?
- Дали мислиш дека двојникот бил свесен за судбината што го чека? Зошто?
- Ако оваа приказна беше филм, како би го замислил неговиот крај?
- Дали мислиш дека овој текст има некоја поука? Ако да, која?

## Девојката кралска папрат

На половина пат меѓу струмичките села Мокрино и Смоларе има една многу стара воденичка. Стуткана меѓу старите костенови и јаворови дрвја, цели два века му пркоси на забот на времето. Нејзиниот некогашен стопан воденичарот дедо Пизуљ пред повеќе од сто години си заминал од овој свет. Но, меѓу жителите на подгорските села на планината Беласица, луѓето сè уште живо ги раскажуваат приказните што ги чуле од него.

Велат: колку вреќи со жито сомлеле неговите воденичарски камења, толку приказни слушнале од неговата уста. Која од која поубава и поинтересна. Но, сега јас ќе ви раскажам една којашто колку е чудна и интересна, толку е можеби вистинита. И ден-денес во тој крај постои „жив доказ“ за оваа приказна...

Една летна ноќ, некој затропал на вратата од воденицата на дедо Пизуљ. Навикнат на секакви муштерии – и ранобудни и задоцнети – воденичарот се штрекнал во сонот и скокнал да види кој го буди во ниедно време. Но, наместо муштерија со натоварено магаре со жито за мелење, пред себе видел убава и стројна девојка. Вистинска горска самовила. На јасната летна месечина косите ѝ биле како растопено сребро и се разлевале по рамењата и грбот. На себе имала фустан исплетен од папратови лисја и гранчиња.

– Те молам, добар човеку, – му се обратила непозната, чудна убавица – прости што те будам во невреме... Јас сум Осмунда Регалис, или во народот кажано – кралска папрат. Ќерка сум на кралот на папратите... Сакам да ме одведеш кај малата падинка што го

спојува подножјево на планината Беласица со Моноспитовското Блато. Тоа било некаде онаму... Зад петтото село од твојава воденица. Таму ќе ме чека моето момче Маризел – синот на кралот на блатото. Но, татко ми не ја одобрува нашата врска. Сигурно ќе прати потера по мене. Затоа, да побрзаме...

Колку исплашен толку и возбуден, но најмногу љубопитен – старецот ја повел девојката. Бидејќи била глува доба, никој ниту ги видел ниту ги чул. Кога стигнале на посоченото место, таа му рекла:

– Сега, оди си... Јас тука ќе го причекам мојот свршеник. Ако те види со мене, нема да се појави... Но, за ова, никому ни збор!

Воденичарот само потврдно ја занишал главата и си пошол. Но, само што направил неколку чекори, откај врвовите на Беласица се задала силна фортуна. Целата околина зашумела. За миг девојката се нашла во темниот вител на ветрот. Нејзината зелена облека се разлетала на сите страни. А фортуната како што се појавила, така и исчезнала. А со неа и девојката.

Старецот како ветар пристигнал во своето село. Веднаш им раскажал на луѓето што видел и што чул. А утредента, уште рано-рано, сите селани се собрале крај пољанката. Таму ги дочекал необичен килим од зелена папрат. Поинаква од сите видови папрат што ги имале видено на планината. Таква папрат и ден-денес расте во подножјето на планината Беласица и е единствена не само во нашата земја, туку и на Балканот.

На тоа место денес има поставено табла на којашто пишува ОСМУНДА РЕГАЛИС – КРАЛСКА ПАПРАТ – заштитена природна реткост.

▸ *Киро Донев*

*(Приказни со зачин „зготвени" на мој начин)*



## Прашања за разбирање на содржината

- Каде се случува дејството во оваа приказна?
- Кои ликови ги сретнуваме и кои необични карактеристики може да се кажат за нив?
- Што се случува една ноќ кај воденичарот Пизуљ? Како решава да ѝ помогне тој на непознатата девојка? По долгиот пат на девојката и старецот се случува нешто необично. Што?
- Која е целта на патувањето на девојката?
- Што е завршницата од необичното ноќно патување?
- Какви докази има денес во подножјето на Беласица за овој настан?



# ФАНТАСТИЧНИ, РЕАЛИСТИЧНИ И ХУМОРИСТИЧНИ ПРИКАЗНИ

## Тркалашко

Една недела една млада девојка отиде во црквата, а враќајќи се дома, мина низ шума што му припаѓаше на еден селски имот. Одеше со своите мисли и броеше до дваесет. Кога се сврте, го виде синот на стопанот како одеше веднаш зад нејзе со пушка на рамото. Девојката поцрвене и се збуни, бидејќи беше убедена оти тој млад човек ја слушнал како зборува сама со себе. Тој навистина ја праша зошто оди така и брои до дваесет. Засрамена и збунета, девојката го рече првото нешто што ѝ падна на ум: „Само си одев и броев колку вретена преѓа можам да испредам за една вечер."

Момчето се врати дома и ѝ раскажа на мајка си дека сретнал една чудна девојка во шумата. Можела да испреде дваесет вретена преѓа за една вечер. Такво нешто неговите сестри не можеа да направат.

Добрата жена сега побрза да прати абер до девојката и ѝ вети добра плата, доколку сакаше да работи како предачка на имотот. Девојката веднаш ја прифати понудата, оти не знаеше дека добрата жена ги беше слушнала зборовите што одлетаа.

Така девојката стапи во служба и приквечер дојде стопанката со лен за дваесет вретена преѓа.

„Слушнав дека можеш да испредеш олку многу за една вечер."

Девојката предеше и предеше колку можеше повеќе. Времето минуваше, но кога почна да се наближува полноќ, девојката не стигна ни до половина со работата. Кутрата девојка! Предеше и плачеше и плачеше и предеше, но што помагаше тоа.

Среде ноќ одеднаш се покажа едно џуџе со црвена капа и праша: „Зошто седиш овде и плачеш? Можам ли со нешто да ти помогнам?"

„Па, вака стојат нештата", рече девојката. „Сиот овој лен морам да го испредам ноќва. Но, сè уште не сум стигнала ни до половина. Ако сакаш да ми помогнеш, навистина ќе бидам многу среќна."

„Не биди тажна", рече џуџето. „Ќе ти помогнам, ако ми ветиш дека ќе бидеш најмила и дека ќе се омажиш за мене".

Во таква тешка ситуација девојката вети оти ќе се омажи за него, и покрај тоа што беше мошне вознемирена кога помисли што би можело да ѝ се случи во иднина.

И еден, два, три, и целата работа беше завршена. По таа вечер, џуџето ѝ помагаше на девојката секоја вечер.

Стопанката сега толку ја засака девојката, така што повеќе не сакаше да ја задржи крај себе, туку да ѝ дозволи да се омажи за синот, оти беше толку паметна. Што да направи сега девојката? Му се имаше ветено на џуџето, иако не се осмелуваше да го каже тоа.

И почнаа да подготвуваат свадба, но како што наближуваше денот, девојката беше сè потажна. Најпосле џуџето забележа дека нешто не беше во ред. Девојката му ја кажа вистината и џуџето најпрвин многу се разлути. Но, потоа рече:

„Доколку го погодиш моето име за три дена, ќе те пуштам да одиш слободна! Можеш да погаѓаш три пати и за тоа ќе имаш три дена за размислување." Девојката се согласи со поставените услови, оти немаше што друго да направи.

Но, тогаш се случи, еден од ловците во стопанството, кој секој ден одеше на лов за да набави дивеч за свадбата, една вечер да дојде кај едно ритче и зачудено да здогледа светлина во ритчето и да ги здогледа џуџиња како играат таму внатре. Едно од џуџињата било необично расположено и скокајќи наоколу потпевнувало:

*Колку вредно виткам и предам,*

*Наскоро в прегратка девица ќе имам,*

*Тркалашко, Тркалашко е името мое!*

Во меѓувреме младата предачка ѝ се довери на една друга девојка за својата тајна свршувачка. Но, другата девојка случајно беше чула кога ловецот раскажуваше што се случило таа вечер додека бил надвор и ловел, и целата приказна од почеток до крај ѝ ја раскажа на предачката.

Кога џуџето дојде и требаше да го погоди неговото име, таа сакаше да се преправа дека не го знае, па првин викна „Петер", потоа „Паул" и џуџето играше и светеше како бакарно тенџере од задоволство. Но, задоволството не траеше долго, оти кога девојката требаше да погоди по трет пат, рече: „Името твое е Тркалашко".

И тоа беше крајот на свршувачката за џуџето.

Сега не можеше да ја добие, но беше добро џуџе и сакаше уште еднаш да ѝ помогне оти разбра дека на девојката навистина ѝ беше потребна неговата помош. Затоа, пред да замине, ѝ рече: „На денот на твоето венчавање во салата каде што вие ќе седите, ќе дојдат три старици. Првата ќе ја наречеш мајко, другата бабо, а третата прабабо. И колку и да изгледаат грди и страшни, и колку и да се разлути твојот маж, мора добро да се погрижиш околу нив."

Се случи како што рече џуџето. Девојката постапи според неговите совети, иако не разбираше од каква помош ќе биде тоа.

Првата старица беше страшно остарена баба со црвени очи, кои како да ѝ висеа низ образите. И кога младата невеста ја праша зошто ѝ се црвени очите, старицата одговори:

„Оти седам дење ноќе и предам."

Кога таа замина, дојде друга старица и изгледаше навистина страшно. Имаше уста која ѝ се ширеше сè до ушите.

„Како тоа имаш толку голема уста?", праша младата невеста. „Оти морам да плукам на прстот додека предам, инаку конецот нема да иде рамен. И бев принудена да плукам толку многу, што е вистинско чудо што мојата уста да не станала уште поголема."

Најпосле дојде најгрдата од сите три. Ги влечкаше нозете одејќи со два стапа и одвај можеше да стои, толку ѝ беа слаби нозете.

„Што е работата со вас, драга мајко?“, праша невестата. „Како одите со вакви маки?“

„Да, олку бедна станав од притискање на разбојот. Предам толку долго, откако знам за себе и посакувам никој да не мора да притиска како што морав јас да правам, и да изгледа толку бедно како мене.“

Кога третата старица замина, младоженецот ѝ рече на предачката која сега беше негова жена: „Од овој момент ти повеќе никогаш нема да предеш. Не сакам да имам жена која ќе изгледа како твојата мајка, твојата баба и твојата прабаба.“

Предачката сега разбра на што мислеше џуџето. И беше задоволна затоа што ги послуша неговите совети од почеток до крај.

► *(Извадок од „Нордиски народни приказни“)*



## Разговараме

- Што направило прекумерното предење на трите стари жени? На што е резултат нивниот изглед?
- На почетокот на текстот, зошто била најмена девојката во куќата на своето идно момче?
- Кој е ликот помошник во оваа приказна?
- Која е целта на девојката во приказната, што посакува таа?
- Што посакува Тркалашко?
- Како би ги нарекол особините кои ги има Тркалашко?
- Дали девојката е чесна? Кон кого е чесна и искрена, кон кого не е?
- Дали постои причина заради која младата девојка мора да се договори и да соработува во џуџето? Дали таа размислува за условот и последиците? Објасни ги одговорите.
- Сметаш ли дека девојката е итра? Образложи го својот одговор.
- Во два моменти од текстот е присутно момчето кое на крајот станува младоженец. Според текстот, која е неговата улога во приказната? Што прави тој?
- Според тебе, приказната каква е – фантастична или реалистична? Образложи го својот одговор.

Приказните во кои покрај ликовите-луѓе се среќаваат и ликови на необични суштества (самовили, вештерки, волшебници, џинови, џуџиња кои имаат разни натприродни моќи, животни кои зборуваат, волшебни предмети...) невозможни настани и места, се викаат волшебни приказни/сказни/бајки/фантастични приказни.

## Продавачот на семки

Еден селанец отишол на пазар да продава семки од тиква. Застанал на едно ќоше и почнал да вика:

– Ајде, народе! Тука продавам семки од тиква. Кој нема да купи – пишман ќе се прави, а кој ќе купи, памет ќе му дојде!

Еден муштерија дошол и купил едно чавче семки. Тој ги изел семките и отишол малку понатаму. Си помислил: „А бре, чекај, тој мене ме излажа?“ Се вратил назад кај продавачот и му рекол:

– А бре, семкару, па ти мене ме излажа. За толку пари колку што ти дадов, ќе си купев една голема тиква и од неа ќе извадев десет пати повеќе семки, отколку што ти ми продаде!

– Па, нели слушна ти, пријателу, кога викав дека кој ќе купи од овие семки – памет му дојде. И ете, тебе веднаш ти дојде памет. Зошто тоа не го помисли пред да ги купиш семките? Но, од кога ги купи семките, ти дојде паметот!

Тогаш купувачот му рекол:

– Алал да ти е; од една страна, ме излажа, а од друга, ми даде памет да знам што да купувам!

▸ *(преземена од Македонски хумористични народни приказни, избор и редакција Томе Саздов)*



### Прашања за содржината:

- Каде отишол селанецот и што продавал?
- Што викал продавачот за да ги привлече купувачите?
- Што направил купувачот откако ги изел семките?
- Зошто се вратил назад кај продавачот?
- Како му одговорил продавачот на купувачот?
- Каков заклучок донел купувачот на крајот?



### Прашања за значењето:

- Што мислиш, зошто продавачот рекол дека „на кој ќе купи – памет ќе му дојде“?
- Дали купувачот навистина стекнал мудрост, и ако да – на кој начин?
- Каква животна лекција може да се научи од оваа приказна?
- Дали продавачот навистина го излажал купувачот, или му помогнал да размислува подобро?
- Кој е скриениот хумор во оваа приказна?

**Задача**

Прочитај ја следната приказна и потоа објасни дали има хумор во неа, а ако има во што се состои тој.

## Мрзливиот овчар

Еден овчар цел ден остригол само три овци. Штотуку се смрачило, ѝ свикал на жена си:

– Жено мори, брзо запали една борина и ела свети ми да острижам пет-шеснаесет, оти денеска само три остригов. Ајде, брзо светни ми да острижам пет-шеснаесет за еден час.

– Дејди мажу, дејди душко, цел ден три истрижа, па сега пет-шеснаесет! Фали ме усто, оти ќе те раскинам.

*(преземена од Македонски хумористични народни приказни, избор и редакција Томе Саздов)*

## Најдрагоцен плод

Си бил еден татко кој си имал три сина. Еден ден ги викнал тројцата и им рекол:

– Синови мои, сега сте пораснати и треба да појдете во светот, за да научите да живеете... Обидете се да го пронајдете најдрагоцениот плод. Тој што ќе го донесе тој плод, најмногу ќе ме зарадува.

Тројцата браќа се подготвиле и заминале на пат, секој на своја страна.

По три години тие се вратиле дома.

Откако се поздравиле, таткото му се обратил на најстариот:

– Сега, кажи ми ти мене, синко, дали го најде најдрагоцениот плод.

Синот отворил една кутија, покажал некое овошје што го донел и рекол: – Еве, татко, ова е најдрагоцениот и најубавиот плод што успеав да го најдам таму каде што бев. Земи го!

– Добро, добро – рекол таткото. – Си ми донел слатко овошје што не виреe кај нас... А што донесе ти? – го прашал средниот син.

– Јас донесов исто, татко, – рекол тој и пред татка си оставил плод од една многу слатка овошка што ја немале во нивниот крај.

– И ти добро си сторил, синко.

Потоа му се обратил на најмалиот син:

– А ти, синко, што донесе? Те гледам со празни раце.

– Навистина, татко, јас се вратив со празни раце. Парите ги потрошив на поинакви плодови. Јас се запишав во едно училиште и учев три години. Плодовите што ги собрав таму, се наоѓаат во моето срце, во мојата глава. Мислам, драги татко, дека и овие плодови се драгоцени.

Кога ги чул овие зборови, таткото се израдувал и рекол:

– Ти синко, навистина си ми го донел најдрагоцениот плод. Радоста што ја чувствувам заради тоа е голема, зашто за човекот најдрагоцен плод е – науката.

*(преземена од Народни приказни на балканските народи, избор Томе Саздов)*

## Прашања за содржината:

- Кој бил главниот предизвик што таткото им го поставил на синовите?
- Колку време синовите поминале надвор од дома?
- Што донел најстариот син и како реагирал таткото?
- Со што се вратил средниот син и што му рекол таткото?
- Зошто најмладиот син се вратил со празни раце?
- Како таткото реагирал на одлуката на најмалиот син?

## Прашања за пораката и значењето:

- Според тебе, кој син го донел „најдрагоцениот плод“ и зошто?
- Што мислиш, зошто таткото најмногу се израдувал на изборот на најмалиот син?
- Каква порака препознаваш во оваа приказна?
- Дали се согласуваш дека науката е најдрагоцен плод? Објасни го својот одговор.

## Прашања за лично размислување:

- Ако ти беше на местото на синовите, што ќе направеше?
- Дали некогаш си донел/а одлука што ти помогнал/а да научиш нешто вредно?
- Како знаењето може да ти помогне повеќе од материјалните нешта во животот?

Дали е приказната реалистична?

Приказната е реалистична затоа што прикажува ситуација што може да се случи во вистинскиот живот. Еве неколку причини:

1. Приказната има животен предизвик-родителот поставува предизвик;
2. Приказната нуди различни избори-материјални или нематеријални богатства;
3. Приказната зборува за вредноста на образованието.



## Споредуваме: фантастични приказни и реалистични приказни

**1. Фантастичната приказна** е приказна во која се појавуваат натприродни, волшебни или неверојатни елементи што не се можни во реалниот свет. Но за тоа не се дискутира дали е вистина или не. Тие волшебни ликови, настани и предмети се прифатени како дел од приказната и читателот се интересира за текот на приказната и за пораката, а не размислува за нејзината реалистична веројатност.

Овие приказни често вклучуваат магија, натприродни појави, а ликовите честопати се волшебници, вештерки, вили, необични џинови, џуџиња, змејови, ламји или некои митски суштества.

**2. Реалистична приказна** е текст што прикажува настани, ликови и опкружувања што би можеле да се случат во вистинскиот живот. Нема натприродни или волшебни елементи, а главниот фокус е на реалните животни искуства.

**Карактеристики:**

Ликовите се луѓе со реални животни проблеми;

Настаните може да се случат во секојдневниот живот;

Описите на средината и емоциите се веродостојни;

Може да обработува теми како љубов, пријателство, семејство, сиромаштија, училиште итн.

**Пример:**

Приказната **„Најдрагоцен плод“** е реалистична, бидејќи ги прикажува животните искуства на тројца браќа што бараат вредности во животот, а на крајот најмладиот открива дека знаењето е најдрагоцениот плод.

## Итар Пејо и селаните риболовци

Тргнале еден ден неколку селани Мариовци да одат на Црна да ловат риби. Ловеле што ловеле, си кинисале да си одат дома. И таман на неколку чекори од реката некој привикал:

– Море селани, ние ловевме риби, се буткавме по површината на водата, но којзнае дали не се удави некој од нас. Не правиме лошо да се преброиме.

Го одобриле сите предлогот и застанале, а предлагачот почнал да брои. Еден, два, три, четири... дотерал до осум. Ами чаре, – извикал тој. – Ние тргнавме девет, а се враќаме осуммина. Значи еден од нас се удавил! – констатирал бројачот.

Почнале сите да бројат – осум, па осум.

Ниеден од нив сам не се броел. И си тргнале кон селото и си заплакале. Еден се удавил денеска во Црна, ама кој е и самите не знаат.

Оделе што поделе, ги сретнал Пејо и ги видел уплакани и ги прашал:

– Што така сте уплакани, бре кршоборци? Овие му раскажале дека еден се удавил денеска, но не знаат кој е. Пејо ги прашал колкумина тргнале и веднаш ја разбрал работата, но решил да ги насамари за нивната глупост, па им рекол:

– Лесно ќе провериме, џанам. Ајде легнете овде на песокот и забодете ги носовите во него. Колку дупки ќе направите, толкумина сте живи.

Легнале селаните, ги забоделе носовите во жешкиот песок и направиле по една дупка. Кога станале, почнал Пејо да ги брои – излегле девет! Се израдувале селаните оти никој не се удавил и му дале на Пеја од рибите да му ја платат мудрата постапка што открил дека се нема удавено ниеден од нив.

► *Сшале Пойов*

## Разговараме

- Каде тргнале селаните и што правеле покрај реката?
- Зошто селаните решиле да се пребројат?
- Колку селани тргнале на риболов и колку броеле при проверката?
- Што не забележале селаните додека се броеле?
- Како реагирале кога помислиле дека еден од нив се удавил?
- Кој ги сретнал на патот и што ги прашал?
- Каков трик смислил Итриот Пејо за да ги натера да се пребројат правилно?
- Како селаните сфатиле дека никој не се удавил?
- Што му дале на Итриот Пејо како награда?



• Споменик на Итар Пејо (Прилеп)

## Прашања за пораката и значењето:

- Зошто селаните направиле грешка при броењето?
- Како Итриот Пејо успеал да ги измами на шеговит начин?
- Каква порака ни испраќа оваа приказна?
- Дали мислиш дека оваа ситуација може да се случи во вистинскиот живот?

## Размислуваме – поврзуваме

- Дали си слушнал/а и други приказни за Итриот Пејо?
- Дали некогаш си бил/а сведок на слична смешна ситуација?
- Што мислиш, дали селаните ќе научат нешто од ова искуство?



## Хумористична приказна

„Македонските хумористични приказни се оригинални литературно-фолклорни творби, зад чиј хумористичен шеговит и сатиричен израз се кријат низа човекови (индивидуални) или општествени слабости, недостатоци и неправди, кои под силата на исмејувањето треба да се коригираат и да се одбегнуваат“ – вели проф. Т. Саздов.

**Карактеристики на хумористична приказна:**

– Комични ситуации – смешни настани;

– Итри или наивни ликови – ликови како Итар Пејо, кои користат досетливост за да ги надмудрат другите;

– Претерување – често се користи хипербола за да се зголеми комичниот ефект;

– Потсмевање со одредени човечки слабости или однесувања;

– Смешен завршеток – често има неочекуван крај што дополнително ја нагласува хумористичната природа на приказната.

**Задача**

Напиши краток текст во кој ќе објасниш како Итар Пејо успева да ги натера соселаните да ја видат својата недосетливост во приказната „Итар Пејо и селаните риболовци“.

## Македонски народни анегдоти

Анегдотите се приказни во кои се третираат негативностите на семејниот и општествениот живот. Во некои од нив се исмевале и критикувале некои од човековите недостатоци: лажењето, страшливоста, склоноста кон некои пороци, фалењето и друго. Во некои од нив се исмеваат семејните конфликти или недоразбирања, најчесто меѓу сопрузите. Во некои анегдоти пак, се исмеваат негативностите од општествениот живот, се исмева свештенството кое покажувало неукост или склоност кон пороци, алчност и нечесност. Некои од македонските народни анегдоти се однесуваат на некои жители на определени краишта, пример Мариовци, Дебрани и слично. Како посебен лик се издвојува ликот на Итар Пејо.



## Анегдоти

**Анегдота** е кратка и духовита приказна што опишува интересен или смешен настан од нечиј живот. Често пренесува некоја поука или карактерна особина на личноста за која се раскажува.

### Анегдоти поврзани со големиот Алберт Ајнштајн

На сите ни е добро познато дека Алберт Ајнштајн, еден од најзначајните физичари на 20 век, бил интересна личност. Но, дали сте ги знаеле овие интересни анегдоти од неговиот живот?



▪ Алберт Ајнштајн

1. Во текот на возењето со воз, кондуктерот барал билет од патникот кој бил потонат во сопствените мисли. Тој нервозно барал по џебовите и станувал сè понервозен.

– Но, професоре Ајнштајн, јас знам кој сте и јасно ми е дека не сакате да ме измамите и дека сте купиле билет. Немојте да се вознемирувате, еве исто како да имате карта.

На тоа Ајнштајн му рекол: – Но, господине, јас не се вознемирувам бидејќи немам билет да ви го покажам, туку затоа што на него пишува каде патувам. Сега воопшто не знам каде треба да слезам.

2. Еден ден додека Ајнштајн шетал низ ливадата замислен, дошол до една река и почнал да ја преминува преку тесен трупец, не гледајќи дека истовремено еден дебел човек тргнал да ја преминува од другата страна. На средина на трупецот Ајнштајн се сретнал со дебелиот господин кој бил касап. Човекот му рекол: – Јас не им се поместувам на поглупави од мене. Ајнштајн без збор тргнал да се враќа назад и кога дебелиот господин тргнал по него, Ајнштајн му рекол: – Ама јас се поместувам.



**3.** Белгиската кралица го поканила Ајнштајн во приватна посета кога престојувал во Белгија. Возачот на кралицата го чекал на железничка. Но, кога возот пристигнал, излегол само еден патник, во стари алишта и со виолина в раце. Немало никој што би изгледал како угледен професор, па возачот се вратил и ја известил кралицата дека го нема Ајнштајн. Половина час подоцна се отворила вратата на дворецот и стигнал виолинистот со старата облека. Тоа бил Ајнштајн, необично горд на своите виолинистички вештини, кој дошол кај кралицата уверен дека таа сака тој да ѝ свири.

преземено на 25.2.2025 г.



## Прашања за разбирање на анегдотите:

- Како реагирал кондуктерот кога Ајнштајн не можел да го најде својот билет?
- Зошто Ајнштајн бил загрижен, иако кондуктерот му верувал дека купил билет?
- Што се случило кога Ајнштајн се сретнал со касапот на тесниот трупец?
- Како Ајнштајн му одговорил на касапот и зошто тоа е духовито?
- Зошто возачот на белгиската кралица не го препознал Ајнштајн на железничката станица?
- Со каква цел Ајнштајн пристигнал кај кралицата?
- Според настанот и случувањата, каков е неговиот карактер?

## Прашања за размислување:

- Како овие анегдоти го прикажуваат карактерот на Ајнштајн?
- Дали мислиш дека генијалните луѓе често се расеани? Зошто?
- Кое од овие случки ти е најсмешна или најинтересна?
- Дали познаваш некоја личност која е слична на Ајнштајн во однесувањето?

**Анегдотата** е кратка и интересна приказна од животот на позната или обична личност, која често содржи хумор, мудрост или поука. Таа може да ја открие личноста во неочекувана или комична ситуација и обично е заснована на вистински настани.

# ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ

**Задача**

Прочитај го текстот внимателно. Води белешки за сето тоа што го сметаш за важно за текстот. Запишувај конкретни информации. Врз основа на своите белешки направи резиме.



## Мариово – центар на геолошкото и биолошкото богатство на Македонија

Областа Мариово зафаќа вкупна површина од 1 038 км$^2$ или 4 % од вкупната територија на Република Македонија со надморска височина која се движи помеѓу 700 и 2 362 метри, или во просек некаде околу 1 090 метри. Мариово го зафаќа средното течение и сливно подрачје на реката Црна и од сите страни е заградено со пространи планински масиви, како: Ниџе и Кожуф на југ, Селечка Планина на запад, Дрен Планина на север и Козјак со огранките на Кожуф од исток со што претставува своевидна посебна и специфична природна целина. Според релјефните одлики, Мариово опкружено со планини може да се смета за котлина, но поради внатрешната разместеност на релјефните облици, тоа претставува висорамнина.

Изградба на хидроакумулации во речните клисури доведува до потопување на големи површини од клисурите, кои претставуваат прибежишта на реликтна флора и вегетација, при што доаѓа до деградација и делумно уништување на постојните фитоценози на долните вертикални профили на реките, како и до смалување на ареалот на реликтните, ендемичните и ретките растителни видови.

◆◆◆

Мариовска Котлина е нетипична котлина во средното течение на Црна Река. Се протега од Скочивир до Галиште, ограничено со водоразделните линии кои водат по планината Ниџе со Кајмакчалан и Козјак од десната и Селечка Планина и Дрен од левата страна на Црна Река. Мариовската Котлина повеќе е речно ерозивно проширување отколку типична котлина.

Морфолошки Мариово е составено од два дела, плански и котлински дел. Планинскиот дел го сочинуваат околните планини што ја оградуваат областа. Поголемиот дел од планините е гол или обраснат со ретка и доста деградирана дабова шума, а има делови каде се наоѓаат и бујни букови и четинарски шуми на црн и бел бор. Со богатство од шуми се истакнуваат планините Козјак и Ниџе. Над шумите се наоѓа бујна тревна вегетација на високопланински пасишта кои се мошне погодни за развој на сточарството, особено овчарството.

Котлинскиот дел го сочинува Мариовската Котлина која се наоѓа на надморска височина од 1 080 метри. Таа е доста расчленета со долините на Црна и нејзините притоки, кои со интензивна вертикална ерозија формирале длабоки долини во вид на клисури и кањони, со височина и до 800 метри.

◆◆◆

Територијата на Мариово е богата и со пештери и различни подземни карстни форми. Според бројот на пештери, Мариово влегува во подрачје со најголема концентрација од нив.

Низ низинскиот дел од Мариово може да се сретнат и разни геолошки фигури и украси, како и подрачја со еродирани карпи кои често имаат зооморфен изглед. Мариово е едно од подрачјата кои најмногу страдаат од претерана ерозија која влијае на изгледот на пејзажот на целото подрачје. Освен тоа, во Мариово е забележано и појави на нарушувања на релјефот преку кршење на пештерски украси и мали релјефни форми, ископување на гуано, илегални собирања на подземна фауна и илегални археолошки ископувања во пештерските седименти.

Мариово е значајно не само по неговите геолошки како и биолошки карактеристики. Во Мариово живеат голем број ендемити на растенија и ретки видови инсекти со мали популации. Тоа се должи на специфичниот релјеф и клима на подрачјето. Најголем број низински ендемити во Македонија се среќаваат во пошироката околина на Прилеп и во Мариово. На територијата на Мариово постојат две заштитени подрачја и тоа; Клисурата на Градешка Река – како споменик на природата и малото палеонтолошко подрачје Манастирец.

Според истражувањата на Велевски и соработниците, Мариово е прогласено за Значајно подрачје за птици (Important Bird Area – IBA), поради присуството на неколку видови мршојади и други видови грабливи птици. Истражувањето на Меловски и соработниците пак, го означува Мариово и како значајно подрачје на растенија (Important Plant Area – IPA).

Мариово денес, е подрачје кое напуштено од локалното население, чека на нови истражувања и резултати.

презимено на 28.2.2025



**Доколку во текот на читањето се соочи со многу информации, подели ги според тоа што соопштуваат. Пример на начин како што е прикажано подолу.**

**Белешки:**

- **Област Мариово:** Површина од 1 038 км$^2$ (4 % од територијата на Македонија).
- **Географска позиција:** Средно течение на реката Црна, опкружено со планински масиви (Ниџе, Кожуф, Селечка Планина, Дрен Планина, Козјак).
- **Надморска височина:** Помеѓу 700 и 2 362 метри, просечно 1 090 метри.
- **Природни одлики:**

- Изградба на хидроакумулации во клисурите доведува до деградација на флората.

- Мариовска Котлина: нетипична котлина, речно ерозивно проширување.

- Морфолошки состав: планински дел (ограден со планини, шуми, пасишта) и котлински дел (Црна Река и нејзините притоки).

- **Геолошки и биолошки карактеристики:**

- Пештери и карстни форми, висока концентрација на пештери.

- Ерозија на карпи и подземни форми.

- Се наоѓаат ендемити на растенија и ретки видови инсекти.



- **Заштитени подрачја:**

- Клисурата на Градешка Река (споменик на природата).

- Малото палеонтолошко подрачје Манастирец.

- **Значајни подрачја:**

- Прогласено за „Значајно подрачје за птици“ поради грабливи птици.

- Значајно подрачје за растенија (Important Plant Area – IPA).

- **Тековни проблеми:**

- Ерозија која влијае на пејзажот и подземни форми.

- Илегални ископувања и нарушувања на пештерски украси.

**Резиме:**

Областа Мариово зафаќа површина од 1 038 км$^2$ и се наоѓа во средното течение на реката Црна, опкружена со планински масиви. Надморската височина на областа се движи помеѓу 700 и 2 362 метри, со просечна височина од 1 090 метри. Мариово има специфициран географски и морфолошки состав, со планински и котлински делови, богато со растителен и животински свет. Иако е познато по својот геолошки и биолошки потенцијал, областа се соочува со проблеми како ерозија, деградација на флората и илегални активности.

Во Мариово се наоѓаат значајни природни богатства, вклучувајќи пештери, карстни форми и ендемични видови растенија и инсекти. Областите како Клисурата на Градешка Река и Манастирец се заштитени како природни споменици. Мариово е прогласено за значајно подрачје за птици и растенија, и покрај тоа што е денес напуштено од локалното население, областа чека на нови истражувања и резултати.

## Кратки фолклорни жанрови

**Пословици и поговорки** – се кратки изреки во кои кратко, збиено и јасно се изразува некој суд за нешто или некого, се изразува некој став за нешто, некој заклучок. Пословиците и поговорките се израз на народната мудрост, а понекогаш во себе содржат и некои стилски изразни средства како што се иронија и алегорија. Понекогаш претставуваат реалистичен одраз на некои ситуации од општеството, понекогаш се со потсмев кон поимотните, а со симпатија кон сиромашните, понекогаш зборуваат и ги исмеваат некои од човечките слабости, исмеваат или осудуваат некои негативни особини кај луѓето, понекогаш ги одразуваат верувањата во натприродните моќи и моќта на Господ.

Моќта на пословиците и поговорките е голема, тие биле и често се дел од нашата комуникација, а исто така се дел од приказните во кои, го засилуваат ефектот на ликот и ситуацијата.

Знаењето е најголемото богатство.

Без мака нема наука.

Инаетчијата ќе умре, но зборот назад не го враќа.

Два лути камења не мелат брашно.

Што ќе посееш, тоа ќе жнееш.

Благ е како пелин.



**Гатанките** се форми на народно творештво кои имаат потекло од дамнина. Гатанките се мошне важни народни умотворби, напишани со преносно значење, во прашална форма. Интересни се и поттикнуваат на мислење. Имаат утврдена форма и само еден точен одговор. Во македонското народно творештво има значителен број гатанки. Исто така, во современата литература за деца има автори кои творат користејќи ја формата на гатанката, како на пример: Видое Подгорец, Стојан Тарапуза, Михо Атанасовски, Љупчо Силјановски и други.

Заби нема ама каса. (зима)

Бел пес пред куќа лежи. (снег)

Напред оди, назад не се враќа. (време)

Половина погача над куќа. (Месечина)

**Клетви, здравици и благослови** се форми на изразување на емоционални позитивни или негативни желби, посакувања кон нешто или некого.

**Здравиците** се присутни на различни форми од заеднички дружења и прослави каде што оние кои нешто слават, наздравуваат со пријатни и добри посакувања за себеси и другите. Всушност, тоа е краток говор или затврден израз од неколку зборови што се кажува со крената чаша пијалак кој се пие во нечие здравје, во нечија чест или за нечиј успех.

**Благословите** се зборови што изразуваат добри желби со повикување на божја милост, изразување желба до некого за нешто добро, за среќа, здравје, успех и сл. Исто така благословите се посакувани одобрувања, согласности од страна на постарите или на родителите за нешто важно во животот.

**Клетва** – краток жанр на усното народно творештво. Како и благословот, генетски е сврзана со верувањето во магичната моќ на зборот. Користи магиски формули во кои се содржани зли пожелби за да му се случи несреќа на лицето на кое му е упатена. Се среќава во форми како: Цел свет да изодиш, гол бос да си дојдеш! Да просиш, да се раниш! итн. За најопасни се сметаат мајчината, татковата (Од мајчина клетва фаќа и не, ама татко кога ќе проколне...) и кумовата клетва, вели проф. Марко Китевски.

И клетвите и благословите, како и поговорките и пословиците, честопати се дел од народните кажувања, односно имаат свое место во народните приказни.

## Задача

1. Направи истражување во врска со собирачите на народните умотворби кај нас. Кога почнале да се собираат народните умотворби? Кои се имињата на собирачите? Дали постојат некои книги, зборници и слично во кои биле печатени собраните народни умотворби?

2. Запиши по една пословица, поговорка, гатанка, благослов, клетва и здравица од твојот крај, прочитајте ги на часот и разговарајте за нивното значење и пораката.



# ЕПИКА

## ЕПСКИ НАРОДНИ ПЕСНИ

### Болен Дојчин

Попаднала црна Арапина,
Попаднала под града Солуна,
Глава имат колку еден казан,
Уши имат колку два таруна,
Очи имат колку два шиника.
Ми кондисал под Солуна града,
Под Солуна, Солунски ливаѓе,
Па ми удрил белана чадара;
И ми собрал старци и попои,
Таин сакат од Солуна града,
На ден сакат по две фурни лебец,
И им сакат крава јалоица,
И им сакат по бочка ракија,
И им сакат по две бочки вино,
На ден сакат п' убаа неестa,
На ноќ сакат п' една малка мома,
Ми и' љубит и ми и' загубвит.
Сите ми се редум изредија,
Ред падна на млада Ангелина.
Ангелина Дојчинова сестра.
Ангелина Дојчинова сестра,
Дворје метит градум солзи ронит,
Со солзи ми дворје завадила.

Ја догледа брат је болен Дојчин:
„Ајти тебе сестро Ангелино!
Што те тебе нужба дотерало,
Дворје метиш дробни солзи рониш?
Али ти се, сестро, здодеало,
Рамни дворје, сестро, меетејќи?
Мене болно, сестро, гледаејќи? –
Рани, болки, сестро, врзеејќи,
И понади мене готвеејќи?“

„Ајти тебе брате, Болен Дојчин!
Та не ми се мене здодеало,
Рамно дворје, брате, метеејќи,
Тебе болно, брате, гледаејќи,
Рани, болки тебе врзеејќи,
И понади тебе готвеејќи;
Попаднала црна Арапина,
*Попаднала под града Солуна,*
*Глава имат колку еден казан,*
*Уши имат колку два таруна,*
*Очи имат колку два шиника.*

*Ми кондисал под Солуна града,*
*Под Солуна, Солунски ливаѓе,*
*Па ми удрил белана чадара;*
*И ми собрал старци и попои,*
*Таин сакат од Солуна града,*
*На ден сакат по две фурни лебец,*
*И им сакат крава јалоица,*
*И им сакат по бочка ракија,*
*И им сакат по две бочки вино,*
*На ден сакат п' убаа неестa,*
*На ноќ сакат п' една малка мома,*
*Ми и' љубит и ми и' загубвит.*
Сите ми се редум изредија,
Ред ми падна, мене ќе ме замат.“

Ѝ говорит брат је Болен Дојчин:
„Ајти тебе сестро Анеглино,
Ал тоа те тебе брига нашло?
Ево имат за девет години,
Каде лежам болно на постела;
Веќе ми се коски раскостиле,
Веќе ми се меса раскапале;
Коса ми е долу до појаса,
Брада ми е до црната земја,

Ај отвори шарена ковчега,
Да изваиш триста лакти платно,
Триста лакти платно бамбакерно,
Да изврзиш рани од анџари;
И земи ми моја вита сабја;
Ево имат за девет години,
Сабја в рака не ми е фатена,
Не фатена, ни па наоточена,
Веќе ми е сабја 'рѓосана.
Да ја носиш Умер калакчија,
Калакчија, мила побратима,
Да наточит моја вита сабја,
Да наточит сабја вересија,
Ако станам скапо ќе му платам,
Ак' не станам, алал да ми чинит.“
....

► *Изводок од народната песна „Болен Дојчин“*

# ЕПСКА ПЕСНА

**Епика доаѓа од старогрчкиот збор *epos* кој означува *збор, реч, расказ, повест, стих* и песна.**

**Епска песна е кусо епско дело во стихови во кое се раскажува за една случка од животот на некоја историска личност или измислен лик.**

Епиката се одликува со богата идејна содржина. Патриотското чувство, љубовта кон татковината е основниот мотив во нашите епски песни. Епската песна ја воспева карактерната убавина на човекот, неговиот стремеж кон слободен живот. Јунаштината, борбените подвизи и победи, моралниот портрет на историски познати или анонимни личности се најчестата идеја во овие песни. Се идеализира и поетски се воспева јунакот на песната. За епската песна се вели дека е стихувана хроника на времето, но и коментар на позначајните настани.

## Карактеристики на епската песна

**Десетерец** во епската поезија е стих од **десет слога**.

Тоа е најчестата метричка форма во јужнословенската народна епска поезија вклучувајќи ја и македонската народна епска поезија. Десетерецот обично има **цезура (пауза) после четвртиот слог**, што му дава ритмичност и мелодичност при рецитирање.

Пример за десетерец:

*Глава имаш колку еден казан* (10 слога)

*Очи имаш колку два шиника* (10 слога)

Во македонската епска поезија, оваа форма е честа во народните песни за Марко Крале, или некои историски настани.



# СТИЛСКИ ИЗРАЗНИ СРЕДСТВА



## Хипербола

Кога многу се претерува со особините на некои предмети или суштества, или кога се претерува со некоја сила на дејство, тогаш исказот станува побогат и поинтересен. Тоа се нарекува **преувеличување**, односно **хипербола**.

Пример:

„Глава имат колку еден казан,
Уши имат колку два таруна,
Очи имат колку два шиника...“

## Градација

**Градација** е засилување или намалување на емоции, мисли и идеи со нижење на зборови кои се блиски по значење. Низата од зборови, именски групи или реченици кои се надоврзуваат една на друга, имаат едно јадро (збор со одредено значење) кое се надополнува, проширува и богати.

Градацијата може да биде поврзана со хиперболата, бидејќи преувеличува или со компарацијата бидејќи споредува при редењето, односно при степенувањето на значењето на главниот поим или идеја.

Пример:
На ден сакат по две фурни лебец,
И им сакат по бочка ракија,
И им сакат по две бочки вино...

## Епско повторување

Подолу е посочено епското повторување во епските песни. Размисли, зошто народниот пејач го почитува повторувањето на одредени стихови? Што, според тебе, се постигнува со тоа што се повторуваат стиховите?

*Ми кондисал под Солуна града,*
*Под Солуна, Солунски ливаѓе,*
*Па ми удрил белана чадара;*
*И ми собрал старци и попои,*
*Таин сакат од Солуна града,*
*На ден сакат по две фурни лебец,*

*И им сакат крава јалоица,*
*И им сакат по бочка ракија,*
*И им сакат по две бочки вино,*
*На ден сакат п' убаа неестa,*
*На ноќ сакат п' една малка мома,*
*Ми и' љубит и ми и' загубвит.*

# ЕПСКИ ЈУНАК, АТРИБУТИ НА ЕПСКИОТ ЈУНАК

## Марко Крале ја одменува свадбарината

Едно утро Марко ми подранил
из Прилепа Марко из Варошот,
да прошета Косовска наија;
уште први петли не пејале,
тој се фрли Шарцу на рамена
и ми тргна по бели друмови;
по среде ноќ низ Скопје помина;
дури петли први пропеале,
тој помина Качански клисури;
дури зора утро зазорила,
тој натури Косовска наија;
дури сонце утро да изгрее,
тој ми влезе во Косовско Поле!
Ништо Марко срека не го срети,
саде сретна Косовска девојка.
Марко нејзе вели: – Добро утро,
добро утро Косовко вдовице!
А таа нему одговори:
– Јас не сум ти Косовска вдовица,
тук сум си Косовска девојка.
Тога рече Марко Кралевиќе:
– Ај ти тебе, Косовке девојке,
ќе те прашам, право да ми кажеш:
што ти тебе коси побелеле,
бело лико ти се расипало?
Али жалиш од рода твоего?
Што не си се млада омажила?

Тога рече Косовка девојка:
– Ја не жалам од рода моего,
туку има триесет години,
как, ми дошол црна Арапина,
од цара ми свадбина прекупил:
кој ќе јунак млади се ожени,
нему сака триесет и три минца,
а девојка која ќе се мажи,
нејзе сакат триесет минцови.

Мии браќа ми се сиромаси,
ми немаат азно да му дадат,
затоа ми коси побелеле,
бело лико ми се расипало!

Тога бара Марко во пазува,
ми извади триесет минцови,
и и даде Косовке девојке.
Тога рече Марко Кралевиќе:
– Да си сакаш момче спроти тебе,
да си сакаш, да си се омажиш
и на Арап свадбина да платиш.
Ќе те прашам Косовке девојке,
ќе те прашам, право да ми кажеш,
жити рода и твојта крвина,
жити вера наша православна,
жити име Христос Исусово,
немој мене ти да ме излажеш:
Каде му се кули Арапови?

Одговори Косовка девојка:
– Кули му се сами познаваат;
под Косово в зелени ливаѓе.
Тамо има белана чадора,
на чадорот од злато јаболко,



тоа свети како јасно сонце,
од далеку сами се познават.
Тога стегна Марко Кралевиќе,
тога стегна своја брза коња.
Го догледа стража Арапова,
го догледа уште оддалеку,
му говори црну Арапину:

– Арапине наши господине,
по друм иде страшна делија,
и страшно ми коња налутило,
од нозе му оган искри летат,
од уста ми бели пени паѓат,
од носот му сини пламни бијат,
од очи му секавици пуштат
и најстрашно ми се променило:
на плеќи му кожув од мечиште,
на глава му калпак од волчиште
и во уста нешто црно носи
како јагне половингодишно.

Тогаш рече црна Арапина:
– Ај ви вамо стражари
вие него убаво пречекајте
и оружје од појас земите,
пратите го при мене да дојде;
тоа ми е младо неженато
тоа иде свадбина да плати,
ќе ми даде азно небројано.
Уште Арап лафот не доречe,
ми приближи Марко Кралевиќе.
Кога Марко стражари приближи,
а стражари сите избегаа,
кој по поле, кои по планина.

Право трга Арапу на чадор.
Марку нему вели: – Добро утро,
добро утро наши господине,
господине, Арап од прек, море!
Кажи мене што е свадбарина
да ти платам царска свадбарина,
оти после патов ќе си гледам,
зер сватови на пат ме чекаат.

Тога рече црна Арапина:
– Ај ти тебе, незнајна делијо,
дали уште не си се научил?
Еве има триесет години,
каде седам во рамно Косово:
кој ќе јунак млади се ожени,
нему зимам триесет и три минца,
а девојка која ќе се мажи,
нејзе зимам триесет минцови;
како тебе најголем јунака,
и шеесет пак не ти се многу!

Тога бара Марко во пазуви,
ми извади саде три минцови;
– На ти тебе, наши господине,
на ти тебе, саде три минцови:
верувај ме друго азно немам.
Ко ќе пој дам п'убава невеста ,
што ќе мене дарој ме дарува,
си дарој тебе ќе подарам.



Тога рече црна Арапина:
– Ал ме лажиш, ал вистина велиш,
ал со мене шега ќе си биеш?
И ми зеде тешка топузина,
ми го удри три-четири пати.
Тога рече Марко Кралевиќе:
– Бог те убил црна Арапино!
Ал се смееш, ал вистина маваш,
ал од кожув правот ми го тресеш?
Почекај ме и јас да те удрам,
ти ќе видиш јунак како мава.

Пак извади Марко Кралевиќе,
ми извади своја топузина.
Кога Марко на Арапин мавна,
фала богу чудо и големо!
Снагата му во земи пропадна,
а глава му на страна побегна.

Пак се пушти по триесет стражари,
дваjсет седум сите ги истепа,
а тројца саде ми остави,
да ми личат три млади телали,
да ми личат низ рамно Косово:
– Каде има јунак за женење,
да си сака мома спроти него,
да си сака да си се ожени!
Каде има мома за мажење,
да си сака момче спроти неа,
да си сака да си се омажи!
Заплатила Маркова десница,
заплатила сета свадбарина.



Гравура на Маркови Кули

**Прашања за размислување:**

- Како е прикажан Марко Крале во оваа песна? Кои негови карактеристики најмногу се истакнуваат?
- Како изгледа Марко во песната и кои симболики се поврзани со неговиот лик?
- Каква е неговата мисија во оваа песна и како таа го потврдува неговиот јуначки карактер?
- Како Марко реагира кога ја среќава Косовската девојка? Што ни кажува тоа за неговата личност?
- На кој начин Марко го надмудрува и го победува црниот Арапин?
- Каква е улогата на свадбарината во песната и како Марко се поставува кон неправдата?
- Каква е пораката што песната ја испраќа за Крале Марко како заштитник на сиромашните и неправедно угнетените?
- Како Марко ја користи својата сила во оваа песна – само за борба или и за правда? Кое е значењето на последните стихови, каде Марко остава тројца стражари како телали?
- Како оваа песна се вклопува во традиционалниот епски приказ на Марко Крале како народен јунак?

Епските јунаци се непобедливи и праведни. Тие се на страната на помалите и помалку силните. Тие се тука да заштитат.

Сите нивни карактеристики се зголемени и разубавени. Тие се бестрашни и непоколебливи.

Размисли и одговори

Кои карактеристики ги има Марко Крале како јунак и кои се воопшто карактеристиките кои треба да ги има еден јунак? Образложи го својот одговор.



Задача

- Истражи кои други јунаци ги има во македонската епска поезија!
- Најди ја стилската фигура хипербола во песната!
- Илустрирај го ликот на Марко Крале по твојата замисла според описот во песната и на часот разговарајте за разликите во вашите цртежи и зошто е тоа така!

## Стилските изразни средства хипербола и градација во секојдневните изрази

**Пример**

Нејзиното сакање беше еднакво со големината на вселената.
Цел век се немаме видено!
Што имаш во торбава, два тона е!
Сто пати ти кажав да си ја исчистиш собата!
Ми пукна главата од тебе!
Таа е убава, прекрасна, волшебна.
Кој лаже и краде, кој краде тој има, кој има дружи се со него. (графит)
Тој е брз, побрз од ветар, побрз од молња, побрз од звук.
Врнеше ситен дождец, потоа дожд, летен и силен, а потоа и град се сипа врз долината.

# ЛИРИКА



**Зборот лирика е старогрчки збор и тој буквално значи вештина на пеење во придружба на лира. Терминот денес означува книжевен род, и во него се содржат сите поетски облици  кои не се епика и драма.**

Лириката е книжевен род кој својата порака ја пренесува преку јазичните средства. Се одликува со изразување на чувства и мисли преку лирскиот субјект, односно поетот. Формата во која се јавува лириката е стихот.

Со векови стихот бил изразно средство на уметничката книжевност во сите книжевни родови. Денес, и покрај тоа што прозата ја освојува епската и драмската уметност, стихот останува незаменлива и специфична уметничка форма на израз на поезијата.

Стихот и поезијата ја покажуваат силната поврзаност со ритамот и убавото изразување.



## ПОИМ ЗА СТИХ, СТРОФА, ЛИРСКИ СУБЈЕКТ

**Стих** е метричка единица која се состои од неколку стапки, а секоја стапка може да има два или повеќе слогови.

Графички поставено во песна, стихот е еден ред од песната.

**Строфата** е група од неколку стиха кои прават смисловна целина.

Метрички дефинирано строфата во најширока смисла е метрички систем составен од неколку стиха кои можат да имаат, но не мора, идентичен ритам.

**Лирски субјект**-низ лирскиот субјект поетот ја обликува книжевната порака.

Авторот/поетот на песната и лирскиот субјект можат, но не мора да се идентични. Има песни во кои лирскиот субјект не само што не е авторот туку е нешто персонифицирано.

### Научи повеќе

**Ритамот (rhythmós = рамномерно, одмерено движење)** во поезијата претставува рамномерно повторување на одреден број елементи (јазични сигнали) од кои се составени стиховите и строфите. Главни особини на стихот се ритмичките стапки и цезурата. Ритмичка стапка претставува збир, односно комбинација од долги и кратки слогови или, пак, од нагласени (акцентирани) и ненагласени (неакцентирани) слогови во еден стих.

**Версификацијата**, односно метриката е книжевно-теориска дисциплина што се занимава со проучување на ритамот во поетскиот говор, односно во стиховите.

### Задача

- Размисли за поетските творби и за текстовите кои ги имаш прочитано. Во што се разликуваат тие?
- Дали исто се пишува и се чита песна и некој расказ? Што според тебе е различно?
- Дали има нешто различно во јазикот што се користи во поезијата (песните) и во прозата (текстовите). Објасни го твоето разбирање на овие форми на литературата со неколку реченици.

*Да се потсетиме, според поделбата на литературата, таа се дели на три литературни рода: лирика, епика, драма. Со лириката се изразуваат чувства и мисли, епиката раскажува, додека драмата претставува.*

### Потсетување

Кога зборувавме за епските песни, се запознавме со стилските изразни средства хипербола и градација.

Вам веќе ви се познати компарацијата – споредувањето и персонификацијата како стилски изразни средства.

**Компарацијата** е едно од најупотребуваните стилски изразни средства во поезијата, со кое се споредуваат слични, но и многу различни нешта. Најчесто во компарацијата поетите се служат со сврзниците **ко** и **како**.

**Персонификација** е претставување на предмет, апстрактен поим или идеја во човечки лик. Оживувањето на предметите и нивното очовечување е карактеристично за поетскиот израз.

## Силата на зборовите

Куќи и кули се ѕидаат со тули,
се ѕидаат и огради на дворови,
но тоа е нешто сосема друго,
песни се ѕидаат со зборови.

Секој збор по нешто кажува,
со збор и ѕвезда се подлажува,
и сонце в очи се населува,
и гладен страден развеселува.

Кога збор со зборови ќе се здружи,
војска е тоа што пука со ружи,
од ружите в срце пламнуваат зори
и крвта зажарува, како вулкан гори.

Зборови има многу и секакви,
убави, грди уште некакви,
со нив се плетат разговори,
се водат војни и спорови.

Зборови, зборови маѓосни,
често сте птици најрадосни,
имате сила што лекува,
со вас се расте и векува!

► *Стојан Тарапуза*



Стојан Тарапуза

### Прашања за разбирање:

- Што гради поетот со зборовите, а што со тулите? Кое е значењето на оваа споредба?
- Какви моќи им припишува поетот на зборовите во секојдневниот живот?
- Каква е симболиката на стихот „војска е тоа што пука со ружи“?
- Како зборовите можат да донесат радост, но и да предизвикаат војни и спорови?
- Зошто поетот ги нарекува зборовите „маѓосни“ и „птици најрадосни“?

### Прашања за продлабочена анализа:

- Кои стилски фигури се користени во песната (персонификации, споредби)? Како тие ја збогатуваат пораката на песната?
- Какво е значењето на зборовите во нашите животи според оваа песна?
- Како песната ја нагласува одговорноста што ја носиме кога ги користиме зборовите?
- Дали во песната зборовите се прикажани повеќе како градежна сила или како разорна моќ? Зошто?
- Што мислите, која е главната порака на песната?

### Размисли и одговори

- Што мислиш, кој е лирскиот субјект во оваа песна?
- Дали препозна некое стилско изразно средство од оние кои ги изучи досега?

## Раѓањето на песната

Без славејот што пее во зори
ова песна-песна не би била.
Без Месечко што плива над гори,
и од небо плиска зраци-свила,
ова песна-песна не би била.

Под облаци птичје јато лета,
мине негде, во туѓина оди.
За јатото што крик жален кине
утре тажна песна ќе се роди.

И житата што на ветрот в поле
шепот ронат со свенати глави,
и штурецот, тој безумен свирач
што в залезот сончев ќе се јави,

и светулка што во мракот летен
се стрелнува ко ѕвездичка лесна,
сите, сите ќе допишат збор-два
во некоја неродена песна.

И есента во жолтата руба,
што на ветрот по полето мине,
и листецот треперлив и нежен
што со болка од гранче се кине,
ќе налеат в срце полно тага,
а од него ќе излезе потем
како песна и болна и драга.

И очите на некое дете,
очи тажни,
очи кротки, влажни,
очи жедни за љубов и грижа,
тие очи во песни ќе влезат
и таговни стихови ќе везат.

За песната што сè уште негде
неродена, недојдена чека,
за песната, над песните песна
треба срце широко ко река...

▸ *Глигор Поповски*



▪ Глигор Поповски

### Прашања за разбирање:

- Каква е улогата на природата во создавањето на песната според поетот?
- Зошто поетот вели дека песната не би била песна без славејот, Месечината и другите природни елементи?
- Како чувствата како тага, љубов и копнеж се поврзуваат со раѓањето на песната?
- Кои слики и емоции ги создава поетот со описот на есента, листовите и светулката?
- Што претставуваат очите на детето во контекст на создавањето на песната?
- Како последните стихови ја сумираат суштината на поетската уметност?
- Што според вас значи „песната, над песните песна“ и каква е нејзината вредност?
- Каква порака сака поетот да ни пренесе за потеклото на инспирацијата и креативноста?

# ТЕМИ И МОТИВИ ВО ЛИРСКИТЕ ПЕСНИ

Мотивско-тематски поделби на лирските песни:



1. Рефлексивна песна – изразува размислувања на поетот за животот, времето, судбината, постоењето и сл. Често е исполнета со филозофски или емоционални елементи.

2. Пејзажна песна – ја опишува природата, годишните времиња, пејзажите, атмосферски промени и чувствата што тие ги предизвикуваат.

3. Хумористична песна – содржи духовити, сатирични или апсурдни ситуации, игри со зборови, комични контрасти и неочекувани пресврти со цел да насмее или иронично да прикаже нешто.

## Игра

Времето е проѕирно ко лик на бистри води
времето се бранува ко тајна во сонот
времето е звучен часовник на огнените плеќи
времето е чудна утеха на семињата
времето е огледало на рударите и вратарите
времето ѕвони во зрелите плодови
на ланското семе

времето е верна слика на поетите
слатка приказна за млечните музи
ноќна делба на пријателите
неговата постела
најголема измама на симболите.

▸ *Раде Силјан*



▪ Раде Силјан



### Разговараме

- Кои симболи се користени во песната за да се прикаже времето? Направи листа за тоа што сè е времето според поетот?
- Што значи стихот „времето се бранува ко тајна во сонот“?
- Каква е врската помеѓу времето и „зрелите плодови на ланското семе“?
- Како поетот го прикажува времето во однос на поетите и музите?
- Зошто времето е наречено „најголема измама на симболите“?

### Прашања за анализа:

- Каква е улогата на рударите и вратарите во песната? Што претставува времето за нив?
- Зошто времето е прикажано како нешто променливо, а во исто време и како нешто неизбежно?
- Каква е емоционалната атмосфера на песната? Дали доминира носталгија, загриженост, смиреност?
- Каква порака или размислување за животот сака да пренесе поетот преку оваа песна?

# ПЕЈЗАЖНИ ПЕСНИ

## Есенска песна

Есен дојде магловита сива
и рони листец жолтозлат,
бело јато над поле се крева
в болка лета на далечен пат.

Темен облак распнал темно крило
и в пазува крие сончев лик,
в зора рана небото го кине
од жерави тих и жален крик.

– Татковино, догледање мила,
– во јатото клика жерав мал,
капат лисја, чиниш златни солзи
рони гора обвиена жал.

▸ *Евгенија Шуплинова*



### Прашања за разбирање:

- Кои слики од природата ги користи поетот за да ја прикаже есента?
- Какво расположение создава песната? Дали е радосно, тажно, носталгично?
- Кој е мотивот на патувањето во песната? Што симболизира јатото што заминува?
- Како е прикажана врската помеѓу есента и тагата во песната?

### Прашања за анализа:

- Кои стилски фигури се користени во песната? Дајте примери на споредби или персонификација.
- Каква е симболиката на „златните солзи“ што ги рони горати?
- Како поетот го прикажува сонцето во песната? Што значи тоа што „темен облак распнал темно крило“?
- Каква е улогата на жеравите во песната? Што претставуваат нивниот лет и „жалниот крик“?
- Што мислите, каква порака или чувство сака поетот да пренесе преку оваа есенска слика?

# ХУМОРИСТИЧНИ ПЕСНИ



## Еден, една, едно, едни... кои се следни?

Еден дрдорлив папагал цела секунда молчи како риба!
Една неналутена змија лутица вети дека цела зима нема никого да гиба!
Една чепкалка за заби побара од неа да направат цел кубик греди и колци!
Едно јагне рече: гладно сум како глутница волци!
Една крастава жаба се јави на конкурс за мис!
Една страчка–пејачка разочараната публика ја истепа и ја натера да пее на бис!
Една секира настојува да постави рекорд во маратонско пливање!
Една греалка се пријави на натпревар во кашлање и кивање!
Еден нилски коњ сака балетан да стане!
Еден кит, пак, првенец во играње танец!
Една санта лед рече дека гори од љубовен жар!
Еден лепешкар свечено изјави дека не сака да биде цар!
Една густа магла се заколна: – Жими очи!
Едно магаре побара место потковици на нозете да ѝ стават грамофонски плочи!
Едно тукушто испилено пиле почна да ги опишува мамутите и диносаурусите од предисториско доба!
Еден чевел се скина од мака кога неговиот милионит купувач го врати на рафтот, откако претходно го облече „за проба“!
Еден кревет отиде кај лекар да побара апчиња за смирување: откако е роден, сѐ некој спие врз него, а тој не може да дремне ни миг!
Една овца доведе цело трло волци на стриг!
Еден комарец поднесе жалба: коприва го журнала!
Една карпа се пожали дека некоја бубамара во бездна ја турнала!
Една искорната исушена врба посака веќе да не раѓа грозје, туку лубеници и дињи!
На еден конкурс за уредност и чистота, првата награда: обетки од чисто злато, ја добија – свињи!
Еден телефон му се јави на неговиот сакан ѕиден часовник од соседната зграда: – Да знаеш, ќе ти откажам веќе! На закажаниот состанок никогаш не си ми дошол точно навреме!
Едни очила на парчиња си ја скршија платнената футрола: им се лизнала од полицата и паднала – право на теме!
Една никогаш неотворена и непрочитана книга ја прогласија за рекордер – читач!
Еден таван во новоизградена куќа, пак, за најголем скитач!
Една вага, родена во знакот на вагата, најпрецизно мери лут ветар и магла густа!
Еден јазик изјавил за јавноста: – Кога нема што да срка, најмногу дроби и меле празната уста!

► *Александар Кујунџиски*

## Прашања за разбирање:

- Каков вид хумор е користен во песната? Има ли смисла?
- Кои карактеристики ги прават овие ситуации смешни или необични?
- Кои животни, предмети и појави се споменати во песната? Што е заедничко за сите нив?
- Како поетот ги прикажува животните и предметите како да имаат човечки особини?

## Прашања за анализа:

- Какви стилски фигури се користени во песната? Дадете примери на хипербола или персонификација.
- Зошто мислите дека поетот користи вакви неверојатни и за неверување, споредби? Што сака да постигне?
- Каква слика за светот создава поетот преку овие забавни и необични ситуации?
- Кои стихови ви се најсмешни? Зошто?

## Задача од Јазик

- Најдете ги броевите во песната „Еден, една, едно, едни ... кои се следни?“.
- Определете која граматичка категорија е воочлива во овие примери.

## Мотивско-тематска поделба на песните:

### „Игра“ – рефлексивна песна

- Песната зборува за времето преку различни симболички претстави.
- Опишува како времето влијае врз луѓето, природата и уметноста.
- Песната е филозофска расправа за времето.

### „Есенска песна“ – пејзажна песна

- Ја опишува есента, промените во природата, магливото небо и паѓањето на лисјата.
- Ја вклучува и тагата на птиците што заминуваат, што додава емоционална нота, но доминира природниот опис.

### „Еден, една, едно, едни... кои се следни?“ – хумористична песна

- Содржи низа бесмислени, комични ситуации (на пр. папагал што молчи, жаба што оди на избор за „мис“, санта мраз што гори од љубов итн.).
- Ја користи играта со зборови и невозможните споредби за изразување на смешното.





**Задача**

Пронајди ги стилските изразни средства во песната „Чие је она девојче“?

## Чие је она девојче

Чие је она девојче,
Што рано рани на вода,
со две стомнички шарени?
Удрило февче над око
сошило алтан на чело,
тргнало долу под село,
убава песна пеало.
Под село има ливаѓе,
во ливаѓе има бел шатор,
под шатор седат терзии
пред шатор дошла девојка
и на терзии зборуа:
– Терзии, назли назлии,
колку пари ми сакате,
фăстано да ми шиете?
– Ој ти, девојче калешо,
ти да ни месиш погача,
без вода да ја измесиш,
на гради да ја испечиш
за ручек да ја донесиш,
фăстано ти да си земиш.

▸ *Македонска народна песна*



# ВИДОВИ РИМА

**Римата** е фонолошка односно фигура (стилско изразно средство) на звучење. Лирската песна особено била поврзана со ритам и звучно совпаѓање на зборовите. Римата претставува гласовно (целосно или нецелосно) совпаѓање на исти слогови на крајот од два или повеќе стиха. Има неколку видови рими.

Според распоредот во строфата, разликуваме: **паралелна**, **вкрстена**, или **обгрлена**/**гушнат**а рима. Римуваните стихови лесно се распознаваат според местото доколку внимателно се читаат.

**Паралелната рима** е онаа во која стихуваните стихови се наоѓаат еден под друг. Тоа значи дека се римуваат првиот и вториот, третиот и четвртиот стих и така натаму.

**Вкрстена рима** е таа рима во која се римуваат првиот и третиот; вториот и четвртиот стих.

**Обгрлена** (гушната) рима е кога се римуваат првиот и четвртиот; вториот и третиот стих.

**Задача**

Во стиховите подолу пронајди ги римите и определи ги какви се според нивниот распоред во строфата.

## Носталгија

Ова е земјата што го носи прекорот на мојата мајка
ова е земјата што живее во бессоницата на моето **село**
и во потењето на татковиот белогрив коњ
што го впрегнал морето **бело.**

▸ *Љубен Ташковски*





## Задача

Пронајди ја римата во песната и одреди каква е според нејзиниот распоред во строфата.

## Ехо

Еднаш викнав од високо
и гласот два-трипати
одзад ридот и шумата
назад ми се врати.

И заедно со гласот
оттаму се врати
и ветрот кој водата
во реката ја мати.

И ја видов тогаш
онаа танка црта
од наглувата земја
и семињата што ‘ртат.

И видов како огнот
и барутот земна,
притаено, скришум,
во заседа се демнат.

И видов јасените
колку јасно дишат
кога сонце навалено
на врвот им се ниша.

И видов како шеќерчиња
јаготката збира
и како сама малината
преточува шира.

И видов колку, каде
во гласот мој е блиску
она што е високо
и она што е ниско.

И видов како може
сегде да се стаса,
но не видов како, како
ми се врати гласот.

**„Шарам-барам“**

► *Петре М. Андреевски*





### Задача

Пронајди ја римата во песната и одреди каква е според нејзиниот распоред во строфата.

## Балада за црвениот чевел

Црвен детски чевел на пустата **плажа**
пред песочен дворец верно чувал **стража**.

Дошол бран на полноќ и му шепнал само:
– Зар пловидба ноќе, тебе не те мами?

И човекот тргнал – чун без едра **бели** –
по водите сини, во подвизи **смели**.

Ноќ. Плисок на далги. И безбрежност **бездна**.
На небото – луна. И ѕвезда до **ѕвезда**.

Наоколу – риби. Не изброил колку.
Црвениот – чевел саноќ пловел молкум.

Два рака му биле морнари без весла.
Бисерна школка му пеела песна.

Пловел чунот саноќ по море без почин,
преполн со месечина и ѕвездени очи.

Изутрина рано ветре лесно него
го вратила тивко повторно кај брегот.

Црвениот чевел пред децата зинал
да раскаже како ноќта тој ја минал.

Но, не нашол слушач за сказни свои.
Го фрлиле негде – таму уште стои.

А колку ли чудни ѕвездени сказни крие
црвениот чевел, в грмушка што спие!

▸ *Видое Подгорец*

### Задача од Јазик

- Најдете ги односните придавки во песната и определете на кој вид припаѓаат:

- Материјални: ______________________________
- Присвојни: ______________________________



**Задача**

Пронајди ја римата во песната и одреди каква е според нејзиниот распоред во строфата.

## Пладне

Штом во домот стигнам весела и распеана,
цел свет е мој и срцето ми е полно
оти знам дека мама и тато чекаат
да ме гушнат со полна душа разлеана.

Пладне е во домот наш убав и чист
разлетани птици дворот ни го красат
кога трошки им давам и со збор ги викам
им трепераат крилцата како дабов лист.

Сончко е високо горе на ова врело пладне
распослал зраци над сета родина моја
се радувам што сум тука весела и мала
и не давам никому лош збор да падне.

Посакувам ветрец свеж душата да ја лади
да сонувам светови и цветови во сите бои
како да се од некоја стара приказна излезени
да не канат вечно да бидеме млади.

На пладне сончко највисоко се искачил тој
цел свет го посакува така вечно да трае
топлина и радост по светот да шири
во ова убаво пладне сончко е најмил мој.

Пладне, тебе оваа песна од срце ти ја срочив
те чекав да дојдеш, ѕвонче училишно да ѕвони
да скокнеме сите во еден единствен здив,
а знаев дека е пладне кога на прагот домашен крочив.

*Петар Башески*



## Задача

Избери една од песните и направи анализа на мотивите, пронајди го лирскиот субјект и одреди ја римата според распоредот во строфата доколку ја има.

## Старата воденица

Се црнее в поле до патека тесна,
зад неа јазот сув, обраснат, лежи,
не допира во неа ни воздишка лесна
да заниша распнати пајакови мрежи.

Ѕидовите полека времето ги гризе,
тие се замовени, а вратат тесна црна;
покривот сиот искривен и снижен,
болно немее со маглишта згрнат.

Не шуми јазот, не врти каменот,
го нема воденичарот на праг да седи,
само по некое врапче осамено
ќе зацврчи напати на старите греди.

До ѕидот неколку страка живот
тивко класаат низ насмевки зелени –
смирено постилаат шепот питом
зрната што останале несмелени.

► *Софе Штерјоски*

## Ноќен пејзаж ѕвезди

На цртежот – токи, дамки,
многу чудна глетка,
какви ли се тие мамки,
каква ли е сплетка.

Врти, сучи – барај смисла,
пак е празен неред –
трошки бели в мракот скиснат
без никаков след.

Кренал рака, четче грабнал,
создателот скришен,
рески додал, итро шавнал,
живнал сводот вишен.

Цртежот во трепет горел –
многу чудна глетка,
од зад листот првнал орел –
пејзажот го сметкал.

► *Бранко Цветкоски*



## Метафора

**Метафората** е стилска фигура која се појавува кога значењето на еден збор се пренесува на друг збор врз основа на некаква сличност меѓу нив. Таа се заснова на аналогија, односно на тоа дека два различни поими имаат нешто заедничко. На пример, во изразот „свеќата солзи“, зборот „солзи“ не значи буквално дека свеќата плаче, туку се користи затоа што капките восок личат на човечки солзи. Со тоа, метафората го прави јазикот поизразен, посликовит и побогат. Таа е скратена споредба, во која не се користат зборови како „како“ или „слично на“, но сличноста меѓу поимите се подразбира. Метафората истовремено претставува јазично отстапување, бидејќи зборовите не се користат во нивното буквално значење, но ако има доволна сличност помеѓу поимите, тоа отстапување станува разбирливо. Така, метафората не е само украс во јазикот, туку и средство за креативно изразување и пренесување подлабоки значења.

### Ленка

„Билјана платно белеше...“

Откако Ленка остави
кошула тенка ленена
недовезена на разбој
и на наломи отиде
тутун да реди в монопол –
лицето ѝ се измени
веѓи паднаја надолу
и усти свија кораво.

Не беше Ленка родена
за тија пусти тутуни!
Тутуни – жолти отрови
за гради – китки розови.

Прва година помина
грутка в срцето ѝ легна,
втора година намина
болест ја в гради искина.
Трета година земјата
на Ленка покри снагата.

Иноќе кога месечко
гроб ѝ со свила виеше.
Ветерчок тихо над неа
жална ѝ тага рееше:
„Зошто ми, зошто остана
кошула недоткаена?
Кошула беше даровна...“

► *Кочо Рацин*

## Разговараме

- Какви чувста предизвика кај тебе песната „Ленка“ од Кочо Рацин?
- Што се опејуваво песната? Дали поетот користи метафори? Ако поетот користи метафори пронајди ги!
- Во стиховите подолу кои се дел од песната „Ленка“ од Кочо Рацин, кое стилско изразно средство го препознаваш?

*Прва година помина*
*грутка в срцето ѝ легна,*
*втора година намина*
*болест ја в гради искина.*
*Трета година земјата*
*на Ленка покри снагата.*

- Дали има рима во песната? Во кои стихови?



## Задача

Истражи како се викаат стиховите во кои отсуствува римата.

**Задача**

Прочитај ја песната „Везилка“ од Блаже Конески. Размисли и одговори какво значење имаат боите во оваа песна? Дали во песната има метафори? Ако во песната има метафори пронајди ги!

## Везилка

Везилке, кажи како да се роди
проста и строга македонска песна
од ова срце што со себе води
разговор ноќен во тревога бесна?

- Два конца парај од срцето, драги,
едниот црн е, а другиот црвен,
едниот буди морничави таги,
другиот копнеж и светол и стрвен.

Па со нив вези еднолична низа,
песна од копнеж и песна од мака,
ко јас што везам на ленена риза
ракав за бела невестинска рака.

Судбинско нешто се плело за века
од двете нишки, два созвучни збора,
едната буди темница што штрека,
другата буди вкрвавена зора.

2.

Везилке, крени наведена лика,
погледај небо во претпладне златно:
се шари таму и чудесна блика
твојата везба на синото платно.

За тебе нема ни вечерен запад,
ти – морно око на трепетна срна.
Две бои таму ти горат и капат,
две шарки твои – црвена и црна.

Зар не се плашиш од јаркоста нивна,
и најмил спомен дека ќе ти згасат?
Зошто се губиш, ти строга, ти дивна,
дните ти минат, прокоби се гласат.

– И најмил спомен што в душа ми блеска
се гаси од нив ко цвеќе без боја.
Но ти што ловиш звук на чудна песна,
ти си ја кажа судбината своја.

► *Блаже Конески*



# ПОЕТСКА СЛИКА

**Поетска слика** претставува дел од песната во кој поетскиот јазик создава заокружена целина преку која се доловуваат чувства, мисли, описи и силни впечатоци. Таа има моќ да го поттикне читателот да визуализира сцени или да си го претставува прочитаното, да доживее емоции или да почувствува одредена атмосфера. Поетските слики најчесто се изградени преку ликовни, звучни, мирисни и други силни впечатоци, а се остваруваат со помош на стилски фигури како метафори, споредби, епитети и симболи. Понекогаш поетските слики се совпаѓаат со строфите, но понекогаш една поетска слика може да се протега низ повеќе строфи или пак една строфа да содржи повеќе од една поетска слика.

## Размисли и одговори

Колку поетски слики има во песната „Везилка“ според твоето читање?

**Насоки за почеток:**

1. **Поетска слика** – создавањето на песната како вештина на зборот и везењето како вештина на украсувањето на облеката.
2. **Поетска слика** – црвените и црните конци симболи на радост и тага.

Сега продолжи самостојно.

## Задача

На часот по Ликовно образование направи цртеж во кој ќе ги насликаш поетските слики од песната „Везилка“ од Блаже Конески на ликовен начин. Користи материјали по свој избор.

## Северец

**Одметник од осаменоста на врвовите**
**штотуку замомчен летач**
плисна врз спокојот на долината.

Зачуден од грациозноста на преселниците
стивна во палавоста,
раздвижен од мирисот на летните треви
се спрпелка во жуборот на брзаците.

Високо горе
на небудноста ѝ се суди според редот,
а бесните дедовци завиваат по прооденчињата
– низ крошните, соколи,
секавично треба да се јурне.



▸ *Бранко Цветкоски*

### Задача

Прочитај ја песната „Северец" од Бранко Цветкоски и пронајди ги метафорите во неа. Размисли за потемнетите стихови.

Еве малку помош:

Во песната **„Северец"** има повеќе метафори кои го збогатуваат нејзиниот сликовит израз:

1. **„Одметник од осаменоста на врвовите"** – Северецот (ветерот) е претставен како одметник, некој кој се одделил од врвовите и ја носи својата осаменост и студенило низ светот.

2. **„Штотуку замомчен летач"** – Ветерот е споредено со млад, неодамна созреан летач, што му дава човечки особини и му припишува на ветрот младешка енергија и неискуство.

Метафорите ја прават песната динамична, ја персонифицираат, ја оживуваат природата и создаваат впечаток на живост и енергија.

## Пред паметникот на Делчев

*Вечерва со тебе да зборувам мислев*
*и еве ме, дојдов во доцниов час,*
сив октомври рони пожолтено лисје,
октомвриски ветер ме милува ете,
октомвриска радост преполнила гради
ечи в мојот глас.

*Јас пред тебе стојам, пред образот ладен*
*што вечерва жив е, а не занемен.*
Почнува низ градот ноќта да се краде
ветерот се плетка низ свиткани ветки
и тука по патот распостила злато
ветрот немирен.

Вечерва е вечер на спомени пресни
што в секое срце искрат копнеж врел,
вечерва е вечер за најмили песни
што низ гради волни, со радост се полнат;
нив в машкост ги плиска минатото блиско
на народот смел.

А јас – јас ти праќам жив поглед и сакам
да ти кажам нешто, само некој збор,
и ти одобруваш со твојата рака,
велиш: момче кажуј за смелите мажи,
за октомври славен, за октомври светол
за Илинден втор.

Почнувам. Ти слушаш, ти мене ме гледаш
со погледот чуден, радостен и тих
ти слушаш глас еден од многуте чеда
што достојно, смело патот твој го следат
што в градба ја градат гранитната зграда
на животот мил.

Октомври е денес во нашата страна
да, еве го кај нас, го сеќаваш ли?
Во октомври, Гоце, роднината стана
и внуците твои нарипаа в бојот
со твоето знаме разгореа пламен
во октомври сив.
Октомври се шета вечерва низ градот
во срцата наши празничен е тој,
октомври ни носи насетена радост
а животот убав преполнет со љубов,
израснува светол и кипи и цвета
в трудовиот бој.

Ноќта тихо шепти по лисјето меко
во градот се спушта кроце доцен час,
„видение добро“ на Гоце му реков
октомвриска вечер ме гушна ко дете
октомвриски расказ в октомвриска вечер
привршував јас.

► *Гане Тодоровски*
(„Во утрините“, 1951)

### Разговараме

- Прочитај ги изделените стихови. Што забележуваш во нив?
- Дали има некакво обраќање? Кој кому се обраќа?
- Каква порака треба да добие Делчев?
- На кој историски период на македонскиот народ се однесува оваа песна? Поврзи ги своите размислувања со стиховите: *за октомври славен, за октомври светол за Илинден втор.*

### Задача

Истражи што значи изразот: втор Илинден во македонската историја.

## Апострофа

Апострофата (во превод од грчки јазик – одвраќање од публиката, одвраќање од нешто) е стилска фигура, според Р. Младеноски, со која говорникот (или поетот, односно лирскиот субјект во поезијата), одеднаш престанува со директното обраќање кон публиката односно читателот и се обраќа кон некоја отсутна личност или кон нештото за коешто зборува. Затоа апострофата секогаш е во вокативна форма, односно во форма за довикување.

Во песната „Пред паметникот на Делчев“ прочитај ги обележаните стихови.

Каква е оваа песна според тематско-мотивската определеност?

## Рефрен

**Рефрен** е стилско изразно средство каде што има повторување на еден или повеќе стихови во песната. Се употребува за да се зголеми, емоционалноста и сликовитоста во песната и придонесува да се поттикне музикалноста, односно ритамот во неа.

Рефренот е многу честа стилска фигура во народната поезија, а се сретнува и во уметничката.

### Срцето на пролетта

Срцето на пролетта
каде ли се крие,
можеби во птицата
танец кога вие...

Срцето на пролетта
во небесно платно,
можеби се крие
во сонцето златно.

Срцето на пролетта
штом осамне денот,
можеби се крие
во цветот на дренот.

Срцето на пролетта
крие чуда триста,
можеби е поточе
со насмевка бистра.

Срцето на пролетта
како здравец – мелем,
можеби е волшебник
во бајките вселен.

Срцето на пролетта,
таа цветна бајка,
можеби е љубовта
на секоја мајка...

*Ненад Џамбазов*



## 615.

Ох, стани, Димке, зора е!
— Спавај, драго, још не е;
имам лице, леле, бело лице,
имам лице како бела книга!
— Стани, Димке, зора е!
— Спавај, драго, још не е;
имам очи, црни очи,
като капка мереќена!
— Стани, Димке, зора е!
— Спавај, драго, још не е;
имам вежди, танки вежди,
како морски пијавици!
— Стани, Димке, зора е!
— Спавај, драго, још не е;
имам уста, блага уста,
като шеќер, бадем шеќер!
— Стани, Димке, зора е!
— Спавај, драго, још не е;
имам коса, длга коса,
како тура ибришима!
— Стани, Димке, зора е!
— Спавај, драго, још не е;
имам сн'га, рамна сн'га,
како морската трстика.

▸ *Од Шапкарев, Избрани дела, кн. 3*

### Разговараме

- Што се опејува во двете песни?
- Дали поетот користи стилски фигури? Пронајди ги.
- Што забележуваш заедничко во двете песни?
- Има ли стихови кои се повторуваат низ двете песни?
- Во кои стихови има рефрен? Пронајди ги.

### Задача

Напиши пејзажна песна во која ќе го употребиш стилското изразно средство рефрен.

# ХИМНА

Зборот **химна** е преземен од елинскиот јазик и значи песна на славење. Песна во слава на некој бог или некој јунак, народ или држава. Во христијанството химните се исполнуваат за слава на Бог.

Химната е нематеријален симбол чија изведба кај слушателот буди емоции како чувство на припадност, национална гордост и слично. Таа е симбол на државно единство.

Химната може да се дефинира како патриотска песна која е официјално прифатена и која се изведува на официјални настани. Тонот на химната е свечен.

Автор на македонската химна е Владо Малески. Музиката и аранжманот се на Тодор Скаловски.



## Химна

Денес над Македонија се раѓа,
ново сонце на слободата!
Македонците се борат,
за своите правдини!
Македонците се борат,
за своите правдини!

Одново сега знамето се вее,
на Крушевската Република!
Гоце Делчев, Питу Гули,
Даме Груев, Сандански!
Гоце Делчев, Питу Гули,
Даме Груев, Сандански!
Горите македонски шумно пеат,
нови песни, нови весници!
Македонија слободна,
слободно живее!
Македонија слободна,
слободно живее!



*Владо Малески*

## Изразување и творење

Напишете песна со различен мотив: може за убав и впечатлив пејзаж, за некоја хумористична случка или за љубов кон татковината.



### Примери:

Во гора една во Гватамала,
мечка пие чај со чаша мала.
до неа седи и зајко бел,
до мечката штом седи се прави смел
двајцата се загледани во реката
гледаат – рибата ја препливува препреката!

### Пример 2

О татковино, земјо мила,
сонце златно на бајракот те грее,
низ векови ти светиш, силна,
за тебе секој во срцето своја песна пее.

### Насоки за пишување:

- Избери тема и распредели ги строфите (најлесно за почеток е четири стиха во строфа, но воопшто не мора да се држиш до оваа препорака, организирај ги стиховите по смисла и значење).
- Користи **метафори, компарации, персонификации** за да ја збогатиш песната.
- Заврши ја песната со порака.

## Потсетување

### Стилски изразни средства во примери:

- Компарација (споредба): *Сонцето ти златно свети – како штит над земја родна.*
- Персонификација: *Мечка пие чај со чаша мала..*
- Метафора: *Гори огнот, гори срце.*
- Апострофа: *О татковино, земјо родна!*
- Хипербола: *Риба во река од два тона!*

# ЕПИКА

## Јаготки

Дедо Димо беше наведнат и занесен во работата. Тие тројцата – Митко, Круме и Борче, се приближија до оградата. Старецот не ги чу нивните тихи чекори по влажната земја. Со лактот Круме се потпре на оградата и праша:

– Дедо Димо, што правиш?

Старецот како да не го чу. Тројцата се погледнаа меѓу себе. Но, во тој миг, дедо Димо се исправи, ги стави рацете одзади на половината и се сврти кон нив:

– А, вие ли сте, ѓаволи ниедни. Каде сте заакале?

– Што правиш, дедо Димо? – го повтори прашањето Круме и се правеше божем зборовите на старецот не се однесуваат за нив тројцата. Потоа подбивно дофрли:

– Да не береш јаготки, дедо Димо?

– И тоа ќе биде, деца. И тоа ќе биде. Само, пустите, и тие сакаат работа – одговори старецот сериозно, веројатно расположен за разговор. – Ете, се намножиле, се згуснале, па ги разредувам, ги пресадувам.

– Значи, оваа година ќе има повеќе јаготки? – праша Митко.

– Ќе има, деца, ќе има – одговори старецот. – Ќе има ако останат од вакви ѓаволи како вас.

– Ама, дедо Димо, ние никогаш не сме краделе од твоите јаготки. Ако ни дадеше ти, ќе земевме! – се јави Борче. – Ние никогаш не сме краделе.

– Знам, знам – рече старецот и се накашла. – И оваа година ќе ви давам.

Митко се сети за нешто. Малку ја крена главата, а очите му светнаа некако чудно, како да криеја некаква нова тајна, што само тој ја знаеше. Ги погледна своите другари, но немаше време да ги прашува, да се договара со нив, туку се сврти кон старецот:

– Дедо Димо, дај ни неколку корени јаготки.

Неговите другари го погледнаа, зачудено ги кренаа веѓите, како да сакаа да речат: „Ех, зошто ти се корени!“ Но, Митко продолжуваше да зборува:

– Дај ни неколку корени, ние ќе си ги посадиме...

– Е, и вие сакате да станите градинари. Тоа е убаво. Убаво е човек да работи и да си касне од берикетот што му се родил. Да касне од своето. Тоа е послатко. Ќе ви дадам, деца, ќе ви дадам. Влезете.

Тројцата влегоа низ вратничето.

И оваа година, штотуку се запролети, тие тројцата не можеш да ги видиш по градските улици. Ќе дојдат од училиште, ќе ручаат и ете ти ги – си свиркаат еден на друг. Излегуваат од дома и тројцата се упатуваат надвор од градот; шетаат по ливадите, по лозјата и по

овошните градини. Го познаваат секое патче, секое изворче; ја знаат секоја грмушка и, речиси, секоја ветка од родните дрвја. Знаат и на која падинка, околу која грмушка се појавуваат првите пролетни цвеќиња.

И овој ден излегоа, зашто топлото априлско сонце ги мамеше во ливадите, во разлистената шума. Свратија до градината на дедо Димо. Откако тој им даде неколку корени јаготки и откако им кажа како да ги посадат, тие се вратија во градот. Неколку облачиња на запад сѐ уште руменееја од зраците на веќе зајденото сонце. Вечерната сенка ги покри ливадите, нивите, лозјата и налегна, се згусна во долиштата.

Утредента се најдоа тројцата другари и ги посадија јаготките во градината зад куќата на Борче. Со копач ископаа мали дупки, ги кладоа внатре корените и ги затрупаа со земја. Горе, на површината, останаа само малите листенца. Ставија малку и ѓубре, па ги навадија со вода. Потоа секој ден кога ќе се вратеа од училиште, доаѓаа кај своите јаготки. Листенцата растеа и по некое време се појави и првата пупка, која по неколку дена расцути. Цветчето процути и заврза а се појавија и други цветчиња. Сите тие ќе станат јаготки, големи, црвени јаготки. Со секој ден јаготката од првото цветче растеше сѐ поголема и поголема. Растеа и другите, ама оваа беше најголема, па тројцата другари најмногу нејзе ѝ се радуваа. Еднаш Митко сакаше и да ја пипне со прстињата, но Круме му подвикна:

– Не фаќај ја! Немој!

– Зошто?

– Ако ја фатиш, веќе нема да расте.

– А, ти сакаш да порасне како диња. Ех! Тоа се само бабини деветини.

– Сеедно. Не фаќај ја! Зелена е.

По неколку дена в училиште Борче радосно им шепна на Митко и на Круме:

– Почна да црвенее...

– Што? – двајцата прашаа зачудено.

– Јаготката... Почна да црвенее. Изутринава видов.

По свршувањето на часовите сите тројца се стрчаа да ја видат јаготката. И навистина, од едната страна која најмногу беше изложена на сончевите зраци, јаготката почнала да црвенее, да зрее. Веднаш ја навадија со вода и пак ѝ ставија ѓубре. Оттогаш секој ден ја гледаа неа, најјадрата јаготка. Ја залеваа со вода, ѝ се радуваа. Ја гледаа како некое чудо, што тие успеале да го создадат. За неа се грижеа како за некоја своја мала сестричка, а таа руменееше сѐ повеќе и повеќе. И се радуваа како на некој скап подарок. Не да речеш дека не виделе, дека не каснале јаготки. Многу јаготки виделе и изеле тие. И шумски, и питоми. Ама оваа јаготка, што растеше и што руменееше пред нивните очи, им беше поскапа од сите јаготки, како да беше од злато. Исчезнуваше зеленилото на јаготката и на неговото место зрачеше чисто руменило, како што понекогаш имаат облаците кога зајдува сонцето. Тие, тројцата, и не помислуваа дека еднаш ќе треба да ја скинат. Како ќе ја поделат меѓу себе? Како ќе ја поделат на тројца? Една јаготка на тројца?! Не! Сакаа само да расте, да руменее, зашто таа беше прва рожба на нивниот сопствен, здружен труд.

Но, еден ден се случи нешто што не можеше да се очекува. Беше настапил летниот одмор, кога наместо в училиште, тројцата другари одеа на река да се капат. Еден ден, по капењето, како и обично, дојдоа да ги видат своите јаготки, да го видат својот првенец – големата јаготка. Влегоа во бавчата, се приближија до јаготките и одеднаш Круме извика:

– Ја нема! Ја нема!

Митко се приближи, ги разгрна листенцата, па и самиот како да не веруваше:

– Ја нема! Некој ја скинал!

– Вчера тука си беше – проговори Борче, а гласот му трепереше. – Вчера тука си беше... И сами видовте.

Се погледнаа тројцата меѓу себе. Никој не можеше да влезе во бавчата и да ја скине јаготката. Се гледаа со недоверба. Никој друг не ја знаеше нивната тајна.

– Кој е тој што ја скинал?! – Ах, само да го знам! – се налути Митко.

– Кој е, де? – натажено и огорчено се прашуваше и Круме.

– Кој може да биде? – се јави Борче, кимкајќи со трепките за да ги скрие очите. Лицето му беше црвено, како јаготката што веќе ја немаше.

– А, можеби, е некој од нас? – тихо, одвај чујно прошепоти Митко, зашто и самиот не веруваше во тоа.

– Како? Зар ние? Па... – не доврши Борче.

– Да се заколнеме! Да се заколнеме еден пред друг! – грмна Круме. – Еве, јас прв ќе се заколнам. Сакате ли? Ќе се заколнам. Жими мајка, жими татко, не сум ја скинал јаготката.

– И јас ќе се заколнам – се јави Митко. – Еве, жими мајка, жими татко, не сум ја скинал јаготката.

Требаше и Борче да се заколне. А тој молчеше. Ја наведна главата и не смееше да ги погледне своите другари.

– Ајде, заколни се! – му рече Круме, а потоа и Митко додаде:

– Ајде, што чекаш?!

Борче збунето ги погледна, па промрмори:

– Јас... Јас... ќе ви кажам...

– Што? – извикаа изненадени другите двајца – Да не си ја... ти?

– Јас – шепна Борче, како да имаше нешто тврдо во грлото, па не му даваше ни збор да прозборува. – Знаете, ќе ви кажам...

– Ех, ти...

– Ама, јас...

– Молчи! – остро шепна Митко и се потпре на оградата. И Круме застана до него. Го оставија Борчета да стои пред нив сам, здрвен. А тој не ги креваше очите од земјата. Сакаше и тој како нив да се потпре на оградата, да им се приближи и да им рече сѐ, да им признае, па потоа тие да му простат. Но, не се решаваше ни да се мрдне. Стоеше како закован. Чувствуваше дека не му е местото да биде толку близу од нив. А тие молчеа. Не сакаше да се оправдува; имаше желба сето ова некако да се прекине, да се расчисти.

Барем да му induced речеа нешто другарите, да му се изнавикаа. А тие молчеа. Молчеше и тој. По некое време Митко се оддели од оградата, се приближи до јаготките и благо рече:

– Гледајте, и оваа веќе е голема! – се наведна над јаготките, покажувајќи една поголема.

И Круме му се приближи:

– Навистина, оваа е најголема. Гледај, почнала и да црвенее. Како не сме ја виделе порано?!

Борче стоеше малку настрана и скришум, да не го видат другите двајца, ѕирна кон новата јаготка.

– Ајде, што стоиш – и налутено, и благо му подвикна Митко – донеси вода да ја навадиме.

Борче длабоко воздивна, како да симна некаков тежок товар од плеќи, и се затрча да донесе вода. Митко и Круме се загледаа во руменилото на новата јаготка, во руменилото кое токму навреме се јави за да ја заборават непријатната случка и пак да го продолжат своето другарство.

▸ *Цане Андреевски*

## Разговараме

- Како реагирал дедо Димо кога децата му пришле?
- Зошто Митко побарал од дедо Димо неколку корени јаготки?
- Како тројцата другари се грижеле за засадените јаготки?
- Какво било нивното чувство кон најголемата јаготка?
- Што се случило со јаготката што најмногу ја сакале?
- Како реагирале другарите кога ја откриле кражбата на јаготката?
- Зошто Борче не можел веднаш да се заколне како другите? Пронајди го делот од текстот каде Борче бил збунет од соочувањето со другарите.
- Како Митко и Круме ја прифатиле вистината кога дознале дека Борче ја скинал јаготката? Пронајди ги нивните искази и кажи го своето мислење за тоа.
- Што значела новата јаготка за нивното другарството?
- Кој е главниот мотив во приказната и што нè учи таа за другарството?

## Разговараме за редоследот на настаните во текстот

- Што правеше дедо Димо кога му пријдоа децата?
- Како реагираше дедо Димо кога ги забележа тројцата другари?
- Кога и како забележаа дека првата јаготка почнала да созрева?
- Што се случи кога јаготката целосно созреа?
- Како другарите открија дека јаготката исчезнала?
- Како реагираа Митко и Круме кога Борче не сакаше да се заколне?
- Како Борче ја призна вината и што направија другарите потоа?
- Што се случи на крајот и како тоа влијаеше на нивното другарство?

# ТВОРЕЊЕ И ИЗРАЗУВАЊЕ

**Задача**

Напиши текст во кој ќе го обработиш мотивот **другарство**, инспириран од приказната „Јаготки“.

**Предлози за наслов на текстови:**

1. Испитот на другарството прочитан во текстот „Јаготки“
2. Силата на искреното другарство
3. Настанот кој го зацврсти нашето другарство

**Насоки за пишување на прviот текст**

**Композиција на текстот:**

- **Вовед:** Воведување во темата – што значи другарството и зошто е важно.
- **Главен дел – Разгледување на мотивот:** Опиши како мотивот другарство се прикажува во „Јаготки“ (грижата за јаготките, довербата, искушението, простувањето).
- **Лично мислење:** Како оваа приказна покажува што значи вистинско другарство? Дали некогаш си бил/а во слична ситуација?
- **Заклучок:** Краток осврт на значењето на другарството и пораката што ја носи текстот.

**Правопис и стил:**

- Внимавај на точната употреба на големи букви, интерпункција и граматички правилни реченици.
- Користи зборови и изрази што ќе ја опишат емоцијата во другарувањето.

**Изразување на мислење:**

- Што мислиш за однесувањето на ликовите во приказната?
- Дали Борче постапил правилно?
- Дали вистинското другарство значи и простување?

**Совет:** Обиди се да дадеш конкретни примери и лични размислувања за да го направиш текстот интересен и оригинален.

## Почит кон мајката

Раскажува Миле, брат ми:

Во Кукуричани има едно семејство мачки. Три генерации, како што може да се рече.

Три малецки убави маченца, нивната мајка и нивната баба, како што може да се рече.

Едно лето претпладне на трите малечки маченца, кои секогаш се вртkaa околу мене, им принесов преполно котле макарони, и во нив ситно надробено бело сирење.

Маченцата, гладни, чунки никогаш не јаделе, коска и кожа, се нафрлија на поднесеното јадење.

По малку време кон нив се прибра и нивната мајка. Таа почна да јаде отскраја, внимателно; не сакајќи да ги вознемирува своите маченца. Вистина, тие малку с’ржија, но мајката нивна на тоа не обрнуваше внимание. Знаеше таа дека треба скраја да си поткаснува за да не ги исплаши и разбрка своите рожби. Зашто треба прво добро тие да се најадат, па дури потоа таа, ако остане.

Не помина многу време, полека, свесна за својата положба во јадењето, и во другите односи, кај маченцата и нивната мајка, решително наближи и бабата, како што може да се рече.

И таа застана во близина, но не се нафрли веднаш на макароните, со надробено бело овчјо сирење. Извесно незадоволство маченцата пак покажаа. Како да не им беше доволно купчето меки макарони. Како да не им се допаѓаше приближувањето на нивната баба, како што може да се рече.

Но, тоа го забележа нејзината ќерка, мајката на малечките маченца, и веднаш почна да ги турка и разбркува своите рожби, да ги отстранува од истурените сварени макарони, со парчиња бело овчјо сирење. Па, откако тие неволно ја послушаа и се пооддалечија од јадењето, покрај нив застана и мајката.

Кога го виде тоа мачката баба, полека наближи и почна отскраја да јаде и таа. И додека јадеше, никое од маченцата не се обиде да се врати и да продолжи со ручањето. Кога старата мачка се насити, а се знае мачките малку јадат, ја подигна главата, се оближи, се потргна настрана и почна да се залижува, да се бриши и чисти.

Тогаш мајката, сега таа прва, ги наближи вкусните макарони, на тој начин давајќи на знаење дека забраната е повлечена, дека нејзините малечки можат да си ја продолжат прекинатата најаска.

– Никогаш не бев слушнал дотогаш – го завршува своето раскажување Миле, мојот помал брат – дека и кај животните може да постои толкава почит спрема родителите... И не се срамам да ти признаам: бев толку длабоко трогнат, што очите ми се наполнија крупни солзи...

▸ *Александар Поповски*

### Разговараме

- Кој беше првиот настан во текстот?
- Како се менуваше редоследот на јадење меѓу мачките?
- Како мајката мачка ги научи своите мачиња на почит? Каква беше нејзината улога?
- Што направи бабата мачка пред да почне да јаде?
- Како завршува текстот и што почувствува раскажувачот?

# СИЖЕ И ФАБУЛА



Раскажувањето на настаните во делото може да оди по хронолошки ред, но може да биде и без редослед кој го диктира временската оска.

**Сиже** значи основна содржина, предмет, тема на едно книжевно дело, односно негова кратка содржина. Во науката за литература сиже се претставува распоред на претставување на настаните во делото како што одлучил авторот. Така, приказната која сака да ни ја претстави може да ја почне од староста на ликот со навраќање кон детството.

Но, откако ќе го прочитаме текстот/книгата, во нашата свест ние ги подредуваме настаните по хронолошки, логичен ред. Поточно, ги подредуваме настаните во причинско-последичен однос. Ваквото подредување на настаните се вика **фабула**.

**Задача**

Прераскажи ја фабулата на текстот „Почит кон мајката“.

## Птиците одлетаа

Поминаа Макавеите. Ластовиците и штрковите одлетаа на југ.

При крајот на август, Стара Богородица, почна жетвата на оризот. Времето беше топло; секој миг – златен клас. Додека траеја топлите денови, требаше да се прибере летнината. Од мугри до мрак сите бевме зафатени со работа. Ретко или никако не се гледавме со Туника. Ми се чини дека тие денови ми беа најтешки. Не поради тоа што дланката од десната рака ми беше крвјосана од испуканите плускавици, туку поради тоа што немав ни една секунда слободно време да појдам на Даревица и да ја видам.

Два-три пати се сретнав со Костол на кладенецот Ѓурковец, од каде што половината жетвари црпеа вода за пиење.

– Е, оди ли работата, даскале? – шеговито ќе ме прашаше. Знаеше дека сум запишан во учителската школа. – Како ти е потполошката?

И без да дочека одговор, си заминуваше. Единствено тој беше сам жетвар во неговата нива.

Еден дел од денот го поминуваше во носење вода на жетварите. Одејќи од нивата до кладенецот и назад, постојано мислев дека ќе ја сретнам Туника. Меѓутоа, такво нешто не се случи. Штом ќе дојдев до кладенецот, ќе ги оставев бардаците под штрбата врба, ќе се наведнев над водата и долго останував така загледан во мирното водено огледало. Стоејќи така, си ја мазнев и поправав косата, си ги чистев осилчињата и сламките од неа и си ја замазнував црната мов под носот.

Кладенецот беше огледало на мојата прва љубов. На неговото дно се појавуваа мали бели облачиња и јас се загледував во нивната нежност, барајќи од нив одговор на без-

бројните прашања што се раѓаа во мојата зовриена глава. Не беше во прашање мојата убавина – никогаш и не помислував на тоа – ниту нешто необично што ќе ја стресе, изненади и зашемети Туника. Тука постоеше нешто необјасниво. Имаше некој страв што се јавуваше како судбина. Имаше некоја среќа што беше поширока од сите полиња на светот, и некоја радост повисока од сите неба и облачиња над нас. Штом ќе се јавеше потполошката од некоја меѓа или од некоја неожнеана нива, тоа значеше дека таа го најавува своето доаѓање во полето. Но, исто така, штом над полето ќе прелеташе јато диви патки или гуски, верував дека нивната појава во ова годишно време претставува некаков коб.

Не му ја знаев вистинската длабочина на кладенецот, но бев уверен дека таму, на неговото дно, една царска ќерка го очекува својот спасител од канџите на огнениот змеј. Тогаш се вооружував со сите видови оружје што постоеја на светот, се спуштав на долниот свет и во крвавата битка со страшното чудовиште секогаш излегував како победител.

Кога ќе се вратев на нивата со веќе стоплена вода, жетварите ги кокореа очите кон мене како жедни жаби и немо ме прекоруваа:

„Да беше во џенем кладенецот, водата пак ќе ја донесеше постудена од овој брлог!"

Би жетвата, помина.

Оживе Даревица.

Но, летото си отиде заедно со птиците.

Една вечер се најдов на чешмата заедно со моите другари. Под старата врба седеше и Костол. Тој ме повика со раката. Му пријдов, но некако безволно. Туника не ја видов меѓу водарките.

– Е, како си?

– Добро.

– Тоа и очекував да го чујам.

Долго седевме во мракот, кој веќе не беше топол. Уште со првата мрачка по тревата полегна студената предесенска роса. Светулки немаше. Ѕвезди – безброј. Но, тие беа далеку за да ми внесат светло пламенче во душата. Разговаравме за најобични, секојдневни нешта. Во ниеден момент не ми спомна за Туника. Само рече:

– Птиците одлетаа, Нове. Сега настапува ѓупското лето за болните штркови како мене. И ти – утре, задутре – ќе заминеш. Па не заборавај понекогаш да ми се јавиш со неколку редови.

– Нема да заборавам – му ветив.

Само толку. Знаев дека нешто крие од мене, но ништо повеќе не го прашав.

Утредента превезувавме снопје од нивата. Кога ги прибрав воловите во колибата, нашата камена грамада ја прескокна Венета.

– Кога ќе одиш? – ме праша.

– Каде?

– Па таму, каде што те запишаа.

– Не знам.

– Се правиш важен?

– Не, навистина не знам.

– Добро, добро, ти верувам – ми намигна некако ѓаволесто и додаде: – Само...

Не ја прашав што значи тоа нејзино таинствено „само“. Долго стоевме во дворот. Молчевме. Дали поради тоа што таа беше малку повозрасна од мене и не сакаше да ги повреди моите најкревки чувства или пак, сакаше да ме измачува до крајни граници на трпеливоста, дури по неколку минути ми проговори:

– Знаеш дека Туника си отиде?

– Не знам.

– Е, па добро – сега знаеш – продолжи. – Ми рече да те поздравам. Таа се запишала во Средното медицинско училиште во С. Еве ти ја нејзината адреса. Рече да ѝ пишеш. И таа ќе ти се јави.

Лозницата почна да се врти над мене. Ми се чинеше дека тешките јантарни гроздови се откинуваат од своите рачки и ми паѓаат врз главата, а јас не бев способен да се одбранам од нивниот напад.

Тоа беше последната августовска вечер.

Тоа беше последната вечер од мојата прва љубов – толку богата и исполнета со возбудливи исчекувања, а неискажана со ни еден единствен збор.

А и за тагата не најдов ниеден збор.

*Видое Подгорец*

## Разговараме

- Каков лик е нараторот?
- Како нараторот го доживува летото и жетвата? Какви чувства има нараторот кон Туника?
- Како нараторот се однесува кога дознава дека Туника заминала?
- Какви се неговите фантазии за кладенецот? Што тоа ни кажува за неговиот карактер?
- Зошто нараторот не нашол зборови за својата тага на крајот?
- Пронајди ги речениците од текстот во кои нараторот лик кажува како се чувствува и како размислува. За издвоените реченици кажи го своето мислење.
- Каква е улогата на Туника во приказната?
- Зошто мислиш дека не се сретнува со нараторот во текот на жетвата?
- Што значи нејзиното заминување за нараторот?
- Зошто му оставила адреса и му порачала да ѝ пише?
- Како ја замислуваш Туника врз основа на тоа што е кажано за неа?
- Каква е улогата на Костол во приказната?
- Како Костол зборува со нараторот? Што се обидува да му каже со „ѓупското лето за болните штркови“?

- Дали Костол знаел дека Туника си заминува? Зошто не му кажал веднаш на нараторот?
- Како неговото однесување се разликува од она на нараторот?
- Како Венета му ја соопштува веста за Туника?
- Каков впечаток остава Венета како лик? Дали таа му се потсмева на нараторот или сака да му помогне?
- Што мислиш, зошто Венета му кажува за Туника на начин кој звучи малку таинствено?
- Кој лик ти остави најголем впечаток? Зошто?
- Како се разликуваат ликовите во начинот на кој ги изразуваат своите чувства?
- Дали сметаш дека можеш да се поврзеш со некој од нив?

**Лик** во еден текст е вршителот на дејството во него. Ликот е главен структурен дел од раскажувачки текст. Ликот може да биде човек, но во уметничката литература, па, и во народната литература ликот може да биде и персонифициран лик, предмет, растение, животно, може да биде натприродно, митско суштество и слично. Ликот во текстот го запознаваме преку неговите постапки и учеството во настаните, но и преку неговите мисли и чувства што ги претставува нараторот или тој самиот.



# ХРОНОЛОШКО РАСКАЖУВАЊЕ НА ДОЖИВЕАН НАСТАН



**Задача**

Опиши еден настан што си го доживеал/а и кој оставил силен впечаток врз тебе. Тоа може да биде возбудливо патување, неочекувана случка, забавен момент со пријателите или семејството.

**Насоки за пишување:**

- Раскажувај по хронолошки редослед – од почетокот, преку средината, до крајот на настанот.
- Внимателно објасни што се случило, кога и каде.
- Опиши ги твоите чувства и мисли за време на настанот.
- Користи разновиден вокабулар за да ја направиш приказната интересна за читање.
- Заврши го текстот со размислување за значењето на настанот или што си научил/а од него.

# РЕТРОСПЕКТИВНО РАСКАЖУВАЊЕ (ИЗМИСЛЕН НАСТАН)



**Задача**

Замисли дека си истражувач кој веќе ја открил тајната на изгубена цивилизација. Раскажи ја твојата приказна ретроспективно, односно почни од моментот кога тајната е веќе откриена и постепено објасни како си стигнал/а до тоа откритие.

**Насоки за пишување:**

- Почни со најважниот момент – откритието, па потоа раскажувај како дошло до него.
- Користи свои потсетувања за да објасниш како си ги следел/а трагите до откритието.
- Опиши ги чувствата што си ги имал/а додека го решаваше мистериозниот случај.
- Заврши го текстот со поука или последици од твоето откритие.

## Изумот на Живко Фантазијата

Живко Фантазијата беше фантастично момче. Кога велам „фантастично“, мислам храбро. Толку храбро, та дури слепо што ни самото не можеше да види до каде може да достигне свирепиот меч на неговата пресметка против сè што не му се допаѓа.

А имаше многу работи што не му се допаѓаа.

На пример, прв непријател му беше учењето, со кое, би се рекло, ги разматил односите уште пред да стапне во училиште. Особено, негова „глотка“ беше историјата. Ха, историја. Глупости. Да слуша приказни за некојси султан Селим Трети, за некој тврдоглавец Јулиј Цезар и за неговите закони, што Живко Фантазијата и неговиот побратим од последната клупа, Симо Тапата. Чудно ми чудо – да се изучува моќта на царевите. Ако е за тоа, и Живко би можел да стане некој Кир. Би собрал 50 илјади коњаници, исто толку пешадија, едно 17 илјади морнари со триста бродови и – удри на Брегот на Слоновата Коска. Само што ќе ја видат неговата битлс фризура, старешините на племињата ќе се обесат на палмовите гранки... Туку, да го прашам јас персискиот Кир како ќе се чувствува да се „повари“ пет-шест часа во училиштето на Живко Фантазијата! Нека му го понаполнат мозокот со формули и равенки, па со прости тројни правила, нека му навлечат спроводници и неспроводници на струја, па да го спроведат низ аноди и катоди, а уште не се ослободил од нив, па кога ќе го испречат пред меридијани и екватори, па конуси и шестоаголници, па неутрони и протони, што ќе му ја здробат главата... Е, ќе го прашам историскиот цар Кир дали во вртоглавицата не ќе го исплази јазикот само колку да изусти: Ви ги предавам империјата и царството, се откажувам од харемот и златото, само дајте ми ја мојата споредна уличка, па освен џамлии, нека не ми дадат ништо друго да играм...

Ете така, реши тој да отиде во Обединетите нации, лично кај У Тант. У Тант го прими со почести и церемонии што не им биле приредени ни на претставници на големите сили. Та што мислите вие – самиот Живко Фантазијата не е некоја голема сила? Е, рака на срце, она што може да го стори тој, не би можел да го стори ни Наполеон Бонапарта. А за персискиот Кир и да не зборуваме. Тој е бездруго некој измислен цар. А да бил некој вистински освојувач, зар не можел првин да ги освои училиштата и да рече: за учењето – точка. Нека учат само робовите. Впрочем, робовите не би биле робови ако не ги фрлиш под ропство на предметите...

По сè изгледа, најпаметен од сите паметни и непаметни бил Ајнштајн. Тој рекол дека во Четвртата светска војна борбите ќе се водат со стрели. Ете, тоа ти е мозок: да водиш борба со стрели, а не да ти се дроби мозокот на формули и дропки...

Затоа: Живко Фантазијата седна спроти У Тант и му се обрати со театрален стил.

– Јас сум Живко Фантазијата.





– Да, сум слушнал за вас. Повелете, сењор Живко.

– Сењор У Тант, дојдов да ви кажам дека треба нешто да се измени во светската политика.

На У Тант му замрзна здивот. Нестрпливо чекаше да го чуе историскиот предлог за доброто на сите народи. Не му се чекаше ни да праша, туку само да му даде знак на Живко Фантазијата да продолжи.

– Ете – продолжи „умот“ Живко, мошне свечено и достоинствено, исто како да очекува од својот татко три динари за кино. – Четврт век Обединетите нации се вртат околу проблемот, а сè уште не дошол на ред најголемиот светски проблем.

– На пример? – го прекина У Тант, со цел да го предизвика својот гостин да не врти, туку веднаш да се пренесе на предметот.

– На пример – продолжи Живко Фантазијата – во Повелбата сè уште не е донесена декларација за забрана на училиштата да ги експлоатираат учениците. Зошто, на пример, барем да не се скратат предметите 50 насто, или барем да се укине правото на наставниците да ги испрашуваат учениците!?

– Почитуван сењор Живко, вашиот предлог е умесен. Вашиот изум ќе му донесе вистинска среќа на човештвото. Генијален ум! – викна У Тант и му честита на Живко Фантазијата, па додаде: – Предлогов ќе му го пренесам на Советот за безбедност... Ами зошто ни е тој Совет за безбедност ако не обезбеди заштита од тешките предмети!

***

А историчарот Богдан токму тогаш го фрли кон Живко Фантазијата својот агресивен поглед:

– Ајде, Живко – ти!

– А што јас? – се вчудовиде Живко.

– Па, за она што зборувавме на часов.

– Мислите – за У Тант?

Училницата веќе грмеше. Како да се превртуваше од нападот на персискиот Кир, за кого веќе ја предаде најновата лекција.

А Живко си ги триеше полуотечените слепоочници и речиси не ја почувствува експлозијата од кикотот што го газеше до крајот на часот. Само заканувачкиот поглед на историчарот Богдан, како да ветуваше железна единица, остана да виси на неговите трепки. Но, железото не му пречеше да продолжи и натаму да спие. Сеедно му е. И така не се мирисаат со историјата. Туку, вака барем нема да ѝ го слуша името. А тој, историчарот, добро ќе запомни кој е Живко Фантазијата на идниот час по историја, кога по негов предлог Обединетите нации ќе ги распуштат училиштата.

*Ристо Давчевски*

## Разговараме

- Зошто Живко го добил прекарот „Фантазијата“? Како неговиот карактер го оправдува ова име?
- Каков е односот на Живко кон учењето и училиштето?
- Како Живко ја замислува историјата и историските личности?
- Што мисли Живко за Обединетите нации и како ја претставува својата „борба“?
- Каков е односот на Живко со неговите соученици, особено со Симо Тапата?
- Како Живко реагира кога професорот по историја го повикува на одговор?
- Што го мотивира Живко да создава такви фантазии?
- Дали мислиш дека Живко е бунтовник или само сака да ја направи реалноста по-забавна?
- Како се чувствува на крајот од текстот? Дали добива некаква „победа“ или неговиот став останува непроменет?
- Како историчарот Богдан се однесува кон Живко?
- Како ја искажува својата недоверба кон Живковите идеи и фантазии?
- Што мислиш, дали професорот е строг со причина, или едноставно не му се допаѓа Живковото размислување?
- Како историчарот реагира на смеењето во класот?
- Како Живко го замислува У Тант и неговата реакција?
- Што значи фактот дека У Тант го прима Живко со „почести и церемонии“?
- Дали У Тант е реален лик во приказната или само дел од Живковите соништа?
- Како реагира на Живковиот предлог за реформирање на училиштето?
- Каква е неговата улога во приказната?
- Зошто е блиска неговата врска со Живко?
- Што ни кажува неговото име („Тапата“) за неговиот карактер?
- Кој лик ти остави најголем впечаток и зошто?
- Дали можеш да се поврзеш со некој од ликовите? Зошто?
- Каква порака испраќа овој текст за односот меѓу учениците и образованието?



## Човек без ѕвезда

Еден човек со дете покрај себе стоеше до патот; сунизок, до грло завиткан со кренатата јака од зимско палто и со шапка наклапушена врз ушите, очигледно поголема одошто му е главата, тој трпеливо чекаше на студот. Детето исто така беше убаво затоплено и затуткано; од лицето само му се гледаше носето и двете вршки од јаготките, црвени и зарумenети како да му горат во треска.

Беше ден сувомразица, од небото зимен јасник сипеше врз нив студ, иако не дуваше ветар. Од тоа им ѕемнееја нозете, се вкочануваа обајцата, и човекот и детето, па тупкаа со врвот од петиците по смрзнатата земја, за да не им влегува студ меѓу прстите од нозете.

Покрај нив поминуваа возила, но ниедно не застана, ниту пак човекот повти некое да запре. А само на десетина метри погоре од патот, речиси до нив, имаше автобуска станица и таму застануваа градските автобуси, луѓе чекаа, се качуваа во нив и заминуваа, а само кратко време местото остануваше пусто, наидуваа други патници и го чекаа својот автобус. Детето се загледуваше натаму, го испраќаше секој автобус, му пристудуваше сè повеќе, но не сакаше да му рече на татка си да го прекинат чекањето овде и да заминат со градски автобус онаму каде што тргнале.

– Сигурен ли си, тато, дека ќе дојде нашиот автобус? – рече сепак еднаш кога виде дека од станицата заминува уште еден од црвените градски автобуси.

– Ќе дојде, сигурно ќе дојде... – рече таткото самоуверено, не погледнувајќи во детето.

– Секогаш ли тука го чекаш?

– Секој ден кога одам на работа.

– И застанува?

– Застанува. Од тука нè собира за на работа.

– Денес нема никого да чека. Само ние...

– Нова година е. Луѓето не одат на работа.

– Зар другите татковци од вашата работа немаат деца? – продолжуваше детето да испрашува. –Нели на сите Дедо Мраз ќе им додели подароци?

– Тие ќе се качат порано. Живеат во други делови од градот. Само јас се качувам на оваа станица.

Детето се поумири, дури тоа што го чу дека автобусот застанувал само поради татко му, го охрабри да чека трпеливо и со чувство на една важност што звучеше во зборовите од човекот до него. Сега гледаше почесто во правецот откаде што ќе дојде нивниот автобус. Но, не издржа долго, праша повторно не толку од несигурност, туку само за да го потврди она што веќе се оформуваше во него:



– Шоферот те познава нели?

– Како да не ме познава! Па секој ден ме вози на работа.

– Тогаш сигурно ќе застане.

– Мора да застане! – рече човекот собирајќи си го вратот во јаката од палтото. Тоа движење онака вкочанет, му донесе налет на студ со морници што му се разлазија по телото, па се сети дека и на детето може да му е студено. – Да не ти студи тебе? – го праша и погледна кон автобуската станица каде што пак се присобра купче луѓе.

– Не. Не ми студи... – истенчи детето со гласот.

– Ако сакаш да се качиме на градски автобус?

– Не! – скоро списка детето, како со сила да му се одзема нешто. – Не сакам со градски автобус! Ке го чекаме нашиот...

– Добро, тогаш. Само молчи, не зборувај, за да не ти влегува студот низ отворената уста. Молчи и гледај нанаму... – тој покажа со глава во правецот откаде што требаше да дојде автобусот; од тоа одново му влезе студ меѓу градите и тој пак се вкочани. – Од таму ќе дојде нашиот автобус. Ќе го препознаеш од далеку: зелен и со клун однапред. Мерцедес! – го извиши тој гласот, за да му придаде важност на она што го рече.

– Го знам. Сум го видел многупати... – му светнаа очињата на детето.

Па се замолчи и почна да гледа сега само во правецот откаде ќе дојде тој зелен автобус со голем клун на предната страна, убав во свеста на детето како да е од некој друг свет и како да не му припаѓа на овој што се точат по патот. Детето веќе нив не ги загледуваше, ниту пак ги испраќаше со шетање на погледот по елипсата на нивното изминување; сите му се чинеа грди и стари во споредба со зелениот автобус што го чекаа. А него го немаше и еднаш на детето му се пристори дека нема ни да дојде. И токму кога постоеше опасност да се скине нишката на надежта дека ќе пристигне, автобусот, чеканиот зелен автобус се зададе во далечината, детето го препозна веднаш и од тоа срцето му трепна. А тој, автобусот, бргу се приближуваше, скоро пред самоти нив се изопна со клунот напред небаре е наголемен коњ, па детето несвесно се тргна назад, се потсопна и се лизна во крајпатниот трап, ногата удри во мразот преку насобраната лочка, го скрши, но не се навлажи. Прибирајќи се, а за тоа мораше да ја крене главата, детето виде дека автобусот, нивниот зелен автобус, не само што не застана туку наеднаш и профучи покрај нив, па сега можеше да се види само како оддалечува напред, пред нив. И детето и таткото (и самиот вчудовиден од тоа што се случи, па не стаса ни да ја крене раката да го запре), останаа зашеметени од студениот ветар што провеа со поминувањето на автобусот (а повеќе од тоа што им се развеа зачас слатката прелага, што обајцата подеднакво ги досена).

– Тато, зошто не застана? – рече детето, готово да заплаче. Но, не заплака, по некој свој детски инстинкт сети дека не смее да плаче во овој момент пред татка си, пред човекот што со смешана разочараност и лутина уште се загледуваше низ патот, иако зелениот автобус веќе го немаше на видикот.

– Не знам, сине, зошто не застана...

(А знаеше, виде дека лицето на шоферот пакоснички светна кога наближи автобусот и кога со голема брзина профучи, стегајќи ја педалата за гас.)

– Сигурно не нè виде. Не те препозна тате... – рече детето со намера да утешува.

– Може и да не нè видел ... – ги сви рамениците таткото.

– Сигурен сум дека шоферот не те препозна. Ти никогаш не ја носиш оваа шапка, па затоа не можеше да те препознае.

Човекот со благодарност го сврте лицето и дури се насмевна.

– Ништо... – рече – Имаме уште време да фатиме градски автобус!

– (Пред тоа се колебаше; подобро да не одам таму, мислеше)

Живна, се раздвижи фаќајќи го детето за рака и брзајќи кон автобуската станица...

▸ *Јован Бошковски*

(извадок од расказот „Човек без ѕвезда“ од збирката „Човек на покривот“)

## Разговараме

- Како нараторот го опишува изгледот на таткото и детето? Што ни кажува овој опис за нив?
- Каква улога игра студот во начинот на кој се претставени ликовите? Како влијае на нивното однесување?
- Како нараторот ни го претставува таткото преку неговите постапки и дијалог? Што дознаваме за неговиот карактер?
- Како детето реагира на студот и на чекањето? Каков е неговиот однос кон татко му?
- Како се гради напнатоста во расказот додека ликовите го чекаат автобусот? Каква атмосфера се создава преку начинот на раскажување?
- Како се менува однесувањето на детето во текот на расказот? Кои моменти покажуваат негова доверба и надеж?
- Како нараторот ни го прикажува моментот на разочарување кога автобусот не застанува? Кои стилски изразни средства користи за да ја долови оваа сцена?
- Како таткото реагира на ситуацијата со автобусот? Што ни кажува ова за неговата личност?
- Каква е улогата на дијалогот во обликувањето на ликовите? Како преку нивниот разговор разбираме повеќе за нивните емоции?
- Како детето го прифаќа неуспехот на крајот од расказот? Како неговата реакција влијае на таткото?

## Потсетување

*Расказот* е книжевен вид во книжевниот род *епика*. Имено, *расказот* претставува куса епска творба во проза. Во него најчесто се опишува еден настан, односно една случка од животот на некоја индивидуа или, пак, еден просторно-временски дел од животот на заедницата. Во *расказот* најчесто има мал број ликови. Во расказот најчесто се опишува краток временски период од животот на ликовите.

## Приказна за грнчарот и за гулабот

Некогаш во Ресен си живеел некој си Глигор. Бил познат грнчар, та ресенчани го викале само грнчарот. Ти треба Глигор, не треба да знаеш како го викаат, доволно е да речеш: „Ми треба грнчарот“.

Живеел до пазарот ресенски, во една малечка куќичка со работилница во која од глина изработувал бардиња. Секакви. И помали и поголеми, и со свирче и без свирче. Во бардињата на Глигор – грнчарот од Ресен, жените полнеле вода на чешма. Водата од бардињата најладна им била на орачите. Велат, зреела водата под сенките на дрвјата и затоа бардињата орачите ги ставаат под сенка.

Арно ама, на Глигор му здодеало да прави само бардиња и еден голем ден, кога сонцето удирало в теме, решил времето да го потроши на нешто друго. Ја зел глината в раце, почнал да ја гмечи, да ја врти и да ја тутка и, кога, фигурата што ја направил, му заличила на гулаб. Толку многу се израдувал, та почнал да размислува за еден убав глинен гулаб. И го направил гулабот. Го исушил, го испекол и го ставил во дворот на еден камен за да може да си го гледа и да ужива.

Гулабот бил толку убав и вистински, та сите ресенчани и сите пазарџии што доаѓале во Ресен, го имале видено. Се раскажува дека некој млад трговец давал неброени пари за да го купи, ама Глигор не сакал да чуе.

Грнчарот од Ресен станал важен човек. Многу учени му велеле дека е голем уметник, го поттикнувале да направи уште гулаби, ама тој продолжил со бардињата.

И така со години.

Луѓето му се восхитувале на Глигора ресенчанецот, гулабот си седел во дворот, бардињата продолжиле да ја зреат водата под сенките.

И еден ден гулабот летнал. Летал! Којзнае и можеби не летнал, ама го снемало. Летнал не летнал, Глигор плачел три дена и три ноќи. Ќе плачел уште, ама четвртото утро на неговиот прозорец слетал гулаб. Ист, дури и поубав од глинениот. Тропал гулабот со клунот по стаклото и, така, се отворил прозорецот. По ова Глигор како да пропаднал в земја – го снемало. Ајде кога почнале ресенчани да плачат, да го бараат и под дрво и под камен...

По една година Глигор грнчарот од Ресен се појавил во ресенската црква со кум и кума, со девер и деверица и со една многу убава невеста која на сите им заличила на убава гулабица.

Што станало и како станало никој не дознал. Се знае само дека во дворот на грнчарот Глигор од Ресен трчале три гулапчиња, две машки и едно женско.

Ете, така било, така се случило.

► *Владо Димовски*

## Разговараме

- Како нараторот ја претставува трансформацијата на гулаботот од глина во живо суштество? Какви емоции предизвикува ова во читателот?
- Што може да симболизира исчезнувањето на Глигор и неговото враќање по една година со невеста? Каков ефект има тоа на прикажаниот свет?
- Како нараторот користи детали од секојдневниот живот во Ресен за да ја создаде реалистичната основа на приказната? Каква е улогата на овие детали за развојот на настаните?
- Кое е значењето на гулабот во приказната? Дали неговото летнување е само еден фантастичен момент, или има поголемо значење?
- Како нараторот ги претставува луѓето во приказната, особено нивните реакции кон Глигор и неговиот гулаб? Дали тие одразуваат обични човечки карактеристики или имаат некои необични црти?
- Што според тебе во овој текст е реалистично, а што е фантастично? Образложи ги своите одговори.
- На што те потсетува крајот на текстот: Што станало и како станало никој не дознал. Се знае само дека во дворот на грнчарот Глигор од Ресен трчале три гулапчиња, две машки и едно женско. Ете, така било, така се случило.
- Какви пораки има овој текст за тебе?

## Анализираме

### Елементи на фантастичност:

- **Гулабот како живо суштество:** Гулабовиот лик на крајот на приказната летнал, а потоа се враќа како живо суштество. Ова ги крши границите на реалниот свет и го воведува фантастичниот елемент.
- **Трансформацијата на гулабот од глина во животно:** Глигор прави глинен гулаб, а тој става во дворот, по што гулабот летнува, што внесува мистична компонента во приказната.
- **Глигор исчезнува и по една година се појавува со невеста:** Овој дел го додава елементот на нејасност и мистериозност во текстот. Никој не знае што точно се случило со Глигор, а неговото враќање со невеста има некој симболичен, но и фантастичен карактер.

### Елементи на реалистичност:

- **Описот на животот во Ресен:** Локалната средина и култура се претставени со детали како што се работилницата на Глигор и социјалните врски со соседите, што го поставува контекстот во реалниот свет.
- **Професијата на Глигор:** Секојдневната работа на Глигор како грнчар и неговата познатост меѓу луѓето се реалистични елементи што го опишуваат неговото место во заедницата.
- **Реакциите на луѓето на гулаботот:** Реакциите на луѓето кои се восхитуваат на Глигор и на неговата работа, како и купувачите кои сакаат да го купат гулабот, ги одразуваат обичните човечки желби и навики.

## Играчки

Дете, колку си среќно кога се валкаш во правта – цело утро си играш со едно скршено гранче.

Јас ѝ се потсмевам на твојата игра со таа скршена вејка.

Зафатен сум со своите пресметки, со часови собирам бројки.

Можеби ти ме погледнуваш и мислиш: „Каква глупава игра ти го одзема утрото".

Дете, веќе ја заборавив уметноста да се задлабочувам во прачки и во колачиња од кал.

Јас барам скапи играчки, и собирам зрна од злато и сребро.

Што и да најдеш, ти создаваш радосни игри, а јас ги губам времето и силата на нешта што никогаш нема да ги постигнам.

Се трудам во својот кревок чун да го препливам морето на копнежите, заборавајќи дека и јас исто така си играм.

▸ *Рабидранаш Тагоре*

(Извадок од „Месечевиот срп")

### Разговараме

- Во кое лице раскажува раскажувачот на овој текст?
- Кому му се обраќа?
- Дали тој упатува прашања на кои очекува одговор?
- Раскажувачот вели:„ Јас ѝ се потсмевам на твојата игра со таа скршена вејка." Дали навистина се потсмева, што мислиш?
- Од која реченица најмногу може да се види дека раскажувачот е возрасен кој е свесен за неможноста да се вклучи во играњето?
- Според раскажувачот, кој прави поважни работи, тој или детето? Зошто мислиш така?

### Согледуваме

**Пораката** или идејата на текстот е основната мисла или порака што авторот сака да ја пренесе до читателот. Тоа е она што стои зад зборовите и што авторот сака да му биде пренесено до читателот. Авторот своите пораки ги праќа преку описи, постапки, дејства, настани, од размислувањата на ликот или на нараторот.

Во текстот „Играчки", пораката или идејата може да се согледа како размислување за разликите помеѓу детската радост и уживањето во играта и возрасната сериозност, која може да го оттргне човекот од едноставните, но важни моменти на животот. Текстот покажува како детето се интересира и е среќно со малите, спонтани нешта, додека возрасниот се фокусира на амбиции и материјални цели, понекогаш заборавајќи да ужива во моментот.

Пораката може да биде повик да се потсетиме на вредноста на едноставните моменти во животот и на потребата да не ја изгубиме радоста и играта, без оглед на возраста.

## Задача

■ Напиши состав во кој ќе ги објасниш своите размислувања за овој текст и на крај ќе ја напишеш неговата идеја или порака. Составот нека носи наслов „Неколку реченици за текстот „Играчки."

Прашањата подолу нека те водат во процесот на пишувањето.

■ Каква игра игра детето во текстот? Што користи како играчка?

■ Како раскажувачот ја гледа играта на детето? Каква е неговата реакција кон неа?

■ Што прави детето цело утро, а што раскажувачот? Какви активности се опишани?

■ Какво е размислувањето на детето за тоа што го прави раскажувачот?

■ Како авторот ја споредува својата игра со играта на детето? Што мисли за своите активности?

■ Кои се разликите помеѓу играта на детето и возрасниот раскажувач? Какви вредности се истакнуваат преку овие разлики?

■ Што значи „да го препливам морето на копнежите" во контекстот на текстот?

■ Какви играчки бара раскажувачот и што мисли за нив?

■ Што значи „создаваш радосни игри" за детето? Каква е разликата помеѓу неговиот начин на играње и играњето на возрасниот?

■ Каква порака препознаваш со споредбата помеѓу детската игра и возрасната сериозност?

## Дискусија на тема

*Животот не е само во пресметките и амбициите, туку и во радоста на малите нешта.*

## Кораби



Поимот кораби навлезе во нивната детска свест преку кажувањата на баба Софија. Таа раскажуваше приказни за коработ со кој Дедо Ное ги зачувал животните од Бога создадени од големиот потоп во кој требало да се удават човечките гревови. А баба Ленка, пак, кажуваше како нејзините два сина (од петтемината што ги имаше и двете ќерки) заминале од Солун за Америка со параход. Баба Софија кажуваше и песни во кои корабите ги пренесуваат комитите од еден до друг брег на големите езера, а баба Ленка ја повторуваше песната

Параходот заминава – надевајќи се дека, еден ден, тој ќе пристигне од таа далечна Америка-чемерика и ќе ѝ ги врати синовите. Сѐ она што го кажуваа нивните баби не можеше сосем да се вообличи во слика за тоа пловило по големите води, многу поголеми од маалската бразда, многу поголеми и од реката Серава, многу поголеми и од реката Вардар. Море и езеро – тоа беше нешто непојмливо за нив, како и коработ, параходот, бродот, нешто што е многу, многу поголемо од парчето штица што плива по реката, нешто толку големо што може да собере повеќе животни отколку што ги има во задниот двор од нивната стара куќа (петли, кокошки, пилиња, кучиња, мачки, коњ, овца, крава, свиња).

Подоцна, особено откако заодеа на училиште, можеа да видат и цртежи на лаѓи на весла, едреници, воени пловила со различни имиња. А уште подоцна – да читаат книги за големите морепловци кои ги освојувале земјите зад најголемите светски води, зад океаните.

И денес – кога ќе му се изгуби некоја книга (најчесто позајмена на познајници кои никогаш не враќаат книги) – се чувствува мошне лошо. За ништо друго не е злопамтило, освен за тоа дека некој му ја задржал книгата која со многу чувство ја раскажувал и му ја дал – за тој да го има, барем приближно, неговото доживување од неа, неговото големо задоволство.

Но, кого да обвини за некои изгубени книги од малата ученичка библиотека, запишувани со насловите во една тетратка (иако биле толку малку што можеле да се запомнат и да се искажат наизус!), што ги редел и пиредувал во едно орманче кое мајка му му го отстапила (и самата читател). Можеби повторно оние негови другари кои не му ги враќале книгите? Или честите преселби по војната?

Многу му беше жал дека меѓу нив беше и онаа – за португалскиот морепловец Васко да Гама, големиот истражувач, кој ќе го пронајде патот за Индија. Веројатно ја добил од вујковата книжарница, во 1942 година, на крајот од школска година. Беше пообемна, со зеленикави корици, на кои имаше нацртано големи бродови со развиени едра. Дали беше патопис? Или роман? Веројатно второво. Започна летниот распуст и имаше време за читање во текот на целиот ден. Така и се случи – следните неколку дена да не се оддели од неа. Баба Софија го караше – Дете, ќе си ги расипеш очите! Мајка му, дојдена попладнето од дуќанот, уморна и нервозна – го кореше: – Каде се брат ти, сестра ти? Си се далдисал во книгава, не си ги раздигнал ни чиниите од ручекот!

Далдисан, односно обзеден до крај. Заталкан во некои чудесни, незнајни простори. Учествуваше, во мислите, во подготовките за пловидба во Лисабонското пристаниште, отпловувањето од него по мирно море, пловењето по Атлантскиот Океан, од страна на Западна Африка. Го потресуваа деновите со силни бури и го радуваа тивките сончеви денови, запирањето во некои места, каде што бродовите се снабдуваа со свежа вода и свежо овошје и храна, за пак да отпловат на отворениот океански простор...

Васко да Гама беше херојот на книгата. Со својата решителност. Со својата визија за вистинско откривање на патот за Индија – што не му успеало на Колумбо, појден во друга насока – кој пристигнал до островите и земјите на Средна Америка. И понатаму верувајќи дека ја открил волшебната земја Индија. И Васко да Гама е понесен од приказните за големите богатства на Индија, на земјите околу неа, со матни сознанија за нив. Португалија е мала држава, во однос на Шпанија, но исто така со развиено поморство. Ривалството со неа е поткрепено и од блиските историски настани, од отцепувањето од

шпанската империја и создавањето на своја држава, која сака да ја изгради својата сила и величина. Веројатно и тоа било поттик да се зафатат со пронаоѓањето на поморскиот пат за Индија.

Секако, со сево ова некогашниот млад читател се запозна мошне подоцна, кога веќе беше и подзаборавил на својата возбуда од големиот подвиг и откритието на Васко да Гама. Но, се чини, и денес како да останале некои слики од книгата за него. Борбата со силните ветрови, болеста на членовите на бродските посади, од скорбут, но и од други болки. Незадоволството на морнарите поради долгата пловидба. Несигурноста со која се пристанувало на некои места – зашто во секој миг можеле да бидат нападнати од некои африкански племиња, сеедно што оние што доаѓале на брегот како претходница – со себе носеле разни мали подароци на кои пак, некои други попитоми племиња им се радувале.

За првпат во оваа книга тој го сретна името 'Ртот на Добрата Надеж. На Васко да Гама му било познато патувањето на Бартоломео Диас, кој го опловил овој 'рт во 1487 година и бидејќи таму го затекла голема бура – тој го нарекол 'Ртот на бурите. Тука некаде завршило пловењето на неговите бродови. Васко да Гама го започнува своето пловење десет години подоцна, со поголема среќа, но и упорност и затоа за него тој 'рт е Добра Надеж. Не запира тука. Ја следи линијата на брегот на Африка, која почнува да се искачува нагоре, сè до Мозамбик. Оттука право кон исток. Западната насока го откри американскиот континент, источната насока го доведува Васко да Гама до Индија. Во книгата се опишани средбите со таа сонувана земја, со бујна природа, со градови во кои се креваат богатите пагоди и дворци, со луѓе кои говорат и пеат на некој неразбирлив јазик.

Така во свеста на детето се вселија морските широчини, се вселија бродовите кои – и покрај опасностите на долгиот пат – пристигаат на целта, се вселија ликовите на храбрите луѓе кои имаат една голема цел – да ги откријат непознатите предели и земји. Така во него се разви копнеж за патувања кои и во староста не изгаснаа...

► *Благоја Иванов*

### Разговараме

- Дали го знаеш значењето на зборот кораби? Дали го знаеш значењето на зборот параход?
- Доколку го знаеш значењето на овие водни превозници, може ли да одредиш кога се случува дејството на почетокот на расказот?

- На почетокот на расказот се вели: „Поимот кораби навлезе во нивната детска свест преку кажувањата на баба Софија. Таа раскажуваше приказни за коработ со кој Дедо Ное ги зачувал животните од бога создадени од големиот потоп во кој требало да се удават човечките гревови. А баба Ленка, пак, кажуваше како нејзините два сина (од петтемината што ги имаше и двете ќерки) заминале од Солун за Америка со параход.“
- Според ова, кои се основните значења на поимот кораб за ликовите од текстот?
- Потоа во расказот се вели: „Подоцна, особено откако заодеа на училиште, можеа да видат и цртежи на лаѓи на весла, едреници, воени пловила со различни имиња. А уште подоцна – да читаат книги за големите морепловци кои ги освојувале земјите зад најголемите светски води, зад океаните.“
- Каде и на кој начин се проширувaат знаењата за корабите, бродовите и другите пловила?
- Раскажувачот во овој расказ ни ја донесува приказната за детето читател кое ги поврзува морските патувања и отворањето на новите светови уште од најмали нозе. Кога таа желба на младиот читател се засилува?
- Пронајди го делот од расказот каде е опишан изгледот на книгата и интересот на младиот читател за книгата. За која книга станува збор?
- Кој е главниот лик во книгата на читателот од расказот?

## Научи повеќе

Паробродите или архаично параход се користеле од крајот на 18 век до средината на 20 век. На почетокот биле експериментални, но веќе во 1807 година станале дел од превозните средства за комерцијална употреба. Во текот на целиот 19 век се користеле пароброди за транспорт и трговија. Во почетокот на 20 век луксузните бродови, како познатиот Титаник, користеле парни машини. Завршувањето на ерата на паробродите се поврзува со пронаоѓањето на дизел и нуклеарните погони.

## Изразување и творење

**Продолжи ја приказната**

Прочитај го завршетокот на расказот „Кораби“. Тој крај нека биде почеток на твојата приказна која би продолжила некаде каде што ти ќе посакаш.

„Така во свеста на детето се вселија морските широчини, се вселија бродовите кои – и покрај опасностите на долгиот пат – пристигаат на целта, се вселија ликовите на храбрите луѓе кои имаат една голема цел – да ги откријат непознатите предели и земји. Така во него се разви копнеж за патувања кои и во староста не изгаснаа...

Сега тој беше дедо на 70 години. Во раката држеше карта за посета на првиот брод крузер кој тргнува од ......................................... и продолжува...



**Истражувај!**

- Пронајди ги основните податоци за Васко де Гама: кој бил тој, кога живеел, со што се занимавал, по што е познат и кое е неговото најголемо достигнување. Спореди ги тие податоци со оние од расказот.
- При пишувањето на податоците за Васко де Гама личноглаголските форми пишувај ги во минато неопределено време.
- Означи го патот на Васко де Гама на оваа мапа и наброј ги местата кои ги поминал на своето патување.

## Васко де Гума

Наставникот: Чао, деца! Денес ќе зборуваме за славните луѓе, за овие великани што светот го задолжиле со хумани дела, за откривачите...

Жане: (шепнува на Јана): Уф, се плашам.

Јана: (тивко): Од што?

Жане: Наставникот рече дека ќе зборуваме за откривачите, се плашам дека ќе открие дека сум дрво, за денес книга не отворив.

Јана: Моите пајажина фатија...

Наставникот: Ајде, ајде (Се двоуми, се троуми), ете, на пример, Жане ќе ни објасни како била откриена Америка?

Жане: (тивко): Знаев дека мене ќе ем открие, и плус сабајлево една црна мачка како со ножици ми го пресече патот, уф, мачкиште малерозно. (гласно) Ох, мојата омилена тема. Америка. Таа е откриена уште многу одамна, уште како мала, уште кога не била откриена. Тогаш во неа крволочните Индијанци воделе крволочни борби со, со ...самите себеси, оти крволочните белци не биле уште дојдени...

Наставникот: Така е Жане, и?

Жане: И, читав негде дека неа ја откриле Викинзите на чело со Хогар Страшниот ... (Во класот се слуша придушено смеење)

Наставникот: Мир. Жане, понатаму?

Жане (збунето): Тие, Викинзите, си оделе, си оделе, кога... гледаат Америка. И потоа ја откриле, вака...како јас овој лист хартија овде што го откривам полека, пополека. И така, Викинзите ја откриваат Америка полека и кога гледаат внатре во Америка, нема пиво. Тогаш Хогар страшниот извикал, провикнал: „Назад браќа, каква беда, па овде нема пиво, ќе умре кутриот Викинг од глад! "На тој начин Викинзите, всушност не ја откриле Америка и му ја оставиле на оној де, Колумбо, да ја открие.



Наставникот: Е, тоа, тоа... Колумбо.

Жане: Е, тоа. Колумбо, кога ја открил, од радост снесол јајце. Затоа се вели и ден-денес, мислам има поговорка: „Од секое јајце не испилува Колумбо".

Наставникот: А бе, така е, Жане, ама од овој твој одговор, едвај ако може да се испили едно двојче и тоа, малечко, грипозно, што одвај стои на нозе. Така, сега Сашо ќе ни зборува за познатиот Васко де Гама. Значи, познатиот Васко де ама и познатиот Сашо!

Сашо: Васко де Гума...

Наставникот (не забележувајќи ја грешката): Да, и? На што те потсетува тебе тоа име?

Сашо: Васко де Гума ме потсетува на задна тракторска гума. Така, од самото име се гледа, уште од далеку, дека Васко де Гума бил познат пронаоѓач.

Наставникот: Така, така:

Сашо: Пронаоѓач на гумите и гумените производи, ракавици, чизми, ластици... Уште како мал тој нагло ја открил гумата за џвакање, кај нас позната како мастика. Потоа пронаоѓањето на Васета му преминало во навика.

Наставникот: Навистина?

Сашо: Да, да. Следното откривање му било гумата за бришење, многу важно откритие во областа на учењето и тоа, учењето со гумата за гумирање, гумата за ластици, гумички за чешмички, гумените бандери за полагање возачки испити (Му шепнуваат: „Васко де Гама") Оф, сега дури открив... дека сум се збунил.

Наставникот: Како, бе?

Сашо: Така. Не е Васко де Гума, туку Васко де Гама. Како можев да згрешам? Васко де Гама ги открил гама-зраците, а тие зрачат, зрачат...

Наставникот: Да, зрачат како што зрачи глупоста од тебе.

Ѕвончето: Ова не е зрачење, ова е мачење, затоа брат...sppppppp!

► *Ванчо Полазаревски*
(извадок од „Сештологија")

## Разговараме

- Како, контекстот во кој Жане зборува за откривањето на Америка создава хумористичен ефект? Каква е неговата невообичаена интерпретација на настаните?
- Кој е изворот на хуморот во разговорот помеѓу Жане и наставникот? Како неговото заминување од историските факти (на пример, Викинзите и Хогар Страшниот) создава забавна ситуација?
- Како конфузијата на Сашо околу Васко де Гама и Васко де Гума создава комичен момент? На кој начин неговата погрешна интерпретација на името Васко де Гама влијае на настанот?
- Во каков контекст се користат хумористични игри со зборови (на пример, „гумата за џвакање“ и „гумата за бришење“)? Како овие замени ја засилуваат комичната ситуација?
- Како реакцијата на наставникот на Сашовата збрканост (со забелешката „Како можев да згрешам?“ и последниот коментар „зрачи како што зрачи глупоста од тебе“) придонесува за хуморот?
- Како завршната реплика на наставникот („Ова не е зрачење, ова е мачење“) го заокружува хуморот во дијалогот?
- Како примена на хуморот преку збрки и недоразбирања ја осветлува наивноста на учениците и нивната неможност да ги разберат и споделат историските факти правилно?







# ДРАМА

**Драмата** е еден од трите литературни рода, а во неа спаѓаат драмски видови што се напишани во форма на дијалог и во кои настаните се претставуваат со подражавање преку лица (ликови) кои физички и вербално делуваат. Драмата може да биде напишана во стих или во проза или комбинирано. Разликуваме повеќе драмски видови: комедија, трагедија, современа драма и др.

## ЕЛЕМЕНТИ НА ДРАМСКИ ТЕКСТ

Пред започнувањето на драмскиот текст секогаш стои наслов, автор, список на лица (ликови во драмскиот текст) или **афиша**, а под него објаснување за времето и местото во кое се одвива дејството (пролог).

Драмските текстови се поделени на поголеми делови кои се викаат **чинови**, а чиновите се поделени на сцени, сцените имаат помали делови **слики и појави**. Драмските автори ги обележуваат овие делови и на тој начин полесно се следи драмското дејство при читањето.

**Ликовите** се носители на дејството. Тие водат **дијалог** со некого или кажуваат **монолог** (зборуваат сами со себе). Изгледот, движењата, мимиките и гестовите кои ликовите ги прават се опишани во заградите што се викаат **дидаскалии**.

Драмските текстови се пишуваат за да се читаат и за да се поставаат на сцена. Оживеаниот драмски текст кога се изведува на сцена се нарекува драмска претстава.



**Задача**

Пронајди ги елементите на драмскиот текст во извадокот од Антон Панов „Печалбари“.



■ Антон Панов

## Печалбари

**ЛИЦА**

ЈОРДАН, селски трговец
РАЈНА, негова жена
СТОЈЧЕ
СИМКА, нивни деца
БОЖАНА, бедна вдовица
КОСТАДИН, нејзин син
КОЛЕ, син Костадинов
СТРИКО КОЉО, стројник
ТЕМКОВИЦА
СЛАВЧЕ, нејзин син
АРАНГЕЛ, сопственик на фурна

КАРАМАН АТАНАС
ЗАФИР
ЃОРШЕ
БОЖИН
ФИДАН
СТОЈАН
СТРИКО МАРКО
} печалбари

Народ. Време на дејствието: од 1929 до 1932 година. Се случува во едно село во Западна Македонија. Само шестата слика станува на печалба.



## ЧИН ПРВИ

Старинска македонска соба, видна и сино варосана. Вратата десно води надвор, левата води во другата соба. Собата е послана со килими. На сред соба бакарен мангал. Миндерлак со перници. Перниците и пердињата се во македонски стил. Ѕидовите се украсени со народна резба. Долапите се вградени во ѕидот. Првиот мрак се спушта. Во собата Симка е сама.

СИМКА: (Млада, бујна девојка, внесува од другата соба миени садови и ги реди на полица во долапот).

СТОЈЧЕ: (Се враќа од играње). Дај ми да јадам!

СИМКА: (Вади од долапот леб и му намачкува едно парче со пекмез).

СТОЈЧЕ: (Вади од пазува ашици и, фалејќи се, ѝ ги покажува на Симка). Гледај, гледај! Сето ова го добив. Им ги собрав до еден! (Ги префрлува од рака на рака како некоја голема парична вредност). Ихи, хи! Ихи, хи!...

СИМКА: (Весело). Што се прибра ти, Стојче, денес така рано дома? Да не те скара татко!

СТОЈЧЕ: (Ѓаволесто). Не.

СИМКА: Да не скрши некој џам?

СТОЈЧЕ: (Со полна уста). Не!... (Предизвикувачки). Ти мислиш, јас не знам зошто ме прашаш...

СИМКА: Што знаеш?... Јас ништо не знам, сè дома седам...

СТОЈЧЕ: (Намигнувајќи.) Слушај! Изутрина, кога татко излегуваше за на дуќан, мајка му рече: „Денес, Јордане, порано дома врати се, зашто ќе дојдат нишан да разменат“.

СИМКА: (Неспокојна). Кој ќе дојде?

СТОЈЧЕ: Од две страни. Од Ѓурѓиновци за баче Јован и од Итромановци за баче Костадин.

СИМКА: Стојче, кажи, кого го сакаш повеќе да ти биде баче: Јован или Костадин?

СТОЈЧЕ: Баче Јован повеќе го сакам. Тој ќе ми дава бакшиш и ќе ми купи јагне. Баче Костадин ништо нема...

► *Антон Панов*





# ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ

## Интересни факти за евроазискиот и балканскиот рис

Балканскиот рис (науч. Lynx lynx balcanicus) е подвид на евроазискиот рис. Тој е национален симбол на Македонија и се наоѓа на монетата од пет денари.



- Евроазискиот рис е една од најраспространетите диви мачки во светот и може да се најде во шумите на Западна Европа, Русија и Централна Азија.
- Овие силни, опасни рисови се најголеми од нивниот вид и се третиот најголем предатор во Европа, по кафеавата мечка и волкот.
- Како месојадни животни, најчесто се хранат со животни како елените, срните и дивокозите, но кога има недостиг од храна, исто така јадат и помал плен како диви зајаци, лисици и куни. Како алтернативен плен се појавуваат и дивата свиња, различни глодари, па дури и лилјаци.
- Евроазискиот рис се смета за мошне таинствено суштество. Звуците што ги прави, се многу тивки и често не се слушаат, а нивното присуство во некое подрачје може да остане незабележано со години!
- Кога доаѓа времето за хранење, евроазискиот рис го демне својот плен од густата вегетација. Потоа скока врз својата кутра жртва и ѝ задава смртоносен касај во вратот или муцката.
- Препознатливи карактеристики на евроазискиот рис се црните китки на врвовите на ушите и долгиот бел „гривест“ дел на лицето. Има сива, кафеавоцрвена или црвена боја на крзното, кое станува погусто во зима. Неговото крзно исто така има шари, речиси секогаш со темни дамки.
- Иако може да лови и преку ден (особено кога има недостиг од храна), евроазискиот рис главно е ноќно или самрачно животно (активно на изгрејсонце и зајдисонце). Преку денот спие во густа вегетација.
- Оваа голема мачка е долга околу 90 – 110 см и висока околу 60 – 70 см.
- Во дивината, евроазискиот рис може да преживее до 17 години. Рисовите во засолништа знаат да живеат и до 24 години.
- Во Европа, рисот некогаш бил на работ на истребување, со бројки кои се спуштиле на околу 700 помеѓу 1930 и 1950 година. Добрата вест е дека работата на заштита

на овој вид им овозможи на популациите да се вратат – или да скокнат – со бројка која се зголеми 10 пати во последните 50 години. Ура! Сепак, сè уште е потребно да се вложат напори, бидејќи незаконскиот лов и загубата на живеалишта сè уште претставуваат закана за овие прекрасни мачки.



Балканскиот рис (науч. Lynx lynx balcanicus) е подвид на евроазискиот рис. Тој е национален симбол на Македонија и се наоѓа на монетата од пет денари.

Балканскиот рис ја сочинува најмалиот и најзагрозен автохтон подвид на евроазискиот рис и се смета за критично загрозен, а бројот на рисови во Македонија се смета дека не е поголем од 50 единки.

Главно е распространет во западните делови на земјата, по границата со Албанија. Опсегот на распространување му се движи од Шар Планина, на северозапад, па сè до Националниот парк „Галичица“, на југозапад. Главни живеалишта на рисот се: листопадни (букови, дабови, габерови) шуми, зимзелени (елови и борови) шуми и мешани (елови и букови) шуми, но населува и фрагментирани шуми и шибјаци. Карпестите осончани места ги користи за дневен одмор. Во летниот период повремено се движи и по високопланинските пасишта.

Извор:



## Прашања за проверка на факти

- **Што е балканскиот рис?**
  - а) Подвид на европскиот рис.
  - б) Подвид на евроазискиот рис.
  - в) Нов вид мачка.
- **Каде се наоѓа балканскиот рис?**
  - а) Во Африка.
  - б) Во Европа и Азија.
  - в) Главно во западните делови на Македонија.
  - г) Во САД.
- **Како евроазискиот рис се снаоѓа во лов?**
  - а) Лови на отворени простори.
  - б) Лови на дрвја.
  - в) Демне од густата вегетација и скока врз пленот.
  - г) Лови само преку ден.



- **Каква е бојата на крзното на евроазискиот рис?**

  а) Црна и бела.
  б) Сива, кафеавоцрвена или црвена.
  в) Зелена и жолта.
  г) Не се наведени бои.

## Прашања за анализирање и критичко размислување

- **Како евроазискиот рис се разликува од другите видови рисови?**

  а) Тој е најголемиот и најопасен рис во Европа.
  б) Тој има најкратко животно траење.
  в) Тој е најмалиот од сите рисови.
  г) Тој има најразновидна боја на крзното.

- **Какви се главните закани за опстанокот на евроазискиот рис?**

  а) Недостаток на храна.
  б) Загуба на живеалишта и незаконски лов.
  в) Прекумерна популација на рисови.
  г) Природни катастрофи.

- **Како се смени популацијата на евроазискиот рис во последните 50 години?**

  а) Популацијата се намалила за 10 пати.
  б) Популацијата се зголемила 10 пати.
  в) Популацијата останала стабилна.
  г) Не е познато.

## Прашања за апстрактно размислување

- **Како присуството на балканскиот рис може да влијае на екосистемите во Северна Македонија?**

  а) Може да предизвика губење на други видови.
  б) Може да помогне во регулирање на популациите на други животни.
  в) Не влијае на екосистемите.
  г) Може да ја зголеми популацијата на плевели.

- **Кои активности би можеле да помогнат во заштита на балканскиот рис?**

  а) Покачување на даноци за лов.
  б) Заштита на живеалиштата и намалување на незаконскиот лов.
  в) Преселба на рисовите во други региони.
  г) Редовно следење на климатските промени.

- **Како се одразува присуството на евроазискиот рис во Северна Македонија на локалните заедници?**

  а) Привлекува туристи и подига свесност за природата.
  б) Создава конфликти со земјоделците.
  в) Ја намалува економската активност.
  г) Не се забележува никаков ефект.

*Романот* е поголема епска творба, најчесто напишана во проза или стих, во која се опишуваат повеќе настани, еден главен и повеќе споредни ликови и се опфаќа одреден, најчесто подолг, временски период од животот на ликовите.

Според тематско-мотивските особености, романите се класифицирани на општествени, семејни, психолошки, историски, авантуристички, љубовни, витешки, криминалистички романи и други.

## Научнофантастичен роман

### „Зелените луѓе“

### 7.



Командантот на „Орел“, Велјан ги викна членовите на екипажот во централниот дел на леталото, па, откако седна, почна да им објаснува:

– Пред малку, како што слушнавте, добив наредба да влеземе во орбитата на некоја Зелена планета, што треба да ја забележиме на три-четири часа лево од нас. Бидете подготвени да го изведеме тој маневар, и да ја испитаме планетата на оддалеченост од 3 000 до 5 000 километри над нејзината површина.

Не помина многу време, кога ја забележаа планетата Зелена планета.

Командантот Велјан го насочи леталото во тој правец и ја зголеми брзината. Не минаа два-три часа, пак мораше да ја намали брзината, да ја прилагоди на брзината на планетата за да може да се вклопи во нејзината орбита. Изгледа не му беше тешко да го стори тоа, бидејќи „Орел“ беше нешто совршено, најсовршено нешто што го направил човекот.

Тогаш сите се фатија за работа.



Планетата беше помала од Земјата и полесно ќе можат да ја испитуваат, си мислеа луѓето од екипажот на „Орел“. И застанаа големиот број инструменти што ги носеше со себе нивниот вселенски брод. Ја испитуваа привлечната сила на планетата, брзината со која се движеше, густината на атмосферата, од какви сè гасови е составена, температурата на воздухот и површината, влажноста, оддалеченоста од Сонцето кое овде светеше многу посилно отколку на Земјата. Бележеа во нотесите, пресметуваа, кој за што беше задолжен.

Времето како да не постоеше. А минуваа часови и часови, мерејќи го со аршинот на Земјата. Кога беше сè готово, кога се сумираа резултатите, се дојде до заклучокот дека сè е приближно како на Земјата.

Командантот Велјан се јави во базата.

– Овде „Орел“, направени се основните испитувања и се дојде до следниве сознанија ... – почна да ги диктира резултатите од истражувањата, сè детаљ по детаљ, сè онака како што покажуваа инструментите.

Се разбира, ова го слушнаа и во Големата зграда на ридот, задолжена да го испитува силниот извор на магнетизмот и привлечноста на тој најоддалечен и необјасниво создаден свет.

– Од што и како? – се прашуваа, ама никако да ја завршат работата, да ја откријат причината. Затоа дадоа налог „Орел“ да атерира на Зелената планета и таму да ги чека другите упатства. Матичната база на Земјата му го пренесе ова на командантот на „Орел“.

Овој го слушна упатството, – им рече Велјан на членовите на екипажот. – Затоа бидете внимателни на секоја неправилност. Сега, како прва задача ни е да го определиме местото на спуштањето.

– Подобро ќе биде, ми се чини, тоа да биде некоја чистинка, полјанка, – го рече ова Бодин, кој претпоставуваше дека ќе треба прв да излезе од бродот.

Свртија еден круг околу Зелената планета. И пронајдоа по сè изгледа, еден таков предел.

Почна атерирањето.

– Со ваков совршен летачки брод не е многу тешко да се изврши комплициран, ризичен и несекојдневен маневар, – рече командантот Велјан и го насочи леталото кон означеното место, постојано намалувајќи ја брзината.

– Кога допре до површината на планетата, дури тогаш се почувствува колку биле напнати членовите на екипажот. Од сите нив се одгласна воздишка на олеснување:

– ООOх!

– Потраја потоа некоја тишина, што уште повеќе ја зголеми напнатоста и исчекувањето – што понатаму?

– Командантот Велјан ја прекина тишината.

– Нѐ чекаат испитувања! Да видиме дали се точни резултатите што ги добивме додека кружевме во орбитата. Брзината со која се движи планетава, нејзината привлечна сила или тежа, како што се вика, па густината и составот на атмосферата, климатските услови и така натаму.

Го рече тоа и се доближи до малото тркалезно прозорче да погледне надвор. И, што виде? Ништо. Само зеленило му го исполни погледот.

– Уф! Сѐ е зелено, просто да не повеурваш! – рече.

– Затоа и се вика Зелена, – се насмеа Савета.

– Ајде, на работа! После ќе спиеме, – рече Велјан и застана крај едни инструменти. Вечерта, барем според времето од Земјата, пак мораше да се јави во базата.

– Сѐ е како што ви кажав додека „Орел“ се наоѓаше во орбитата, – им соопшти на научниците на Земјата, а на луѓето од екипажот им рече дека можат да дојдат да спијат, а тој ќе чува стража.

Се чувствуваше некако необично, откако од бестежинска состојба се најде пак како на Земјата.

▸ *Михо Атанасовски*

## Задача

Одговори на прашањата со заокружување на точен одговор



- **Кој беше командант на леталото „Орел“?**

  а) Савета.
  б) Велјан.
  в) Бодин.
  г) Не се споменува.

- **На каква планета треба да влезе леталото „Орел“?**

  а) Црвена планета.
  б) Зелена планета.
  в) Сина планета.
  г) Жолта планета.

- **Каква задача добиле членовите на екипажот по пристигнувањето на планетата?**

  а) Да ја испитуваат планетата на оддалеченост од 5 000 километри.
  б) Да ја испитуваат планетата на оддалеченост од 3 000 километри.
  в) Да ја испитуваат планетата од Земјата.
  г) Да се вратат на Земјата.

■ **Какви инструменти користеле за испитување на Зелената планета?**

а) Телескопи.
б) Бројни инструменти што ги носеле со вселенскиот брод.
в) Лабораториски уреди.
г) Камери за снимање.

■ **Како планетата Зелена се разликува од Земјата според резултатите од испитувањата?**

а) Зелена планета има поголема густина на атмосферата.
б) Сѐ изгледа како на Земјата, според резултатите.
в) Зелена планета е многу поголема од Земјата.
г) Зелена планета има многу послаба гравитација.

■ **Кој е најголемиот предизвик за екипажот при пристигнувањето на Зелената планета?**

а) Лов на животни на планетата.
б) Извршување на ризичен маневар за атерирање.
в) Намалување на брзината на леталото.
г) Спуштање на Земјата.

■ **Како се чувствуваат членовите на екипажот кога леталото допира до површината на планетата?**

а) Напнато и стресно.
б) Со олеснување, со воздишка.
в) Изненадени и исплашени.
г) Спокојно и сигурно.

■ **Како се поврзува зелениот изглед на планетата со нејзиниот назив?**

а) Зелената боја е показател за нејзината клима.
б) Зелениот изглед дава природна убавина на планетата.
в) Самото име Зелена планета е поврзано со нејзиниот изглед.
г) Зелена планета има некои специфични растенија кои ја прават зелена.

■ **Што мислите, зошто командантот Велјан реши да ја спушти „Орел“ на полјанка?**

а) Бидејќи беше најбезбедно место за слетување.
б) Затоа што беше оддалечено од животни.
в) Полјанката им овозможила поголема приватност.
г) Не сакаше да ризикува во пошумени предели.

■ **Какви се последиците од тишината по пристигнувањето на Зелената планета?**

а) Членовите на екипажот се почувствувале осамено.
б) Тишината ја зголемила напнатоста и изнемоштеноста.
в) Тишината им дозволила да размислуваат и да се концентрираат.
г) Тишината ги опуштила членовите на екипажот.

## Разговараме

■ Во текстот извадок од романот „Зелените луѓе“ од М. Атанасовски има елементи на едно необично патување. Кој каде патува и со која цел? Објасни.

■ Што е потребно  да се има според овој текст и според твои претходни знаења, за да се патува во вселената?

■ Какви знаења треба да се има? Со кои поими се сретнуваш во овој текст? Од кои области, од кои науки?

■ Ако некој тврди дека извадокот од романот „Зелените луѓе“ од М. Атанасовски е дел од научнофантастичен роман, кои би биле неговите аргументи за тоа тврдење. Препрочитај го текстот за да одговориш.

## Задача

Истражи наслови на интернет или потсети се од своите прочитани лектири. Кои наслови биле научнофантастични? Разговарајте на часот за пронајдените наслови и дискутирајте на темата: *Пронајдоци и научни вистини во научнофантастичниот роман кои ја предвидоа иднината.*

## Опис на простор и ликови во научнофантастичен контекст

## Задача

Замисли дека си на друга планета или во иднината. Опиши го просторот околу тебе и ликовите кои таму живеат.

### Насоки за пишување:

- Опиши ја природата на тоа место: боите, светлината, воздухот, небото.
- Додади детали за архитектурата, технологијата или животот на таа планета.
- Опиши ги ликовите што ги среќаваш – нивниот изглед, говор, облека и однесување.
- Користи споредби и метафори за да го направиш описот живописен.



## Реалистичен роман – споредба со научнофантастичен роман – учиме според разлики

### Соседите



На денот кога баба му Љуба прва го пречекори прагот и стапи во контакт со новите соседи, не само што сонцето надвор посилно грејна туку и таа, и самото нејзино срдечно пристапување во нивните сè уште недоволно средени простории со мебелот и покуќнината внесе зраци на радост и надеж за полесно приспособување на дојденците на условите за престој и опстој во големиот град.

Широкоградо ја одобрија, секако, и ја договорија средбата на Ведран и Јаков. Секако, и помалиот Јосиф не доби забрана за активно вклучување во тие први детски добрососедски односи. Покрај сè друго, бабата Љуба се одушеви и од нивните имиња, кои отсекогаш ги сакала, но – рече – немала можност почесто да ги дознава, да ги сретнува и слуша изговорени од детски устиња.

„Ќе имаме голема среќа и јас и мојов врсник, – си мислеше Ведран – бидејќи сигурно ќе станеме добри другари. Добри – најдобри. Нема никогаш да дозволам тој да се почувствува осамен како јас понекогаш од разни причини, а особено не како некои други деца кога првпат ќе се најдат во нова средина. Јаков ќе има со кого да споделува игри, а ако се запише во моето училиште – и секојдневно заедно ќе одиме дотаму.“

Во исто време слични размисли го опседнуваа и Јаков. И повеќе од тоа. Тој веќе имаше изготвено и план за тоа со која игра би го стартувале почетокот на дружбите.

Дојде и тој миг.

Ни на Ведран ни на Јаков веќе не им беа потребни никакви посредници ниту олеснувачи за меѓусебно здружување.

Во исто време, во нивната близина се најдоа и нивните кученца.

Боби и Бубо.

Беше видливо дека и нив ги радува новото другарство. Не само склопеното меѓу оние кои најчесто ги хранеа и ги милуваа, туку и меѓу нив двете, та иако беа од различни раси, тоа не им пречеше за веднаш да се зближат и да се заиграат како да се братчиња: од иста мајка родени. Та, нели, кое живо создание на планетава наша не го сака дружењето со некого или со нешто или со нешто?! Па, еве, и планетата Земја има неколку свои планетарни другарки, а посакува не само што повеќе да дружи со нив и да си прават со нивните жители „иди ми – дојди ми“, туку и да открие, да стекне и да запише нови планети на списокот наречен Млечен Пат.

Во првите часови, обете домашни миленичиња разменуваа посети провлекувајќи се меѓу летвите од дрвената ограда што ги двоеше двете куќи, а подоцна, со текот на времето кое тече и истекува и побрзо од сите речни води, им беше дозволено да излегуваат и преку дворните врати, па дури и до некаде да ги испратат кога дечињата – другарчињата нивни дружно одеа на училиште или се упатуваа кон игралиштето.

А, пак, тогаш кога и Јаков, исто како и Ведран, сè повеќе почна да се интересира за кошарката, беше веќе наполно јасно дека е комплетно вклопен во новата средина. Сепак, мора да признае и потврди уште нешто: наспроти сè, не беше прекраток и периодот во кој во неговите нитки кои напати го обземаа, сеќавајќи се на другарите од родното место, па за да ги види одново – го земаше албумот и долго, долги ги гледаше фотографиите на кои беа овековечени заедно.

▸ *Александар Кујунџиски*
*(„Со големо Д“)*

## Размисли и одговори

Која е основната разлика меѓу текстот извадок од романот „Зелените луѓе“ од М. Атанасовски и извадокот од романот „Со големо Д“ од А. Кујунџиски?

Спореди ги просторот, времето, ликовите и настанот, како и темите на извадоците. Заклучоците претстави ги резимирано во неколку реченици.

## Задача

Прашањата за извадокот од романот „Со големо Д“ од Александар Кујунџиски нека ти бидат насоки за пишување текст во кој ќе направиш анализа на содржината и на ликовите во текстот.

- Како баба Љуба влијае на создавањето на добрососедски односи меѓу семејствата?
- Што се случува со Ведран и Јаков кога се запознаваат како нови соседи, и какви очекувања имаат тие еден од друг?
- Каква е улогата на домашните миленичиња во процесот на зближување на децата? Како кученцата Боби и Бубо ја одразуваат природната потреба за дружба?
- Како новата средина влијае на Јаков во однос на неговите сеќавања на родното место? Што му помага да се прилагоди на промените?
- Каква е разликата помеѓу првичната осаменост и понатамошното здружување на децата во новата средина? Како процесот на прилагодување изгледа во нивните очи?
- Како се чувствува Јаков кога се сеќава на старите другари и како ова се поврзува со неговото вклучување во новите активности, како што е кошарката?
- Што значи за децата играњето и дружбата со новите пријатели и домашни миленичиња, и како ова го прикажува нивното прилагодување во нова средина?
- Како се прикажува преодниот период на Јаков и Ведран во однос на новата средина и како се изразува нивната радост поради новите пријателства?
- Како влијае размената на фотографии на Јаков и неговата потреба да се поврзе со старите другари? Што кажува тоа за неговата способност да се прилагоди на новата средина?

# ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ



**Задача**

Прочитај го текстот подолу и напиши опис на književниот лик – ликот наратор. Сите описи нека произлегуваат и нека бидат поткрепени со искази од ликот од извадокот.

## Опис на книжевен лик

**15**

Си ја отслужив казната за туркањето на Викторија. Но, сè уште не беше готово. Сè уште морав да се справам со злобните озборувања што ги рашири за мојот говор. Ако моите соученици мислат дека сум мамел, нема да гласаат за мене. Вчера, сите ми зборуваа за говорот за видеоигри. Денес никој не ми рече ниту здраво. Забележав како луѓето необично ме погледнуваат и потоа ги вртат главите. Можев само да замислам што зборуваат.

Главата ме болеше. Можеби ќе беше полесно да го заборавам сето тоа.

Но, повеќе не се работеше само за натпреварот во говорењето и наградата. Викторија имаше право за една работа. Другите деца мислеа дека сум паметен. И бев горд на тоа, и покрај тоа што не се перчев како некои. Ако мислеа дека сум мамел, секогаш би се прашувале за мене. Целата репутација ми беше загрозена.

Требаше да зборувам со Паркер. На следниот одмор, ги најдов заедно со Сем како ги закачуваат постерите за добротворниот настан со колачињата. Сем ми упати мала, загрижена насмевка.

„Зборуваат по целото училиште, брат“, рече Паркер. „Ти отидоа гласовите.“

„Што можам да направам?“

„Не знам.“ Дури ни вечно оптимистичниот Паркер не можеше да смисли решение. Измазни еден цртеж од чоколадно колаче со нозе и го залепи за ѕидот со селотејп.

„Гласањето е утре. Невозможно е да им докажеш на сите дека сам си го напишал говорот“.

„Ти знаеш дека не мамев, нели П.Б.?“

„Па... веројатно...“ Стоеше така, а големите раце му висеа покрај крупното тело.

Сем погледна во брат ѝ, шокирана.

„Како мислиш, веројатно?“ Зборував изненадувачки гласно.

„Си можел да препишеш“, објасни тој. „Паметен си. Добар си во наоѓање работи на компјутер.“ Не сакаше да ме погледне в очи. „Навистина сакаше да ја победиш Викторија.“

Не ми се веруваше. Се свртев и заминав. Слушнав чекори, и Сем ме стигна. „П.Б. е луд“, рече. „Знам дека нема шанси да си мамел. Мислам, ти случајно да ги видиш одговорите на квиз, сам ќе се пријавиш кај наставникот.“

Застанав и се загледав во неа. „Тоа е тоа!“ „Што е тоа?“

„Сем, мора да ме пријавиш во канцеларијата.“

Таа подзина. „Полуд си од брат ми!“

„Имам план. Но, мора да го спроведеме сега или ќе биде предоцна.“ Ѝ ја објаснив мојата идеја додека брзавме низ ходникот.

Таа не беше најрасположена за соучесништво. „Нема шанси, Желе! Не можам да го направам тоа. Што ако не ни успее? Што ако не ни успее? Што ако ти направам уште поголема неволја?“

„Ништо не може да е полошо од ова.“

* * *

Стоев пред вратата на рецепцијата, а Сем влета во наставничката канцеларија и побара да зборува со директорката. Кога дозна дека г-ѓа Мадгроув е на состанок, настојуваше да го види заменикот, г. Бочек. Тој излета од својата соба за да види каква е таа врева. Ја воведе Сем и ја затвори вратата. Јас побегнав низ ходникот и чекав. По неколку минути Сем помина и кимна без да ме погледне пред да излезе низ вратата на игралиштето.

Кога разгласот запукоти со „Џо Мајлс во канцеларија, Џо Мајлс во канцеларија, ве молам“, јас влегов со пеперутки во стомакот.

Г. Бочек ме гледаше намуртено преку бирото. „Имаше официјална жалба, Џо.“ Изгледаше збунет. „Некој е многу лут што можеби си го препишал говорот од интернет. Имаш нешто да кажеш во врска со тоа?“

Јас одмавнав со главата и се обидов да изгледам виновен. Г. Бочек изгледаше уште позачуден. „Џо запаѓаш во многу неволји во последно време. Да нема некаков проблем? Сè ли е во ред дома?“

Јас слегнав со рамената и зјапав во неговата вратоврска. „Добар ученик си“, рече г. Бочек. „Се надевав дека ќе ми кажеш дека сето ова било недоразбирање за да го заборавиме.“ Ме загледа за момент, па воздивна. „Ќе мора да им се јавам на твоите родители и да ја средам работава.“ Запиша нешто во тефтерот на бирото. „Врати се овде кога ќе ти заврши последниот час.“

До средината од попладнето се проширија муабети дека сум вмешан со подземна интернет-мафија на автори што продаваат есеи во замена за душите на млади играчи на видеоигри. Се збо-



руваше дека играчите потоа морале да играат засекогаш за да обезбедуваат погорни нивоа и бесплатни предмети за мафијата.

На крајот од денот, се вратив, кај г. Бочек. Ми рече дека им се јавил на моите и ги замолил да дојдат до училиштето со мене по вечера. „Донеси ги сите белешки и списокот со твоите извори."

Токму ова го посакував, но стомакот ми се згрчи. Иако беше лажна неволја, никогаш никогаш не сум бил во толкава неволја дотогаш. И што ако, на крај, пак не ми веруваат? Ќе ме исфрлат од натпреварот. Но, што е уште полошо, сите ќе мислат дека сум глупак и измамник.

► *Извадок од романот „Без зборови" од Џенифер Мук-Сенг*

## Опис на личност од непосредната околина

### Задача

Опиши некоја личност од твоето семејство, училиште или соседството која ти е важна. Објасни зошто ја избра баш таа личност.

**Насоки за пишување:**

- Почни со основни информации: име, возраст, изглед.
- Опиши нејзини карактерни особини, однесување и начинот на кој комуницира со другите.
- Додади детали за нејзините навики, хобија или нешто што ја прави посебна.
- Заврши со личен впечаток – зошто ти е важна оваа личност?

## Пишување текст со факти, податоци и информации

### Задача

Истражи тема што те интересира (на пр. планетите во Сончевиот Систем, историјата на еден изум, познат научник) и напиши информативен текст со факти.

**Насоки за пишување::**

- Избери релевантни извори за да собереш точни податоци.
- Започни со вовед што ја објаснува темата.
- Вклучи податоци и бројки за да ја потврдиш информацијата.
- Користи јасен и објективен јазик.
- Заклучи со резиме или со интересен факт што ќе го запамети читателот.

## Самостојно читање

### Задача

Читај го текстот самостојно. Чекорите за неговото разбирање се следни:
- обележување на непознати или нејасни зборови;
- резиме на секој параграф;
- препрочитување на параграфот кој не е разбран.

## Историја на планетарно најзастапеното слатко задоволство – чоколадото

Денешното чоколадо кое планетарно е обожувано и ретко некој може да му одолее, имало многу долга и бурна историја. Според истражувањето на стручњаците, во својот основен течен облик чоколадото без блажина е користено уште пред 3 500 години во времето на древната јужноамериканска цивилизација на Маите.

Маите правеле чоколаден напиток мешајќи толчено семе на какао, вода и лути пиперчиња, кој главно го користеле при одредени религиски ритуали, па затоа го нарекувале храна на боговите. Важноста на билката какао во тоа време била огромна, се зборувало дека има магиска моќ. Дури и сидовите на нивните палати биле насликани со плодовите на какаото. Тоа го сврстува какаото во најстарите напивки кои ги познава човештвото. Околу 600-тата година на новата ера при миграцијата на север, Маите на полуостровот Јукатан ги направиле првите плантажи за одгледување какао. Во тоа време како и долго потоа, благородниците биле фасцинирани од чоколадото во својот првобитен облик и се сметало за престижна храна. Освен Маите, и Ацтеките правеле пијалак од какао и вода кој го нарекувале Ксокоати, што значи горчлива вода. Вредноста на какаото во тоа време била толкава, што обичниот народ зрната од какао ги користел како пари за размена со други производи. Според историските написи, шпанскиот освојувач на Мексико Ернан



Кортес ја забележал навиката на ацтечкиот крал Монтезуме да пие чоколаден пијалак и во 1528 година решил чоколадото да му го претстави на шпанскиот крал Карло Петти. Кусо потоа, Шпанија држела монопол за производство на чоколади за потребите на европскиот пазар. Во тоа време чоколадото добило сосема нов вкус, зашто во него се додавало шеќерна трска. Шпанските војници почнале да подготвуваат чоколадо први во Европа, додавале шеќер и цимет, но и понатаму во форма на пијалак. Зрното на какао останало како средство за плаќање. Магијата на чоколадниот пијалак брзо се проширила низ стариот континент, отпрво меѓу благородниците и богатите , а потоа низ цел свет. Во 1600 година во Мексико се појавила и првата книга посветена на чоколадото. Првата продавница за чоколади е отворена во Лондон во 1657 година како куќа на чоколадото, во која се точела оваа напивка.

Хемичарите дури во раниот 19 век во Холандија нашле начин на чоколадото да му дадат цврст облик каков што е денес. Денешното чоколадо настанало благодарение на Холанѓанецот Конрад ван Хојтен, кој во 1828 година патентирал хидраулична преса за дробење какао зрна во прав. Наредната иновација во светот на чоколадото, односно производството на првите штангли му припаѓа на Џозеф Фреј кој користел специфична мешавина од какао и од холандска верзија чоколадо и направил цврсти калапи.

Иако чоколадото во Швајцарија пристигнало во 1750-тата година благодарение на италијанските производувачи на чоколади и трговци, а првата фабрика во оваа земја е отворена 70 години подоцна. Во 1875 првото чоколадо со млеко на пазарот го пласирал Даниел Петер, син на месар од швајцарското гратче Веви.

Првиот официјален чоколаден колач, станала австриската Захер торта во 1778 година. Потоа чоколадото почнува да се појавува во мноштво облици и вкусови, филувано, полнето, мешано со овошје, житарки, јаткасти плодови и што ли уште не. Денес се смета дека постојат преку 600 облици на ова слатко задоволство, со различен процент на какао, а секако најквалитетни се горчливите чоколади со најмногу какао.

*Соња Стојановска*

Извор:



## Прашања за разбирање и резимирање на текстот

Откако ќе ги одговориш прашањата, направи резиме во десет реченици за овој текст.

- **Почетоци на чоколадото**
  - Кога се појавило чоколадото во својот првобитен облик?
  - Кој народ прв го користел чоколадото и во каква форма?
- **Чоколадото кај Маите**
  - Како Маите го подготвувале чоколадото?
  - Зошто чоколадото било сметано за „храна на боговите“?
  - Каква била улогата на какаото во нивната култура?
- **Чоколадото кај Ацтеките**
  - Како Ацтеките го нарекувале чоколадото и што значело тоа?
  - Како какаото се користело како средство за размена?
  - Како шпанскиот освојувач Ернан Кортес придонел за ширењето на чоколадото во Европа?
- **Ширењето на чоколадото во Европа**
  - Како Шпанија го изменила вкусот на чоколадото?
  - Како се подготвувало чоколадото во Европа во 16 век?
  - Каде и кога е отворена првата продавница за чоколади?
- **Чоколадото добива цврст облик**
  - Кој и кога пронашол начин да го направи чоколадото цврсто?
  - Кој ја патентирал првата хидраулична преса за какао?
  - Кој го создал првото цврсто чоколадо во форма на штангли?
- **Развојот на чоколадото во Швајцарија**
  - Кога чоколадото пристигнало во Швајцарија?
  - Кој го направил првото млечно чоколадо?
- **Современото чоколадо**
  - Кое е првото познато чоколадно колаче?
  - Какви облици и вкусови на чоколадо постојат денес?
  - Зошто горчливото чоколадо се смета за најквалитетно?



**Задача**

Замисли си дека гостуваш на час кај четвртоодделенци. Тие се интересираат за цртаните филмови, конкретно за легендарните Том и Џери. Искористи го текстот подолу да направиш мали цитати од него со интересни информации кои ќе ги објасниш на својата публика.

## Анимираните јунаци Том и Џери слават 85 години од првиот цртан филм

**Дали сте знаеле**

Првата епизода на култниот цртан филм „Том и Џери“ на малите екрани се емитуваше првпат на 10 февруари 1940 година. Поточно вчера се навршија цели 85 години откако светот ги запозна мачорот Том и неговиот кошмар, глувчето Џери.

Првиот анимиран филм е наречен „Мачорот ја добива чизмата“ (Puss Gets The Boot), а во него Том се викал Џаспер, а Џери – Џинкс. Една година подоцна, во 1941-та, аниматорот Џон Кер, мачорот го нарекол Том, а глувчето Џери.

Автори на легендарните цртани филмови се Вилијам Хана и Џозеф Барбер, кои продуцирале 114 цртани со овие ликови во студиото МГМ во Холивуд меѓу 1940 и 1957 година.

Во почетокот на 1960-тите се снимаат нови епизоди со продуцентот Џин Дајч во Европа, а цртаните „Том и Џери“ се враќаат во Холивуд благодарение на Чак Џонс во 1963 година. Тие епизоди траеле до 1967 година, по што мачорот и глувчето се враќаат „дома“, поточно во студиото на Вилијам Хана и Џозеф Барбер, кои ги продуцираат овие цртани филмови и во текот на 1970-тите, 1980-тите и 1990-тите.

Цртаниот филм за Том и Џери од 1943 до 1953 година освои седум „оскари“.

Преземено на 10.3.2025



## Задача

Напиши состав во кој ќе раскажеш еден цртан или игран филм што си го изгледал/а. Опиши ја содржината, но и твоите впечатоци поврзани со филмот.

### Насоки за пишување

**Вовед**

- Напиши го името на филмот и спомни кој е главниот жанр (анимиран, авантуристички, научнофантастичен, акција, комедија итн.).
- Кратко објасни зошто го избра токму овој филм.

**Главен дел**

- Кој е главниот лик и што сака да постигне?
- Какви се другите ликови во филмот (пријатели, непријатели)?
- Каков е почетниот конфликт или главниот проблем што треба да се реши?
- Опис на највозбудливиот или најдраматичниот момент.
- Како главниот лик се справува со предизвиците?
- Како завршува филмот?
- Дали главниот лик ја постигнува својата цел?
- Дали завршува среќно, тажно или поучно ... ?

**Завршен дел**

- Што најмногу ти се допадна во филмот?
- Дали имаше некоја порака што те натера да размислиш?
- Би им го препорачал ли на другите и зошто?



# АНАЛИЗА НА ТЕКСТ СО ПОДАТОЦИ ОД ТАБЕЛИ, МАПА, ДИЈАГРАМ

## Климатските промени и нивното влијание врз екосистемите

Климатските промени се еден од најголемите предизвици со кои се соочува светот денес. Промените во температурата, врнежите и нивото на морињата имаат значително влијание врз природните екосистеми и човечките заедници.

### 1. Зголемување на глобалната температура

Во последните 100 години, просечната температура на Земјата се зголемила за околу 1,5 °C. Ова зголемување може да се прикаже преку следнава табела:

| Период | Просечно зголемување на температурата (°C) |
|---|---|
| 1900 – 1950 | 0,3 |
| 1950 – 2000 | 0,5 |
| 2000 – 2020 | 0,7 |

### 2. Намалување на ледените покривки

Глечерите и поларните капи се топат побрзо од кога било досега. На следнава мапа е прикажано намалувањето на арктичкиот мраз во последните 50 години.

**Мапа** – Намалување на арктичкиот мраз



### 3. Зголемување на нивото на моријата

Со топењето на мразот, нивото на светските океани расте. Во последните 30 години, нивото на моријата се зголемило за **9 cm**, што доведува до ерозија на крајбрежјата и поплави.

**Графикон** – Зголемување на нивото на морето во периодот 1990 – 2023 г.




### 4. Последици врз биодиверзитетот

Многу видови животни и растенија не можат да се приспособат на брзите климатски промени. Според истражувањата:

- **30 % од коралните гребени** се сериозно оштетени.
- **40 % од шумските екосистеми** покажуваат знаци на деградација.

#### Заклучок

За да ги ублажиме последиците од климатските промени, потребни се активности како пошумување, намалување на емисиите на јаглерод и користење обновливи извори на енергија.

#### Задача

**Одговори ги прашањата со свои зборови парафразирајќи ги информациите од текстот.**

Какви климатски промени настануваат во различните екосистеми?

Какво зголемување на температурата се забележува последниве години?

Што се случува со огромните ледени површини?

Какви промени има кај моријата? Што велат податоците?

Коментирајте го во бројки оштетувањето на биодиверзитетот?



## СО УСВОЈУВАЊЕ НА СОДРЖИНИТЕ ОД ПОДРАЧЈЕТО МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ВИЕ ЌЕ БИДЕТЕ СПОСОБНИ ДА:

- идентификувате и објаснувате дезинформации и манипулации во медиумскиот простор;
- идентификувате ризици при комуникација на социјалните мрежи;
- ги согледувате последиците од влијанието на социјалните мрежи врз формирање слика за телото;
- правите едноставна анализа на медиумските содржини;
- развивате свесност за последиците од ширење дезинформации и користење манипулации во медиумите;
- развивате свесност за потенцијалната опасност на социјалните медиуми по безбедноста и добросостојбата на младите.




МЕДИУМСКА
ПИСМЕНОСТ

# ДЕЗИНФОРМАЦИИ И МАНИПУЛАЦИИ

## Манипулација со информации

> **Манипулацијата со информации е збир од тактики во кои спаѓаат собирање и дистрибуција на информации со цел да се влијае на демократското носење одлуки или тоа да се наруши** – стои во објаснувањето за овој поим во Речникот за медиумска писменост.

Понатаму вели: **Манипулацијата со информации е дејство кое се презема за да се обликува јавното мислење или да се намали довербата во автентичноста на информациите**. Се користат новите и традиционалните медиуми за да се зајакне поларизацијата и да се поттикне немир во земјата, а некогаш е придружено од нелегални киберактивности.

Ова би значело дека во интернет-просторот како и во целиот друг медиумски простор кој вклучува и традиционални медиуми како радио, телевизија, весници, весници во дигитална форма, се прават активности што значат објавување и ширење на информации кои не се точни, се користат методи како хакирања и слично. Погрешните или фабрикувани информации се шират брзо, иако се неточни и така јавноста добива искривена слика за одредена тема, личност, настан или состојба.



Така, медиумите го губат своето место и нивната основна задача за пласирање објективно точни информации не постои. **Неточните информации предизвикуваат дестабилизација (нарушување на стабилноста)**.

Манипулациите се постигаат со користење кибертехники, манипулирање со факти, информации и лица, реклами и слично.

## Дезинформација

> **Дезинформација,** според Речникот за медиумска писменост, **е информација којашто е погрешна и намерно креирана за да нанесе штета на личност, група, организација или држава.**

### Научи повеќе

Терминот „дезинформации“ поинтензивно се користи по претседателските избори во САД во 2016 година. Во студијата на Клер Вардл и Хусеин Деракшан за т.н. „информациско нарушување“ (анг. information disorder) на барање на Советот на Европа, се поставуваат темелите за разбирање и проучување на краткорочните и долгорочните последици коишто овој вид нарушување може да ги има врз политичките и врз другите општествени процеси, како и врз довербата во институциите. Нивната концепциска рамка разликува **три елементи на информациското нарушување**, секој поделен на три поединечни делови:

1. Три типови информациско нарушување: **лажна информација – дезинформација** (анг. disinformation), **погрешна информација – мисинформација** (анг. misinformation) и **злонамерна** (или штетна) **информација – малинформација** (анг. malinformation);
2. Три фази на информациското нарушување: **креирање, продукција** и **дистрибуција**;

   Значи, неточната информација прво се **креира**, потоа се прави нејзина **продукција**, се досредува и се **дистрибуира** преку медиумите.
3. Три елементи на информациското нарушување: **посредник, порака** и **толкувач**.

Кога имаме информациско нарушување, за да се пренесе неточната информација, прво треба да имаме **посредник** (медиум) кој ја шири и пренесува **пораката** и на крај потребен е **толкувач** (публиката) која ќе ја толкува пораката и ќе ѝ даде значење.

Поимите „**лажни информации**“ (**дезинформации**) и „**погрешни информации**“ (мисинформации) честопати се преклопуваат во содржината, но се разликуваат во намерата, односно дали некој намерно ги создава и ги шири за да предизвика штета или за да оствари корист, или ненамерно, верувајќи дека тие се проценети дека се точни. Иако често се испреплетуваат, поимот дезинформации не треба да се поистоветува со поимот „лажни вести“.



## Разговараме

- Што мислите за оваа фотографија?
- Можно ли е да се сретне ајкула во поплавени подрачја и тоа по автопатот на копното во Хјустон – Тексас?
- Што мислите, вистинска ли е фотографијата и информацијата, или станува збор за дезинформација?



Оваа фотографија е **ДЕЗИНФОРМАЦИЈА**. Употребена е со цел да се влијае врз јавноста, да создаде паника, погрешно верување, или, пак, да се зголеми читаноста на објавата.

Погледнете ја сега следнава фотографија:

- Што мислите, вистинска ли е?
- Забележувате ли дека е истата ајкула како на горната слика?
- Забележувате ли дека до неа е наведен фотографот и изворот?

**Фотограф**:
**Thomas P. Peschak**
**Локација**: Јужна Африка, 2003
**Објава во**: National Geographic





Оваа фотографија е **ВИСТИНСКА** и ова е ајкулата што се користи за „фотошопирање“ на автопати, во метроа и сл.

**Да заклучиме: Кога анализираме некоја информација, фотографија и сл., треба да обрнеме внимание на следниве чекори: Дали изворот е потпишан? Дали авторот постои? Дали е објавена во релевантен медиум?**



Погледнете ја следнава објава:



Оваа објава е **ДЕЗИНФОРМАЦИЈА**.

Линк до оригиналната објава која ја содржи оваа дезинформација.



Објавата е од мај 2020 г.





Меѓутоа, ова се линковите до вистинската објава каде се гледа дека фотографијата со мечката и мечињата всушност е преземена од видео кое е снимено во Колорадо, САД, 18 април 2019 г. и со нив се потврдува дека претходната објава е дезинформација:



Други примери за дезинформации:



## Погрешна информација, мисинформација

**Неточна информација којашто е споделена без намера да се нанесе штета или да се манипулира**. Тоа се информации коишто настанале како резултат на ненамерна грешка или незнаење. Меѓутоа, кога ќе се утврди грешката, потребно е медиумот да соопшти дека е направена грешка или да ја коригира информацијата. (На пример, на некоја позната личност од јавниот живот ѝ се случило нешто лошо и сл., а тоа воопшто не е точно.)



Извор:
missinformation example - Search Images

Повеќе за мисинформациите на следниов линк:

МИСИНФОРМАЦИЈА – Славни личности (Бен Афлек и Џенифер Лопез) се караат на црвениот тепих.

## Штетни информации (малинформации)

**Информации кои може да се вистинити, но немаат некое информативно значење.** Нивната цел е да наштетат некому, посебно кога таа личност е личност од јавниот живот или пак, е вршител на некоја функција. Тоа се најчесто информации за личниот живот или изглед, интимата, здравјето или за изгледот на некој близок. Имаат за цел да го нарушат угледот, реномето (на пример, познат/а актер/ка, пејач/ка или пак, некој/а политичар/ка додека јаде или се шета со несреден, неуреден изглед).

Позната пејачка покажана како изгледа без филтри со цел да наштетат и да се види колку е остарена и колку се разликува нејзиниот сценски изглед од приватниот.



МАЛИНФОРМАЦИЈА

Извор:

## Видео манипулација

На следниов линк погледнете пример од **видео манипулација**, автори се канадски студенти.



Објавата е од 2012 година. За еден ден достигнува милионска гледаност. При гледањето на видеото внимавајте на сенките што се појавуваат, тие се начинот на кој се препознава лажното видео.

## Емоционална манипулација со медиумските содржини

Медиумските содржини можат да предизвикаат силни чувства кај нас и затоа многу често во медиумите се користат такви содржини кои ќе бидат употребени со цел да се посигне емоционална манипулација со нашите чувства. Тоа може да биде чувство на страв, тага, болка, бес и доколку не застанеме и подразмислиме, може да „наседнеме“ на информации кои не се точни. Меѓутоа, овој вид на емоционални манипулации не се наивни, затоа што можат намерно да го насочат и сменат нашето гледиште за дадена тема бидејќи се држиме до фактот „Се разбира дека е вистина, јас гледам токму во тоа со сопствени очи!“ (на пример, фотографија позајмена од филм, а интерпретирана како вистинска за да се смени јавното мислење за една од завојуваните страни или пак, да се јави чувство на бес, револт кон неа или сл.).

### Обрни внимание

Ако сте свесни за трендовите во медиумите и за можностите за манипулација со слики/видеоматеријали и ако внимавате кога гледате слики и видеа, тоа ќе ви помогне да станете помудри восприемачи и усвојувачи на медиумски содржини. На тој начин помала е веројатноста да станете жртва на измама или на некои други лажни или манипулативни вести или информации.

Информирај се повеќе за манипулациите со информации на следниве линкови:

(Колку брзо се шири дезинформацијата?)

(Прирачник за препознавање на дезинформации)

(Зошто се шират дезинформациите?)

(Прирачник за мисинформации)

Прирачник за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик - Македонски институт за медиуми

## Задача

- Прочитај го текстот со наслов **Климатските промени и нивното влијание врз екосистемите** од стр. 220 и провери дали е тој текст навистина медиумски коректен: од кој медиум е преземен, кој и од каде ги има податоците во него, кој е потпишан како автор, дали се посочуваат изворите во текстот, кој дал изјава за точноста на тие информации за да биде проверливо искажаното во текстот и слично.
- Побарај на социјалните медиуми дали ќе препознаеш дезинформација или друг тип медиумска манипулација и разговарајте на часот, според вашите размислувања, за причините заради кои се креирани.

## Научи повеќе

Препорачани страници за проверка на фактите и интернет-порталите и за справување со дезинформации, тролови и ботови:

Who is:

Google Fact Check Explorer

Way Back Machine

Google Fact Check Explorer:

InVid – PlugIn, App and Mobile

VERIFY (Adobe)

How Online Bots Spread Fake News

WhoTwi - Twitter verifications

Who Is Behind This Website

# ОПАСНОСТИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

## Заштита на лични податоци



### Размисли и одговори

Кои податоци претставуваат лични податоци? Зошто е важно овие информации да бидат заштитени? Зошто не смее да ги има никој, што кажуваат тие за нас?

Во лични податоци спаѓаат: име и презиме, адреса, датум на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, број на лична карта, фотографија на документи за идентификација, телефонски број, имејл адреса, но и податоци од здравствена легитимација или податоци од потврда на осигурено лице. Личните податоци не се ставаат на профили што  ги користиме, ниту во податоци кои некој онлајн ни ги бара, а не знаеме точно кој е.

Доколку користиме профили, особено внимателно треба да ги користиме сите податоци, информации, споделувања, постови, фотографии и слично, бидејќи веднаш по поставувањето, тие стануваат јавна содржина и можност да бидат злоупотребени на кој било начин. Кога користиш профили на интернет-профили на различни мрежи, не кажувај ја својата лозинка никому. Тоа може да биде злоупотребено. Чувствителни информации не споделувај со сите, избери споделување со блиските пријатели и групи со луѓе кои ги познаваш и им веруваш.

Доколку на кој било начин почувствуваш притисок, страв, закана во медиумското комуницирање, веднаш контактирај со возрасен член од семејството или наставник, ако си во училиште.

Повеќе информации за заштита на личните податоци на следниов линк:

### Задача

- Поделете се во групи. Направете Т - табела, односно запишете листа од потенцијални можни проблеми при учеството во онлајн комуникацијата на левата страна од табелата, а на десната страна напишете ваши можни решенија за нив. Потоа секоја група нека ги изнесе своите запишани проблеми и решенија.
- Направете постер со основни правила за приватност на интернет: како што се несподелување лични информации со непознати, необјавување чувствителни информации на интернет и несподелување лозинки.

## Скриено рекламирање



### Тема за дискусија

Каде се среќаваме со реклами?

Набројте каде се среќавате со рекламни пораки. Дали е тоа само во блокот реклами на радио и телевизија? Дали се тоа билборди? Дали се тоа само места на мрежите и сајтовите каде што е обележано местото за нивно објавување?

### Размисли и одговори

- Дали сите реклами се отворени и лесно препознатливи? Како да се заштитиме од нив? Како да ги препознаеме?
- Што мислиш колкава е моќта на рекламата?
- Ви се случило ли додека гледате, на пример, филм, да забележите дека во позадина има некоја реклама (најчесто актерите пијат сок, излегуваат од брендирана продавница, земаат чоколадо од позната фирма од автомат и сл.)?
- Знаете ли за што станува збор?

Овој начин на рекламирање е наречен **скриено рекламирање.**

**Скриено рекламирање** (медиумски клиентализам според Речникот на медиумската писменост) **е прикривање факти за настани или за спорови на компаниите во случаите кога остваруваат бизнис-соработка со медиумот, поради релациите на сопствениците на медиумите и на бизнисот**. Скриено рекламирање или известување што фаворизира производ, услуга, комерцијален настан или активност на одредени субјекти. Практиките во медиумското известување и продукција без коишто ја корумпираат и ја инструментализираат професијата за приватни или за други интереси.

Примери за скриено рекламирање:









Извор:













## Задача

Обиди се во филм или на некој настан или на социјалните медиуми да откриеш пример на скриено рекламирање и на часот разговарајте за тоа.

## Бот

**Бот е:**

1. Компјутерска програма што извршува автоматски задачи што се повторуваат, особено програма дизајнирана да изврши злонамерно дејство.

2. Компјутер кој е под контрола на бот и може да се користи за злонамерни цели како дел од мрежа на контролирани компјутери.

3. Компјутерска програма или лик (на пример во игра) дизајнирани да ги имитираат постапките на некоја личност.

Како да се внимава и да се препознаваат ботовите?

- Идентитет без социјални активности.
- Чести „лајкови“ и споделувања на нечии објави.
- Коментари и фрази што често се повторуваат.
- Брзи одговори на поставени прашања или коментари.
- Интензивни објави, во кус период, на иста или слична тема.
- Користење емотикони наместо сложени реченици.
- Немање можност за опширна дискусија.
- Имаат граматички и стилски грешки во говорот.
- Имиња и презимиња измешани на латиница и кирилско писмо.

Повеќе информации за ботовите на следниов линк:





## Лажен профил

**Лажен профил е кориснички профил на социјалните медиуми зад кој не стои реална личност.** Лажниот профил или се заснова на целосно лажен идентитет или присвојува туѓи фотографии и ги претставува како свои. Мотивот за креирање на лажен профил може да биде сатиричен (исмевање на дадена личност) или криминален (финансиска и друг тип измама).

Лажниот профил ќе го откриете доколку обрнете внимание на следниве важни работи:

- Дали корисникот неодамна се приклучил?
- Дали има фотографии од различни места и датуми?
- Анонимните корисници веројатно се ботови.
- Проверете ја фотографијата. Многу лажни профили крадат фотографии од вистински луѓе.
- Дали профилот има стотици споделувања, а само неколку следбеници или пријатели? Веројатно се работи за бот.
- Дали има лични информации, што работи, студира, лични фотографии, членови на семејството. Дали е личност?
- Има стотици коментари за кусо време и активност (во период од дваесет и четири часа седмично)?
- Дали споделува лични идеи и мислења?
- Какви коментари остава, дали се агресивни, вознемирувачки, навредливи?
- Внимавајте пред да споделите. Ако не сте сигурни, не споделувајте!

Пример за лажен профил
Извор;



Повеќе за заштитата на личните податоци и начинот на бришење на лажни профили на следниов линк:

# СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ И СЛИКАТА ЗА ТЕЛОТО



## Тема за дискусија

- Што значи изреката да се биде убав?
- Дали постојат луѓе кои се идеално убави? Што значи да се биде идеално убав? Кон што води тоа, дали треба сите исто да изгледаме?

Еве што значи да се биде убав според страниците во медиумите:









## Размисли и одговори

- Кои се најчесто карактеристиките на надворешниот изглед прикажани во медиумите?
- Кои карактеристики најчесто се повторуваат?
- На која возраст се најчесто ликовите?
- Какви пораки праќаат во однос на физичкиот изглед?
- Какви стереотипи креираат за совршеноста на машкото и женското тело?
- Дали фотографиите се реални? Зошто не се?
- Дали и колку е важен само физичкиот изглед? Кој или што може да биде идеал за убавина?
- Дали сите медиуми, на некој начин, го креираат таканаречениот идеал за убавина?

Медиумите можат да предизвикаат и **негативни и позитивни размислувања за сликата за телото**:

**Негативни**:

- нереална  слика и стандарди што е убавина,
- постојано споредување со другите и обид за натпревар,
- намалување или губење на самодовербата,
- влијание врз навиките за животот и начинот на исхрана,
- искривена слика за себе и вредностите кои поединецот ги поседува,
- зависност од совети од таков тип.

**Позитивни**:

- може да се мотивираме за здрав живот, исхрана и спорт,
- вклучување во заедница на поддршка и совети од експерти,
- можеме да се прифатиме такви какви што сме.



# МЕДИУМСКИ СОДРЖИНИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И УБЕДУВАЊЕ



**Задача**

Погледнете некоја реклама за производ! Потоа разговарајте за:

- Авторство – Кој ја создал содржината?
- Форматот – Кои креативни техники се користени за да се создаде содржината и да се привлече внимание?
- Публика – Кому му е наменета содржината? Како содржината ја толкува и доживува различна публика?
- Содржина – Кои ставови/вредности се преставени во рекламата?

**Видови медиумски содржини наменети за информирање и за убедување:**

- **медиумско известување** („известување“ или она што често го сметаме за „вести“) – форма на информирање и има цел да информира;
- **мислење** – форма на убедување и има цел да влијае врз ставовите,
- **реклама** – форма на убедување и има за цел да влијае (врз тоа што ќе купите),
- **социјално рекламирање** – форма на убедување и има за цел да влијае (врз вашето однесување, за свое добро или за доброто на општеството),
- **односи со јавност** – форма на убедување со цел да влијае (врз вашето мислење за некоја компанија),
- **пропаганда** – форма на убедување со цел да влијае или со сила да ве убеди (вашите политички ставови, вашите политички избори итн.).

## Неколку важни поими

### Мислење

Во медиумската писменост мислењето е напис во кој новинар изразува став на тема, наместо само известување за фактите. Може да биде уреднички или редакциски текст, колумна и сл.



Известување за различностите

Медиумите треба правилно да пишуваат и зборуваат за различностите во општеството. Тоа се однесува на национална

припадност, вера, пол, лица со посебни потреби, постари лица, бегалци и луѓе од различни раси. Новинарите треба да ги почитуваат сите и да соработуваат со различни заедници.

## Реклама



1. Јавно претставување на производ, услуга или дејност при што се истакнуваат својствата на рекламираниот производ за да се привлече вниманието на потрошувачите кон него и за да се поттикне неговото набавување/купување. Претставувањето може да биде во вид на слика и текст, во видео или во аудиоформа.

2. Популаризирање, објавување, препорачување на нешто.

3. Во комерцијалните медиуми во демократските општества, рекламите се едни од основните извори на финансирање, а кај нас во минатото биле познати како економско-пропагандна програма (ЕПП).

## Односи со јавност

Активности и техники коишто се користат од организации и поединци за промовирање ставови и одговори до поширокaта јавност или посебни групи. На овој начин на граѓаните им се пренесуваат објаснувачки и убедливи пораки за теми од интерес, а од друга страна од нив се добиваат мислења. Ова се користи за градење позитивен имиџ за некој субјект преку промотивни активности, преку соопштенија, видео и аудиопроизводи. Називот „пи-ар“ е добиен од англиската кратенка PR (public relations).

## Пропаганда

Намерна манипулација преку употреба на симболи (зборови, гестови, слики, знамиња, споменици, музика итн.) на мисли, однесување, ставови и верувања. Терминот води потекло од римокатоличката црковна организација за пропаганда на верата, комитет на кардинали надлежни за мисионерските активности на Црквата од 1622 година. Пропагандата нагласува одредени факти, исклучувајќи други, честопати насочена кон анксиозност, стравови, предрасуди и незнаење на вистинските факти. Пропагандата може да биде директна или со затскривање на пораката. Еден од познатите модели на пропаганда е на Едвард Херман и Ноам Чомски, според кој информативните субјекти повеќе се фокусирани на поддржување на ставовите на оние кои се на власт и за тоа создаваат пропагандни форми, наместо да се занимаваат со непристрасно коментирање на настаните. Во 1792 година во Франција било формирано првото министерство надлежно за пропаганда. Систематското проучување на пропагандата и нејзините ефекти е започнато од страна на американската војска во 1942 година.*

*** Термините се директно преземени од https://recnik.medium.edu.mk/**

# АНАЛИЗА НА МЕДИУМСКИ СОДРЖИНИ

Погледнете ги фотографиите подолу. Прочитајте ги и пораките. Потоа одговорете на барањата напишани со сино.



Брзо и лесно слабеење!

Прво сите овие луѓе изгледаа вака, а сега вака. Неверојатната промена настанува за само 12 дена. Користете го овој производ и за само неколку дена ќе имате неверојатен успех, а посакуваната тежина ќе биде постигната. Запомнете, само 12 дена!

Ве очекуваме со нарачки на 073/200-300 во текот на 24 часа.

Откако ја видовте содржината на пораката и фотографиите, одговорете на следното:

Кој е авторот на оваа порака и на прикажаните фотографии?

Која е целта на фотографиите?

Како може тие да се направат?

Колку реални се ветувањата што ги дава рекламата?

Колку може да им се верува на сведоштвата?

Колку се еднострано прикажани ефектите од производот? Дали се дадени вистински научни докази кои ги потврдуваат ефектите?

Кои се вашите заклучоци од анализата на рекламата? Запишете со свои зборови објаснување на она што го заклучивте од анализата.

**Заклучок**

Сите медиумски содржини се обидуваат да ни продадат нешто – вредности, идеи или концепт на живеење. Понекогаш, за жал, овие содржини се манипулативни, измамнички или целосно лажни. Ако си ги поставиме овие важни прашања што погоре се наведени, ќе бидеме поблиску да дознаеме кои медиуми се обидуваат нешто да ни продадат и што навистина сакаме да купиме.

# ДОПОЛНИТЕЛНИ ТЕКСТОВИ И ЗАДАЧИ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА



## Изложба

Изложбената сала, убаво осветлена, гледа право на улицата каде што веќе работи корзото. Касиерката се опрела на масичето, чека да помине уште овој час па да си оди. И на детските цртежи како да им дотегнало веќе да ги пречекуваат љубопитните посетители, како да им се спие. Па да, се ближи времето кога сите добри деца легнуваат да спијат.

А посетителите на оваа изложба ја разгледуваат добродушно осмевнати, полни топло разбирање за детската фантазија, толку радосно признателни, какви што не се никогаш кога посматраат творби на голем човек, освен ако тој не е веќе покоен и како таков признат за генијален сликар. Овде бараат тие сѐ да осмислат и да оправдаат а таму, кај возрасниот човек, би сметале за своја должност да направат некоја повеќе или помалку јадовита забелешка. Па и на самите сликари детските изложби им ја откриваат особено чисто потребата да ѝ се пристапува на уметноста просто и искрено.

Еве и сега двајца студенти од последната година на ликовната академија, следејќи ги од слика до слика чекорите и зборовите на еден постар уметник, свој познат и учесник во аранжирањето на изложбава, живо се восхитуваат од неа. Својот восхит тие го пренесуваат и на девојката што иде со нив, една од оние девојки кои самите не студираат ликовна уметност, па ниту нешто прочитуваат за таа гранка, но затоа дружејќи се со уметници неусетно стекнуваат завидно познавање на ликовната терминологија. Оваа девојка е и надворешно, по своето држење, нивни типичен претставител: таа е убаво сосредоточена и кога ѝ се обраќаат, укажувајќи на некоја суптилност во сликата, таа сериозно и со разбирање потврдува со глава. Не е чудо еден ден да му стане таа животна другарка на еден од двајцава млади труженици на палетата, до колку тој ќе си ја затврди мислата дека во неа нашол суштество што ќе го разбира и што ќе знае вистински да го цени неговиот талент.

– Гледајте, ви се молам, – го задржува со широк гест вниманието на другите постариот уметник.

Цртежот „Куќата на дедо ми на село“ со доволно живост ја побудува атмосферата на селско пролетно утро и може да се рече дека наполно му одговара на своето име. Дедото се мие лице на бунар. Една извилеста патека води од бунарот, низ бавчата, па надвор нагоре по чаирот дури не упре одеднаш во самото сино небо. Прстот на сликарот го посочува токму правецот на таа патека, ликовно предадена во вид на скала од јаже, какви што има на лаѓите. Се чини како да му е првата работа на дедото, по миењево, да си се искачи по неа горе малку на разговор, или како да му е тоа скала за на таван. Различни асоцијации, по симболичен пат, се будат. Во другиот агол, како земна противтежа на таа симболика, претставена е оваа сцена: комшиската мачка се искачила на плотот со намера да прерипне ваму, но во последниот момент забележала дека долу подмолно ја демне песот Шаро, готов да ја задави. Така се и предадени: замрзнати во наеженост



еден спрема друг. Посебна драж внесла детската рака во оваа сцена со тоа што мачката ја нацртала двојно поголема од Шара, па чисто логички земено, ништо не би ѝ пречело да рипне на него и да го поклопи целиот.

На уметниковото око не му избегнува таа подробност:

– Гледајте само овде. Колку е верно и впечатливо предаден овој момент на изненадно, мигновено ѕверење меѓу мачка и пес. Вие просто чувствувате како режат, го слушате тој звук, нели? И зар му наштетила нешто на тоа оваа до смешност дотерана деформација? Па не, просто детето одело кон сушноста и еве ја – изразена е животната вистинитост, нејзината душевна мерка. И детето до сето тоа иде непосредно, како што си кине сливи од гранката што ја досига. И сѐ е добро дури не дојде нашата школа да му натрапи на детето претстава дека сликањето значи боење на ситни квадратчиња во кои го ловиме светот како во мрежа. А после, ако е во прашање талент, нека се бара пак себеси. Но колку мачно е после тоа барање! Ете што направи нашата школа. И знаете ли, тоа е интересно, имавме доста расправии при изборот. Учителите просто се изненадуваа кога земавме некои вакви работи во кои мачките се нацртани поголеми од пците. А ние во нив баравме баш доказ за отпорност, потсвесна побуна на живото чувство против шемата што му се наметнува, знак на една борба што е овде, на секој цртеж пооделно, во различна степен изразена и се наоѓа во различна фаза. Ние така ја сфативме својата работа и мислам дека постапивме правилно.

Двајцата млади уметници го проследија овој мал говор со забелешки од своја страна, а девојката со потврдување каде што беше нужно, тоест кога погледот се управуваше на неа.

– Дали можат да се откупат некои од овие работи? – праша едниот.

– Да, како на права изложба.

– Тогаш јас би сакал непремено да имам некои кај себе.

Тој живо се сврте и отиде до касиерката, ја раздвижи малку, покажувајќи со рака: оваа, оваа, оваа. Касиерката бележеше. Во изборот, молчаливо, студентот пројави критичен однос спрема вкусот на својот постар колега, зашто посочи сосем други работи од тие пред кои овој особено се задржуваше.

Откако стана откупот, младите луѓе се поздравија и излегоа. Уметникот се проѕевна, го погледна саатот како да се колеба дали и тој да си тргне по нив. Но сепак остана така, малце расчекорен, на средината од салата, загледан неодредено. На околу педесет години, со силно прошарана гривеста коса, тој имаше изглед на добродушен, веќе малку уморен лав.

Тогаш влегоа во салата жена и девојче, можеби последни посетители на изложбава за овој ден. Тие не идеа како минувачи што случајно погледнале во витрината и решиле да влезат. Нивниот забрзан изглед покажуваше дека идат нарочно за овде и дека веќе се плашеле дали ќе стигнат на време и сега се среќни дека изложбата уште не е затворена.

Уметникот ги гледа заинтересирано. Иако неговиот фах не е портретот, ами мртвата природа, пред неговите проникновени очи веднаш се оцртуваат неколку леки линии на нивната судбина. Двете се облечени во црни кецели – ластовица и ластовиче. Мајката е слаба, височка, сосем неусетно подведена. На човека некако само од себе му се налага

да ја замисли над шивачка или плетачка машина во задружна работилница, каде што жените, кога ќе влезе некој, го погледнуваат кратко под око, не исправајќи ја главата.

Уште е млада, но бледнилото на нејзиното лице одава нешто вдовичко, тоа е она бледнило на католички монахињи, милосрдни сестри. Девојчето може да има десетина години, едно од оние деца што брзо се извишуваат, па се слабечки и нежни. Уметникот погаѓа дека девојчето има некој свој цртеж на изложбава, па ја води и мајка си да го видат како стои во оваа светла сала во центарот на градот, што многу луѓе ја посетуваат. Сигурно веќе неколку пати се договарале кога е најзгодно да дојдат, мајката можеби излегла денеска пол саат порано од работа, но сепак се подзабавиле и за малку да им пропаднат парите што ги дадоа за тролејбуска карта.

Но добро е штом стасаа на време.

Така си замислува уметникот и како случајно да оди да разгледува на онаа страна каде што се управуваат тие. Всушност, него го интересира да го чуе нивниот разговор и да види како ќе ја примат изложбава, поготово ако е и девојчето навистина учесник во неа. Мајката и ќерката се држат за рака и одат право накај спротивниот ѕид, како нешто да ги тера да си го доввршат до крајната точка своето движење однадвор. Цртежот пред кој запираат претставува пазариште на зеленчук во полниот ек на работата.

– Што е убаво, мајчице, – се чуди детето и долго се загледува, сакајќи да ја сфати секоја подробност.

Но мајката нејќе да се задржува тука долго. Нејзе ѝ остана впечатокот дека касиерката не многу љубезно ги погледна и сега ѝ се чини дека треба да брзаат што се може повеќе, па затоа веднаш да го видат главното што ги довело овде.

– После ќе гледаме, сине, – вели таа. – Да ги најдеме прво твоите цртежи. Кажи кои беа.

– Учителот ми рече дека избрале два. Знаеш, оној со продавницата спроти нас, што го цртав од нашиот прозорец, и оној со бронзениот бокал, со ружите што ми ги донесе.

– Гледај сега добро, – ѝ вели мајка ѝ, ја прегрнува преку рамена и полека ја поведува покрај цртежите.

Колку што повеќе го затвораат кругот, чекорите како сами да им се запираат. Можеби е подобро да си излезат веднаш и да останат со надежта дека двата цртежа се поставени на она парче од ѕидот што тие не знам зошто не го погледаа. Но кругот се затвора и мајката само поцврсто го стегнува своето девојче. Таа малце премислува.

– Иди види уште еднаш, да не сме ги пропуштиле случајно, – вели таа.

– Па ги нема, мамо.

– Ако, погледај уште еднаш.

Девојчето трга, повеќе да ѝ угоди на мајка си отколку што самото има некаква надеж, поминува отсутно наоколу и се враќа збирајќи раменици:

– Нема.

Мајката го крева погледот и го управува само за миг на уметникот. Изразот ѝ е таков како да сака да побара некое објаснение. Но тоа е само така, испаѓа случајно. Од кого смеала таа некогаш да бара објаснение, па и сега од овој непознат човек што

нема никаква врска со нивниот случај? Пред самиот излез таа се запира подолго како да посматра еден цртеж, а всушност ја задржува чувството на бојазан да не рече дека избегала ако излезе веднаш. Потоа, прегрнати, сепак нагло излегуваат.

Уметникот прави потсвесно гест како да ќе потрча да ги врати. Тој навистина им должи објаснение и тој е човекот, иако не го знаат, што би можел нешто да поправи во оваа ситуација. Тие два цртежа ги сметна тој од ѕидот, утрото пред самото отворање на изложбата, ене ги стојат уште на бирото во изложбената канцеларија. Би можел повторно да ги стави, а на жената и девојчето да им објасни дека е сè настанато само поради една случајност – цртежите не биле добро прицврстени, па тој поручеква ги симнал, но утре пак ќе ги изложи, и на подобро место, дека го заслужуваат тоа. Зошто не би ги вратил да ги утеши и израдува?

Меѓутоа, како што станува често, и ова колебање се заврши со бездејство и сè остана како што си беше.

Не, нешто се менува: сега уметникот го опфаќа натаженост, чувство на виновност. Зошто ги симна заправо тие два цртежа? Беше ли тоа толку нужно, беше ли оправдано најпосле кога веќе минаа пред жирито? Уметникот пак сообразува. Се сеќава добро: дури кога беше изложбата сосем подредена, одеднаш забележа дека тие два цртежи делуваат суво и празно, го умртвуваат просто инаку убаво подреденото катче. Доста беше да ги прекрие со рака, па да види дека без нив катчето како да се развеселува. Тогаш и се реши да ги симне и сигурен е дека постапи право. Но, иако сосем уверен во тоа и сега, нешто го тера пак да провери, да види да не пресилил во моментот.

Тој влегува брзо во изложбената канцеларија. Цртежите се еден на друг на бирото. Го зема горниот и внимателно го разгледува, иставајќи го постепено колку што може да ја испружи раката. Тоа е цртежот со бронзениот бокал. Уметникот и не сакајќи сожалително се усмевна. Бокалот е поставен на кујнска маса, со две ружи внатре. Се познава дека ивиците му се повлечени со лењир, боен е со сина боја што со некаква милиметарска симетричност се проретчува од ивиците накај средината. Фонот е молиран ѕид, а шарките му се предадени како народен вез. Правење на такви шарки зафаќа многу време на часовите по цртање. Нема ништо од онаа борба на детското живо чувство против  шаблонот што сака да го скове, за која зборуваше уметникот и показот на која беше основната мисла на оваа изложба. Но сепак уметникот како да чувствува дека нешто му се одѕива од овој цртеж на неговиот сожалителен усмев. Да, тоа е ова парче каде што мазилката од ѕидот е падната. Нешто трошно, влажно има во тоа. На неговиот сожалителен усмев тоа парче како да му одговара со тих, виновен усмев. Но тоа е  несомнено малку.

Уметникот излегува посмирен во салата. Тој е сега наполно уверен дека не згрешил. Па и не можел да згреши спроведувајќи во изборот доследно еден правилен принцип, грижејќи се за неговата што почиста пројава. И стручната критика веќе го одбележи по заслуга тој напор. Но зошто сега таа потреба да се куражи, да се оправдува? Дали дека на него се обрати случајно погледот на жената што бараше објаснение, а сега го потсилува тоа усмевот на онаа падната мазилка што, сигурно поради посилната светлина во салата, и самиот станува поизразит пред неговите очи, се пренесува преку цртежите на ѕидот, како да му е тука местото, како да не е ова изложбена сала ами кујничето во

кое сега жената и детето нажалени ќе се вратат, да заборават уште една ситна болка. Но дали ќе ја заборават, се праша со право уметникот. Тој самиот знае дека таквите случки остануваат долго во душата и одвреме навреме како песочинки ја глочкаат. Свесен е дека сега повеќе би сакал да беше отстапил во овој еден случај, макар колку и нерадо, од својот правичен принцип. Тој гледа дека правичноста може понекогаш да уроди со суровост. Ако ја бара грешката, таа потекнува отаде што цртежите не беа одбиени на време, дури учителот уште не им соопштил на децата кои работи се примени за изложбата. Но и после можеле да се сложат околностите така што да не се дојде до ваков крај. Можело, на пример, поради каква да е причина да не дојдат тие двете на изложба, или да дојдат тие двете на изложба, или да дојдат дури откога ќе биде затворена, или да намине само девојчето, во кој случај изненадата полесно ќе се изживееше, зашто немаше да се гледаат меѓу себе ужалени и немоќни пред уште една навреда. Најпосле, подобро би било и самиот тој да не се згодеше овде да ја гледа сета случка. Тогаш ќе беше во ситуација на оние што ги определуваат принципите, но се далеку од тоа да ги засегнат во некаков вид подробностите од нивната примена. Меѓутоа, понекогаш животот како свесно да ги одбегнува полесните патишта и создава испреплеткани случки, можеби за поука. Незгодата е овде што критичката мисла засега едно дете, изведено не по свое барање да го ценат, а како што му се чини на уметникот, кој е сега готов да мине во друга крајност, некако силум привлечено во вителот на оние суетни работи околу кои се ломат амбициите на големите. Да беше во прашање голем човек, немаше ова ништо да значи, го испитал и самиот на себе.

Но време е да се затвори за денеска изложбата. Касиерката ја заклучува масата, ја поправа косата и се карминира. Кога излегуваат, тој само за малку може да ги проследи нејзините прави нозе што се губат меѓу минувачите.

Понесен од навалицата и тој се оддалечува како да нема ништо општо со оваа изложба.

*Блаже Конески*
*(„Лозје“)*



## Задача

**- Наброј ги ликовите од текстот. Издвој кој како се чувствува и како е опишан.**

**- Прераскажи ја фабулата на текстот.**

## Ружа



Денеска е први јануари, длабока зима. А ружата месечарка под мојот прозорец по некое чудо пак расцутила. Покрај две-три пупки, еден цвет сосем се отворил, и неговото руменило е толку изразито спрема белината на снегот! Таа ружа цутеше и напролет, цутеше цело лето и есен. Зошто да не цути и сега, кога мразови ја стегнале земјата? Можеби сета смисла на нејзиното суштествување била во тоа да покаже дека е тоа можно.

Го посматрам тој црвен цвет. Се извива тој сега на остриот ветер, извонредно е осамен, безнадежен; но тој е сепак реалност, не сум го измислил јас, јас сум само среќен што ми се дало да го гледам и да раскажам за него.

▸ *Блаже Конески*

**Задача**

**Прочитај го текстот погоре кој е поезија во проза. Пронајди го описот на ружата. Парафразирај го со свои зборови.**

## Никој не ме сфаќа

Никој на светов мојата болка не ја сфаќа. По мене везден се вика и секој во „бестрага“ рамнодушно ме праќа.

Најдобро да заминам од дома и некаде далеку да одам! Само да можам, само да можам и Ана со себе да ја водам!

За сите сум „неранимајко“ и секоја игра постојано ја губам. Но јас сум добар, јас сум златен и првпат некого – ОД СЀ СРЦЕ ЉУБАМ!

▸ *Горјан Петревски „Татковата прва љубов“, Наша книга , Скопје, 1998*

**Задача**

**- Прочитај го текстот. Тој нека ти биде мотив за пишување текст со сличен наслов. Напиши десетина реченици за тоа кога си се почувствувал кога некој не те разбрал. Наведи го настанот/ситуацијата и потоа кажи го својот став и мислење за тоа што ти се случило.**

## Патека во снегот

Наврна голем снег. Голем снег – голема радост. Им немаше крај на игрите. Но, снегот како да ја претера. Ги загрижи возрасните. Знаеја тие: голем снег и големи неволји! Ги покри уличките, портите не се отвораа ако беа затворени; не се затвораа ако беа отворени. Врз несигурните покриви на монтажните бараки снегот натежна. Родителите се исплашија, затоа што снегот продолжуваше да врне; ги прибраа децата и почнаа снегот да го расчистуваат.

На Вања работата му се виде тешка. Чувствуваше изморeност од снежните игри, сакаше да седи крај прозорецот и да ја гледа играта на снегулките.

Неговите другари од уличката им помагаа на родителите. Со лопати или со потиснувачи, направени од шперплоча, го расчистуваа снегот од дворовите, а оние посмелите беа искачени на покривите од своите ниски живеалишта и го туркаа надолу снегот.

Вања се штеткаше по ист пат од влезната врата до излезот на уличката и назад. Упорно го повторуваше тоа.

– Ајде, Вања, што се вртиш! – го караше мајка му. – Земи лопата и исчисти ја патеката за да можеме утре да излеземе. Нѐ сосипа снегов!

– Леле, мамо, те молам, гледај колку е убав! Остави го ваков! Еве, јас ќе изгазам патека за излегување – и Вања продолжи да гази и тапка една иста патека.

Неговите родители се зафатија да го расчистуваат снегот од делот на улицата откај нивната куќарка. Тука на рамнини требаше да се помине со колата. Работата им беше далеку, малечката сестричка требаше да се носи во градинка, а и на Вања училиштето не му беше во близина.

– Ќе подмрзне, па утре ќе си имаме белја! – се лутеше татко му.

Веќе се стемнуваше, се чувствуваше потреба уште некој да им помогне, а Вања веќе премалуваше. Неумората што ја покажуваше во играта, како да исчезнуваше. Прикрадувајќи се, влезе дома, се прибра во затоплената соба, почнуваше да му се дреме. Се пристемни и веќе не ги распознаваше мајка си и татка си, кои сѐ уште го расчистуваа снегот.

Не сети кога заспа, не сети ни кога се прибраа неговите капнати родители. Сонуваше големи снегови, а во нив како брод плови нивната нова кола.

И кога се разбуди, снегот навистина беше каков што сонуваше, а и колата не возеше, туку пловеше врз големиот снег. Татко му ја вртеше на една страна, а нејзината задна страна бегаше таму каде што не ѝ беше правецот.

Времето изминуваше. Вања врескаше, молеше, но таа никако да го задржи насочувањето. Како да си подигрýваше со нив. Правеше: тргни, лизни се, и избегај настрана! Татко му молчеше, чистеше со лопатата, мајка му фрлаше пепел под гумите.

Сега и Вања се растрча: носеше некакви искинати черги, патеки, бришачи за чевли, стари алишта и ги подметнуваше под задните тркала на колата...

Кога тој стигна на училиште, првиот час веќе завршуваше.

► *Александар Поповски*

**Задача**

**- Направи анализа на текстот „Патека на снегот“ пронајди го раскажувачот во текстот и препознај во кое лице раскажува. Искажаното поткрепи го со цитат од текстот.**

**- Кој е главен настан во расказот?**

**- Наброј ги ликовите.**

**- Издвој го ликот на кој се однесува настанот.**

**- Објасни како ликот се однесува на почетокот, а како на крајот на текстот.**

## Звукот на брановите

*Кога првпат го посети Ѕунливото Море, Ален воопшто не го планираше тоа патување. Не само што не планираше, туку не ни знаеше каде стигнал. А откако стигна, беше толку изненаден, исто како што би биле и вие кога одеднаш, неочекувано би се нашле таму.*

Ноќта беше тивка. Се слушаше само дишењето на Ирма во креветот под него. Таа мирно спиеше, но Ален... Ален не можеше да заспие со часови.

Или... барем така му се чинеше.

Размислуваше за она што се случи дента на училиште.

Односно, се трудеше од сè срце да не мисли на тоа што се случи бидејќи штом ќе помислеше – грлото му го стегаше некоја невидлива рака, како околу неговиот врат да се обвиваше темна сенка и не го пушташе. Се трудеше да не се потсетува, но не можеше да ги запре мислите да итаат назад кон оној ужасен, срамен момент.

Зошто не направи ништо? Зошто не кажа ништо? Зошто не успеа да се снајде? Зошто не му врати на Давид? Да не беше некој друг на неговото место, ќе кажеше збор, ќе објаснеше или ќе свртеше на шега, или ќе вртеше, можеби дури и ќе се заканеше... Но, не и Ален. Тој не умееше да ги прави тие храбри работи. Умееше само да молчи.

Ох, колку беше лут на себеси поради тоа! Страшливец и слабак!

Затоа сите сега го викаа онака. Мочко. Колку ужасно. А не беше. Не беше мочко. Беше само малку несмасен и водата му се истури во скутот и ...

Но, сега... што ќе прави сега? Можеби е најдобро неколку дена да биде болен. Па ќе дојде сабота, па недела, па до понеделник ќе заборават на него.

Можеби.

Веројатно нема.

Сигурно нема.

Ќе му се смеат и ќе измислат некое ново име. А уште пострашно е што в понеделник и Наталија ќе се врати на училиште. И ќе разбере сè. Каков страшен срам.

Ете, тоа го измачуваше Ален. Затоа не можеше да заспие. И во целата агонија, во еден миг погледна низ прозорецот и забележа дека небото веќе не е црно. Полека почнуваше да сивее. Што значи дека утрото набргу ќе дојде. А тој – тој не склопи око.

Реши да заспие веднаш. Цврсто ги затвори очите, речиси инаетливо, настојувајќи да потоне во сон. Дури со себе си кажа и една мала магија – која понекогаш си ја шепотеше, налик на лична молитва:

– Румба-рата-тата-туф, моруна и џамагуф, трасол-тисол-салацек, сонсек, заралек.

Додека така си шепотеше, замижан, почувствува како креветот благо се заниша.

Чудно.

Потоа пак, посилно.

Како да беше кревет во некоја бродска кабина. Ален – Ален многу сакаше бродови!

Сега креветот веќе се нишаше постојано. Ален малку се збуни дури и се подисплаши – но беше решен да не ги отвори очите. Можеби ова беше дел од заспивањето? Можеби сонот конечно доаѓаше и нежно го гушкаше држејќи го в прегратка?

А тогаш... тогаш покрај нишањето слушна и еден звук кој го немаше слушнато претходно. Тоа беше звук сличен на шумот на морските бранови – но не само тоа. Замислете кога морските бранови би биле направени од илјадници минијатурни ѕвончиња! Тие истовремено би шумеле и би ѕунеле, како стотици морски нимфи да пеат меѓу брановите. Е, таков беше тој чудесен звук.

И, Ален не издржа и ги отвори очите.

▸ *Извадок од „Приказни од Ѕунливото Море“ од Билјана С. Црвенковска*

**Задача**

**- Направи анализа на текстот – пронајди го раскажувачот во текстот и препознај во кое лице раскажува. Искажаното поткрепи го со цитат од текстот.**

**- Наброј ги ликовите.**

**- Издвој го ликот на кој се однесува настанот и опиши го користејќи цитати од текстот.**

## Игра за сите деца

Скокни, скокни ноџенце,
плесни, плесни раченце,
раменце до раменце,
знаменце до знаменце.
Црни, бели дечиња
подајте си рачиња
допрете образчиња
ко сестрички, братчиња.
Заиграјте дечиња
запејте песничиња
сред детската градинка
ко в гора славејчиња.
Опа, цупа, ноџенца
плеска, плуска раченца
подигнете знаменца
високо над раменца.

► *Косара Гочкова*






**Задача**

**Пронајдете ги деминутивите и хипокористиците во песнава.**

## Детското срце

Детското срце е ливада во цвеќиња
Најмирисно поле раче што шири,
Најбујна шума од песни за дечиња,
најпалав поток што нејќе да се смири.

Детското срце е долина најжарена,
Кавалот во неа со звуци те гушка,
Тоа е ѕунење детски подарено,
Водопад весел што секогаш се слуша.

Во детското срце летка јато птици,
Од него гулаби гукаат песна,
Детското срце има златни жици
И дари музика живот што значи.

▸ *Ѕвонко Сшојановиќ*

**Задача**

**Пронајди ги метафорите и другите стилски фигури во песнава.**

## Пештерата Змеовица

Крајот западно од Пелагониската Котлина што го зафаќа горното подрачје на Црна Река и нејзините притоки, има повеќе пештери. Една од пештерите го привлекува вниманието на патникот. Тоа е пештерата наречена Змеовица.

Некогаш, во далечни времиња во пештерата живеел змеј. На еден празник во селото Доленици, змевот ја грабнал најубавата девојка од селото и ја однел во пештерата.

Ниту еден не се осмелил да оди во пештерата, да ја врати грабнатата девојка. Сите се плашеле од змејот кој бил силен и страшен. Кога тој рикал целата околина го слушала и воздухот го сечел неговиот силен глас...

Несреќната девојка ја научила тајната на змевот и еден ден кога побарал вода, таа му ставила сол во водата и змевот се скаменил, но веднаш крај него се скаменила и девојката...

Пештерата Змеовица има форма на една голема сала која е висока 15 метри, долга 20 метри и широка околу 11 метри.



На подот постојат два блока кои имаат форма на човечки суштества. Народот верува дека овие сталактитни форми го претставуваат скаменетиот змеј и девојката. На североисточната страна во пештерата се наоѓа едно елипсовидно проширување што личи на долап и вдлабнатина исполнета со вода.

Селаните од околните села и од подалечните села пијат од водата и се мијат за „здравје“ и за „лекување“...

► *Народна леѓенда*

**Задача**

**Определи дали текстот е легенда или предание.**

**Што е фантастично во текстот?**

**Наведи ги сите постапки кои покажуваат фантастичност.**

**Дали има реалистични елементи?**

## Двете дрвја што си недостигаат едно на друго

Во шумата имаше две исти дрвја...

Вие сте далеку едно од друго, дали си недостигате?

Кој ви помага меѓусебно да си пренесете порака?

Дали е тоа ветрот што талка напред-назад во шумата ?

Дали се тоа птиците што летаат или штурците што пеат?

Кој е гласникот што ви кажува да цутите истовремено напролет, да ја пеете истата песна или исто да танцувате? Кој е гласникот што ви кажува вашите убави цветови да изгледаат исто лете и да раѓаат плодови наесен?

Кој е гласникот што ви овозможува меѓусебно да си ги пренесувате топлината и охрабрувањето во вашите срца, за да се борите против снегот и студенилото зиме?

Кој е гласникот што ви овозможува заедно да го поздравите доаѓањето на пролетта?

Во шумата имаше две исти дрвја...

Вие сте далеку едно од друго, кој е гласникот што ви пренесува колку си недостигате едно на друго?

► *Извадок од „Приказни ѓолеми колку дланка“ од Џанѓ Ќиушек*



**Задача**

**За што раскажува нараторот во овој текст? Која е првата реченица во текстот? Што мислиш, дали истите нешта можат да си недостасуваат? Што набројува нараторот дека ги спојува двете дрвја?**

**Дали ти некогаш си имал некој или некого со кого исто се однесуваш, на пример, близок роднина, пријател, другар од соседството. Дали ти недостасува? Како комуницирате? Што ве поврзува?**

**Напиши краток текст за тоа како луѓето денес се поврзуваат кога си недостасуваат.**

## Планинска самовила

Си бил еднаш еден многу храбар крал; сите кралства од околината на неговото кралство, му се обраќале за совети: толку бил праведен и мудар. Кога имало некоја кавга меѓу нив, тие оделе кај овој крал да бараат правда, и како што велел тој, така и правеле, бидејќи тој бил правичен и мирољубив судија. Кога подостарел, Господ му подарил еден син. Не може да се опише среќата што ја почувствувал кралот кога добил наследник. Сите кралеви од соседството му испратиле дарови. Тие исто така се радувале што нивниот сосед, кој им помагал со неговите корисни совети, добил наследник.

Откако детето малку пораснало, почнало да учи. Учителите се чуделе како тоа многу брзо напредува со учењето. Тоа што другите деца го учеле за една година, тој го учел само за една недела. Стигнале до таму што веќе учителите немале што да го учат. Така, неговиот татко напишал кралско писмо до некои големи филозофи, да дојдат и да му го пренесат нивното знаење на неговиот син.

На дворот на овој крал имало тогаш многу вешт ловец; додека пристигнат славните филозофи, кралот го доверил синот на овој ловец, за да го научи неговиот занает.

Откако дошле филозофите, кралскиот син научил сè што можело да се научи на овој свет. Радоста на неговиот татко сè повеќе растела кога гледал дека неговиот син ќе биде повеќе учен од сите други кралски синови, и затоа во него гледал како во сонцето. А тој, како што растел, станувал поумен и поубав. Во целото негово кралство, како и во соседните кралства, не се зборувало за ништо друго, освен за мудроста и убавината на неговиот кралски син.

Не стигнал да ги расучи мустаќите, веќе почнале да стигнуваат понуди со мираз од разни кралеви, кои сакале да ги омажат своите ќерки со овој кралски син, но момчето не сакало да се ожени толку млад.

Еден ден, кога отишол на лов, видел едно гугутче кое цело време скокало околу него; нему му паднало жал за гугутчето, затоа што тој сакал крупни пленови, не се плашел од никакви опасности: тој бил вешт и храбар ловец. Кога видел дека цело време гугутчето скока пред него, го испружил лакот и стрелал. Се зачудил премногу дека тој, умешен ловец, не успеал да ја убие гугутката, туку само ја ранил во едното крило, и така ранета заминала, и не ја видел повеќе. Кога гугутката си заминала, тој почувствувал, не знам како, не знам зошто, дека срцето забрзано му чука.

По враќањето дома, тој бил цело време тажен. Кралот, гледајќи дека неговиот син



пропаѓа со здравјето, го прашал што му е, а тој одговорил дека не му е ништо.

Таа гугутка била Планинската Самовила, која се заљубила во неговата убавина. Таа не сакала вистински да се појави пред него, за да не се посомнева тој, и затоа се претворила во мала гугутка и скокала пред него. Цело време размислувала што да направи, како да успее да се запознае со кралскиот син.

По неколку дена, кога кралскиот син се вратил од лов, една сиромашна жена се појавила на кралскиот двор и барала да биде примена за слугинка. Бидејќи имало потреба од кокошарка, таа била примена.

Таа се грижела многу внимателно за кокошките и за другата живина во кралските кокошарници и живинарници, така што секогаш се зборувало за нејзината умешност.

Кралицата била многу задоволна и секој ден му кажувала на кралот пофални зборови за способноста и работливоста на оваа млада, но сиромашна жена. Слушајќи ги овие убави зборови за кокошарката, кралскиот син посакал да ја види. Еден ден, кога кралицата отишла да ги обиколи кокошарниците и живинарниците, кралскиот син отишол со неа.

Кога ја видела кралскиот син, кокошарката му фрлила толку нежен поглед и полн со љубов и понизност, што кралскиот син некако се збунил, но сепак останал сосемен. Почувствувал дека му горат образите, студена пот го облеала, а срцето почнало да му чука толку силно, како да ќе му излегло од градите. И самиот не можел да сфати какво значење има сево ова. Само го наведнал погледот, не рекол ништо и се вратил дома.

Сите од кралскиот двор ја почитувале оваа слу-жителка, заради нејзината чистота и трудољубивост. Таа се однесувала пристојно со сите слуги и никој не можел да ѝ даде никаква забелешка, бидејќи таа не им давала ни најмал повод.

Во меѓувреме, синот на еден соседен крал, бидејќи правел свадба, го поканил и нашиот крал





со целиот негов двор на свадбата. Кралот со голема радост ја прифатил поканата и на свадбата отишол со кралицата и со принцот.

Денот кога била свадбата на тој кралски син, на која отишол и нашиот крал со неговиот син, кокошарката побарала од надзорникот да оди и таа да прошета малку. Надзорникот, смеејќи се, ѝ рекол: „Што му треба на ќелавиот? Бисерен ѓердан". И ја пуштил да оди. А таа, голтајќи ја навредата, не рекла ништо, само заминала.

Кралот бил многу среќен гледајќи дека неговиот син, меѓу толку кралски синови, се разликувал по знаењето, ставата и неговата мудрост. Сите кралски ќерки сакале да се фатат до него на орото. Но, одеднаш, на свадбата се појавила една девојка облечена толку убаво, како ниедна друга присутна.

Плетенките, вешто исплетени и фрлени на грбот ѝ ја допирале половината и толку била убаво облечена, што очите на сите присутни биле вперени во неа. Само што дошла, на едно и две, се фатила до нашиот принц и играла до него сè до приквечерина.

Разговарале, се смееле, си раскажале многу работи, но скришно, бидејќи на принцот му било срам да се смее и да разговара така пред својот татко, а и сите други кралски синови забележале дека непознатата девојка играла само до него.

Нашиот принц бил вон себе. Самиот се чудел за промената што ја чувствувал во себе, но не се осмелувал да го признае тоа пред никого. Си помислил, на последното оро што ќе го играат, да ја праша непознатата девојка која е, од каде доаѓа, дали е девојка или е мажена, и си мислел, ако нема маж, да ја побара да му биде жена. Но, таа одеднаш исчезнала, како привидение.

Кралскиот син бил многу збунет. Се вратил дома, но постојано мислел на неа, неговиот татко, го гледал толку замислен и натажен и не знаел што да направи да го развесели. Но, во меѓувреме, биле поканети на друга кралска свадба, каде повторно отишле заедно.

Како и на претходната свадба, кралскиот син играл со убавата непозната девојка, која дошла и на оваа свадба и се фатила на орото до него. По многу поставени прашања, дознал од неа дека живее на истата страна каде што се наоѓа кралството на неговиот татко, но не му кажала дека живее токму кај него. Тогаш, кралскиот син ветил дека ќе ја однесе дома, доколку е сама, а таа се согласила. Но, токму при крајот на свадбата, таа исчезнала од неговата близина.

Откако кралот и неговата придружба се вратиле од свадбата, неговиот син сè повеќе се топел, а никој не ја знаел причината за тоа. И покрај тоа што настанал метеж дека кралскиот син е вљубен во една самовила, тој се бранел пред својот татко дека нема ништо во неговото срце. Сите вражари и читачи на ѕвезди биле повикани, но никој не можел да открие од што страда принцот. Еден од нив рекол дека се сомнева оти принцот страда од заљубеност.

Во меѓувреме, кралот бил поканет и на друга кралска свадба, каде што не сакал да оди, не му било до веселба, бидејќи бил многу загрижен за принцот. Но, кога видел дека неговиот син настојува, му ја исполнил желбата. Принцот заповедал на неговите верни слуги да подготват неколку казани со смола, да ја сварат на денот на свадбата и кога ќе дојде квечерина, да го покријат патот со смолата. Откако ги договорил овие нешта, заминал на свадба.

Штом почнала свадбата, убавата и непознатата девојка се појавила одеднаш, како да паднала од небото, и пак се фатила до него на орото.

Овој пат, била уште поубаво дотерана, имала скапоцени алишта кои светеле појако од сонцето. Принцот играл со неа и ја гледал како да е зрела цреша. И овој пат ѝ ги поставил истите прашања, но таа пак му одговорила половично. Му ветила и овој пат дека ќе му дозволи да ја испрати дома.

Кога стигнале вечерта на последното оро, таа исчезнала пак, како волшебничка.

Не постојат зборови со кои би се опишале неговите страдања; легнал болен и никој не можел да му помогне. Неговиот татко бил дал сè само да му го излечат детето. Но ете, се појавиле верните слуги на принцот, носејќи еден чевел. Волшебничката, штом стапнала во смолата, си го оставила чевелот за да не задоцни, да се врати.

Тогаш кралскиот син ги испратил своите верни слуги да одат од куќа во куќа, да бараат жените да го обујат чевелот, и на која ќе ѝ биде точен, таа ќе му биде жена. Неговиот татко се согласил со оваа негова одлука. Слугите го свртеле целото кралство, сите жени го пробале чевелот, но на ниту една не ѝ бил точен.

Слушајќи го сето тоа, кралскиот син се разболел уште полошо. Потоа, заповедал и сите жени на кралскиот двор да го пробаат чевелот, но на ниту една не ѝ бил точен.

Останала само кокошкарката, која ја беа заборавиле; кралицата, која се сетила на неа, наредила и таа да го проба чевелот. Кога таа го ставила чевелот, толку ѝ одговарал, како да бил залиен на нејзината нога. Таа почнала да лелека и да се одрекува, повторувајќи дека не е нејзин чевелот. Кралскиот син, штом го слушнал ова, наредил да ја донесат и штом ја видел, извикал:

— Оваа е таа, мамо.

Таа продолжила да одрекува, но на крајот попуштила под упорните настојувања на кралот, на кралицата и на нивниот син, и признала дека чевелот е нејзин.

Потоа, таа им признала дека е самовила, дека се вљубила во него кога го видела на лов, дека тој ранил едно гугутче, дека таа била тоа гугутче, и дека не се појави пред него каква што е, зашто ако земела маж земен човек, сета нејзина моќ ќе исчезнела. Им рекла уште дека, за да може да го гледа почесто, станала кокошкарка кај нив и сè што направила било од љубов спрема него.

Потоа излегла надвор на скалите, удрила трипати со дланките, и се појавила една кочија која не била влечена од коњи; таа си го зела миразот, само со скапоцени работи, а од очите ѝ течеле огромни солзи, се свртела кон принцот и му рекла:

— Еве, за твоја љубов, се откажувам од мојата волшебна моќ, само и ти да ме сакаш како што те сакам јас тебе.

Ја пуштила кочијата да замине и останала до принцот, кој по кратко време оздравел сосема. Потоа, направиле кралска свадба и по смртта на татко му, се качиле на престолот и владеат и денес, доколку не умреле.

► *Романска приказна*

**Задача**

- Кој е главен настан во текстот?
- Наброј ги ликовите!
- Издвој ги ликовите на кои се однесува настанот!

Размисли каков вид приказна е ова! Направи листа на настаните, ликовите и определи кога и каде се случуваат. Потоа одговори: Дали ова е реалистична или фантастична приказна? Зошто?



# КОЛКУ И ШТО НАУЧИВ ВО VII ОДДЕЛЕНИЕ?

(чек листа за самооценување на стекнатите знаења во VII одделение)

| ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА | УСПЕШНО | ДОБРО | СО ПОМОШ |
|---|---|---|---|
| ▪ Го разбирам јазикот како систем од знаци во меѓучовечко општење и правам разлика меѓу дијалектната и стандардната форма на јазикот. | | | |
| ▪ Објаснувам за дејноста на Светите Кирил и Методиј, глаголицата и кирилицата, старословенскиот јазик и македонската варијанта на старословенскиот јазик. | | | |
| ▪ Објаснувам за дејноста на Светите Климент и Наум и средновековните книжевни школи (Охридска и Лесновска). | | | |
| ▪ Го објаснувам отстапувањето од едначењето по звучност. | | | |
| ▪ Правилно ги акцентирам и сообразно отстапувам од правилото за третосложно акцентирање кај глаголскиот прилог, прилозите за време и туѓите зборови. | | | |
| ▪ Го разбирам значењето на граматичката категорија број, формите за еднина и множина кај именките, видовите придавки, формите од личните заменки, како и лично-повратната заменка и лично-предметни заменки. | | | |
| ▪ Го објаснувам значењето на граматичката категорија број и формите за еднина и множина кај именките, видовите придавки, формите од личните заменки, како и лично-повратната заменка и лично-предметни заменки. | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Правилно ги применувам формите за еднина и множина кај именките, видовите придавки, формите од личните заменки, како и лично-повратната заменка и лично-предметни заменки. | | | |
| ▪ Ги разликувам и ги објаснувам личноглаголските форми и неличните глаголски форми (л-форма и глаголски прилог). | | | |
| ▪ Правилно ги употребувам преодните глаголи, како дел од директниот предмет во реченицата. | | | |
| ▪ Образувам правилни форми за заповеден начин и за минато неопределено време. | | | |
| ▪ Разликувам именска група и го објаснувам нејзиното значење во реченицата. | | | |
| ▪ Ја знам функцијата на деловите од реченицата: прирок, предмет и прилошки определби. | | | |
| ▪ Правилно ги применувам правописните знаци во писмената комуникација. | | | |
| ▪ Одговарам на прашања од текст и делови од текст. | | | |
| ▪ Парафразирам делови од текст и текст. | | | |
| ▪ Цитирам и објаснувам делови од текст и текст во целина. | | | |

| ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | УСПЕШНО | ДОБРО | СО ПОМОШ |
|---|---|---|---|
| ▪ Разликувам авторски текстови и текстови од народно творештво. | | | |
| ▪ Анализирам авторски текстови и текстови од народно творештво. | | | |
| ▪ Анализирам епски песни преку нивните карактеристики. | | | |
| ▪ Разликувам видови прозни текстови (приказна, анегдота, расказ, роман). | | | |
| ▪ Анализирам разни видови прозни текстови според карактеристичните елементи. | | | |
| ▪ Ја анализирам структурата на лирските песни. | | | |
| ▪ Препознавам стилски фигури во лирски песни (метафора, хипербола, апострофа, градација, рефрен). | | | |
| ▪ Идентификувам карактеристики на драмски текст. | | | |
| ▪ Прераскажувам текстови, раскажувам настани, усно и писмено, хронолошки и ретроспективно. | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▪ Пишувам текст на зададена тема, на непозната тема и на тема по избор почитувајќи ја композицијата на текстот. | | | |
| ▪ Пишувам текст на зададена тема, на непозната тема и на тема по избор почитувајќи правописните норми. | | | |
| ▪ Опишувам ликови од литературни дела и личности, места конкретни и замислени. | | | |
| ▪ Разликувам креативно пишување и пишување поткрепено со факти, податоци и информации. | | | |
| ▪ Составувам кратки текстови со креативно пишување и текстови поткрепени со факти, податоци и информации. | | | |
| ▪ Развивам свесност за потребата од читање литературни дела. | | | |
| ▪ Разбирам и прифаќам дека креативно мислење и пишување се развива преку читање и изразување. | | | |



| МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ | УСПЕШНО | ДОБРО | СО ПОМОШ |
|---|---|---|---|
| ▪ Идентификувам и објаснувам дезинформации и манипулации во медиумскиот простор. | | | |
| ▪ Идентификувам ризици при комуникација на социјалните мрежи. | | | |
| ▪ Ги согледувам последиците од влијанието на социјалните мрежи врз формирање слика за телото. | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▪ Правам едноставна анализа на медиумските содржини. | | | |
| ▪ Развивам свесност за последиците од ширење дезинформации и користење манипулации во медиумите. | | | |
| ▪ Развивам свесност за потенцијалната опасност на социјалните медиуми по безбедноста и добросостојбата на младите. | | | |



# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Атанасовски, М. (2014). *Зелениѿе луѓе*.Скопје: Антолог
- Бојковска, С., Минова-Ѓуркова, Л., Пандев, Д., Цветковски, Ж. (2008). *Оӣшѿа ѓрамаѿика на македонскиоѿ јазик*. Скопје: Просветно дело АД. (достапно на https://is.muni.cz/el/1421/podzim2016/BKA313/um/Istorija_na_makedonskiot_jazik.pdf)
- Бојковска, С., Минова-Ѓуркова, Л., Пандев, Д., Цветковски, Ж. (2001). *Македонски јазик за средноѿо образование – V изменеѿо издание*. Скопје: Просветно дело АД.
- Бошковски, Ј. (1988). *Човек на ӣокривоѿ*. Скопје: Мисла.
- Видоески, Б. (1998-1999). Дијалектите на македонскиот јазик. Скопје: МАНУ.
- Гроздановски, Ж. (2024). *Пеѿ ӣриказни од целиоѿ свеѿ*. Скопје: Чудна шума.
- Донев, К. (2013). *Приказни од куќичкаѿа на дрво*. Скопје: Македоника литера.
- Донев, К. (2014). *Приказни за добра ноќ од цел свеѿ*. Скопје: Македоника литера.
- Испиреску, Петре (2024). *Романски народни ӣриказни*. Скопје:Македоника литера.
- Китевски Марко (1991). На клетва лек нема. Скопје: Македонска книга.
- Конески, Б. (1967). *Грамаѿика на македонскиоѿ лиѿераѿурен јазик*. Скопје: Култура.
- Конески, Б. (1967). *Исѿорија на македонскиоѿ јазик*. Скопје: Култура.
- Конески, Б. (1990). *Лозје*. Скопје: Детска радост, Македонска книга, Мисла, Култура, Наша книга.
- Конески, Б. (2019). *Деѿе – ѿоа ѓордо звучи*. Скопје: Антолог.
- Котев, И. (уред.). (2007). Македонски народни приказни. Детска радост.
- Кујунџиски, А. (2023). *Со ѓолемо Д*. Скопје: Антолог.
- Минова-Ѓуркова, Л. (1994). *Синѿакса на македонскиоѿ сѿандарден јазик*. Скопје: Радинг.
- Младеноски, Р.(2018) *Теорија на книжевносѿа*. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Филолошки факултет 2018.
- Мук-Сенг, Џ. (2022). *Без зборови*. Скопје: Чудна шума.
- *Нордиски народни ӣриказни*, (2011). Скопје: Македоника литера.
- Пановска-Димкова, И. (2010). *Пракѿикум ӣо ӣравоӣис со ӣравоѓовор на македонскиоѿ лиѿераѿурен јазик – II доӣолнеѿо издание*. Скопје.
- Пановска, Р. (1994). *Меѿодика на насѿаваѿа ӣо македонски јазик*. Скопје: Просветно дело.
- Петревски, Г. (1998). *Таѿковаѿа ӣрва љубов*. Скопје: Наша книга.
- *Поимник на книжевнаѿа ѿеорија* (2007). приредила Катица




Ќулавкова МАНУ Скопје.

- Полазаревски, В.(2014). *Сештологија*. Скопје: Детска радост.
- Поповски, А. (2001). *Раскази за деца*. Скопје: Култура.
- Саздов, Т. (1995). Македонските народни умотворби и нивните собирачи. Скопје: Детска радост.
- Саздов, Т.. (2001). Македонски народни хумористични приказни. Детска радост.
- Саздов, Т. (2005). Народни приказни на балканските народи. Детска радост.
- Тагоре, Р. (1987). *Месечевиот срп*. Скопје: Скопје: Детска радост, Македонска книга, Мисла, Култура, Наша книга.
- *Правопис на македонскиот јазик*. (2017). Скопје. Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (достапно на https://www.pravopis.mk/)
- *Толковен речник на македонскиот јазик* (достапен на https://makedonski.gov.mk/)
- *Трудови, семејни, хумористични песни* избор и редакција Марко Китевски, Камелеон Скопје, 2007.
- *Медиумска писменост: прирачник за обучувачи УЧИМЕ ДА РАСПОЗНАВАМЕ*
- Црвенковска, С. Б. (2024). *Приказни од Ѕунливото Море*. Скопје: Чудна шума.

## Интернет-страници

- https://makedonskijazik.mk (пристапено на 15.2.2025 г.)
- https://prezi.com/jlytshkfvqrp/presentation/ (пристапено на 15.2.2025 г.)
- https://www.fakulteti.mk/news/10122017/hieroglifi-prikazna-za-odgatnuvanjeto-na-misteriite-vo-egipetskata-kultura (пристапено на 17.2.2025 г.)
- https://www.britannica.com/topic/hieroglyph (пристапено на 17.2.2025 г.)
- https://historicaleve.com/egyptian-hieroglyphs/ (пристапено на 17.2.2025 г.)
- https://jakadatoursegypt.com/hieroglyphic-alphabet/ (пристапено на 17.2.2025 г.)
- https://toniavramov.wordpress.com/ (пристапено на 18.2.2025 г.)
- https://www.fakulteti.mk/news/ (пристапено на 18.2.2025 г.)
- https://issuu.com/nubsk.edu.mk/docs/pravopis?utm_medium=referral&utm_source=pravopis.mk (пристапено на 20.2.2025 г.)



- https://iks.edu.mk/novosti/misinformacii-iskreno-veruvanje-vo-lagite/ (пристапено на 25.2.2025 г.)
- https://recnik.medium.edu.mk/ (пристапено на 25.2.2025 г.)
- https://mediumskapismenost.mk/ (пристапено на 25.2.2025 г.)
- https://mediumskapismenost.mk/%d0%bf%d1%80%d0%b8%d1%80%d0%b0%d1%87%d0%bd%d0%b8%d0%ba-%d0%b7%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%bf%d0%be%d0%b7%d0%bd%d0%b0%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%b4%d0%b5%d0%b7%d0%b8%d0%bd%d1%84%d0%be%d1%80%d0%bc/ (Прирачник за препознавање на дезинформации) (пристапено на 25.2.2025 г.)
- https://iks.edu.mk/novosti/da-nauchime-da-prepoznavame-dezinformacii/ (пристапено на 25.2.2025 г.)
- https://skepticalscience.com/docs/DebunkingHandbook2020-Macedonian.pdf (Прирачник за мисинформации) (пристапено на 25.2.2025 г.)
- https://mim.org.mk/publikacii/392-prirachnik-za-izuchuvanje-na-mediumska-ta-pismenost-vo-nastavata-po-majchin-jazik/ (пристапено на 15.2.2025 г.)
- Македонска академија на науките и уметностите (2025) https://drmj.manu.edu.mk/%d0%b5%d0%bb%d0%b5%d0%ba%d1%82%d1%80%d0%be%d0%bd%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%ba%d0%be%d1%80%d0%bf%d1%83%d1%81-%d0%bd%d0%b0-%d0%bc%d0%b0%d0%ba%d0%b5%d0%b4%d0%be%d0%bd%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%ba%d0%bd%d0%b8/ пристапено на 30.3.2025
- Македонска академија на науките и уметностите (2025) https://manu.edu.mk/lingvistika-i-literaturna-nauka/ (пристапено на 30.3.2025)
- https://krajbrezje.mk/2021/04/28/perun-vrhoven-bog-vo-slovenskata-mitologija/(пристапено на 25.2.2025 година)
- https://www.fakulteti.mk/news/24022020/anegdoti-povrzani-so-golemiot-albert-ajnshtajn (пристапено на 25.2.2025)
- https://doma.edu.mk/novinarski-storii/mariovo-centar-na-geoloskoto-i-bioloskoto-bogatstvo-na-makedonija/ (пристапено на 28.2.2025)
- https://espisanie-cudnasuma.com/2024/10/18/%d0%b8%d0%bd%d1%82%d0%b5%d1%80%d0%b5%d1%81%d0%bd%d0%b8-%d1%84%d0%b0%d0%ba%d1%82%d0%b8-%d0%b7%d0%b0-%d0%b5%d0%b2%d1%80%d0%be%d0%b0%d0%b7%d0%b8%d1%81%d0%ba%d0%b8%d0%be%d1%82-%d0%b8-%d0%b1%d0%b0%d0%bb/ пристапено на 25.2.2025
- https://mrt.com.mk/node/59493 (пристапено на 5.3.2025)
- https://novamakedonija.com.mk/pecateno-izdanie/animiranite-junaci-tom-i-djeri-slavat-85-godini-od-prviot-crtan-film/ (пристапено на 10.3.2025)

## Речник за архаични и непознати зборови

**азно** – складиште за вредности, богатство.
**аргатин** – наемен работник по туѓите имоти.
**асоцира** – поврзе, поврзува во свеста една појава со друга, предизвика, предизвикува асоцијација на нешто.
**атентат** – убиство на некоја позната личност.
**атерира** – слетува на земја.
**барде-бардак** – мал сад од глина за вода или течност.
**борина** – смолесто дрво од бор што служи за осветлување или за потпалување оган.
**ргори** – создава звук при течење.
**даскал** – учител.
**дијалог** – разговор меѓу двајца.
**дулец** – Цевка на гајда во која се дува. 2. Шопурка (дел од чешма)
**душман** – непријател.
**Перун** – бог на молњата и врховниот бог во словенската митологија.
**идеал** – најголемо совршенство, нешто што е беспрекорно, совршено.
**идеализира** – преувеличи, преувеличува, претстави, претставува некого или нешто возвишено, со идеални својства.
**идол** – предмет, фигура и сл. што е симбол на виша сила, и поради тоа е предмет на обожување.
**јантар** – скаменета смола од прастари иглолисни дрва, обично проѕирна, со боја од бледожолта до темноцрвена, од која се изработува накит, делови од медицински инструменти и сл. (прстен со јантар).
**јантарен** – што е направен од јантар (пример: јантарен ѓердан).
**калиграфија** – вештина, способност за убаво пишување.
**карван** - 1. Колона од животни (коњи, камили и сл.) за превоз на стока и луѓе.
2. Мноштво од нешто што се движи, што оди од едно место до друго.
**киниса** – почне да оди, да се движи, тргне.
**кираџија** – тој што врши превоз на стока и луѓе со кола, коњ и сл.
**кораб** – голем брод со платна.
**куражи** – храбри, бодри некого.
**куртул** – спас, избавување, ослободување.
**наија** – област.
**наломи** – древни влечки со кожно ремче.
**мангал** – Метален сад во кој се става жар и служи за греење.
**миндерлак** – одар, душек за седење покрај ѕид.
**монолог** – говор на едно лице во драма, насочено кон самиот себе или кон слушатели, но без дијалог; говор на едно лице насамо.
**монопол** – претпријатие што раководи со производство и откуп на тутун.
**Параход-пароброд** –брод кој се движи со помош на парна машина.
**пелин** (бот.) – ароматично растение со лековити својства и горчлив вкус, расте во вид на грмушка со разгранети стебленца и влакнести листови.
**пишман** – што се кае, што жали.
**повти** – 1. Посака, почувствува желба. (слично со: посака).
**пуч** – обид од група заговорници да извршат државен преврат со насилно преземање на власта.
2. Се обиде нешто да направи.
**раат** – мир, спокојство, удобност.
**саде** – само.
**скорбут** – болест што се развива поради исхрана сиромашна со витаминот Ц. Скорбутот се јавува кај човекот и кај животните при недостаток на витаминот Ц во исхраната.
**стопан** – сопственик.
**султан** – највисока кралска титула во некои муслимански држави.
**телал** – гласник.
**терзија** – кројач, шивач
топузина (боздоган) – средновековно ладно оружје, железна топка со боцки и со куса рачка погодна за фрлање и удирање на противникот.
**фестивал** – периодична културна или уметничка манифестација.
**фортуна** – силна снежна бура, силен дожд и ветер.
**фрагмент** – одломка, дел од литературно, научно, публицистичко, музичко или ликовно дело.
**фрагментарен** – што претставува дел од целина, што е во делови, во фрагменти.
**чаре** – помош, излез, спас.
**шиник** – древен сад со цилиндрична форма што служи како стара мера за житни култури и сл.

### Напомена

Доколку сакаш да си го збогатиш речникот со повеќе зборови, можеш да ги користиш следниве извори:
„Речник на македонскиот јазик“ од Блаже Конески, Том 1-3, Детска радост, 1994.
„Толковен речник на македонскиот јазик“, Том 1-4, издаден од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2003-2009.
„Правописен речник на македонскиот литературен јазик“ од Кирил Конески, Просветно дело, 1999.

https://makedonski.gov.mk/

https://www.makedonski.info/

http://drmj.eu